# Аспекти што треба да се земат предвид во врска со меѓународната заштита за луѓето коишто бегаат од

# Република Ирак

Мај 2019

HCR/PC/IRQ/2019/05

# Содржина


I. Извршно резиме ... 9

1) Заштитата на бегалците согласно критериумите и главните категории на барања од Конвенцијата од 1951 година ... 9

2) Критериуми од поширокиот мандат на УНХЦР, регионалните инструменти и комплементарните облици на заштита ... 11

3) Алтернатива на внатрешно бегство или релокација (АВБ/АВР) ... 11

4) Разгледување на потенцијално исклучување ... 12

5) Став во однос на присилното враќање ... 13

II. Главните настани во Ирак од 2017 година ... 13

А. Политички настани ... 13

1) Парламентарни избори, мај 2018 ... 13

2) Парламентарни избори во Курдистан, септември 2018 година ... 15

3) Референдум за независност, октомври 2017 ... 16

Б. Безбедносна состојба ... 18

1) *Преглед* ... 18

2) *Безбедност во областите со континуирано присуство и влијание на ИСИС* ... 23

3) *Безбедноста во Багдад* ... 28

4) *Безбедноста во јужните гувернорати* ... 29

5) *Безбедноста во Регионот на Курдистан* ... 32

В. Цивилни жртви ... 33

Г. Присилно раселување и враќања ... 34

1) Внатрешно раселување ... 34

2) Надворешно раселување ... 35

3) Враќање на ВРЛ ... 36

4) Враќања од странство ... 42

Д. Состојбата со човековите права ... 43

1) Државни актери ... 43

2) Недржавни актери ... 57

3) Способноста и волјата на државата да ги заштити цивилите од злоупотреби на човековите права ... 59

Ѓ. Хуманитарна состојба ... 66

1) Засолниште ... 70

2) Услови за егзистенција ... 72

3) Безбедност во однос на храната .... 75

4) Здравствена заштита .... 76

5) Образование .... 79

6) Вода, санитарни услови и електрична енергија .... 81

III. Оценка на потребите од меѓународна заштита за барателите на азил од Ирак .... 84

А. Заштитата на бегалците согласно критериумите и главните категории на барања од Конвенцијата од 1951 .... 84

1) Лица што се погрешно осомничени за поддршка на ИСИС .... 85

2) Лица што се поврзуваат или се смета дека ја поддржуваат Владата .... 96

3) Лица што се спротивставуваат или за кои се смета дека се спротивставуваат на Владата или на оние блиски на Владата .... 101

4) Лица што се спротивставуваат или за кои се смета дека се спротивставуваат на КРВ или на оние блиски на КРВ .... 105

5) Припадници на верски или малцински етнички групи и лица што ги прекршуваат строгите исламски правила .... 107

6) Новинарите и други медиумски работници коишто критички известуваат за политички и други чувствително прашања .... 118

7) Хуманитарни работници .... 121

8) Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности .... 122

9) Деца со одредени профили или во специфични околности .... 138

10) Лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет .... 144

11) Поединци кои што се на мета како дел од разрешување на племенски конфликт, вклучително и крвна одмазда .... 152

12) Палестински бегалци .... 156

Б. Статус на бегалец согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР или регионалните инструменти или исполнување на условите за комплементарни облици на заштита .... 161

1) Статус на бегалец согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР и регионалните инструменти .... 162

2) Исполнување на условите за супсидијарна заштита согласно Директивата на ЕУ за квалификација .... 164

В. Разгледување на примената на алтернативата за внатрешно бегство или релокација (АВБ/АВР) .... 166

1) Анализа на релевантноста .... 167

2) Анализа на разумноста .... 172

3) Алтернатива на внатрешно бегство или релокација во КР-И .... 175

Г. Разгледување на потенцијално исклучување .... 181

IV. Став за присилните враќања ........................................................................................................ 184

## Листа на акроними

| | | | |
|---|---|---|---|
| **AFP** | Agence France-Presse | **АФП** | Агенцијата Франс Прес |
| **AP** | Associated Press | **АП** | Асошиет Прес |
| **AQI** | Al-Qa'eda in Iraq | **АКИ** | Ал Каеда во Ирак |
| **BBC** | British Broadcasting Corporation | **ББЦ** | Британскиот јавен радиодифузен сервис |
| **CEDAW** | Committee on the Elimination of All Forms of Discrimination Against Women | **ЦЕДАВ** | Комитет за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **CEIP** | Carnegie Endowment for International Peace | **ЦЕИП** | Карнеги фондацијата за меѓународен мир |
| **CERAH** | Geneva Centre for Education and Research in Humanitarian Action | **ЦЕРАХ** | Женевски центар за меѓународен мир |
| **CIVIC** | Center for Civilians in Conflict | **ЦИВИК** | Центар за цивили во конфликт |
| **CJMB** | Crescent Journal of Medical and Biological Sciences | **ЦЈМБ** | Списание на полумесечината за медицински и биолошки науки |
| **CPJ** | Committee to Protect Journalists | **ЦПЈ** | Комитет за заштита на новинарите |
| **CRC** | Committee on the Rights of the Child | **ЦРЦ** | Комитет за правата на детето |
| **CSIS** | Center for Strategic and International Studies | **ЦСИС** | Центар за стратешки и меѓународни студии |
| **CTC** | Combating Terrorism Center at West Point | **ЦТЦ** | Центар за борба против тероризмот во Вест Поинт |
| **DIS** | Danish Immigration Service | **ДИС** | Данска имиграциска служба |
| **DTM** | Displacement Tracking Matrix | **ДТМ** | Матрица за следење на раселените |
| **DRC** | Danish Refugee Council | **ДБС** | Дански бегалски совет |
| **DW** | Deutsche Welle | **ДВ** | Дојче Веле |
| **EASO** | European Asylum Support Office | **ЕАСО** | Европска канцеларија за поддршка на азилот |
| **ECFR** | European Council on Foreign Relations | **ЕЦФР** | Европски совет за надворешни односи |
| **EPIC** | Education for Peace in Iraq Center | **ЕПИЦ** | Центар за образование за мир во Ирак |
| **ERW** | Explosive Remnants of War | **ЕОВ** | Експлозивни остатоци од војна |
| **FAO** | Food and Agriculture Organization | **ФАО** | Организација за храна и земјоделство |
| **FGM/C** | Female Genital Mutilation / Cutting | **СЖГ/С** | Сакатење на женски гениталии / сечење |
| **GCC** | Cooperation Council for the Arab States of the Gulf | **ГЦЦ** | Совет за соработка на арапските земји во Заливот |
| **GC4HR** | Gulf Centre for Human Rights | **ГЦ4ХР** | Центар за човекови права во Заливот |
| **GDCVAW** | General Directorate to Combat | **ГДЦВАВ** | Генерален директорат за борба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Violence Against Women | | против насилството врз жените |
| **GPPI** | Global Public Policy Institute | **ГППИ** | Институт за глобална јавна политика |
| **HLP** | Housing, Land and Property | **ДЗИ** | Домување, земја и имот |
| **HRW** | Human Rights Watch | **ХРВ** | Хјуман Рајтс Воч |
| **IBC** | Iraq Body Count | **ИБЦ** | База на податоци за жртви на насилна смрт |
| **ICCPR** | International Covenant on Civil and Political Rights | **ИЦЦПР** | Меѓународен пакт за граѓански и политички права |
| **ICG** | International Crisis Group | **МКГ** | Меѓународна кризна група |
| **ICP** | Iraqi Communist Party | **КПИ** | Комунистичка партија на Ирак |
| **ICSSI** | Iraqi Civil Society Solidarity Initiative | **ИЦССИ** | Иницијатива за солидарност на ирачкото граѓанското општество |
| **IDMC** | Internal Displacement Monitoring Centre | **ИДМЦ** | Центар за следење на внатрешното раселување |
| **IDP** | Internally Displaced Person | **ВРЛ** | Внатрешно раселено лице |
| **IED** | Improvised Explosive Device | **ИЕН** | Импровизирани експлозивни направи |
| **IFA/IRA** | Internal Flight Alternative / Internal Relocation Alternative | **АВБ/АВР** | Алтернатива на внатрешно бегство/Алтернатива на внатрешна релокација |
| **IFJ** | International Federation of Journalists | **МФН** | Меѓународна федерација на новинари |
| **IHL** | International Humanitarian Law | **МХП** | Меѓународно хуманитарно право |
| **IHCHR** | Iraqi High Commission for Human Rights | **ИХЦХР** | Ирачки висок комесар за човекови права |
| **ILGA** | International Lesbian, Gay, Bisexual, Trans and Intersex Association | **ИЛГА** | Меѓународна асоцијација на лезбијки, геј, бисексуални, трансродови и интерсексуални лица |
| **INSO** | International NGO Safety Organisation | **ИНСО** | Меѓународна организација за безбедност на НВО |
| **IOM** | International Organization for Migration | **ИОМ** | Меѓународна организација за миграција |
| **IRC** | International Rescue Committee | **ИРЦ** | Меѓународен комитет за спасување |
| **ISF** | Iraqi Security Forces | **ИБС** | Ирачки безбедносни сили |
| **ISHM** | Iraq Security and Humanitarian Monitor | **ИСХМ** | Ирачки безбедносен и хуманитарен мониторинг |
| **ISI** | Islamic State in Iraq | **ИДИ** | Исламската држава во Ирак |
| **ISIS / ISIL** | Islamic State of Iraq and Al-Sham (*Daesh*) | **ИСИС/ИСИЛ** | Исламската држава на Ирак и Ал-шам (*Даеш*) |
| **ISPI** | Italian Institute for International Political Studies | **ИСПИ** | Италијанскиот институт за меѓународни политички студии |
| **ISW** | Institute for the Study of War | **ИВС** | Институт за воени студии |
| **JIA** | Journal of International Affairs | **ЈИА** | Списание за меѓународни прашања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **KAS** | Konrad-Adenauer-Stiftung / Konrad Adenauer Foundation | **КАС** | Конрад Аденауер Штифтунг / Фондација Конрад Аденауер |
| **KDP** | Kurdistan Democratic Party | **КДП** | Курдска демократска партија |
| **KRG** | Kurdistan Regional Government | **КРВ** | Курдска регионална влада |
| **KR-I** | Kurdistan Region of Iraq | **КР-И** | Курдски регион во Ирак |
| **LGBTI** | Lesbian, Gay, Bisexual, Transgender and Intersex | **ЛГБТИ** | Лезбијки, геј, бисексуални, трансродови и интерсексуални лица |
| **LSE** | London School of Economics and Political Science | **ЛСЕ** | Лондонска школа за економија и политички науки |
| **MEE** | Middle East Eye | **МЕЕ** | Окото на Блискиот Исток |
| **MERIP** | Middle East Research and Information Project | **МЕРИП** | Истражувачки и информативен проект за Блискиот Исток |
| **MRGI** | Minority Rights Group International | **МРГИ** | Меѓународна група за правата на малцинствата |
| **NGO** | Non-Governmental Organization | **НВО** | Невладина организација |
| **NINA** | National Iraqi News Agency | **НИНА** | Национална ирачка новинска агенција |
| **NPR** | National Public Radio | **НПР** | Национално државни радио |
| **NRC** | Norwegian Refugee Council | **НБС** | Норвешки бегалски совет |
| **NRT** | Nalia Media Corporation | **НРТ** | Медиумска корпорација-Налиа |
| **NSS** | National Security Service | **НБС** | Национална безбедносна служба |
| **OAU** | Organization of African Unity | **ОАЕ** | Организација за африканско единство |
| **OCHA** | United Nations Office for the Coordination of Humanitarian Affairs | **ОЦХА** | Канцеларија на Обединетите нации за координација на хуманитарните активности |
| **OHCHR** | Office of the High Commissioner for Human Rights | **ОХЦХР** | Канцеларија на високиот комесар за човекови права |
| **OWFI** | Organization of Women's Freedom in Iraq | **ОСЖИ** | Организација за слобода на жените во Ирак |
| **PBS** | Public Broadcasting Service | **ЈРС** | Јавен радиодифузен сервис |
| **PC-MOI** | Permanent Committee for Refugee Affairs of the Ministry of Interior | **ПК-МВР** | Постојан комитет за бегалски прашања при Министерството за внатрешни работи |
| **PDS** | Public Distribution System | **ЈСД** | Јавен систем за дистрибуција |
| **PHCC** | Primary health care centres | **ЦПЗ** | Центри на примарното здравство |
| **PKK** | Kurdistan Workers Party | **ПКК** | Курдска работничка партија |
| **PMF/PMU** | Popular Mobilization Forces / Units (*Al-Hashd Al-Shaabi*) | **ПМФ/ПМУ** | Сили/единици за народна мобилизација (*Ал-Хашд Ал-Шаби*) |
| **POMEPS** | Project on Middle East Political Science | **ПОМЕПС** | Политиколошки проект за Блискиот Исток |
| **PUK** | Patriotic Union of Kurdistan | **ПСК** | Патриотски сојуз на Курдистан |
| **RSF** | Reporters Sans Frontières (Reporters Without Borders) | **РСФ** | Репортери без граници |
| **SGBV** | Sexual and Gender-Based Violence | **СРЗН** | Сексуално и родово засновано насилство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **UNAMI** | United Nations Assistance Mission for Iraq | **УНАМИ** | Мисија на Обединетите нации за помош за Ирак |
| **UNDP** | United Nations Development Programme | **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **UNESCO** | United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization | **УНЕСКО** | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| **UNFPA** | United Nations Population Fund | **УНФПА** | Фонд за население на Обединетите нации |
| **UNHCR** | United Nations High Commissioner for Refugees | **УНХЦР** | Висок комесар на Обединетите нации за човекови права |
| **UNICEF** | United Nations Children's Fund | **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Обединетите нации |
| **UNITAD** | UN Investigative Team to Promote Accountability for Crimes Committed by Daesh | **УНИТАД** | Истражен тим на ООН за унапредување на отчетноста за злосторствата извршени од Даеш |
| **UNMAS** | United Nations Mine Action Service | **УНМАС** | Служба на Обединетите нации за акција против мини |
| **UNSC** | United Nations Security Council | **УНСЦ** | Совет за безбедност на Обединетите нации |
| **UNSG** | United Nations Secretary-General | **УНСГ** | Генерален секретар на Обединетите нации |
| **UNU-CPR** | United Nations University – Centre for Policy Research | **УНИ-ЦПР** | Универзитет на Обединетите нации – Центар за истражување при креирањето политики |
| **US** | United States | **САД** | Соединети Американски Држави |
| **USCIRF** | US Commission on International Religious Freedom | **УСЦИРФ** | Комисија на САД за меѓународни верски слободи |
| **VOA** | Voice of America | **ВОА** | Гласот на Америка |

# I. Извршно резиме

Овој документ се надоврзува на Насоките на УНХЦР за подобност при оценката на потребите за меѓународна заштита на барателите на азил од Ирак[1] од мај 2012 година и Ставот на УНХЦР за враќањето во Ирак од ноември 2016 година.[2] Истиот е објавен во услови на континуирана небезбедност во делови од Ирак и широко распространети повреди на човековите права. Овие аспекти што треба да се земат предвид во однос на меѓународна заштита содржат информации за одредени профили на лица за кои може да се појави потреба од меѓународна заштита во актуелниот контекст во Ирак.

Овој документ ги вклучува најновите информации од најразлични извори кои беа достапни во времето на пишување на истиот.[3] Анализата содржана во овој документ се базира на јавно достапни информации, како и информации содржани и собрани од УНХЦР во текот на своите операции во Ирак, како и од други агенции на ООН и партнерски организации.

Сите барања поднесени од барателите на азил треба да се разгледаат во однос на нивната основаност согласно правична и ефикасна процедура за определување на статусот и ажурирани и релевантни информации за земјата на потекло. Ова се применува за да се утврди дали барањата се анализираат врз основа на критериумите за бегалец содржани во Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците („Конвенцијата од 1951“)[4] и нејзиниот Протокол од 1967[5] година, мандатот на УНХЦР, регионалните инструменти за бегалци или врз основа на пошироките критериуми за меѓународна заштита, вклучително и дополнителните форми за заштита.

## 1) Заштитата на бегалците согласно критериумите и главните категории на барања од Конвенцијата од 1951 година

УНХЦР смета дека поединците кои потпаѓаат под една или повеќе од следниве профили на ризик може да имаат потреба од заштита како бегалец, во зависност од индивидуалните околности на случајот.

1. **Лица погрешно осомничени дека ја поддржуваат Исламската држава на Ирак и Ал-Шам (ИСИС),** вклучително и цивили за кои се мисли дека го поддржуваат ИСИС; семејства поврзани со лица кои навистина се членови или се мисли дека се членови на ИСИС; и лица кои им обезбедуваат правни услуги на осомничени лица или на семејствата на лица кои навистина се членови или се мисли дека се членови на ИСИС;

2. **Лица коишто се поврзани со Владата или се мисли дека ја поддржуваат Владата,** вклучително и владини функционери; членови на политички партии; цивилен полициски персонал;

---

[1] UNHCR, UNHCR Eligibility Guidelines for Assessing the International Protection Needs of Asylum-Seekers from Iraq, 31 мај 2012, HCR/EG/IRQ/12/03, www.refworld.org/docid/4fc77d522.html.

[2] UNHCR, UNHCR Position on Returns to Iraq, 14 ноември 2016, www.refworld.org/docid/58299e694.html.

[3] Овие размислувања за меѓународната заштита се засноваат на информациите достапни на УНХЦР заклучно со 30 април 2019, освен ако не е поинаку наведено.

[4] UN General Assembly, Convention Relating to the Status of Refugees, 28 јули 1951, U.N.T.S. 189, www.refworld.org/docid/3be01b964.html. стр.137.

[5] UN General Assembly, Protocol Relating to the Status of Refugees, 31 јануари 1967, U.N.T.S. 606, www.refworld.org/docid/3ae6b3ae4.html. стр.267.

(поранешни) припадници на Ирачките безбедносни сили (ИБС), сили блиски на нив или *Пешмерга*; цивили осомничени дека соработуваат со ИБС, сили блиски на нив или на *Пешмерга*, или племенски лидери и припадници на племиња поврзани или за коишто се смета дека соработуваат со властите;

3. **Лица што ѝ се спротивставуваат или за кои се смета дека ѝ се спротивставуваат на Владата или на оние што соработуваат со Владата,** вклучително и новинари и други претставници на медиумите; органите на прогонот и судските власти вклучени во борбата против коруптивни дејствија; активисти на граѓанското општество; и демонстранти;

4. **Лица што се спротивставуваат или за кои се смета дека ѝ се спротивставуваат на Курдската регионална влада (КРВ) или оние што блиски на КРВ**, вклучително и новинари и други претставници на медиумите; членови на ривалски или опозициски политички партии; активисти на граѓанското општество; и демонстранти;

5. **Припадници на верски и малцински етнички групи;**

6. **Новинари и други вработени во медиуми;**

7. **Хуманитарни работници;**

8. **Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности,** особено жени од јавниот живот; жени и девојки без вистинска поддршка од семејството, вклучително и вдовици и разведени жени; жени што преживеале и оние што се изложени на ризик од сексуално насилство, семејно насилство, насилство засновано на „чест“, или сакатење на женски гениталии (СЖГ); жени и девојки под ризик од присилен и/или детски брак; и оние што преживеале и оние што се под ризик од трговија заради сексуално експлоатација и присилна проституција;

9. **Деца од одреден профил или во одредени специфични околности,** особено вонбрачни деца, вклучително и оние што се родени како последица од силување и/или присилен брак; деца што преживеале и оние што се изложени на ризик од сексуално насилство, семејно насилство, присилен и/или детски брак, или „злосторства во име на честа“; деца што преживеале и оние што се изложени на ризик од присилно регрутирање и регрутирање на малолетници; трговија; и другите најлоши форми на детски труд;

10. **Лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет;**

11. **Поединци коишто се на мета заради разрешување на племенски конфликт, вклучително и крвна одмазда;**

12. **Палестински бегалци.**

Оваа листа не е неопходно исцрпна. Барањето не треба автоматски да се смета за неосновано од проста причина дека лицето не потпаѓа под ниеден од профилите идентификувани тука. Во зависност од конкретните околности на случајот, членови на семејството или други членови на домаќинствата на лица за кои е утврдено дека постои ризик, исто така може да имаат потреба од меѓународна заштита врз основа на нивната поврзаност со лица под ризик.

## 2) Критериуми од поширокиот мандат на УНХЦР, регионалните инструменти и комплементарните облици на заштита

Конвенцијата од 1951 го поставува камен темелникот на режимот за меѓународна заштита на бегалците. Критериумите за статус на бегалец во Конвенцијата од 1951 треба да се толкуваат на начин според кој поединци или групи на лица кои ги исполнуваат овие критериуми ќе бидат соодветно препознаени и заштитени согласно тој инструмент. Само кога ќе се утврди дека некој барател на азил не ги исполнува критериумите за бегалец утврдени во Конвенцијата од 1951 година, на пример ако се утврди дека стравот од прогон не е од причините кои се наведени во Конвенцијата, или ако на некој друг начин не е исполнет прагот за примена на дефиницијата од Конвенцијата од 1951 година, треба да се испитаат пошироките меѓународни критериуми за заштита што се опфатени со мандатот на УНХЦР и регионалните инструменти.

За детални насоки за барањата за меѓународна заштита поднесени од Ирачани согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР или согласно меѓународните инструменти, или за облици на комплементарна заштита, вклучително супсидијарна заштита согласно членот 15 од Директивата за квалификација на ЕУ од 2011, види Дел III.Б.

## 3) Алтернатива на внатрешно бегство или релокација (АВБ/АВР)

УНХЦР смета дека МИБ/МИП не се достапни во областите кои претходно биле под контрола на ИСИС или кои на некој друг начин се погодени од конфликтот во контекст на континуирани повреди и злоупотреби на човековите права од државните и недржавните актери, континуирано присуство на ИСИС и тековни воени операции против ИСИС во овие области.

УНХЦР понатаму смета дека нема МИБ/МИП во спорните области заради чувствителната безбедносна состојба во истите, политичката и демографската динамика и ризикот од понатамошно дестабилизирање на состојбата преку движење на населението.[6]

За детални насоки за проценка на достапноста на МИБ/МИП во делови од Ирак коишто не се ниту формално под контрола на ИСИС, ниту на некој друг начин погодени од конфликт, ниту се дел од „спорните области“, ве молиме погледнете ги Деловите III.В.1 (анализа на релевантноста) и III.В.2 (анализа на одговорноста).

Во врска со сунитските Арапи и сунитските Туркмени од областите коишто претходно биле под контрола на ИСИС или биле погодени од конфликт, во рамките на проценката на достапноста на МИБ/МИП во други области на Ирак ќе треба да се разгледа дали предложената област е практично, безбедно и законски достапна за поединецот. Ова барање вклучува проценка на конкретните шанси лицето:

- Да може безбедно да стигне и да биде примено во предложената област за преселба, што вклучува проценка на способноста на поединецот да ги помине контролните пунктови и да биде примено во предложената област за преселба, вклучително можно и барање за спонзорство;

[6] За спорните области, види долу фуснота 26.

- Да добие дозвола за престој во предложената област за преселба, за што може да е потребен спонзор;
- Да добие дозвола трајно да остане во предложената област за преселба.

Условите за пристап и престој наводно не се секогаш јасно дефинирани и/или спроведувањето може да варира или да биде предмет на измени во зависност главно од безбедносната ситуација. Условот да се има спонзор главно не се заснова на закон, ниту тој е официјално објавен.

Во овој контекст на доминантни ограничувања во однос на пристапот и престојот во многу делови од земјата, УНХЦР смета дека за сунитските Арапи и сунитските Туркмени од области кои претходно биле под контрола на ИСИС или области погодени од конфликт МИБ/МИП генерално не е релевантна во областите каде властите имаат услови за пристап и престој и/или кога постои притисок врз лицата од области кои претходно биле под контрола на ИСИС или области погодени од конфликт за да се вратат во своите области на потекло. Единствените исклучоци се барателите со ваков профил за кои може да се утврди дека врз основа на индивидуалните околности на нивниот случај, тие ќе можат да пристапат и законски и трајно да останат во предложената област за преселба.

Во конкретниот случај на Курдскиот регион во Ирак (КР-И) како предложена област за МИБ/МИП, УНХЦР смета дека МИБ/МИП генерално не се разумни со оглед на актуелната хуманитарна ситуација во КР-И. Единствените исклучоци ќе бидат за барателите за кои може да се утврди дека врз основа на индивидуалните околности на нивниот случај, тие ќе имаат пристап до:

I. Соодветно засолниште во предложената област за преселба во КР-И, посочувајќи дека кампови или неформални населби за ВРЛ не се сметаат за „соодветно засолниште“;
II. Пристап до основните услуги во предложената област за преселба во КР-И, како што се вода за пиење и санитарни услови, електрична енергија, здравствена заштита и образование; и
III. Можности за заработувачка за егзистенција; или во случајот на барателите од коишто не може да се очекува да обезбедат сопствен извор на егзистенција (на пример домаќинства во кои главата на семејството е жена или барателите се лица со попреченост), докажана и одржлива поддршка за да се обезбеди пристап до соодветен стандард на живеење.

За детални насоки за достапноста на МИБ/МИП во КР-И, види го Делот III.В.3.

## 4) Разгледување на потенцијално исклучување

Во контекст на сериозните злоупотреби на човековите права и повреди на меѓународното хуманитарно право во текот на долгата историја на вооружени конфликти и репресија во Ирак, може да дојде до разгледувањето на потенцијално исклучување согласно членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 кај поединечни барања од барателите на азил од Ирак. Во контекст на Ирак, внимателно треба да се разгледаат особено следниве профили:

i) (Поранешни) припадници на ИСИС (од 2013);
ii) (Поранешни) припадници на групите претходници на ИСИС, вклучително и поранешната Исламска држава во Ирак (ИСИ) и поранешната Ал Каеда во Ирак (АКИ) (до 2013);
iii) (Поранешни) припадници на ИБС, безбедносно/разузнавачкиот апарат и силите поврзани со нив (од 2003);

iv) (Поранешни) припадници на вооружените сили и безбедносно/разузнавачкиот апарат на КРВ (од 2003);
v) (Поранешни) припадници на други недржавни вооружени групи (од 2003);
vi) (Поранешни) припадници на групи и мрежи вклучени во организиран криминал (од 2003).
vii) (Поранешни) припадници на ирачките воени, паравоени, полициски и безбедносни/разузнавачки служби, како и високо рангирани владини функционери (1979-2003);
viii) (Поранешни) припадници на вооружени групи што му се спротивставувале на поранешниот режим (1979-2003).

### 5) Став во однос на присилното враќање

Во контекст на широко распространетото уништување и оштетување на домовите, основната инфраструктура и земјоделското земјиште, ограничениот пристап до извори за егзистенција и основни услуги, контаминацијата на домовите и на земјиштето со ЕОВ, тековни тензии во заедницата, вклучително и чинови на одмазда против цивили за коишто се смета дека го поддржуваат ИСИС, како и локализирана небезбедност, УНХЦР апелира до државите да се воздржат од присилно враќање во местото на потекло на лицата коишто потекнуваат од области коишто претходно биле под контрола на ИСИС или области со континуирано присуство на ИСИС. УНХЦР исто така советува да не се применува присилно враќање на овие лица во други делови на Ирак доколку постои ризик дека тие нема да имаат пристап и/или да престојуваат во овие области, или дека на друг начин ќе се најдат во ситуација кога нема да имаат друг избор освен да се вратат во својата област на потекло. Оваа насока се однесува на лица за кои е утврдено дека немаат потреба од меѓународна заштита за бегалци.

# II. Главните настани во Ирак од 2017 година

## A. Политички настани

### 1) Парламентарни избори, мај 2018

На 12 мај 2018 година, Ирак ги организираше своите први парламентарни избори по воениот пораз на ИСИС[7] кон крајот на 2017 година. За разлика од изборите во 2014 и 2010 година, кога коалиции беа главно засновани на припадност на одредени заедници, изборите во 2018 година се карактеризираа со интра-секташки поделби и фрагментирани шиитски, сунитски и курдски фракции.[8] Излезноста на изборите достигна 44,5 проценти, која од набљудувачите беше опишана како знак на широко распространето разочарување со политичкото раководство како на

[7] „Исламска држава ана Ирак и Ал-Шам“ (ИСИС) (на арапски: Ad-Dawlah Al-ʾIslāmiyyah fi Al Iraq wa Al-Sham), исто така е позната и како „Исламската држава на Ирак и Левант“ (ИСИЛ) и самопрогласена како „Исламска држава“ (ИС) во јуни 2014. ИСИС е обележана како терористичка организација со Резолуцијата 2170 (2014) на Обединетите нации; UNSC, Security Council Resolution 2170 (2014) [on Threats to International Peace and Security Caused by Terrorist Acts by Al-Qaida], 15 август 2014, S/RES/2170 (2014), http://www.refworld.org/docid/53f729b84.html.

[8] London School of Economics and Political Science (LSE), The 2018 Iraqi Federal Elections: A Population in Transition?, 3 август 2018, https://bit.ly/2A2gErJ. стр. 6, 13; Al Jazeera, Iraq Elections: All You Need to Know, 12 мај 2018, http://aje.io/84e5b.

централно ниво така и на ниво на Курдскиот регион на Ирак (КР-И).[9] Конечните резултати од изборите беа ратификувани од Врховниот суд на 19 август 2018 г.[10]

Две шиитски фракција излегоа како најсилни од изборите, коалицијата на партии под раководство на шиитскиот свештеник Муктада Ал Садр („Ал-Саироон"); и Алијансата Фатах поддржана од Иран, а под водство на Хади Ал-Амири од Организацијата Бадр, којашто претставува паравоени групи поврзани главно со шиитските сили за мобилизација на населението (ПМФ).[11] Блокот на поранешниот премиер Хаидер Ал-Абади беше трет.[12] После неколку месеци на блокада, во октомври 2018 година Бархам Салех од Патриотскиот сојуз на Курдистан (ПСК) беше избран за претседател на Ирак, а тој од своја страна го именува независниот шиитски политичар Адел Абдул Махди, поранешен потпретседател и министер за нафта, за премиер.[13]

Немањето на јасен победник значеше дека ниедна од листите не можеше да формира мнозинска влада и премиерот Махди се бореше со формирањето на својот кабинет.[14] Во средината на февруари 2019 година специјалниот претставник на генералниот секретар на ООН за Ирак, Жанине Ханис-Пласхарт (Jeanine Hennis-Plasschaert) опиша *„жестоки несогласувања меѓу политичките партии"* кои го опструираа процесот на формирање на влада и предупреди дека понатамошни одлагања ќе имаат *„сериозни последици"* по стабилноста на Ирак.[15]

---

[9] КР-И ги вклучува гуверноратите Дохук, Ербил и Сулејманија. Види, LSE, The 2018 Iraqi Federal Elections: A Population in Transition?, 3 август 2018, https://bit.ly/2A2gErJ. стр. 6-7, 12, 14, 16; Chatham House, Why Iraq's Elections Were an Indictment of the Elite, 18 мај 2018, https://bit.ly/2tnbJ0z; Associated Press (AP), Disillusionment Appears to Help Shi'ite Cleric in Iraq Vote, 14 мај 2018, https://bit.ly/2SDv3G8.

[10] Reuters, Iraqi Supreme Court Ratifies may Election Results, 19 август 2018, https://reut.rs/2Blt8xu. За преглед на конечните резултати, вклучително и на ниво на гувернорати, види, LSE, The 2018 Iraqi Federal Elections: A Population in Transition?, 3 август 2018, https://bit.ly/2A2gErJ. стр. 7-11 и Додатокот.

[11] Исто така позната како Единици за народна мобилизација (Popular Mobilization Units (PMU)). На арапски: Hashd Al-Shaabi. Види долу Дел II.Б.1 за дополнителни информации за ПМФ. Со оглед дека ПМФ номинално е интегрирана во државните структури, тие се нарекуваат „сили блиски на" во рамките на овој документ.

[12] Al Jazeera, Recount Shows Iraq's Sadr Retains Election Victory, no Major Changes, 10 август 2018, https://reut.rs/2M5KqnB.

[13] BBC, New Iraq President Barham Saleh Names Adel Abdul Mahdi as PM, 3 октомври 2018, https://bbc.in/2ICtjVq. Согласно неформалниот систем на етно-секташки квоти ("muhassasa"), претседателот е од редот на Курдите, премиерот, од Шиитите а претседателот на Парламентот од Сунитe. Министерствата и владините институции исто така се поделени меѓу различните етнички и верски групи на земјата; Chatham House, Why Iraq's Elections Were an Indictment of the Elite, 18 мај 2018, https://bit.ly/2tnbJ0z; War on the Rocks, Iraqis Head to the Polls, Frustrated with Corruption and Ethno-Sectarian Appeals, 12 мај 2018, https://bit.ly/2BU8yT4; Journal of Democracy, Iraq's Year of Rage, Vol. 27(4), октомври 2016, https://bit.ly/2IBrqf8. стр. 114-116.

[14] Во времето кога се подготвуваше овој материјал, четири министерски места во министерствата за внатрешни, одбрана, правда и образование беа празни заради немање консензус меѓу коалициите, при што премиерот беше вршител на должност министер за одбрана и внатрешни работи; United Nations Security Council, Implementation of Resolution 2421 (2018) – Report of the Secretary-General, S/2019/101, 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP (во понатамошниот текст: UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP), параграфи 2-6; Asharq Al-Awsat, Iraqi PM Appointed as Caretaker Minister of Defense, Interior, 27 октомври 2018, https://bit.ly/2N7q6PO.

[15] „Исто така, повеќе парламентарни седници беа 'откажани, прекинати или бојкотирани' поради што работата на некои суштински прашања се одлага"; UN News, Iraq: Security Council Told 'Despair' Has 'Given Way to Hope' but Road to Stability 'Long and Far from Easy', 13 февруари 2019, https://shar.es/amoPrC.

Изборите за советите на покраините во неколку наврати беа одложени во 2017 и 2018, и се најавени да се одржат на 16 ноември 2019 година.[16] Гуверноратот Киркук којшто е предмет на тековен спор меѓу централната власт и КРВ немаат одржано избори за покраинскиот совет од 2005 година.[17] КР-И, којшто одржува покраински избори независно од остатокот на Ирак сè уште нема утврдено датум.[18]

## 2) Парламентарни избори во Курдистан, септември 2018 година

Изборите за регионалниот парламент се одржаа во КР-И на 30 септември 2018[19], а Врховниот суд на Курдистан ги објави конечните резултати на 30 октомври 2018. Владејачката Курдската демократска партија (КДП) излезе прва, по неа следеше ПСК, којашто доби помалку од половина од местата што ги освои КДП.[20] Набљудувачите забележаа дека скромниот одѕив од 58 проценти беше индикативен за недовербата на луѓето во политичкиот систем на КРВ.[21]

На 3 декември 2018, КДП најави дека Нечирван Барзани, премиерот на КРВ во оставка, ќе биде нивниот претседателски кандидат во КР-И.[22] Масрур Барзани, претседателот на Регионалниот совет за безбедност и синот на поранешниот претседател Масуд Барзани, беше предложен како премиерски кандидат на партијата.[23] Се очекува дека одамна воспоставениот прекутен договор за делење на власта меѓу двете доминантни партии, КДП и ПСК ќе биде проширен.[24]

---

[16] Ибид.; Kurdistan 24, Iraq's Electoral Body Proposes Nov. 16 for Delayed Provincial Elections, 11 април 2019, https://bit.ly/2UDgSNq

[17] International Crisis Group (ICG), The Contested Iraqi Parliamentary Elections in Kirkuk, 24 мај 2018, https://www.refworld.org/docid/5b0c09dd4.html.

[18] Rudaw, Iraq Provincial Elections Set for ноември 16, 13 јануари 2019, https://bit.ly/2SS294f.

[19] Изборите беа планирани за крајот на 2017 година, но беа одложени после референдумот за независност во 2017; види долу “Референдум за независност, октомври 2017”.

[20] За целосните резултати од изборите, види Institut Kurde de Paris, The Final Results of the Parliamentary Elections in Kurdistan, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2EezOgp.

[21] Al Jazeera, Anger Is Simmering Among Iraq's Kurdish Youth, 12 ноември 2018, http://aje.io/sz74u; Rudaw, KRG Election: Why such a Low Turnout?, 3 октомври 2018, https://bit.ly/2EezOgp; Institut Kurde de Paris, The Final Results of the Parliamentary Elections in Kurdistan, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2EezOgp.

[22] Претседателското место е испразнето уште откако Масуд Барзани најави на 1 ноември 2017 дека ќе го предаде веќе продолжениот претседателски мандат после Референдумот за независност во септември 2017. Во тоа време, Нехирван Барзани, внукот на Масуд Барзани, во својство на премиер на КРВ ги презеде повеќето овластувања на суспендираната претседателска позиција; Reuters, Kurdish Leader Departs, Leaving Nephew Faced with Reconciliation, 1 ноември 2017, https://reut.rs/2lBgDGe.

[23] UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP, пара. 8; Kurdistan 24, KDP Nominates Masrour Barzani for Prime Minister of Kurdistan Region, Nechirvan Barzani for President, 3 декември 2018, https://bit.ly/2BqlH4W.

[24] На 3 април 2019, имаше информација дека КДП и ПСК постигнале договор за формирање на влада. Масрур Барзани (КДП) според извештаите требаше да биде назначен за следен премиер; Education for Peace in Iraq Center (EPIC), ISHM: март 29- април 4 2019, 4 април 2019, www.epic-usa.org/ishm201. Види исто така, Carnegie Endowment for International Peace (CEIP), Kurdistan’s Executive Offices in Transition, 7 декември 2018, https://bit.ly/2ttam0k; France 24, Ruling Party Comes in First in Iraqi Kurdistan Election, 21 октомври 2018, http://f24.my/3rBg.T.

## 3) Референдум за независност, октомври 2017

Властите на КРВ имаат *де јуре* контрола врз КР-И.[25] Од 2003 година КРВ исто така има *де факто* контрола врз деловите од „спорните територии“,[26] а областа под *де факто* контрола на КРВ и понатаму се шири кон областите што ги напушти ИБС во времето на проширувањето на ИСИС во летото од 2014 година.[27] На 25 септември 2017 КРВ организираше контроверзен референдум за независност во КР-И и во спорните области под *де факто* контрола на КРВ, на што се спротивстави централната власт и голем дел од меѓународната заедница.[28] Иако Курдите доминантно гласаа за независност,[29] референдумот беше причината за воена реакција на 16 октомври 2017 од страна на централните власти[30], како резултат на што го врати Киркук и поголемиот дел од останатите спорни области кои беа под контрола на курдските партии.[31]

---

[25] Устав на Република Ирак, 15 октомври 2005, hwww.refworld.org/docid/454f50804.html, членови 117(1), 120, 121(1) и (2).

[26] И централната власт и КРВ бараат надлежност на делови од гувернoратите Дијала, Ербил, Киркук, Нинева и Салах Ал-Дин (т.н. „спорни области“). Членот 140 од ирачкиот Устав од 2005 утврдува процес во три чекори за решавање на статусот на „Киркук и другите спорни територии“ вклучително и „нормализација“ (т.е. преселба на Арапите коишто се населени таму како дел од кампањите за арабизација на поранешната власт и враќање на раселеното население), попис и референдум да се одржат не подоцна од 31 декември 2007. Предлог Уставот на Курдистан од 2009 година во членот 2(1) унилатерално има претензија кон сите спорни области така што стипулира дека ирачкиот Курдистан е „(...) географски и историски субјект составен од покраината Духок во актуелните административни граници, како и покраините Киркук, Сулаиманија и Ербел, и окрузите Акра, Шиекан, Синџар, Телкеиф, Каракуш и под-окрузите Зумар, Башека, Аски Калак од покраината Ниневе и окрузите Ханакен, Мандили од покраината Дијала согласно нивните административни граници пред 1968.“ Процесот никогаш не бил спроведен, а во времето на пишување на оваа публикација немаше никаков напредок во решавањето на овој долгогодишен спор. Види: Предлог Устав на Курдистанскиот регион, 23 јуни 2009, https://bit.ly/2SZwM8O; Устав на Република Ирак, 15 октомври 2005, refworld.org/docid/454f50804.html. За историски преглед на статусот и границите на КР-И и последователните случувања во спорните области, види: ICG, Reviving UN Mediation on Iraq’s Disputed Internal Boundaries, 14 декември 2018, http://bit.ly/2JwD8IE.

[27] „Како резултат на немоќта на Багдад после 2003 година курдските партии и нивните паравоени единици имаа речиси целосна политичка и безбедносна контрола врз спорните територии, вклучително и Киркук, цели четиринаесет години. Спектакуларното напредување на Исламската држава на Ирак и Сирија (ИСИС) во 2014 година го забрза колапсот на ирачката армија на северот. Ова им овозможи на курдските паравоени единици да преземат целосна контрола врз спорните територии, вклучително и нафтените полиња во Киркук“; ICG, Reviving UN Mediation on Iraq’s Disputed Internal Boundaries, 14 декември 2018, http://bit.ly/2JwD8IE. „Меѓу 2003 и 2017 година и покрај де јуре сојузната власт, курдското присуство во спорните територии во форма на локално население, партиски канцеларии, училишта и амбуланти, и безбедносните сили, доведоа до ситуација каде Курдите де факто имаа целосна власт во многу области“; LSE, Public Authority and Iraq’s Disputed Territories, 4 септември 2018, https://bit.ly/2ScIrwA. Види исто така, Brookings, The Constitutional Context for Iraq’s Latest Crisis, 7 ноември 2017, http://brook.gs/2hgKX7P.

[28] Reuters, Kurdish Independence Vote Damages U.S. Efforts to Preserve Unified Iraq, 27 септември 2017, https://reut.rs/2y5PYXy; The Guardian, Iraqi Leader Warns Kurds over Independence Referendum Violence, 16 септември 2017, https://bit.ly/2Fclnft; UN, Referendum in Iraq’s Kurdistan Region Would Detract from Need to Defeat Islamic State, Reconstruct Recovered Territories, Secretary-General Warns, SG/SM/18682, 17 септември 2017, https://bit.ly/2EdYlkt; Al Jazeera, Iraq Parliament Rejects Kurdish Independence Referendum, 12 септември 2017, http://aje.io/bdhz3; Kuwait News Agency (KUNA), Arab League Chief Urges Postponement of Kurdistan Referendum, 9 септември 2017, https://bit.ly/2VkMFDx.

[29] BBC, Iraqi Kurds Decisively Back Independence in Referendum, 27 септември 2017, https://bbc.in/2BTJUlb.

[30] „Почнувајќи од Киркук, тие [ИБС и силите блиски на нив] напредуваа брзо низ останатите спорни територии. Во повеќето случаи, повлекувањето на Пешмерга силите од овие области се случуваше во

Референдумот и последиците од истиот според извештаите ги продлабочија политичките поделби во КР-И[32], и резултираа со влошување на односите меѓу централната власт и КРВ, кои и онака беа обременети заради несогласувањата поврзани со изворот на нафта, доделувањето буџетски средства и статусот на спорните области.[33] Исто така, има извештаи дека отсуството на соработка меѓу ИБС и курдските сили во спорните области доведуваат од безбедносни пропусти што им

---

координација со ИБС. Меѓутоа, значителни судири меѓу Пешмерга и ИБС се случија во градовите Туз Хурмату, гувернорат Салах ал-Дин и Алтун Кубри, гувернорат Киркук“; United Nations Assistance Mission for Iraq (UNAMI), Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр.4. Види исто така, ICG, Oil and Borders: How to Fix Iraq's Kurdish Crisis, 17 октомври 2017, www.refworld.org/docid/59e70ac14.html. стр. 1-2; BBC, Iraq Takes Disputed Areas as Kurds 'Withdraw to 2014 Lines', 18 октомври 2017, https://bbc.in/2STfvJO. Во контекст на овие воени операции има извештаи за напади, пљачкосување и уништување на приватни домови и бизниси како и канцеларии на политичка партија кои не се насочени само кон некоја специфична група а се извршени од некои безбедносни актери пред сѐ во курдските населби на градовите Киркук и Туз Хурмату (гуверноратот Салах Ал-Дин). Повеќе од 180.000 цивили, главно Курди, според извештаите биле раселени од спорните области како резултат на воени операции, иако повеќето се вратиле дома набрзо после тоа; ICG, Reviving UN Mediation on Iraq’s Disputed Internal Boundaries, 14 декември 2018, http://bit.ly/2JwD8IE. стр.17; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр.4; UNAMI, Summary of UNAMI Findings in Tuz Khurmatu, 23 декември 2017, https://bit.ly/2T4cWcH; United Nations Office for the Coordination of Humanitarian Affairs (OCHA), Iraq: Humanitarian Bulletin, октомври 2018, 20 ноември 2018, https://bit.ly/2D3Jaek. стр.2; UNHCR, Iraq: Centre & South Bi-Weekly Protection Update (13 - 26 октомври 2017), 26 октомври 2017, https://bit.ly/2EwxNfV; Amnesty International, Iraq: Fresh Evidence that Tens of Thousands Forced to Flee Tuz Khurmatu amid Indiscriminate Attacks, Lootings and Arson, 24 октомври 2017, www.refworld.org/docid/59ef02474.html; Middle East Eye (MEE), Iraqi Forces Accused of Burning Kurdish Homes and Ministries in Kirkuk, 18 октомври 2017, https://shar.es/am7wr0.

[31] Меѓутоа, опсегот на контролата на ирачката Влада варира во различните спорни области. „Иако законски и уставно овие територии остануваат спорни, во реалноста политичкото и военото влијание на КРВ имаат опаднато драматично за кратко време, со што ГОИ и на нив блиските сили имаат контрола. (…) Природата и формата на ова повторно воспоставување на федерална контрола се разликува од едно до друго место“; LSE, Security and Governance in the Disputed Territories under a Fractured GOI: The Case of Northern Diyala, 14 ноември 2018, https://bit.ly/2S9QlH9. „Спротивно на широко распространетите ставови, ирачките безбедносни сили и силите на Хашд не ги презедоа целосно сите спорни територии после референдумот на Курдите во септември 2017. Значителни делови од овие територии и понатаму се под контрола на курдските Пешмерга и понатаму со нив се владее како што се владее уште од 2014 година“; Clingendael Institute, In the Eye of the Storm? - (In)stability in Western Iraqi Kurdistan, 3 јули 2018, https://bit.ly/2CnEe3J. стр.9. Види исто така стр. 10 од истиот извештај со карта на којашто се прикажани „спорните области“ кои и понатаму остануваат под контрола на курдските сили. Види исто така, KAS, Scattered Dreams - The Independence Referendum, the Fall of Kirkuk and the Effect on Kurdish and Iraqi Politics, 16 април 2018, https://bit.ly/2EzBLVd. стр.81; Al Jazeera, Territory Lost by Kurds in Iraq, 1 ноември 2018, http://aje.io/el8rx; BBC, Iraq Takes Disputed Areas as Kurds 'Withdraw to 2014 Lines', 18 октомври 2017, https://bbc.in/2STfvJO. Во областите каде властите имаат повторно воспоставено контрола, безбедносните актери се расцепкани; види долу Дел II.Б („Безбедносна состојба”).

[32] ICG, Reviving UN Mediation on Iraq’s Disputed Internal Boundaries, 14 декември 2018, http://bit.ly/2JwD8IE. стр.10; KAS, Scattered Dreams - The Independence Referendum, the Fall of Kirkuk and the Effect on Kurdish and Iraqi Politics, 16 април 2018, https://bit.ly/2EzBLVd. стр. 81-84; Atlantic Council, Intra-Kurdish Division and Abadi’s Options, 17 октомври 2017, https://bit.ly/2XrXvcL.

[33] 33 Italian Institute for International Political Studies (ISPI), Country to Watch in 2019: Iraq, 27 декември 2018, https://bit.ly/2HTvBmg; LSE, Assessing the Post-Referendum Crisis Between Erbil and Baghdad, 19 март 2018, https://bit.ly/2BVgKlX.

овозможиле на ИСИС повторно да се вратат.[34] Меѓутоа, од 2018, и особено после формирањето на новата влада на премиерот Абдел-Махди, се зборува дека има приближување меѓу централните власти и КРВ, како што се гледа на пример од усвојувањето на националниот буџет во јануари 2019 година (што вклучува исплата на плати за државните службеници и силите на *Пешмерга* во КР-И), склучувањето договор на 16 јануари 2019 за обединување на царинските давачки, и повторното започнување со извоз на нафта од Киркук во ноември 2018 година.[35]

## Б. Безбедносна состојба

### 1) *Преглед*

Во 2014, Ирак се соочи со брзо ширење на ИСИС во северен и централен Ирак, што резултираше со конфликт, сериозна злоупотреба на меѓународното право за човекови права, меѓународното кривично право и меѓународното хуманитарно право,[36] и масовни цивилни жртви.[37] ИБС[38] и силите[39] блиски на нив како и курдските безбедносни сили[40], со поддршка од широката

---

[34] Во времето кога се пишуваше овој документ наводно во тек биле разговори за подобрување на безбедносната соработа во спорните области; Kurdistan 24, Peshmerga, Iraqi Army Prepare to Work Together in Disputed Areas, 21 февруари 2019, https://bit.ly/2NAyKqo; Rudaw, In the Plains of Northern Iraq, Familiar Shadows Roam and Kill, 20 февруари 2019, https://bit.ly/2VoDIct. Види исто така долу Дел II.Б.2 („Безбедност во областите со континуирано присуство и влијание на ИСИС").

[35] LSE, Kirkuk's Case & Baghdad - Erbil Relations, 27 февруари 2019, https://bit.ly/2GO2jEa; UNAMI, Briefing to the Security Council by SRSG for Iraq Jeanine Hennis-Plasschaert, 13 февруари 2019, https://bit.ly/2EaPAYk; MEE, Iraq's Parliament Approves $112bn Budget after Months of Wrangling, 24 јануари 2019, https://shar.es/amvOFF; Al Jazeera, Iraq: Baghdad and Kurds Strike Deal to Resume Kirkuk Oil Exports, 16 ноември 2018, http://aje.io/cr3h8.

[36] Види Дел II.Д („Состојбата со човековите права").

[37] Види Дел II.В („Цивилни жртви").

[38] ИБС се состојат од официјалната војска и органи па прогонот кои одговараат пред Министерството за одбрана (пр. копнени, поморски и воздухопловни сили) или Министерството за внатрешни работи (пр. Сојузната полиција, Единицата за брзо распоредување / ЕБР, Бирото за разузнавање и контраразузнавање, Специјалната тактичка единица, Службата за заштита на објекти, Одделот за гранична контрола, локалната полиција, безбедносните и разузнавачките агенции), или потпаѓаат под Кабинетот на премиерот (пр. Службата за борба против тероризмот / ЦРС, Националната безбедносна служба / НСС, Секторот за специјални сили); види на пр. Human Rights Watch, "Life Without a Father is Meaningless", Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf (во понатамошниот текст: HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf). стр.24; Institute for the Study of War (ISW), Iraqi Security Forces and Popular Mobilization Forces: Orders of Battle, декември 2017, http://bit.ly/2SsCv6V.

[39] Види долу за дополнителни информации

[158] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (ноември 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 31. Според извештаите меѓу начините на вршење притисок меѓу другото спаѓаат затварање во кампови, известувања со рокови за напуштање, малтретирање, присилно протерување од кампови, диви населби и урбани области, одземање на лични документи и апсења заради непоседување на лични документи или согласно Законот за борба против тероризам и во некои случаи присилно враќање во областите на потекло; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc. стр. 5, 19-20. Види исто така, NRC, Iraqis Forced to Return to Destruction Left in Wake of War on ISIS, 28 февруари 2018, https://bit.ly/2t1Ehj1; Reuters, Iraq Returning Displaced Civilians from Camps to Unsafe Areas, 7 јануари 2018, https://reut.rs/2D7pX9Z; The National, Displaced Iraqis Forcibly Returned Home, Where ISIL Booby-Traps Abound, 7 јануари 2018, https://bit.ly/2DLV8en. За конкретни примери, види исто така UNHCR's monthly Protection Updates, достапни на: https://bit.ly/2zeBGms и UNHCR's previously issued Centre & South Bi-Weekly Protection Updates, достапни на: http://bit.ly/2jwuxJ4. Според извештаите вработените во државните органи наводно добиле насоки да се вратат во своите места на потекло и да се вратат на своите работни места. Види UNHCR, Iraq Protection Update – December 2018, 31 декември 2018, https://bit.ly/2C9D9vI. стр. 2; UNHCR, Iraq Protection Update – октомври 2018, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2EsI91v. стр. 2; Rudaw, Iraqi Teachers Condemn Baghdad Decision to Shut Down IDP Schools, 23 јули 2018, https://bit.ly/2Rdh9oR.

[159] United Nations Children's Fund (UNICEF), Iraq Humanitarian Situation Report September 2018, 25 октомври 2018, https://uni.cf/2qOR58w. стр. 2. „Напорите од страна на ВИ [Владата на Ирак] да ги затвори локациите со ВРЛ и да ги испразни камповите од нивните жители продолжуваат, и креираат загриженост кај хуманитарните работници заради проблемите со небезбедното враќање и секундарното раселување на семејствата кои не можат да се вратат во областите на потекло. Меѓу октомври 2017 и август 2018, властите од ВИ истерале повеќе 6.300 домаќинства - приближно 37.800 лица – од официјалните кампови за ВРЛ и неформалните населби во Анбар, Багдад и Салах Ал-Дин"; USAID, Iraq -Complex Emergency (Fact Sheet #10, Fiscal Year (FY) 2018), 30 септември 2018, https://bit.ly/2S8s7MV. стр. 2. Види исто така, UNHCR, Iraq Protection Update – November 2018, 30 ноември 2018, https://bit.ly/2FbJbiR. стр. 1; Al Jazeera, Iraqi Security: Camps for Displaced Are Being Closed, 18 октомври 2018, https://bit.ly/2Sdge9b.

[160] На 3 декември 2018, властите на гувернoратот го затвориле кампот Кило 18 (гувернoратот Ал-Анбар), како резултат на што имало прерано враќање на повеќето жители од кампот, додека други биле префрлени во друг камп во истиот гувернорат. Според извештаите имало и други преселби на почетокот на декември 2018 од Кампот Бзебиз (Гувернoратот Ал-Анбар) заради делумното затворање на кампот. Кон крајот на декември 2018, ВРЛ од дивите населби во Ал-Анбар биле префрлени во формални кампови во истиот гувернoратот; UNHCR, Iraq Protection Update – December 2018, 31 декември 2018, https://bit.ly/2C9D9vI. стр. 2. Види исто така, Kurdistan 24, Iraq Closes IDP Camp in Kirkuk, after Sending Hundreds back to Hawija, 10 февруари 2019, https://bit.ly/2tS6er2.

[161] „Лошите услови во областите на раселување исто така можат негативно да влијаат во насока на поттикнување на луѓето да ги напуштат местата каде што се раселени премногу рано. Меѓу нив спаѓаат: • Небезбедност и немање сигурност и заштита. • Ограничена слобода на движење и неможност за повторно обединување со членови на семејството. • Отсуство на услуги, поради што не се живее достоинствено во камповите"; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc. стр. 18. Види исто така, NRC/IDMC, Nowhere to Return to, 1 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beb01d74.html. стр. 32.

области на потекло.[162] ВРЛ коишто живеат надвор од камповите се изложени на ризик да бидат избркани од сопствениците кои си го бараат имотот назад, што на сличен начин може да резултира со притисок за враќање.[163]

Присилното и прераното враќање, според извештаите, често резултира со секундарно раселување,[164] што е евидентно исто така од постојаниот повторен прием во камповите за ВРЛ.[165]

Повратниците мора да поминат безбедносна проверка и да добијат одобрение од различните органи во областите на раселување и враќање, вклучително и воени и безбедносни фактори, локалните власти и племиња.[166] Се случува да не се одобри враќање од страна на државните и недржавни те фактори врз основа на дискриминаторски критериуми, вклучително и етничкиот/верскиот профил[167] на ВРЛ и/или нивната поврзаност со реални или наводни припадници на ИСИС.[168] Таквите забрани за враќање оставаат значителен број на ВРЛ заглавени

---

[162] NRC/IDMC, Nowhere to Return to, 1 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beb01d74.html. стр. 32; UNHCR, Iraq Protection Update – October 2018, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2EsI91v. стр. 1-2.

[163] „ВРЛ коишто живеат надвор од камповите – особено оние во дивите населби – и понатаму се под ризик присилно да бидат иселени, ако сопствениците сакаат да си го повратат својот имот (…)"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 30. Види исто така стр. 31-32 од истиот извештај.

[164] „Присилните и прерани враќања и понатаму продолжуваат во гуверноратите Салах Ал-Дин, Багдад, Анбар, Киркук и Нинева, вклучително и преку практикување на присила што често резултира со второстепено раселување"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd, стр. 31. „Вооружената група [ИСИС] повторно добива на сила, во некои случаи ги раселува селаните кои неодамна се вратиле дома"; Amnesty International, Dead Land: Islamic State's Deliberate Destruction of Iraq's Farmland, 12 декември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1454298/1226_1544695409_mde1495102018english.PDF, стр. 10. „Само малку бегалци и ВРЛ повратници имаат успеано да најдат трајни решенија. Некои се вратиле назад во своите домови или области на потекло, но не можеле да си го вратат животот и да обезбедат егзистенција. Други и понатаму имаат значителна потреба од помош и заштита. Па така и покрај тоа што се вратиле, тие *де факто* остануваат внатрешно раселени. Не како оние што сè уште се признати како ВРЛ, меѓутоа добиваат мала поддршка"; NRC/IDMC, Nowhere to Return to, 1 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beb01d74.html, стр. 28. Види исто така стр. 8, 22, и 32 од истиот извештај.

[165] Меѓу јули 2018 и март 2019, над 7.800 внатрешно раселени семејства секундарно биле раселени и биле примени во кампови во Гуверноратот Нинева. Во истиот период, 22.500 семејства ги напуштиле камповите; Информација од УНХЦР, април 2019. Види исто така, UNHCR, Iraq Protection Update – January 2019, 31 јануари 2019, https://bit.ly/2L1EYld. стр. 1; Rudaw, Some Christian Returnees again Leave Homes for IDP Camps, 13 февруари 2019, https://bit.ly/2EHIE5d; Kurdistan 24, Lack of Security, Stability in Mosul Prompts IDPs to Return to Kurdistan Region Camps, 4 февруари 2019, https://bit.ly/2WFd8xf; Rudaw, IDPs again Leave Their Homes, Preferring Security of Refugee Camps, 6 август 2018, https://bit.ly/2PO5IYD; Al Jazeera, 'Our Life is Hell': Iraq's IDPs Suffer Interminable Wait for Home, 29 јули 2018, http://aje.io/7lmnc; Deutsche Welle (DW), Poverty and Lack of Services in Iraq Force Refugees Back to the Camps, 29 април 2018, https://bit.ly/2BPrqF7.

[166] UNHCR, Iraq Protection Update – December 2018, 31 декември 2018, https://bit.ly/2C9D9vI. стр. 2; The New Humanitarian, In Iraq, Families Linked to So-Called Islamic State Suffer for Their Relatives' Sins, август 2018, https://bit.ly/2Lo6JBb; HRW, Iraq: Displaced Families Blocked from Returning, 24 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b87de304.html.

[167] Види Дел II.Д.1.б („Повреди на човековите права од страна на курдските власти").

[168] „И покрај заедничките напори на владата и хуманитарците за олеснување на враќањето на раселените лица во областите коишто некогаш биле под контрола на ИСИС, локалните укази и други превентивни мерки ги спречуваат семејствата за кои се смета дека се поврзани со ИСИС да се вратат во своите домови во некои

во местото на раселување спротивно на нивната волја.[169] Дури и оние што ќе добијат дозвола за враќање во пракса не секогаш можат да се вратат во своите места бидејќи безбедносните власти можеби сè уште го блокираат нивното враќање, на пример на контролните пунктови на патот по кој се враќаат или во местата од каде што потекнуваат.[170]

## 4) Враќања од странство

Во 2018 година над 5.600 Ирачани се вратиле, главно од Европа, преку Програмата за помогнати доброволни враќања и реинтеграција (АВРР) со која раководи Меѓународната организација за миграција (ИОМ).[171] Други, според извештаите, се имаат вратено во рамките на програми спонзорирани од ирачката влада или со сопствени средства.[172] Причините што ги наведуваат ирачките државјани за враќањето вклучуваат меѓу другото, дека им недостасувал домот и семејството во Ирак; тешките услови во земјите домаќини; и долгите процедури за азил и со тоа

---

од областите, вклучително и Анбар, Дијала, Нинева и Салах Ал-Дин"; HRW, World Report 2019 – Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Враќањето на семејствата за кои се смета дека се поврзани со екстремисти е сериозно ограничено"; UNHCR, Iraq Protection Update – November 2018, 30 ноември 2018, https://bit.ly/2FbJbiR. стр. 2. „Ваквото поврзување [со лица коишто се сметаат за припадници на ИСИС] значи дека таа и нејзиното пошироко семејство не можат да добијат безбедносна дозвола која што им е потребна на сите раселени Ирачани за да се вратат во своите села, гратчиња или големи градови"; The New Humanitarian, In Iraq, Families Linked to So-Called Islamic State Suffer for Their Relatives' Sins, август 2018, https://bit.ly/2Lo6JBb. На пример, во времето кога се подготвуваше овој документ на раселените лица од градот Јурф Ал-Сахр (губернаторот Бабел) после повторното заземање на областа од ИСИС од страна на силите блиски на ПМФ во 2014, не им било дозволено да се вратат; Diyaruna, Iran-Backed Iraqi Militias Block Access to Liberated Areas, 14 декември 2018, https://bit.ly/2rHbM6z; Musings on Iraq, Permanently Displaced in Iraq's Babil Province, 6 декември 2018, https://bit.ly/2GHLlX8; Al Jazeera, Displaced Sunni Iraqis Claim Shia Militia Blocking Their Return, 4 септември 2017, http://bit.ly/2f8cXpI. Види исто така, Дел III.A.1.б ("Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[169] Приближно 14 проценти од ВРЛ се проценува дека неволно остануваат раселени бидејќи не им е дозволено да се вратат; IOM, Reasons to Remain, ноември 2018, www.refworld.org/docid/5bf685154.html. стр. 16.

[170] „Доколку добијат дозвола од безбедносните служби во кампот да се вратат, многу внатрешно раселени лица се соочени со бројни проверки од различни елементи на контролните пунктови по патот кон дома. Како резултат на овие проверки патувањето може да се одолговлечи, да им бидат одземени документите, семејството да биде разделено и да бидат своеволно притворени. (…) Кога семејството ќе успее да ги помине бројните контролни пунктови, може да не успее да ја помине последната пречка: влез во областа на потекло"; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc. стр. 21. Види исто така, HRW, Iraq: Displaced Families Blocked from Returning, 24 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b87de304.html.

[171] IOM, Assisted Voluntary Return and Reintegration (AVRR) – AVRR Bulletin 2018 4th Quarter, 2019, http://bit.ly/2T4IoCA. стр. 3. Во 2017 и 2016, над 7.000 односно 12.700 Ирачани, се вратиле преку помогнатото доброволно враќање и реинтеграција; IOM, Assisted Voluntary Return and Reintegration – 2017 Key Highlights, 10 јули 2018, https://bit.ly/2Ju22mP. стр. 24.

[172] Од крајот на 2017 година илјадници Ирачани според извештаите се имаат вратено од Сирија и Турција во движења помогнати од ирачките власти. Според извештаите тешките хуманитарни услови како и строгите ограничувања на движењето во камповите во Сирија се некои од причините за нивното враќање во Ирак. На патот назад во Ирак некои од повратниците се соочуваат со ситуација на континуирано раселување, вклучително и во камповите за ВРЛ; Види месечните Protection Updates на УНХЦР за месеците од август хо ноември 2018 и јануари 2019, достапни на: https://bit.ly/2zeBGms. Види исто така, VOA, Iraqi Refugees in Syria Refuse to Return Home, 1 ноември 2018, https://bit.ly/2Qc8KBX; Anadolu Agency, 27,000 Refugees Return to Iraq from Syria, Turkey, 21 март 2018, https://bit.ly/2QoykId.

поврзаното одолговлекување за добивање безбеден правен статус, пристап до услуги и пристап до можност за семејно обединување.[173]

## Д. Состојбата со човековите права

И покрај изразената заложба на ирачката Влада за почитување на националните и меѓународните обврски во однос на човековите права и релативните подобрувања на безбедносната состојба,[174] „состојбата со заштитата на човековите права во земјата и понатаму останува кревка.“[175] Оваа глава се фокусира на повредите на човековите права од страна на различни државни и недржавни актери, вклучително и правото на живот и правото да не бидат изложени на малтретирање и мачење, правото на слобода и слобода на движење, како и владеење на правото и правдата во Ирак.

Други сериозни и широко распространети повреди на човековите права, како што се сексуално и родово засновано насилство (СРЗН), повреда на слободата на верско изразување, слободата на изразување и здружување се опфатени во релевантните профили на ризик, кои го опишуваат третманот на одредени групи лица од страна на државни и недржавни актери.

### 1) Државни актери

#### *а) Повреди на човековите права од страна на ирачките власти и ним блиските сили*

Во контекст на воените операции против ИСИС меѓу 2014 и 2017 година, ИБС и на нив блиските сили[176] според извештаите своеволно апселе и затворале, грабнувале лица, биле одговорни за присилно исчезнување, мачење и други форми на несоодветно постапување, како и вонсудски убиства главно на сунитски Арапи, мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат, за кои сметале дека имаат врски со ИСИС,[177] вклучително и врз основа на широки и дискриминаторски

---

[173] NRC/IDMC, Nowhere to Return to, 1 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beb01d74.html. стр. 22-24, 32.

[174] Види Дел II.Б („Безбедносна состојба“).

[175] UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 1.

[176] Низа актери се имплицирани во насилствата и злоупотребите, вклучително, меѓу другото, и елементи на ПМФ (пр. Хезболах Бригади, Организацијата Бард, Асаиб Ал Ал-Хак, Сраја Ал-Салам), ИБС, Дивизијата за брза реакција, НБС, Бирото за разузнавање и борба против тероризам при Министерството за внатрешни работи, и Сојузната полиција; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf; HRW, Iraq: Intelligence Agency Admits Holding Hundreds Despite Previous Denials, 22 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1438864.html; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 6-7; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, параграфи 30-32; HRW, Iraq: Investigate Abuses in Hawija Operation, 28 септември 2017, www.refworld.org/docid/59ccc9f64.html; Expressen, Exclusive Footage Reveals Brutal War Crimes in Battle Against ISIS, 28 јуни 2017, https://bit.ly/2F8dozU; HRW, Iraq: Dozens Found Handcuffed, Executed in, Around Mosul, 4 јуни 2017, www.refworld.org/docid/5937f78b4.html; Amnesty International, Iraq: Turning a Blind Eye: The Arming of the Popular Mobilization Units, 5 јануари 2017, www.refworld.org/docid/586e061e4.html.

[177] „(…) Специјалниот известувач примил информација за бројни повреди на меѓународното хуманитарно право и човековите права извршени од ИБС и сили блиски на нив меѓу 2014 и 2017 година, па се до крајот на битката за Мосул. Тие најчесто се однесуваат на пријавени акти на одмазда во облик на пресретнување, исчезнувања и убиства на цивили од сунитска вероисповед, вклучително и внатрешно раселени лица (ВРЛ),

критериуми.[178] Другите пријавени повреди и злоупотреби вклучувале присилено протерување, пљачкосување, намерно палење и уништување на домови, и во некои случаи, намерно уништување на цели села, како и блокирање на враќањето на сунитските Арапи.[179]

И по крајот на големите воени операции, своеволните апсења главно на мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат, според извештаите, продолжуваат,[180] главно согласно Законот за борба против тероризмот од 2005 година.[181] Според извештаите илјадници осомничени борци на ИСИС или нивни соработници, вклучително жени и деца,[182] биле уапсени, честопати на своеволен

---

притворени лица и деца, како и егзекуција на лица осомничени дека биле борци на ИСИЛ, а кои не се бореле директно"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 30. Види исто така, HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр. 16-18; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 6-7; Amnesty International, 643 Iraqi Men Disappeared Two Years Ago: Where Are They?, ажурирана верзија 11 јуни 2018, https://bit.ly/2LtllOp; HRW, Iraq: Officials Dispose of Potential War Crime Evidence, 20 април 2018, www.ecoi.net/en/document/1430724.html; The Guardian, After the Liberation of Mosul, an Orgy of Killing, 21 ноември 2017, https://bit.ly/2z5EP67; HRW, Iraq: Investigate Abuses in Hawija Operation, 28 септември 2017, www.refworld.org/docid/59ccc9f64.html; The Guardian, Stream of Floating Bodies near Mosul Raises Fears of Reprisals by Iraqi Militias, 15 јули 2017, https://bit.ly/2tVTTmM.

[178] Види Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС").

[179] GPPi, Iraq After ISIL: Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 7, 10, 15, 21-22, 26, 29, 43-47, 53-54, 56-57; HRW, Flawed Justice – Accountability for ISIS Crimes in Iraq, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html (во понатамошниот текст: HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html). стр. 18-19; HRW, Iraq: Looting, Destruction by Forces Fighting ISIS, 16 февруари 2017, www.refworld.org/docid/58a5b4344.html.

[180] Види Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС").

[181] Iraq: Anti-Terrorism Law (Law No. 13 of 2005), 7 ноември 2005, www.refworld.org/docid/5bd093414.html. ООН и другите имаат изразено загриженост во однос на Законот за борба против тероризмот и преширoката дефиниција на тероризмот; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 47. Види исто така, Human Rights Council, Question of the Death Penalty -Report of the Secretary-General, A/HRC/39/19, 14 септември 2018, https://bit.ly/2Tv1IKg, пара. 22; American Bar Association, Compliance of Iraq's Anti-Terrorism Law (2005) with International Human Rights Standards, 28 февруари 2018, www.ecoi.net/en/document/1177250.html. Во некои случаи на тероризам се применуваат Законот за кривична постапка од 1971 и Кривичниот законик од 1969; United Nations University – Centre for Policy Research, The Limits of Punishment -Transitional Justice and Violent Extremism, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC (во понатамошниот текст: UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC). стр. 18.

[182] Согласно ирачкиот Закон за малолетничка благосостојба од 1983 минимумот возраст за кривична одговорност е девет години; Juvenile Welfare Act (Закон бр. 76 од 1983), достапен на англиски јазик на: https://bit.ly/2O4gE05, член 47(1). Според ХРВ, ирачките и курдските власти имаат уапсено илјадници деца по преземањето контрола врз териториите што претходно биле под ИСИС. На крајот од 2018 година, било проценето дека 1.500 деца останале притворени за наводна поврзаност со ИСИС, а на уште стотици други, меѓу кои најмалку 185 деца странци, им се судело за дела поврзани со тероризам и биле осудени со казна затвор; HRW, "Everyone Must Confess" - Abuses Against Children Suspected of ISIS Affiliation in Iraq, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI (во понатамошниот текст: HRW, "Everyone Must Confess", 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI). Види исто така, UNSC, Report of the Secretary-General on Children and Armed Conflict, 16 мај 2018, A/72/865–S/2018/465, https://undocs.org/A/72/865, параграфи 67, 86. Види исто така, UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 8-9; US Department of Labor, 2017 Findings on the Worst Forms of Child Labor – Iraq, 20 септември 2018,

начин и затворани од ИБС и на нив блиските сили под сомнеж дека ја поддржуваат ИСИС.[183] Други коишто се уапсени или грабната и понатаму се водат за исчезнати.[184] Според извештаите различни безбедносни агенции апсат и затвораат лица, меѓу кои и силите блиски на властите и Националната безбедносна служба (НБС), коишто немаат јасен мандат за апсење и затворање на осомничени лица.[185] Лица со други профили, вклучително пред сè новинари и медиумски

---

www.refworld.org/docid/5bd05ace2.html. стр. 6; HRW, Flawed Justice, 5 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 1, 23-24, 43.

[183] Според АП најмалку 19.000 лица биле притворени или затворени заради сомнеж дека се поврзани со ИСИС или други дела поврзани со тероризам; AP, Iraq Holding more than 19,000 Because of IS, Militant Ties, 22 март 2018, https://bit.ly/2ypn4QQ. „(…) само во Мосул, 4.383 наводни припадници на ИСИЛ биле притворени, 2.019 притвореници биле испратени во Багдад, а 1.004 биле ослободени. 413 истраги биле затворени и проследени до судовите"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 46. „Строгата и премногу општа правна рамка којашто ги регулира делата поврзани со тероризам во Ирак овозможува масовно затворање на десетици илјади лица (како пред така и после судењето) чии врски со ИД честопати се слаби. (…) Советникот на ирачката Влада за спречување тероризам во декември 2017 процени дека бројот на притворени лица обвинети за поврзаност со ИСИС може да достигне 36.000"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 17, 22. Многу од апсењата, според извештаите, се засноваат на нејасни докази како што се изјави од тајни доушници или со вклучување на „листи на лица по кои се трага" кои ги администрираат различни безбедносни актери; Види Дел III.A.1 („Лица погрешно осомничени дека ја поддржуваат ИСИС").

[184] „Повеќето исчезнувања на лица во последниве неколку години следат иста шема. Лицата главно се приведени после извршени рации на нивните домови или на контролни пунктови од страна на безбедносните сили. Потоа жртвите се држат на тајни места, без да им се суди или да бидат обвинети, а на нивните семејства не им се даваат информации за нивната судбина и каде се наоѓаат"; Alkarama, Universal Periodic Review Iraq -Submission to the Stakeholders' Summary, 28 март 2018, https://bit.ly/2IHhpMH, пара. 21. „УНАМИ/ОХЦХР и понатаму бараат информации од Владата на Ирак во врска со статусот на уапсените/грабнатите или лицата што присилно исчезнале, како и за резултатите од евентуалните истраги [sic] за тоа каде се наоѓаат. Што се однесува до масовните апсења/грабнувања од Синџар, гуверноратот Нинева и Саклавиа, гуверноратот Анбар, кои претходно се спомнати во извештаите на УНАМИ/ОХЦХР, не се дадени никакви јавни информации од страна на Владата на Ирак во периодот опфатен со извештаите"; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 9. Види исто така, Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 4; Amnesty International, 643 Iraqi Men Disappeared Two Years Ago: Where Are They?, ажуриран на 11 јуни 2018, https://bit.ly/2LtllOp.

[185] „И покрај барањата, владата на Ирак не даде информации кои безбедносни и воени структури имаат законски мандат да лишуваат од слобода и во кои установи"; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. "(…) Лидерите на Силите за народна мобилизација (ПМФ) и Националната безбедносна служба (НБС) им имаат кажано на Хјуман Рајтс Воч во неколку прилики дека тие не се овластени за такво нешто [да апсат и приведуваат осомничени]"; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр.21. Види исто така, HRW, Iraq: Intelligence Agency Admits Holding Hundreds Despite Previous Denials, 22 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1438864.html; GPPi, Iraq After ISIL: Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 31. Во некои случаи, дури и откако истражниот судија го одобрил ослободувањето на притвореното лице, НБС ,според извештаите, знае да ги задржи лицата и понатаму во притвор; HRW, Iraq: Key Courts Improve ISIS Trial Procedures, 13 март 2019, http://bit.ly/2ObvkuB; HRW, Iraq: Hundreds Detained in Degrading Conditions, 13 март 2017, www.refworld.org/docid/58c7ef964.html. Според еден службеник на НБС, којшто зборувал под услов да остане анонимен, „службениците знаат дека некои од затворениците се невини"; HRW, Iraq: Intelligence

работници, активисти од граѓанското општество и други коишто се сметаат дека ја критикуваат владата исто така од време на време се изложени на апсења и притвор, вклучително и согласно Законот за борба против тероризам од 2005 година.[186]

Извештаите укажуваат дека затворените лица честопати долго се држат во притвор во официјални и неофицијални центри[187] за лишување од слобода, без навремено разгледување на нивното апсење и притвор од страна на надлежен судија.[188] Набљудувачите известуваат дека лица осомничени дека се припадници на ИСИС и други притворени лица, вклучително деца, редовно остануваат без пристап до адвокат, лекарска помош и честопати нивните семејства не се информирани каде се наоѓаат.[189] Организациите за човекови права ги квалификуваат овие

---

Agency Admits Holding Hundreds Despite Previous Denials, 22 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1438864.html.

[186] „Ирачкиот Закон за борба против тероризмот од 2005, со своите нејасни одредби, дава основ за своеволното апсење и притворање на илјадници поединци, вклучително и мирољубиви опоненти и бранители на човековите права“; Alkarama, Iraq: Alkarama Denounces Serious Human Rights Violations to the Human Rights Council ahead of November 2019 Universal Periodic Review, 24 април 2019, https://bit.ly/2IZkdEf. Види исто така Дел III.A.3 („Лица коишто се спротивставуваат или се смета дека се спротивставуваат на Владата и оние блиски на Владата”) и III.A.6 („Новинари и други медиумски работници“).

[187] Според извештаите набљудувачите наводно не можеле да добијат листа на официјалните установи за притворање на лица и известиле дека според ирачките судии и вработени во Министерството центрите со кои раководат министерствата за внатрешни се единствените официјални центри за лишување од слобода; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 5, 55-61. Бројот и локациите на центрите за лишување за слобода на НБС и бројот на лица притворени од НБС не се познати. Во еден случај имаше извештај дека НБС држи над 400 лица во источен Мосул во импровизиран затвор, без јасна правна основа. Раководителот на НБС во Мосул изјави дека иако тие би сакале да им ги префрлат притворените лица на други органи, но немало место во другите установи; HRW, Iraq: Intelligence Agency Admits Holding Hundreds Despite Previous Denials, 22 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1438864.html.

[188] „Властите систематски ги повредуваат правата на процедурални гаранции на осомничените од ИСИС и на другите притвореници, согласно гаранциите во ирачкиот закон, според кои притворените лица треба да бидат изнесени пред судија во рок од 24 часа, да имаат пристап до адвокат во текот на целата истрага, и семејствата да им бидат известени за тоа дека се притворени и да можат да комуницираат со нив“; HRW, World Report 2019 - Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Истражувачите забележале дека илјадници затвореници кои може ќе бидат обвинети за тероризам со месеци се држат притворени пред да бидат изнесени пред судија (…)”; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 23. „(…) Се чини дека Законот за кривична постапка не важи за оние што се обвинети согласно Законот за борба против тероризам, што значи дека обвинетите се лишени од нивните права на правично судење и гарантирани постапки. Ова го вклучува правото да се биде информиран при апсењето за причините за истото и кое е обвинението, дасе  има пристап до правен застапник од моментот на апсење, право навремено да му се разгледа статусот на апсење и притвор од страна на независен и надлежен судија и забрана за мачење со цел да се извлече признание“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 47. „Иако законот за борба против тероризам не суспендира никаков аспект од законот за кривична постапка, властите што одговорни за случаите не можат или не сакаат да се придржуваат на процедуралните правила коишто бараат осомничениот да биде лишен од слобода само откако судот ќе издаде налог за апсење, да биде изнесен пред судија во рок од 24 часа од нивното притворање, и има адвокат присутен во текот на целата истражна постапка“; HRW, Flawed Justice, 5 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 21.

[189] „Истражувањето на [ХРВ] сугерира дека во пракса осомничените од ИСИС немаат адвокати присутни во текот на испитувањето, ниту пак властите им дозволуваат да комуницираат со нивните блиски до

лишувања од слобода како „присилни исчезнувања“.[190] Доколку и кога семејствата се информирани, од нив наводно службени лица бараат да платат огромни износи за да добијат право на посета, подобар третман или за да ги ослободат членовите од семејството што биле притворени дури и откако се прогласени за невини.[191]

Притворените лица се држат во лоши услови каде има пренатрупаност и во некои случаи во нечовечни услови со ограничен пристап до храна, вода и лекарска помош.[192] Според извештаите деца се држат заедно со возрасни или честопати во пренатрупани установи за малолетници со ограничени можности за рехабилитација и реинтеграција.[193]

---

завршувањето на истражниот период“; HRW, Flawed Justice, 5 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 41. Види исто така, HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 1, 23, 55..

[190] „Стапката на присилни исчезнувања во контекст на конфликтот во кои е инволвирана ИД во Ирак е огромна, и до денеска речиси целосно непризнаена од ирачката влада или меѓународната заедница. Од 2014 илјадници мажи и момчиња имаат присилно исчезнато во што биле вмешани ирачките и курдските сили“; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр. 16. Види исто така, HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf; Alkarama, Iraq: Two Cases of Enforced Disappearances by Hezbollah Brigades Submitted to United Nations, 26 септември 2018, https://bit.ly/2E4h2Jc. Види исто така Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС“).

[191] „После ослободувањето на градот [Мосул], многу припадници на ИД биле фатени и ослободени откако им платиле поткуп на безбедносните сили, додека други осомничени кои најверојатно биле невини останале во затвор, бидејќи не можеле да си ја платат слободата“; Jamestown Foundation, Conditions in Mosul Ripen for Return of Islamic State, Terrorism Monitor Vol. 17(1), 11 јануари 2019, https://bit.ly/2D7xsj0. Види исто така, HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 5, 63-64; HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html.

[192] „Властите ги држат осомничените од ИСИС во пренатрупани, и во некои случаи нечовечни услови“; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. После посетите од страна на УНАМИ на местата каде се затворени лицата, а со кои управува Министерството за правда, во извештај наведоа дека „физичките услови во повеќе установи за притвор и во затворите и понатаму се лоши. Пренатрупаноста дополнително ги влошува веќе лошо одржуваните или стари објекти, вклучително и системите за водоснабдување, канализација, вентилација и другите услуги“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 8. „Мажите и момчињата исто така се соочени со ужасни и нечовечки услови во затвор, со ограничен пристап до храна, вода и лекарска грижа како и сериозна пренатрупаност и немање пристап до туш или тоалет“; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр.18. Види исто така, AP, Iraq Holding More Than 19,000 Because of IS, Militant Ties, 22 октомври 2018, https://bit.ly/2ypn4QQ; HRW, Iraq: Intelligence Agency Admits Holding Hundreds Despite Previous Denials, 22 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1438864.html; Vice News, ISIS's Ghostly Presence Can still Be Felt in Mosul, 18 мај 2018, https://bit.ly/2OwcqwJ; HRW, Flawed Justice, 5 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 47-49. Планот најавен од Владата за враќање на неколку илјади Ирачани во североисточна Сирија, а кои потекнуваат од областите претходно под контрола на ИСИС веројатно само ќе го зголеми притисокот врз веќе пренатрупаните центри за притвор; MEE, Iraq Begins Trial Proceedings for 900 Suspected Islamic State Members, 14 април 2019, https://shar.es/amPzxb; The Telegraph, Iraq to Take Back 20,000 who Left for ISIL's Caliphate in Syria, 12 март 2019, http://bit.ly/2HycNav. Види исто така, HRW, Transfer of ISIS Suspects, Including Foreigners, to Iraq Raises Torture Concerns, 4 март 2019, http://bit.ly/2FepUfr.

[193] HRW, “Everyone Must Confess”, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 11; HRW, Flawed Justice, 4

Примената на мачење и други форми на несоодветно постапување,[194] вклучително и врз деца,[195] главно за да се изнуди признание за припадност во ИСИС, се опишува како „масовна", особено при притвор во официјалните и неофицијалните установи.[196] Има извештаи за смртни случаи во притвор како резултат на мачење и немање медицинска грижа.[197]

Големиот број на судски органи и безбедносни организации и недостатокот на координација меѓу нив се смета дека во некои случаи води кон повторно апсење на лицата кои претходно биле ослободени од обвинението или кои веќе ја издржале казната.[198] Во еден пријавен инцидент, 12

---

декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 43-44. Види исто така, Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности").

[194] „Некои од највообичаените форми вклучуваат тепање по главата и телото со метални шипки и кабли, држење во стресни позиции за раце или нозе и употреба на електрошокови"; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр. 18. Се зборува и за примена на сексуално насилство врз мажите во притвор, иако не се знае во колкав обем и веројатно е дека не се пријавува доволно; The New Arab, The Iraq Report: Government Crimes Fan Flames of Conflict, 24 мај 2017, http://bit.ly/2UWqmro; HRW, Iraq: Chilling Accounts of Torture, Deaths, 19 август 2018, www.ecoi.net/en/document/1441253.html; HRW, Iraq: Fallujah Abuses Test Control of Militias, 8 јуни 2016, www.refworld.org/docid/57590fcd4.html; HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html; Geneva International Centre for Justice, Militias in Iraq -The Hidden Face of Terrorism, септември 2016, http://bit.ly/2KFcn5n. стр. 20.

[195] „(…) Со децата кои на било каков начин се поврзани со ИСИС се постапува како со криминалци. Безбедносните службеници честопати ги мачат за да извлечат признанија – без разлика на нивната реална инволвираност (…)"; HRW, "Everyone Must Confess", 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI.

[196] HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html. Според Алкарама, „мачењето систематски се применува во земјата во текот на испрашувањето. Нашироко се користи од безбедносните служби после апсењето и за време на испрашувањето и како форма на одмазда"; Alkarama, Universal Periodic Review Iraq -Submission to the Stakeholders' Summary, 28 март 2018, https://bit.ly/2IHhpMH, пара. 35. Види исто така, HRW, Iraq: Torture Persists in Mosul Jail, 18 април 2019, https://bit.ly/2VfQ22p; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 55-61; HRW, Iraq: Chilling Accounts of Torture, Deaths, 19 август 2018, www.ecoi.net/en/document/1441253.html; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 6-7.

[197] HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр.3; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: January to June 2017, 14 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a746d804.html. стр. 6.

[198] „Сунитските арапски момчиња кои служат затворски казни во курдскиот регион заради поврзаност со Исламската држава (исто така позната и како ИСИС), се под ризик и откако ќе бидат ослободени ако се обидат да се вратат кај своите семејства во областите под контрола на Багдад (…). Ваквата ситуација во моментов погодува само дваесетина момчиња кои се ослободени откако беа во затвор под обвиненија за тероризам. Но уште десетици и стотици возрасни лица исто така ќе бидат ослободени од затворите во КРВ"; HRW, Iraq/Kurdistan Region: Risk of Double Trials for ISIS Ties, 23 декември 2018, www.ecoi.net/en/document/1455538.html. „Отсуството на координација меѓу ирачките власти и властите на КРВ околу водењето на листите на лица за кои се трага може да доведе до дополнителна неправда, што резултира со дуплирање на казните на осомничените од ИД коишто патуваат од едната во другата јурисдикција"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 22. Види исто така, Al Arabiya, Kurdistan Regional Government Hands Over 1,400 ISIS Detainees to Iraqi Govt, 24 декември 2018, http://ara.tv/9hqpn; US Department of Labor, 2017 Findings on the Worst Forms of Child Labor – Iraq, 20 септември 2018, www.refworld.org/docid/5bd05ace2.html. стр. 6; Global Protection Cluster, Detention Programming in Iraq, 31 мај 2018, https://bit.ly/2AQk7Jg. стр. 2. Децата што се ослободуваат од притвор

деца, коишто биле префрлени од притворот на КРВ во надлежност на централните власти во средината на 2017 година наводно „исчезнале“.[199]

Кривичното правосудство и понатаму се соочува со длабоки аномалии и редовни повреди на правото на осудените лица на правично судење, особено за оние што се обвинети согласно Законот за борба против тероризам.[200] Властите според извештаите се потпираат на забрзани судски постапки во судовите за борба против тероризам каде им се суди на осомничените припадници на ИСИС согласно Законот за борба против тероризам при што судењата траат пократко од 30 минути.[201] За време на судската расправа осомничените имаат адвокат што самите го ангажирале или е назначен од државата; меѓутоа адвокатите редовно имаа ограничен или никаков пристап до обвинетите пред судењето.[202] Во март 2019, Хјуман Рајтс Воч пријави дека забележале подобрувања кај судот за борба против тероризам во Нинева, особено во однос на барањата за докази за притвор или судско гонење на осомничените и намалено користење  на признанијата како доказ.[203]

---

според извештаите и понатаму се под ризик од одмазда, бидејќи се „означени како ИСИС“; HRW, “Everyone Must Confess”, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI.

[199] HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 38.

[200] 200 „Специјалниот известувач исто така дозна за голем број на наводи за повреда на правото на правично судење и процедурални гаранции во случаите на смртни казни. Тие особено вклучуваат, изрекување казни засновани главно или исклучиво на признанија стекнати со мачење или притисок, отсуство на судска истрага за наводите на мачење во текот на фазата на истрага и судења по скратена постапка коишто резултираат со масовни егзекуции. (…) Постојните процедурални гаранции за правични судења или не се применуваат во пракса или се имаат покажано како недоволни за заштита од злоупотреба на процедуралните права што резултира со систематски повреди на правото на живот“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, параграфи 67-68. Види исто така, Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 3; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html.

[201] HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; The New Yorker, Iraq’s Post-ISIS Campaign of Revenge, 17 декември 2018, https://bit.ly/2UMzTyd; AP, A Neighbor's Word Can Bring Death Sentence in Iraq IS Trials, 9 јули 2018, https://bit.ly/2KKFvrq; AP, Iraq’s ISIS Trials Bring Swift Verdicts, Almost All Guilty, 29 април 2018, https://bit.ly/2G07D7U; New York Times, A 10-Minute Trial, a Death Sentence: Iraqi Justice for ISIS Suspects, 17 април 2018, https://nyti.ms/2qCxc4F; HRW, ISIS Trials Are Robbing Victims of Their Rights, 26 јануари 2018, https://bit.ly/2DkrQmX.

[202] „[Адвокатите] рекоа дека пристапот до осомничените за тероризам бил речиси невозможен во текот на судските рочишта, иако тоа зависело од безбедносните служби и локацијата“; HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html. Види исто така, AP, A Neighbor's Word Can Bring Death Sentence in Iraq IS Trials, 9 јули 2018, https://bit.ly/2KKFvrq; HRW, Flawed Justice, 5 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 41. За ризиците со коишто се соочени адвокатите коишто ги застапуваат осомничените од ИСИС, види исто така Дел III.A.1.в („Лица коишто им даваат правни услуги на осомничените од ИСИС и Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”).

[203] “(…) Судиите во гуверноратот Нинева во северен Ирак имаат повисок доказен стандард за притвор и гонење на осомничените, со што се минимизира потпирањето на судот исклучиво на признанија, погрешни листи на лица по коишто се трага и непоткрепени наводи.“ Но, ХРВ процени дека „потребно е да се вложат повеќе напори за да се овозможи со обвинетите да не се постапува на несоодветен начин и тие да добијат правично судење“; HRW, Iraq: Key Courts Improve ISIS Trial Procedures, 13 март 2019, http://bit.ly/2ObvkuB.

Судиите според извештаите честопати ги осудуваат обвинетите главно или исклучиво врз основа на признание добиено со мачење или присила,[204] и/или од информации добиени преку „тајни доушници“[205] и ги осудуваат на долги затворски казни (15 година или доживотна казна затвор) или на смртна казна, [206] што е задолжително за широк спектар на дејствија дефинирани како „терористички акт“.[207] Набљудувачите известуваат дека судиите ретко бараат лекарски вештачења за да ги проверат наводите за мачење, а дури и кога ќе го побараат тоа и ќе се утврдат докази за мачење, тие систематски не бараат повторување на судењето.[208] Согласно Законот за борба против тероризам, осомничените од ИСИС се гонат врз основа на општи обвиненија за поврзаност со ИСИС без разлика на нивото на нивната лична одговорност и сериозноста на обвиненијата.[209]

---

[204] „УНАМИ и други имаат документирани повреди на стандардите за правично судење во процедурите што водат до смртни казни, вклучително и смртни казни изречени во случаи кога имало малку докази освен признание коешто според обвинетиот било изнудено со мачење“; OHCHR, End of Visit Statement of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions on Her Visit to Iraq, 24 ноември 2017, https://bit.ly/2NfKxbN. Види исто така, HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 67; Amnesty International, The Condemned, 17 април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр. 18.

[205] „Доушниците никогаш не се појавуваат на суд; нивните искази им се пренесуваат на судиите преку сувопарни писмени извештаи од разузнавачки служби без никакво навестување за нивната можна мотивација“; AP, A Neighbor's Word Can Bring Death Sentence in Iraq IS Trials, 9 јули 2018, https://bit.ly/2KKFvrq. „Сериозното потпирање на ирачките власти на сведочењата на тајните поткажувачи за да се обвинат и гонат наводните припадници на ИД овозможува невини луѓе погрешно се обвинети, и неправедно се казнети за дела што не ги извршиле“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр.23. Види исто така, Checkpoint, Iraq’s Prisoner Dilemma, 1 октомври 2018, https://bit.ly/2PkSk9r. Види Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС“).

[206] HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 67; Amnesty International, The Death Penalty in 2017: Facts and Figures, 12 април 2018, www.refworld.org/docid/5b32326a4.html. стр. 8. Види исто така Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС“)

[207] „Листата на кривични дела за кои не само што може да се изрече смртна казна туку истата е задолжителна, е долга и вклучува и чинови чија сериозност потпаѓа под прагот на „најсериозни кривични дела“ за кои е неопходно да се изрече таква казна согласно меѓународните норми. Дефиницијата за тероризам не е во согласност со Меѓународната конвенција за спречување финансирање тероризам ратификувана од Ирак во 2012 година“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 47.

[208] „Судовите и понатаму прифаќаат докази добиени со мачење и осудуваат поединци согласно Законот за борба против тероризам, кои најчесто завршуваат со смртна казна“; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 3. „Ирачките судии рутински пропуштаат да ги истражат веродостојните наводи против безбедносните сили за мачење на осомничените за тероризам (…). Судиите исто така често ги игнорираат наводите за мачење и ги осудуваат обвинетите врз основа на признанија за кои обвинетите на кредибилен начин наведуваат дека биле присилени да ги дадат“; HRW, Iraq: Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439885.html. Види исто така, HRW, Iraq: Key Courts Improve ISIS Trial Procedures, 13 март 2019, http://bit.ly/2ObvkuB; Vice News, Iraq's Rushed Judgement of ISIS Members Is Tearing the Country Apart, 19 септември 2018, https://bit.ly/2qOOL1i; AP, A Neighbor's Word Can Bring Death Sentence in Iraq IS Trials, 9 јули 2018, https://bit.ly/2KKFvrq.

[209] „Ирак и КРВ делат правда за злосторствата на ИСИС преку организирање илјадници судења на осомничени од ИСИС, вклучително и деца, честопати исклучиво врз основа на обвинение за припадност на ИСИС, без да се земе предвид опсегот на реалната инволвираност на обвинетите и дали тие извршиле

И покрај постојаните апели од ООН и организациите за човекови права за мораториум на сите смртни казни и егзекуции заради проблеми во однос на правичноста на судењата, смртната казна и понатаму се користи во голема мерка, при што повеќето смртни казни според извештаите се изрекуваат согласно Законот за борба против тероризам.[210] УНАМИ опишува состојба на „масовна егзекуција од големи размери на лица осудени за кривични дела поврзани со тероризам."[211] Има извештаи за лица кои биле малолетни во времето кога наводно ги извршиле кривичните дела, и биле осудени на смртна казна.[212] Иако не е познат[213] точниот број на оние што биле погубени,

---

некакви насилни кривични дела. Законите за борба против тероризам што ги применуваат и ирачките власти и властите на КРВ дозволија истражните судови да покренат обвиненија против поединци коишто немаат извршено насилни чинови, туку давале поддршка, на пример, како готвачи или работеле во болниците"; HRW, "Everyone Must Confess", 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI. "(…) Законот за спречување тероризам согласно кој тој бил осуден не прави разлика меѓу лице со низок ризик којшто бил присилен да се приклучи на ИД и се кае за своите дела, и лице со висок ризик – дури и припадник на високото раководство на ИД – кој не се кае. (…) Возачи, сопруги на борци и главните умови зад ужасните напади, сите биле на ист начин осудени согласно Законот за спречување тероризам на Ирак од 2005 година"; Checkpoint, Iraq's Prisoner Dilemma, 1 октомври 2018, https://bit.ly/2PkSk9r. "(…) Многу осомничени се осудени исклучиво врз основа на припадност во ИД, докажана со давањето заклетва, без никаков доказ за конкретните дела"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр.19. Види исто така, Washington Post, Analysis | How the Iraqi Crackdown on the Islamic State may Actually Increase Support for the Islamic State, 7 јануари 2019, https://wapo.st/2M7roKh; AP, Iraq's IS Trials Bring Swift Verdicts, Almost All Guilty, 29 април 2018, https://bit.ly/2OyZv29; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html. стр. 17; New York Times, A 10-Minute Trial, a Death Sentence: Iraqi Justice for ISIS Suspects, 17 април 2018, https://nyti.ms/2qCxc4F. Види исто така Дел III.A.1 („Лица погрешно осомничени дека ја поддржуваат ИСИС").

[210] „(…) Специјалниот известувач е вознемирен од масовните егзекуции кои се спомнуваат во извештаите од 2016 и се плаши дека ова станало модус операнди особено при процесирањето на случаи поврзани со ИСИЛ и тероризам"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 66. Според статистичките податоци достапни на АП, ирачката влада има осудено на смрт најмалку 3.130 лица по обвиненија поврзани со тероризам од 2013 година наваму, и најмалку 250 веќе се погубени; AP, Iraq Holding more than 19,000 Because of IS, Militant Ties, 22 март 2018, https://bit.ly/2ypn4QQ. Според Амнести Интернешнл во Ирак за четирипати е зголемен бројот на новоизречени смртни казни во споредба со познатите бројки, од минимум 65 во 2017 на минимум 271 во 2018 година; најмалку 52 лица биле погубени во 2018 (во споредба со најмалку 125 во 2017). Понатаму се наведува дека „Канцеларијата за медиуми на тогашниот претседател Фуад Масум најавил во неколку прилики дека тој ратификувал „купчиња" смртни казни коишто биле потврдени од судовите"; Amnesty International, Death Sentences and Executions 2018, 10 април 2019, www.ecoi.net/en/file/local/2006174/ACT5098702019ENGLISH.PDF. стр. 11, 37, 46-47.

[211] UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. vi.

[212] OHCHR, End of Visit Statement of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions on Her Visit to Iraq, 24 ноември 2017, https://bit.ly/2NfKxbN. Ирачкиот Кривичен законик забранува изрекување на смртна казна за кривични дела извршени од обвинетиот кога бил малолетник или на возраст меѓу 18 и 20 година; Republic of Iraq, Penal Code, Law No. 111 of 1969, јули 1969, www.refworld.org/docid/452524304.html, член 79. Меѓутоа, поранешниот премиер Абади посочи дека осудени лица помлади од 16 години може да бидат осудени на смрт; AP, Iraq's Abadi: Half of IS Families Detained near Mosul Are Turkish, 16 септември 2017, https://bit.ly/2BSUklt.

[213] Владата според извештаите не успеала да обезбеди релевантни информации во врска со бројот на лица коишто се уапсени, обвинети, осудени, добиле смртна казна или се погубени за дела поврзани со тероризам; UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 31 октомври 2018, https://undocs.org/S/2018/975, пара. 48; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018,

голем број лица биле погубени во последниве години, вклучително и со масовни бесења.[214] Има извештаи дека меѓу оние што се погубени имало лица со ментална попреченост.[215] Ирачкото право предвидува автоматски жалбен процес во случај на смртна казна,[216] меѓутоа смртните казни ретко се отфрлаат во жалбената постапка, според еден извештај од 2014.[217] Оние на кои им е изречена смртна казна согласно Законот за борба против тероризам, немаат право да бараат помилување или амнестија како што се бара во меѓународното право.[218]

Лицата што се осудени согласно Законот за борба против тероризам за терористички дела извршени после 10 јуни 2014,[219] според извештаите, не потпаѓаат под Законот за општа амнестија (Закон бр. 27/2016), согласно измените и дополнувањата на Законот за амнестија (Закон бр. 80/2017).[220]

---

www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. vi, 5. Види исто така, Kurdistan 24, Iraq Hands Down Death Sentences to Six 'Brothers' for ISIS Membership, 12 февруари 2019, http://bit.ly/2FdZSca.

[214] Како одговор на масовното бесење на 42 осуденици во септември 2017, тогашниот висок комесар на ООН за човекови права, Зеид Раад Ал Хусеин, рече дека е „апсолутно сомнително“ дека биле обезбедени процедурални гаранции и правично судење во секој од случаите. Тој понатаму додава дека „во такви околности постои јасен ризик за сериозни повреди на судската постапка“; OHCHR, UN Human Rights Chief “Appalled” at Iraq Mass Execution, 27 септември 2017, www.refworld.org/docid/5b83c4424.html. Види исто така, CNN, Iraqi PM Orders 'Immediate' Execution of All Terrorists on Death Row, 30 јуни 2018, https://cnn.it/2lEOSKi; Amnesty International, Retaliatory Executions Do not Amount to Justice for Victims of 'Islamic State', 29 јуни 2018, https://bit.ly/2KRB0It; Amnesty International, Iraq: 38 Hanged in Mass Execution for Terrorism' Charges, 14 декември 2017, https://bit.ly/2Ex97QZ.

[215] UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 18, 20.

[216] AP, Iraq's IS Trials Bring Swift Verdicts, Almost All Guilty, 29 април 2018, https://bit.ly/2OyZv29; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 52.

[217] UNAMI, Report on the Death Penalty in Iraq, октомври 2014, https://www.refworld.org/docid/5445189a4.html. стр. 2. Нема понови извештаи за укинување на пресуди по жалби. Види исто така, BBC, Inside the Iraqi Courts Sentencing IS Suspects to Death, 2 септември 2017, https://bbc.in/2APi7RI.

[218] Устав на Република Ирак, 15 октомври 2005, www.refworld.org/docid/454f50804.html, член 73(1). Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ИЦЦПР), член 6(4), налага дека секој што е осуден на смрт има право да бара помилување или амнестија или замена на казната.

[219] 10 јуни 2014 е датумот на кој ИСИС презеде контрола врз Мосул.

[220] Iraq: Amnesty Amendment Law (Law No. 80/2017) [Iraq], 13 ноември 2017, www.refworld.org/docid/5c764e217.html. „Законот бр. 80 од 2017 за измени и дополнување на амнестијата ('Законот од 2017'), којшто стапи на сила на 21 август 2017, ја модифицираше правната рамка за амнестија за Ирачаните осудени на смрт или казна затвор за различни дела. Според Законот од 2017 право на амнестија имаат оние што се осудени за различни дела вклучително и грабнување и тероризам согласно Законот за борба против тероризмот бр. 13 од 2005, ако кривичното дело е извршено после 10 јуни 2014. Ова се чини дека ја исклучува можноста дека амнестијата може да се користи како алатка за помирување и реинтеграција на лицата осудени за тоа што биле членови на ИСИЛ и лишување на осудените лица од правото да бараат помилување или замена на казната согласно ИЦЦПР“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, https://www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 6. „Овие измени и дополнувања ратификувани во ноември 2017, сега спречуваат помилување на секој што е осуден за тероризам, без разлика на олеснителните околности. Измените и дополнувањата исто така лишуваат неколку други сериозни кривични дела од можноста за амнестија, вклучително киднапирање, трговија со дрога и фалсификување пари“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 21. За ограничената примена на Општиот закон за амнестија од 2016 пред измените и дополнувањата од 2017, види ги исто така претходните извештаи на УНАМИ за човекови права, достапни на: www.refworld.org/publisher/UNAMI.html.

ИБС и силите блиски на нив исто така имаат извршено голем број на повреди на човековите права кои достигнале ниво на „колективно казнување“ на цивили, особено жени и деца, поврзани со лица кои се припадници на ИСИС или за кои се мисли дека се припадници на ИСИС заради нивните семејни или племенски врски. Таквите повреди вклучуваат присилни протерувања; уништување, палење, пљачкосување и конфискација на домовите; физички напади; силување и други облици на сексуално насилство; и блокирање на враќањето.[221] Исто така се наведува дека локалните власти (советите на гувернoратите и окрузите, кметовите [мухтари] се вмешани во акти на забрана на враќањето на цели семејства во дадената област од каде потекнуваат или во други случаи наредуваат нивно протерување.[222] За релевантните ризични профили, види Делови III.A.1, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

### *б) Повреди на човековите права од страна на курдските власти*

Во контекст на воените операции против ИСИС меѓу 2014 и 2017, курдските безбедносни сили според извештаите биле вмешани во своеволни апсења и притворање без право да комуницираат со никого, присилно исчезнување, мачење и други облици на несоодветно постапување и вонсудски убиства главно на сунитски Арапи, мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат, кога за нив се смета дека се поврзани со ИСИС, вклучително и врз основа на широки и дискриминирачки критериуми.[223] Има извештаи и за повреди меѓу кои и присилно раселување и намерно уништување на домови и друг цивилен имот, а во некои случаи и на цели села за кои постоел сомнеж за поврзаност со ИСИС.[224] До повторното воспоставување на територијална

---

[221] Види Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”)

[222] Види Делови III.A.1.б (“Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”) и II.Г („Присилно раселување и враќање“).

[223] „Во актуелниот конфликт со ИСИЛ, момчиња и мажи кои имаат избегано од областите под контрола на ИСИЛ се изложени на своеволно апсење од страна на курдските безбедносни, а во некои случаи се жртви и на присилно исчезнување“; OHCHR, End of Visit Statement of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions on Her Visit to Iraq, 24 ноември 2017, https://bit.ly/2NfKxbN. „Ирачките и **курдските владини сили** и паравоените единици имаат извшено погубување на мажи и момчиња осомничени за поврзаност со ИД без претходна судска постапка. (…) Ирачките сили, **курдските сили** и паравоените единици, вклучително и ПМУ имаат уапсено илјадници лица, наводно осомничени за ‘тероризам’, од нивните домови, на контролни пунктови и во камповите за внатрешно раселени лица (ВРЛ) без судски налог; Amnesty International, Amnesty International Report 2017/18 – Iraq, 22 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a9919c74.html. Види исто така, UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 36; HRW, Kurdistan Regional Government: Allegations of Mass Executions, 8 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a8eb1cba.html; HRW, Kurdistan Region of Iraq: 350 Prisoners ‘Disappeared’, 21 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a3bae7d4.html. Види исто така Дел III.A.1 („Лица погрешно осомничени дека ја поддржуваат ИСИС”).

[224] „Исто така има извештаи за одмаздннички напади од страна на безбедносните сили и вооружени групи поврзани со Пешмерга и језидите против цивили - сунитски Арапи и нивниот имот после повторното преземање на контролата врз територијата“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 36. „(…) има наводи за намерно уништување на арапски имоти и повреда на некои други права од страна на безбедносните сили на КРВ, особено во селата осомничени за поврзаност со ИСИЛ“; GPPi, Iraq After ISIL – Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 37. „Хјуман Рајтс Воч исто така има документирани докази за незаконско уништување на арапски домови и понекогаш цели арапски села од страна на силите на КРВ проследени со депортирање на жителите, во најмалку 21 село во области во гувернoратите Киркук и Ниневе“; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017,

контрола од страна на централната власт во спорните области, курдските сили, според извештаите, исто така спречиле раселени сунитски Арапи и Туркмени да се вратат во некои од овие области.[225]

Според извештаите илјадници осомничени борци и соработници на ИСИС, вклучително жени и деца,[226] биле уапсени од страна на курдските безбедносни сили, главно согласно регионалниот Законот за борба против тероризам бр. 3 од 2006 година.[227] Многу од лицата што се притворени се држат без навремено разгледување од страна на надлежен судија на нивниот статус во однос на апсењето и притворот и не им се овозможува пристап до нивните семејства или адвокати.[228]

---

www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 19. Види исто така Делови II.Г.1 („Внатрешно раселување") и III.А.1.б ("Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[225] На пример, „Четири села североисточно од градот Рабиа – Махмудија, Кахира, Саудија и Сфаја – биле значително уништени, наводно од страна на курдските сили и на нивното население ретко им се дозволува да се вратат, дури и во други области на Рабиа." Исто така: „Курдските сили коишто ги контролираат областите од спорните територии се впуштаат во нешто што се чини дека е намерна политика на де-арабизација, бркајќи ги ВРЛ што се сунитски Арапи од областа, спречувајќи го враќањето на сунитските Арапи и елиминирајќи цели заедници на сунитски Арапи долж нивната линија на контрола. Ова е најприсутно во студиите на случаи за Киркук и Зумар [Нинева], но слични наводи има и во северен Туз [гувернoратот Салах Ал-Дин] и во Рабиа Туз [гувернoратот Нинева]"; GPPi, Iraq After ISIL – Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 37, 59. „Во Џалавла [гувернoратот Дијала] повеќето семејства биле спречени од курдските сили, без разлика дали биле Пешмерга, Асајиш или КРВ. (…) Во Џалавла највообичаените средства за спречување на семејствата да се вратат е преку одолговлекување на постапките за издавање документи, по што следи нивно сопирање на контролните пунктови"; IOM, Obstacles to Return in Retaken Aras of Iraq, март 2017, https://bit.ly/2PP80H1. стр. 22, 23. Види исто така, GPPi, Iraq after ISIL: Tuz, 16 август 2017, https://bit.ly/2ECqX92.

[226] „Курдската регионална влада (КРВ) има уапсено илјадници момчиња за наводна поврзаност со ИСИС на контролните пунктови додека бегале од територијата на ИСИС, од камповите за раселени лица или кога влегувале во курдскиот регион во потрага по работа"; HRW, "Everyone Must Confess", 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI. „Во септември 2017, имало вкупно 2.652 лица приведени и притворени од властите во курдскиот регион од 2015 година согласно законите за борба против тероризам под сомнение за поддршка на ИСИЛ. Од нив, 1.110 биле прогласени за виновни под обвиненија за тероризам, а 870 биле ослободени"; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. 11. „(…) Најмалку 4.000 лица биле притворени по обвиненија поврзани со ИД од страна на органите на Курдската регионална влада (КРВ)"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 17. „Во 2017 година најмалку 1.036 деца (1.024 момчиња, 12 девојчиња), вклучително и **345 во регионот на Курдистан** останале во малолетничките затвори под обвиненија поврзани со националната безбедност, главно заради нивна наводна поврзаност со ИСИЛ" (додаден акцент); UNSC, Report of the Secretary-General on Children and Armed Conflict, 16 мај 2018, A/72/865–S/2018/465, https://undocs.org/A/72/865, пара. 76. Види исто така, US Department of Labor, 2017 Findings on the Worst Forms of Child Labor – Iraq, 20 септември 2018, www.refworld.org/docid/5bd05ace2.html, p. 6; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html, стр. 38, 48. Види Дел III.А.1.а („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС").

[227] КР-И усвои свој сопствен Закон за борба против тероризмот (Закон бр. 3 од 2006). Важноста на законот истече во јули 2016, но беше обновен на 1 јули 2018. Имаше критики во врска со примената на законот во меѓувреме; Al-Monitor, Renewal of Anti-Terror Law Threatens Human Rights in Iraqi Kurdistan, 19 јули 2018, http://almon.co/3317; NRT, Kurdistan Parliament Votes for Extension of Counter-Terrorism Law, 1 јули 2018, https://bit.ly/2EKJ0uk; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 62. Законот е достапен на курдски јазик на: https://bit.ly/2V2P7iA.

[228] „УНАМИ/ОХЦХР и понатаму се загрижени заради извештаите за повреда на примената Законот за кривична постапка во регионот на Курдистан во постапките поврзани со обвиненијата за тероризам

Набљудувачите исто така изразуваат загриженост за наводната примена на мачење и несоодветно постапување за време на истрагите,[229] вклучително и на деца.[230]

Притворениците според извештаите се држат во несоодветни услови заради пренатрупаност, лоши хигиенски услови и отсуство на здравствени услуги.[231] Според извештаите деца редовно се држат заедно со возрасни или се држат во пренатрупани установи за малолетници со ограничени можности за рехабилитација и реинтеграција.[232]

---

согласно Законот за борба против тероризмот бр. 3 од 2006 на регионот на Курдистан, вклучително долгото пролонгирање на изнесувањето на притворените лица пред судија, ограничувањата или попречувањето на пристапот до правен застапник или долгите периоди во притвор без судење"; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 10. Види исто така, HRW, "Everyone Must Confess", 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI; HRW, Kurdistan Region of Iraq: Detained Children Tortured, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2AIK52o; Al-Monitor, Renewal of Anti-Terror Law Threatens Human Rights in Iraqi Kurdistan, 19 јули 2018, http://almon.co/3317; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 38, 42-43.

[229] „Оние што биле притворени од централните ирачки и **курдски сили** биле рутински изложувани на мачење и други облици на несоодветното постапување во текот на испитувањето, честопати со цел да се изнудат 'признанија'" (додаден акцент); Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 3. Види исто така, Al-Monitor, Renewal of Anti-Terror Law Threatens Human Rights in Iraqi Kurdistan, 19 јули 2018, http://almon.co/3317; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 10; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 51.

[230] „Курдската регионална влада во северен Ирак мачи деца за да признаат инволвираност со Исламската држава (…). Речиси две години откако Курдската регионална влада вети дека ќе спроведе истрага за мачењето на притворени деца, сè уште се случува премногу често (…)"; HRW, Kurdistan Region of Iraq: Detained Children Tortured, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2AIK52o. „Десетици малолетници и понатаму се приведуваат од курдските власти во рамки на режимот за борба против тероризам, при што заради отсуството на процедурални гаранции ги изложува на ризик од повреда на човековите права, вклучително и смрт во затворите. Овој ризик е уште поголем заради сериозно ограничениот пристап на локалните и меѓународните организации до затворите, поради што следењето на состојбите е речиси невозможно"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 36. „Од деветнаесет деца осомничени дека се дел од ИСИС, а кои ги држи КРВ и кои беа интервјуирани од Хјуман Рајтс Воч, седумнаесет рекоа дека Асајуш силите ги мачеле за да изнудат признание"; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 51. Види исто така, Rudaw, KRG Denies Asayish Detention, Torture of ISIS Child Suspects, 6 март 2019, http://bit.ly/2TReLcp; Rudaw, KRG: Ill Treatment 'Rare' in Response to Claims of Child Torture, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2T0phu4.

[231] „Ирачките и КРВ властите и понатаму управуваат со пренатрупани затвори, некои од нив и тајни. Ослободените затвореници и сведоци кажуваат за нечовечни услови"; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 3. Види исто така, HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 48-49.

[232] „Органите на ирачката влада и на КРВ имаат специјализиран малолетнички правосуден систем за деца. Меѓутоа, не сите деца што се осомничени за поврзаност со ИСИС во текот на истрагите и судењата се наоѓаат во установите што се дел од таквиот систем"; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 44. Види исто така стр. 48 од истиот извештај. Види исто така, UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 11; HRW, Iraq/Kurdistan Region: Men, Boys Who Fled ISIS Detained, 26 февруари 2017, www.refworld.org/docid/58b3fce14.html. Види исто така, Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности").

На осомничените припадници на ИСИС им се суди во забрзани постапки во судовите за борба против тероризам,[233] на кои според извештаите им недостасува судска независност.[234] Правосудниот систем, според извештаите, и понатаму во голема мерка се потпира на признанија и според УНАМИ/ОХЦХР нема воспоставен ефективен систем за истрага на тврдењата за мачење.[235] Набљудувачите изразуваат загриженост во врска со судските постапки во судовите на КРВ против осомничени припадници на ИСИС за кривични дела извршени надвор од нивната територијална јурисдикција.[236]

И покрај де факто мораториумот на извршувањето смртна казна, КРВ според извештаите во две прилики го прекршила истиот во 2015 и 2016 година.[237]

На 17 декември 2017 година, Курдскиот Парламент го ратификуваше Законот за амнестија (Законот бр. 4 од 2017), кој, меѓу другото, предвидува замена на смртните казни со 15 години казна затвор кога ќе се постигне помирување со семејствата на жртвите. Законот не важи за одредени категории на кривични дела, вклучително и „кривични дела во врска со националната безбедност, рецидивисти, некои финансиски кривични дела и силување и мачење на деца, меѓу

---

233 „Повеќето пријавуваат дека нивните судски рочишта не траеле подолго од пет до 10 минути, и вообичаено биле водени на курдски јазик, јазик што не го разбирале“; HRW, “Everyone Must Confess”, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI. Види исто така, HRW, Kurdistan Region of Iraq: Detained Children Tortured, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2AIK52o.

234 „Другите проблеми коишто ја попречуваат независноста вклучуваат (...) партизација на судовите за тероризам – во кои судиите носат одлуки засновани на насоките на безбедносните служби на КДП и ПСК и клиентите (...)“; The Tahrir Institute for Middle East Policy, Judiciary in Kurdistan Region in Peril, 11 јануари 2019, https://bit.ly/2Fqa7ey. Види исто така Дел II.Д.3 („Способноста и волјата на државата да ги заштити цивилите од злоупотреба на човековите права”).

235 UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 10-11. Види исто така, HRW, “Everyone Must Confess”, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI; HRW, Kurdistan Region of Iraq: Detained Children Tortured, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2AIK52o; The New Yorker, Iraq’s Post-ISIS Campaign of Revenge, 17 декември 2018, https://bit.ly/2UMzTyd.

236 „Судовите на КРВ во многу случаи гонат лица осомничени за дела извршени во Мосул и други области на сојузен Ирак кои се надвор од нивната територијална јурисдикција. Некои од овие кривични дела исто така се имаат случено на спорните територии каде и сојузната ирачка влада и КРВ тврдат дека имаат јурисдикција – имено округот Синџар (местото на масакрот на ИД врз језидите) и округот Тел Афар, една од последните области што ги изгуби ИД пред своето повлекување во Сирија. Како прашање на територијалната јурисдикција, органите на КРВ треба да ги префрлаат обвинетите лица што се осомничени за терористички дела извршени на почвата на сојузен Ирак на сојузните ирачки власти, но тие даваат отпор на таквото нешто“; The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 18.

237 UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 11. ХРВ го цитира портпаролот на КРВ кој рекол дека смртната казна била забранета „освен во мал број случаи кога се сметала од суштинска важност“; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Службените лица сугерираа дека мораториумот не е под закана, но посочија на одредени притисоци за продолжување со спроведувањето на смртната казна како одговор на злосторствата на ИСИЛ“; OHCHR, End of Visit Statement of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions on Her Visit to Iraq, 24 ноември 2017, https://bit.ly/2NfKxbN. Законот за борба против тероризмот на КР-И (види фуснота 227) бара задолжителна смртна казна за низа кривични дела, иако не сите го исполнуваат прагот на „најсериозни кривични дела“ што го бараат меѓународните норми за изрекување на таква казна; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 62.

другите.“[238] Според извештаите КРВ нема закон за амнестија за осомничените кои се придружиле на ИСИС и за кои е утврдено дека не извршиле некои други кривични дела.[239] За релевантните ризични профили види ги Деловите III.A.1, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11 и 12.

## 2) Недржавни актери

### *а) Злоупотреби на човекови права од страна на ИСИС*

Во периодот од 2014 до 2017 година кога ИСИС ја контролирале територијата, според извештаите, имаат извршено акти кои се сметаат за воени злосторства, злосторства против човештвото и, во случајот на заедницата на језиди, геноцид.[240] Извештаите на ООН и на организациите за човекови права упатуваат на учество на ИСИС во грозоморни, систематски и широко распространети напади врз цивили, вклучително и убиства, земање заложници, бомбаши-самоубијци, мачење, силување, сексуално ропство и други облици на сексуално насилство, продажба за бракови или на друг начин присилени бракови, трговија со луѓе, присилно менување на вера, врбување и користење на деца како и напади на клучна инфраструктура и уништување на културно наследство.[241] До денешен ден се откриени повеќе од 200 масовни гробници со телата на илјадници мажи, жени и деца во областите коишто порано биле под контрола на ИСИС, вклучително и во гуверноратите Нинева, Киркук, Салах ал-Дин, Ал-Анбар, Бабел и Багдад.[242]

---

[238] UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 9.

[239] UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр.22; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 36, 40.

[240] „Меѓу јуни 2014 и декември 2017, ИСИЛ зазел, контролирал и оперирал без да биде казнет со големи парчиња територија во Ирак, вршејќи сериозни злоупотреби на меѓународното право за човекови права, меѓународното кривично право и меѓународното хуманитарно право – чинови коишто можат да се сметаат за воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид“; UNSC, Писмо со датум од15 ноември 2018 од специјалниот советник и шеф на Истражниот тим на Обединетите нации за промовирање на одговорност за делата извршени од Даеш/Исламската Држава во Ирак и Левант упатено до претседателот на Советот за безбедност, 16 ноември 2018, S/2018/1031, http://bit.ly/2GiUsOA, пара. 8. „ИСИЛ има извршено низа непоимливи повреди на меѓународното хуманитарно право и човековите права против ирачките цивили, како и припадници на ИБС и силите блиски на нив во борбите и надвор од нив“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 22. Види исто така, HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; UN, Secretary-General Appoints Karim Asad Ahmad Khan of United Kingdom to Head Team Investigating Islamic State Actions in Iraq, 31 мај 2018, https://bit.ly/2LScG9h; UNSC, Security Council Resolution 2379 (2017) [on Establishment of an Investigative Team to Support Domestic Efforts to Hold the Islamic State in Iraq and the Levant Accountable for Its Actions in Iraq], 21 септември 2017, S/RES/2379 (2017), www.refworld.org/docid/5a2fda0cb.html; UN Human Rights Council, “They Came to Destroy”: ISIS Crimes Against the Yazidis, 15 јуни 2016, A/HRC/32/CRP.2, www.refworld.org/docid/57679c324.html.

[241] Ибид.

[242] Проценките се движат од 6.000 до повеќе од 12.000 жртви погребани на овие локации; UNAMI/OHCHR, “Unearthing Atrocities: Mass Graves in Territory Formerly Controlled by ISIL”, 6 ноември 2018, http://bit.ly/2IcPLI8. стр.1. Во времето на пишување на овој документ, нови масовни гробници и понатаму се откриваа, види на пр. Middle East Monitor, Iraq Uncovers Mass Grave of Daesh Victims in Mosul, 14 март 2019, http://bit.ly/2FgaDdX; NINA, Mass Grave for Yazidis Found Northwest of Mosul, 25 февруари 2019, https://bit.ly/2J4Ubku; NINA, The Bodies of /26/ Civilians from Shabak Were Found East of Mosul, 21 февруари 2019, https://bit.ly/2VvhYM1; NINA, Mass Grave, Mostly of Victims of Security Forces Killed by Daesh, Found West of Mosul, 19 февруари 2019, https://bit.ly/2Hc2TuP; NINA, Mass Grave Found West of Mosul, 7 февруари 2019, https://bit.ly/2GstQdv.

Откако ја изгубија територијата, ИСИС според извештаите продолжиле со напади во и околу своите поранешни упоришта, главно имајќи ги на мета припадниците на ИБС и силите блиски на нив, како и цивили за кои се мисли дека ја претставуваат државата или дека соработуваат со неа.[243] Групата понатаму, според извештаите, продолжува да издвојува верски и малцински етнички групи.[244] Меѓу евидентираните методи на напад посебно се вбројуваат убиствата и киднапирањата на конкретни лица, напади на села и напади со ИЕН чија цел е да предизвикаат огромен број на жртви.[245] ИСИС според извештаите ги финансира своите активности преку изнудување средства од цивилите, киднапирања за откуп и други кривични активности.[246] За релевантните ризични профили види ги Деловите III.A.2, 5, 6, 8, 9, и 10.

---

[243] Види Дел III.A.2 („Лица блиски на Владата или за кои се смета дека ја поддржуваат“).

[244] Според извештаите вероисповедта на киднапираното лице е одлучувачка дали ИСИС ќе бара откуп (сунити) или ќе ја убие жртвата (шиити). Со убивањето на сунитите, кои ИСИС ги смета за отпадници од верата, групата наводно се обидува да испровоцира верски тензии; New York Times, They Go to the Desert to Hunt for Truffles. But ISIS Is Hunting Them, 19 март 2019, https://nyti.ms/2TOFOpJ. Види исто така Дел III.A.5 („Припадници на верски и малцински етнички групи“).

[245] Види на пр., NINA, A Civilian Killed, Another Wounded on an Attack Launched by Daesh on a Village Northeast of Baquba, 26 април 2019, https://bit.ly/2IQaXDj; NINA, Gunmen Belonging to Daesh Storm a Village West of Mosul. 22 април 2019, https://bit.ly/2Dvftmk; CNN, Iraq Defeated ISIS more than a Year Ago. Its Revival Is Already Underway, 5 март 2019, https://cnn.it/2tQDi2D; NINA, A Local Source Warns of Daesh Activity in Targeting the Villages of South Buhrez in Diyala, 1 јануари 2019, https://bit.ly/2Vxto2x; Buzzfeed, The Trump White House Says ISIS Has Been Defeated in Iraq. The Data Says Otherwise, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2PtXAf1; AP, Daesh Reverting to Insurgency Tactics, 13 октомври 2018, http://bit.ly/2AcATU0; ISW, ISIS's Second Resurgence, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2y28pL9. Види ги исто така примерите вклучени под наведените ризични профили.

[246] „Другите активности имаат за цел да ја вратат финансиската стабилност на групата. Во неделата [17 февруари 2019] милитанти киднапирале група од 12 лица кои што барале тартуфи во западен Анбар, означувајќи го враќањето на стратегијата на заплашување и изнудување од фармерите и трговците заради финансиска добивка“; AP, IS Move from Syria to Iraq, Destabilize Country's Security Say Officials, 23 февруари 2019, https://bit.ly/2SXuLdc. „Изнудувањето и понатаму е голем извор на приходи за групата, помогнато од тактиката на ИСИС за собирање лични информации од цивилите додека управуваат со територијата, според написите во медиумите. Ова на ИСИС им дава предност што ја користат за закани или изнудување од цивили во областите каде што групата има свое присуство.“ Дополнително, „ИСИС во Ирак собира приходи од ограничен шверц со нафта, оданочување, киднапирање заради откуп, трговија со дрога и други нелегални супстанци, донации од надвор и низа различни други криминални активности”; US Department of Defense, Lead Inspector General for Operation Inherent Resolve I Quarterly Report to the United States Congress I October 1, 2018 – December 31, 2018, 4 февруари 2019, https://bit.ly/2GalvM8. стр. 31. Во областите во кои ИСИС останува активен, „даноците се собираат, а оние што ќе одбијат да играат се предмет на одмазда”; Musings on Iraq, October 2018: Islamic State Expanding Operations in Iraq, 2 ноември 2018, https://bit.ly/2zi3KWb. „Во текот на годините кога тие имале контрола, припадниците на Исламската држава внимателно собирале лични податоци од населението што вклучувало и детални информации за имотот и приходите, како и адреси на членови на поширокото семејство. Овие клучни разузнавачки податоци за населението на групата ѝ даваат моќ да заплашуваат и да изнудуваат од цивили, овозможувајќи им во процесот да собираат резерви во готово“; Foreign Policy, ISIS’s New Plans to Get Rich and Wreak Havoc, 10 октомври 2018, https://bit.ly/2NHAs7C. Види исто така, Rudaw, In the Plains of Northern Iraq, Familiar Shadows Roam and Kill, 20 февруари 2019, https://bit.ly/2VoDIct; UNSC, Eighth Report of the Secretary-General on the Threat Posed by ISIL (Da’esh) to International Peace and Security and the Range of United Nations Efforts in Support of Member States in Countering the Threat, S/2019/103, 1 февруари 2019, http://undocs.org/S/2019/103, пара. 14; ISW, ISIS's Second Resurgence, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2y28pL9; US Department of State, Country Reports on Terrorism 2017 -Foreign Terrorist Organizations: Islamic State of Iraq and Syria (ISIS), 19 септември 2018, www.refworld.org/docid/5bcf1f41a.html.

### *б) Злоупотреби на човековите права од страна на семејството, племето, заедницата*

Акти на насилство, злоупотреба и штетни традиционални практики врз жените и девојките како и поединци со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет вообичаено ги извршуваат членовите на семејството, племето или заедницата на поединецот.[247] Исто така во некои области членовите на локалните заедници и племиња[248] исто така го спречуваат враќањето на цивили за кои се смета дека се поврзани со ИСИС или дека биле дел од одмаздннички чинови против нив.[249] Во некои области, водачите на племињата и заедницата наводно успешно ги спречиле насилните одмазди против лица осомничени дека биле припадници на ИСИС или на нивните семејства со тоа што забраниле колективна казна против семејствата поврзани лица кои навистина биле припадници на ИСИС или за кои се мислело дека биле и почнале да работат на помирување.[250] За релевантните ризични профили види ги Деловите III.A.1, 5, 8, 9, 10, и 11.

## 3) Способноста и волјата на државата да ги заштити цивилите од злоупотреби на човековите права

### *а) Достапност на државна заштита во областите под контрола на централната власт*

На Ирак му недостасува соодветна правна рамка за гонење на меѓународните кривични дела, вклучително и воени злосторства, кривични дела против човештвото и геноцид.[251] Дури и кога

---

[247] Види Дел III.A.8 („Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности") и III.A.10 („Лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет").

[248] „Племенското уредување е интегрален дел од ткивото на ирачкото општество, каде племињата играат важна улога во делењето правда, безбедноста и услугите уште од основањето на современата ирачка држава во 1921"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 24. Племињата ги надминуваат географските и етничките поделби и според одредени проценки, големо мнозинство од ирачкото население им припаѓа на едно од 150-те племиња во земјата или во најмала рака е роднински поврзано со некое племе. Племињата традиционално се подредени на повеќе нивоа: Конфедерација (Qabila), племе (ʻAshira), клан (Fakhdh), куќа (Beit), и пошироко семејство (Khamsa); Project on Middle East Political Science (POMEPS), Legal Pluralism and Justice in Iraq after ISIL, 10 септември 2018, https://bit.ly/2rpzPqw; War on the Rocks, Baghdad Must Seize the Chance to Work With Iraq's Tribes, 17 јануари 2018, https://bit.ly/2PoIhzW; University of Nebraska, Iraqi Ethnic, Tribal, and Religious Groups, undated, https://bit.ly/2BX2FES. стр. 3-5.

[249] Види Дел III.A.1.a („Цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС") и б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[250] „Во градот ал-Шура, северно од Мосул, Џабурис имаат меѓуплеменска иницијатива за помирување на семејствата на осомничените милитанти на ИСИС со нивниот поширок род, дозволувајќи им на нивните семејства да се вратат дома"; ECFR, Reconciliation in Sinjar after ISIS, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2P3B2x7. стр. 12. Види исто така, Sanad for Peacebuilding, The Successful Return of 1000 Families to Al-Ayadhiya, Tal Afar Following Reconciliation Efforts by Sanad for Peacebuilding, 11 ноември 2018, https://bit.ly/2H2EYhq; Sanad for Peacebuilding, Iraq: Announcement of Peaceful Coexistence Pact of Honor for the Tribes in Al-Ayadiyah Sub-District, 10 август 2018, https://bit.ly/2TgqaIF; HRW, How Reconciliation in Iraq Could Stop Collective Punishment, 22 март 2018, www.refworld.org/docid/5b39f21ba.html. Види исто така, UNHCR, Tribal Conflict Resolution in Iraq, 15 јануари 2018, www.refworld.org/docid/5a66f84f4.html. стр. 5 (и нивните извори).

[251] „Владата се впушти во голем судски обид за борците на ИСИЛ да се изнесат пред лицето на правдата за масовни повреди на човековите права и хуманитарното право пред сè преку Законот за борба против тероризмот. (…) Специјалниот известувач не верува дека Законот за борба против тероризмот бил дизајниран да одговори на таквите меѓународни кривични дела. До денешен ден Кривичниот законик не вклучува одредби со кои се опфаќаат меѓународните кривични дела"; UN Human Rights Council, Report of the

правната рамка предвидува заштита на човековите права, спроведувањето на обврските на Ирак согласно националното и меѓународното право за унапредување и заштита на овие права, во пракса честопати претставува предизвик, а има и државни и недржавни актери коишто вршат повреди и злоупотреби на човековите права без да бидат казнети за тоа.[252] Врз основа на резолуцијата на Советот за безбедност на ООН во септември 2017 година истражен тим на ООН (УНИТАД) доби задача да ги поддржи домашните напори ИСИС да одговара за своите злосторства преку собирање, заштита и чување на доказите во Ирак за акти кои можат да достигнат ново на воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид.[253]

Кривичниот правосуден систем, според извештаите, е слаб и не ги исполнува меѓународните и домашните законски обврски во врска со притворот, регуларноста на процесот и правични судски стандарди.[254] Пропустот на властите со кредибилитет да ги испитаат инцидентите на мачење и смртните случаи во притвор, и да бараат отчет од сторителите креираат клима на неказнување за

---

Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, параграфи 46, 48-49.

[252] „Обезбедување отчетност за кривичните дела извршени во врска со вооружен конфликт, вклучително и акти на тероризам и други облици на насилство, повреди на меѓународното хуманитарно право и повреди и злоупотреби на човековите права, без разлика кога, каде и од кого биле извршени таквите злосторства, повреди или злоупотреби, тие и понатаму се голем предизвик за Ирак“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 7. „Неказнувањето на безбедносните сили на Ирак и КРВ за нивните сериозни злоупотреби претставува сериозен проблем за правдата и отчетноста во Ирак и за пошироките напори за помирување. Што се однесува до Хјуман Рајтс Воч, судовите на Ирак и КРВ немаат осудено никој од ирачките, курдските или силите против ИСИС за повреди на човековите права и законите против воени злосторства“; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр.7. „(…) ПМУ несомнено и постојано вршат големи повреди на човековите права. Меѓутоа, како и со многуте проблеми предизвикани од ПМУ и предизвиците наметнати од ПМУ, нивните повреди на човековите права се симптом на поширок проблем на ниво на Ирак. Прикажувањето на ПМУ како единствените што се инволвирани во повреди на човековите права го занемарува фактот дека има многу поширока култура на неказнување која за жал важи за сите вооружени актери во Ирак: од режимот пред 2003 до американските и британските сили и безбедносните компании ангажирани од ирачката сојузна полиција, ирачката армија, разузнавачките служби, Министерството за внатрешни работи, Пешмерга, Асајиш, Советите за будење, сунитските племиња, листата не завршува тука“; The Century Foundation, Understanding Iraq’s Hashd al-Sha’bi, 5 март 2018, https://bit.ly/2oXcbQH. „Самата бројка на [недржавни и квази државни вооружени] групи заедно со слабата команда и контрола и малкуте опции за примена на истите, им ја отежнува работата на властите во спречување и казнување на кривичните дела, со што се зајакна чувството за неказнување и беззаконие. (…) Преваленцата на вонсудско насилство и криминалитет на групите со државни надлежности, и фактот дека тие се чини дека тоа го прават без да бидат казнети го ослабуваат владеењето на правото“; GPPi, Iraq After ISIL: Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 7, 61. Види исто така, HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; Ceasefire Centre for Civilian Rights / MRGI, Civilian Activists under Threat in Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2UnHNgl. стр. 4, 8, 24, 32. Види исто така посебни упатувања на неказнување согласно профилите на ризик 5.а, 6, 8, 10 и 12.

[253] Од назначувањето на Карим Асад Ахмад Кан како специјален советник и шеф на Истражниот тим на 13 јули 2018, беа направени подготвителни активности за спроведување на мандатот на тимот и тимот започна со истражните активности на почетокот од 2019; UN, Witness Testimony Revealing Scope, Magnitude of ISIL Abuses in Iraq, Head of New Investigative Team Tells Security Council During First-Ever Briefing, SC/13605, 4 декември 2018, https://bit.ly/2UmKFe9; UNSC, Security Council Resolution 2379 (2017) [on Establishment of an Investigative Team to Support Domestic Efforts to Hold the Islamic State in Iraq and the Levant Accountable for Its Actions in Iraq], 21 септември 2017, S/RES/2379 (2017), https://www.refworld.org/docid/5a2fda0cb.html.

[254] Види Дел II.Д.1.а („Повреди на човековите права од страна на ирачките власти и силите блиски на нив”).

ваквите повреди на човековите права.[255] Ирачките власти според извештаите имаат ограничен капацитет[256] за темелни истраги на злоупотребите на човековите права извршени од ИСИС.[257] Исто така, оние што преживеале злоупотреби на ИСИС, вклучително и језидите, според извештаите не можат да учествуваат во судски постапки, вклучително и како сведоци.[258]

Во врска со повредите и злоупотребите на човековите права поврзани со ИБС и на нив блиските сили, вклучително и за време на воените операции против ИСИС, владата според извештаите, има преземено одредени ограничени чекори во насока на истрага и барање одговорност од оние за кои е утврдени дека се одговорни, а наодите од таквите истраги ретко се објавуваат.[259]

ИБС, вклучително и локалната полиција, и понатаму се цел на напади од страна на ИСИС, со што се ослабува нивната способност да обезбедат заштита за цивилите.[260] Владеењето на правото според извештаите е компромитирано од реалната[261] и перцепираната корупција во органите на прогонот

---

[255] HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; HRW, Chilling Accounts of Torture, Deaths, 19 август 2018, www.ecoi.net/en/document/1441253.html.

[256] Ирачкиот судски систем според извештаите е преоптоварен од наплив на притворени лица осомничени за припадност на ИСИС, што води кон забрзани судења кои ги компромитираат стандардите за правично судење; Checkpoint, Iraq's Prisoner Dilemma, 1 октомври 2018, https://bit.ly/2PkSk9r; AP, Iraq's IS Trials Bring Swift Verdicts, Almost all Guilty, 29 април 2018, https://bit.ly/2KkXsZI. Види исто така Дел II.Д.1.а („Повреди на човековите права од страна на ирачките власти и силите блиски на нив").

[257] „Неуспехот на ирачките власти да преземат решителни дејствија против злоупотребите на човекови права во рамки на нивните институции и повредите на меѓународните правни обврски од страна на безбедносните сили"; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 75. „Во моментов, ирачките судови немаат јурисдикција врз меѓународните злосторства извршени во Ирак и капацитетот за истрага и судење на сторителите на таквите кривични дека и понатаму е крајно слаб"; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 7. Види исто така, Harvard Kennedy School, The Politics of Security in Ninewa: Preventing an ISIS Resurgence in Northern Iraq, 7 мај 2018, https://bit.ly/2PBAjDQ. стр. iii.

[258] Alkarama, Universal Periodic Review Iraq -Submission to the Stakeholders' Summary, 28 март 2018, https://bit.ly/2IHhpMH, пара. 38; HRW, Iraq: Key Courts Improve ISIS Trial Procedures, 13 март 2019, http://bit.ly/2ObvkuB; HRW, ISIS Trials Are Robbing Victims of Their Rights, 26 јануари 2018, https://bit.ly/2DkrQmX.

[259] „И покрај заложбата на премиерот во септември 2017 да ги истражи наводите за мачење и незаконски убиства, властите се чини дека немаат преземено никакви чекори за да ги истражат овие злоупотреби"; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Специјалниот известувач беше информиран дека (…) биле преземени чекори за отчетност, вклучително и за воспоставување на директорат за безбедност и дисциплина во кој работат истражители, како и центар за притвор во Багдад со 200 припадници на сили блиски на нив обвинети за различни кривични дела. Меѓутоа, не е јасно колку делотворни се овие механизми за отчетност и истраги спроведени до сега, бидејќи се чини дека не се отворени никакви законски постапки во ниеден од гореспоменатите или други пријавени случаи"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 58. Види исто така, Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр.4; HRW, Iraq: Officials Dispose of Potential War Crime Evidence, 20 април 2018, www.refworld.org/docid/5b39f2d23.html.

[260] Види Дел III.А.2 („Лица блиски на Владата или за кои се смета дека ја поддржуваат Владата")..

[261] Ирак е рангиран на 168-мо место (од вкупно 180 земји) на Глобалниот индекс за перцепцијата за корупцијата во 2018; Transparency International, Corruption Perceptions Index 2018, 21 февруари 2018, https://bit.ly/2B7SAEu. „Ирак е земја со многу значителен приход од својот јаглеводороден сектор, а сепак голем дел од неговите граѓани живеат во сиромаштија, неписмени се, без здравствена заштита и вработување. (…) Дел од одговорот лежи во корупцијата. Корупцијата е сеприсутна на сите нивоа во Ирак";

и во судството.[262] Дополнително на доминантниот непотизам, независноста на судството исто така е поткопана од политичкиот притисок од извршната власт и политичките партии,[263] како и од закани, заплашување и напади врз судиите, обвинителите, адвокатите и во некои случаи и членовите на нивните семејства.[264] Заради отсуството на доверба во делотворноста на

Special Representative of the United Nations Secretary-General for Iraq, Reviving Public Trust: A Necessity Keynote Address to the Sulaimani Forum by the SRSG for Iraq, Ms. Jeanine Hennis-Plasschaert, 6 март 2019, http://bit.ly/2XYTn4q. стр. 4-5. Кај многу жители на Мосул, „(...) негативниот однос кон ирачката влада се чини дека е поврзан со личните искуства со корупцијата и неправдата. 28 проценти од испитаниците изјавиле дека тие „не му веруваат“ или „не му веруваат многу“ во ирачкото судство, поради што постои загриженост за способноста на ирачкото правосудство правично да дели правда во случаи на илјадници поединци кои се соочени со судење по обвиненија поврзани со ИД“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 14.

[262] „Адвокатите рекле дека поткупот бил нешто нормално во судскиот систем и признале дека ги поткупуваат обезбедувањето и судиите за да обезбедат ослободување или подобар третман за своите клиенти“; Judges Disregard Torture Allegations, 31 јули 2018, https://bit.ly/2vl4QO1. „(…) ирачкото судство се покажа подложно на корупција како и на закани и уцени коишто честопати доаѓаат од политички партии или паравоените групи“; Atlantic Council, Beyond Security: Stabilization, Governance, and Socioeconomic Challenges in Iraq, јули 2018, https://bit.ly/2BcUkvj. стр. 12. „Перцепцијата дека борците од ИД можат лесно да поткупат за да не им се суди, е посочена од ирачките безбедносни сили и паравоени единици како оправдување за вонсудските убиства на затвореници“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC. стр. 29. Спроведувањето на законот (…) останува ограничено од немањето на потребните капацитети и од опсежната корупција“; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf. стр. 9. „(…) ирачката влада не успева да ги спроведе анти-корупциските закони на делотворен начин и јавните службеници се инволвирани во коруптивни дејствија без да бидат казнети. Поткупот и давањето подароци ‘за да се заврши работата’ е широко распространета пракса во Ирак, и покрај тоа што е незаконска“; GAN Integrity Inc., Iraq Corruption Report, последен пат ажуриран во јуни 2017, https://bit.ly/2Pzf3hW. Види исто така, Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Jamestown Foundation, Conditions in Mosul Ripen for Return of Islamic State, Terrorism Monitor Vol. 17(1), 11 јануари 2019, https://bit.ly/2D7xsj0; Rise Foundation, Mosul and Tel Afar Context Analysis, декември 2017, https://bit.ly/2CzJSwU. стр. 29.

[263] „Судството е под влијание на корупцијата, политичкиот притисок, племенските сили и верските интереси. Линијата меѓу извршната, законодавната и судската власт честопати е замаглена, и извршната власт на големо се меша во судската“; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html. „Од 2003 година, ирачкото судство е жртва на политичкото мешање и притисок, корупција и поткуп, религиозни интереси и племенски сили“; European Parliament / Directorate-General for External Policies, Rebuilding the Iraqi State: Stabilisation, Governance, and Reconciliation, февруари 2018, https://bit.ly/2SHFy6Y. стр. 24. Правосудството стана многу ранливо на политичкиот притисок. Многу судии сега се под контрола на власта, било преку заплашување и закани или со поткуп. Заради ова невозможно е да постои вистинска демократија, бидејќи се негува состојба каде пристрасните судии им дозволуваат на владиното раководство и функционери да бидат над законот. Ваквата експлоатација на судството резултира со сериозни повреди на правото на правично судење”; Geneva International Centre for Justice, GICJ’s Submissions on Iraq -Reports Submitted to the 35th Session of the UN Human Rights Council, јуни 2017, http://bit.ly/2FDe7F1. стр. 5. Види исто така, The Guardian, ‘Iraq is Dying’: Oil Flows Freely but Corruption Fuels Growing Anger, 27 август 2018, https://bit.ly/2NpqtEL; ISW, Iraq’s Judiciary Rules Against Sunni Politician ahead of Iraqi Elections, 9 февруари 2018, https://bit.ly/2RXgTiS. Види исто така, The Washington Institute, After IS, Iraq’s Major Challenge is Corruption, 2 август 2018, https://bit.ly/2Cbm2Kz.

[264] Види Делови III.А.1.в („Лица кои им даваат правни услуги на лица осомничени дека се дел од ИСИС и Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”), III.А.2 („Лица блиски на Владата или за кои се смета дека ја поддржуваат”) и III.А.3 („Лица коишто се спротивставуваат или се смета дека се спротивставуваат на Владата и оние блиски на Владата”).

формалниот правосуден систем, многу Ирачани, според извештаите, ги користат племенските механизми за решавање конфликти.[265] Пристапот до правда за жените и лицата со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет според извештаите се попречува од патријархални родови норми, кои и понатаму опстојуваат кај припадниците на органите на прогонот и судството.[266]

Ирачката Висока комисија за човекови права (ИХЦХР)[267] според набљудувачите е склона кон политичко мешање и ѝ недостасува јавна доверба.[268]

Што се однесува до Законот за надоместок (Законот бр. 20 од 2009 и Законот бр. 57 од 2015), ирачките власти ќе ги обесштетат сите граѓани чиј имот бил жртва на инциденти поврзани со

---

[265] „Заради недовербата и немањето пристап до судови, многу Ирачани се обраќаат на племенските тела за решавање на спорови, дури и кога се работи за сериозни кривични дела"; Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html. „Во принцип, граѓанските и кривичните судови на Ирак често се избегнуваат од дел од населението кое во зависност од социјалната класа и финансиските средства се обраќаат на племенски или верски авторитети за решавање на спорови и приватни проблеми"; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf. стр. 8. Види исто така Дел III.A.11 („Поединци кои се на мета како дел од племенското решавање на конфликти, вклучително и крвна одмазда").

[266] „(…) државната заштита генерално за жртвите на семејно насилство е практично непостоечка"; Canada: Immigration and Refugee Board of Canada, Iraq: Inter-Sect Marriage Between Sunni and Shia Muslims, Including Prevalence; Treatment of Inter-Sect Spouses and Their Children by Society and Authorities, Including in Baghdad; State Protection Available (2016-January 2018), 29 јануари 2018, IRQ106049.E, www.refworld.org/docid/5aa916bb7.html. 247 Види Дел III.A.8 („Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности") и III.A.10 („Лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет").

[267] Членот 102 од ирачкиот Устав од 15 октомври 2005 година предвидува институцијата да се „смета за независна" и „предмет на мониторинг" од страна на Советот на претставници", со функции „регулирани со закон". ИХЦХР формално беше формиран со Законот бр. 53 од 2008 година. Согласно членот 5 од Законот, ИХЦХР има мандат да прима и истражува поплаки за човекови права од поединци, групи и организации на граѓанското општество; види: Устав на Република Ирак, 15 октомври 2005, www.refworld.org/docid/454f50804.html, член 102. Закон бр. 53 (2008) достапен на арапски на: https://bit.ly/2zYwkfA. Во март 2015 година ИХЦХР доби статус „Б" од страна на Меѓународниот координативен комитет на национални институции за човекови права за да се обележи неговото делумно придржување на Париските принципи, група на меѓународни стандарди поврзани со статусот на организациите за човекови права; Global Alliance of National Human Rights Institutions, Chart of the Status of National Institution - Accreditation Status as of 26 December 2018, пристапено на 30 април 2019, https://bit.ly/2Ti0tOu.

[268] „(…) институцијата страда од недоволна независност и пристрасност и ретко се осврнува на прашања како што се неправични судења, мачење и групни погубувања (…)"; Alkarama, Universal Periodic Review Iraq - Submission to the Stakeholders' Summary, 28 март 2018, https://bit.ly/2IHhpMH, пара. 10. „(…) ниедно од семејствата што беа интервјуирани не рече дека стапиле во контакт со Ирачката висока комисија за човекови права (ИХЦХР), национална институција за човекови права, бидејќи не верувале дека комисијата може да има помогне да ги најдат своите блиски"; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf. стр. 8. Види исто така, UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html. стр. 20-21; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: January to June 2017, 14 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a746d804.html. стр. xi, 22-23; Iraqi Civil Society Solidarity Initiative (ICSSI), The New Iraqi High Commission for Human Rights Faces Serious Objections from Civil Society, 29 јули 2017, https://bit.ly/2Ev693M. Според ИХЦХР, уште во февруари 2019, имала добиено 7.000 поплаки во врска со исчезнати лица од областите што порано биле под ИСИС; IHCHR, (1700) Complaints Received by Supreme Committee for Missing Persons, 4 февруари 2019, http://bit.ly/2FnH3Sz.

војната после 2003 година.[269] Комисиите што се формирани согласно законот според извештаите имаат добиено илјадници барања за надоместок, меѓутоа, цивилите се соочуваат со сериозни предизвици при следењето на процедурите,[270] а од 2014 година не е исплатено ниедно побарување за смртни последици или повреди.[271] На семејствата за кои се смета дека се поврзани со ИСИС, според извештаите, не им се дава безбедносна потврда поради што не можат да поднесат барање за надоместок.[272]

Власта во КР-И е главно поделена меѓу двете доминантни партии, КДП со седиште во Ербил и ПСК со седиште во Сулејманија.[273] Регионалните вооружени сили („Пешмерга"), безбедносните, контра-терористичките и разузнавачките агенции и понатаму се под политичко влијание од двете партии и/или моќни партиски функционери.[274] Ефективното владеење со институциите на КРВ

---

[269] Законот 20 од 2009 година и Законот 57 од 2015 година уредуваат дека сите ирачки граѓани кои се погодени или претрпеле штета од воените операции и терористичките акции имаат право на финансиски надоместок. За дополнителни информации, види HLP Sub-Cluster Iraq, Property Compensation Guidelines Based on Iraqi Law 20, 2009 and Law 57, 2015 (First Amendment), 20 декември 2018, https://bit.ly/2GAwfmx; Center for Civilians in Conflict (CIVIC), "We Hope, but We Are Hopeless" -Civilians' Perceptions of the Compensation Process in Iraq, https://bit.ly/2Dhi6ap; MRGI, Reparations for the Victims of Conflict in Iraq: Lessons Learned from Comparative Practice, ноември 2017, www.refworld.org/docid/5a1812b44.html. Набљудувачите забележуваат дека Законот бр. 20 не го опфаќа целиот спектар на повреди и злоупотреби на човековите права извршени за време на последниот конфликт. Исто така, Законот бр. 20 исклучиво се фокусира на надоместокот, без да земе предвид други облици на репарација; MRGI, Reparations for the Victims of Conflict in Iraq: Lessons Learned from Comparative Practice, ноември 2017, www.refworld.org/docid/5a1812b44.html. стр. 22-23; HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 61. Посебен закон за надоместок на жените језиди кои ги преживеале злосторствата на ИСИС се разгледува во парламентот, види долу фуснота 547.

[270] Protection Cluster, Advocacy Note on Property Compensation Scheme in Iraq -Challenges and Recommendations, март 2019. стр. 2-4 [on file with UNHCR]; CIVIC, "We Hope, but We Are Hopeless" -Civilians' Perceptions of the Compensation Process in Iraq, 28 ноември 2018, https://bit.ly/2Dhi6ap. стр. 2-3, 13-19; Al Jazeera, Iraq Post-ISIL: Anger over Government's 'Unfair' Compensation, 14 септември 2018, https://bit.ly/2p8Lvgg; HRW, Money Welcome but no Panacea for Iraq's Yezidi Victims, 8 март 2018, www.refworld.org/docid/5b39f1c7a.html.

[271] HRW, World Report 2019 – Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; CIVIC, "We Hope, but We Are Hopeless" -Civilians' Perceptions of the Compensation Process in Iraq, 28 ноември 2018, https://bit.ly/2Dhi6ap. стр. 3; The National, Iraqis Are Living among a Hidden Arsenal that Could Explode, 3 јули 2018, https://bit.ly/2ShKALv; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc. стр. 16.

[272] „Во пракса, секоја поврзаност, без разлика на степенот, ќе резултира со автоматско исклучување од сите владини услуги, вклучително и за надоместокот"; Protection Cluster, Advocacy Note on Property Compensation Scheme in Iraq -Challenges and Recommendations, март 2019. стр. 5 [архивирано во UNHCR]. Види исто така Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[273] „Двете големи партии (...) имаат контрола во регионот на Курдистан, широка поддршка, бизниси, медиумски канали и пешмерга паравоени единици кои даваат отчет на партиските лидери"; Center for American Progress, Kurdistan's New Moment, 18 декември 2018, https://ampr.gs/2ShCezH. „(…) И покрај широко распространетото незадоволство со највлијателните партии во Курдистан, ПСК и Курдската Демократска Партија (КДП), Горан [најголемата опозициска партија] не успева долгорочно да се спротивстават на дуополот на КДП-ПСК"; The Washington Institute, Gorran: A Party of Words, not Deeds, 29 октомври 2018, https://bit.ly/2rTINgh. Види исто така, KAS, Scattered Dreams -The Independence Referendum, the Fall of Kirkuk and the Effect on Kurdish and Iraqi Politics, 16 април 2018, https://bit.ly/2EzBLVd. стр. 81.

[274] "„Силите на Пешмерга од ирачкиот Курдистан се сложена и повеќеслојна безбедносна организација чија лојалност е поделена меѓу ирачката држава, Курдската Регионална Влада (КРВ), различни политички партии и моќни поединци. Во различни периоди – и понекогаш истовремено – тие се национални, регионални,

според извештаите дополнително е компромитирано од постојната корупција[275] и непотизам засновани на семејни, племенски и партиски врски.[276]

Судската независност исто така според извештаите е попречена од сè поголемото политичко мешање.[277] Кривичниот правосуден систем според извештаите е слаб и не ги исполнува

---

партиски и лични сили"; Clingendael Institute, Fighting for Kurdistan? Assessing the Nature and Functions of the Peshmerga in Iraq, март 2018, https://bit.ly/2LssqA5. стр. 2. И покрај напорите да се унифицираат и институционализираат Пешмерга силите, коишто се поврзани со партиите и се под Министерството за прашања поврзани со Пешмерга во рамките на КРВ, дел од силите и понатаму дејствуваат надвор од контролата на КРВ: „И покрај позитивните чекори за намалување на влијанието на партиската политика, тие и понатаму играат одлучувачка улога во организацијата на Пешмерга. Командната структура на интегрираните бригади на Министерството за прашања поврзани со Пешмерга и понатаму е структурирана според партиската блискост, бидејќи секоја бригада има командир од една партија и заменик командир од другата. Дополнително, мнозинството од Пешмерга силите сè уште не се институционализирани. Има околу 100.000 борци на Пешмерга надвор од 14-те бригади на Министерството грубо поделени подеднакво меѓу ПСК (силите 70-ти) и КПД (силите 80-ти). Пешмерга силите на обете партии имаат сопствени организациски и финансиски структури, и географски се ограничени на традиционалната сфера на влијание на нивната партија. Исто така, КДП и ПСК имаат и сопствени безбедносни, разузнавачки и контра-терористички сили, чија политизација е уште подлабока. Тие не само што се поделени според партиската припадност, туку исто така и според личната лојалност на одредени моќници од владејачките семејства Баразани и Талибани"; Ибид.. стр. 16. Види исто така, Fanack, Can Iraqi Kurdistan Survive Itself?, 10 септември 2018, https://bit.ly/2rN2vtX; Al-Monitor, Politicized Peshmerga Adds to Iraqi Kurdistan Destabilization, 30 мај 2018, https://bit.ly/2FbQ97i; GPPi, Iraq After ISIL – Sub-State Actors, Local Forces, and the Micro-Politics of Control, март 2018, https://bit.ly/2EMLqtt. стр. 23-24; Niqash, Reality Versus the Rules -Kurdish Parties Bend Iraq's Electoral Rules on Politics with Guns, 8 февруари 2018, https://bit.ly/2VCoT79; Friedrich Ebert Foundation, Reforming the Civil-Military Relationship in Kurdistan (Peshmerga), септември 2017, https://bit.ly/2BwwXNb.

275 „Градење случаи [против службени лица обвинети за корупција] и нивното шетање низ судскиот систем е бавно заради немањето персонал и ресурси"; Rudaw, KRG's Corruption Probe Slowed by Lack of Staff, Resources: Commission, 16 април 2019, https://bit.ly/2IVC9Qa. „Ирачките Курди трпат огромна корупција (милијарди долари недостасуваат од приходите од нафтата) и непотизам (припадниците на семејствата Барзани и Талибани и на нив блиските се на сите главни позиции) уште од 2003 (…)"; CEIP, Kurdistan Politics at a Crossroads, 26 април 2018, https://bit.ly/2DX7245. Види исто така, Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Foreign Policy Research Institute, Systemic Crisis in the Kurdistan Region of Iraq, 8 јануари 2018, https://bit.ly/2QIAqmr. Види исто така горе фуснота 261.

276 Политичките елити според извештаите доминираат на клучните безбедносни и административни позиции, како и бизнисите во КР-И. „Двете политички партии го имаат монополизирано јавниот сектор, Пешмерга и безбедносните сили, како и стопанството, и успеаја да контролираат поголем дел од општеството преку клиентелизам"; Open Political Science, The Roots of Clientelism in Iraqi Kurdistan and the Efforts to Fight It, 28 август 2018, https://bit.ly/2FdzBvM. стр. 1. „(…) КДП и ПСК и понатаму одржуваат и имаат корист од историски главната лојална база што се одржува преку широки мрежи за поддршка, како и традиционални континуирани племенски и семејни врски"; LSE, The 2018 Iraqi Federal Elections: A Population in Transition?, LSE Middle East Centre Report, јули 2018, https://bit.ly/2A2gErJ. стр. 17. Види исто така, MENA Watch (in German), There Is no Business like Family Business, 5 декември 2018, https://bit.ly/2BwmykB; Los Angeles Times, In Iraqi Kurdistan, Hereditary Politics Come Full Circle, 4 декември 2018, http://ati.ms/axVMOA; Al Jazeera, Anger Is Simmering Among Iraq's Kurdish Youth, 12 ноември 2018, http://aje.io/sz74u; Open Democracy, Corruption Corrodes Kurdish Education, 15 октомври 2018, https://bit.ly/2sHVgUF; ICG, Iraqi Kurdistan's Regional Elections Test a Brittle Status Quo, 28 септември 2018, https://bit.ly/2xY7hHx; Fanack, Can Iraqi Kurdistan Survive Itself?, 10 септември 2018, https://bit.ly/2rN2vtX; Atlantic Council, Beyond Security: Stabilization, Governance, and Socioeconomic Challenges in Iraq, јули 2018, https://bit.ly/2rM4P4v. стр. 3.

меѓународните и домашните законски обврски во врска со приведувањето, притворот и правичните судски стандарди.[278] Според извештаите сторителите на кривични дела блиски на политичката или безбедносната елита во КР-И честопати остануваат неказнети за делата што ги извршиле.[279]

Според извештаите, судовите на КРВ ги немаат осудено курдските сили за никаква повреда на човекови права или повреда на правото за човекови права или меѓународното хуманитарно право.[280]

## Ѓ. Хуманитарна состојба

Иако хуманитарната состојба се има стабилизирано после крајот на големите воени операции против ИСИС на крајот од 2017 година,[281] хуманитарните потреби и понатаму се големи,[282] со проценети 6,7 милиони луѓе, или 18 проценти од населението, на кои им е потребен некаков облик на хуманитарна помош и заштита[283] во 2019, вклучително ВРЛ,[284] повратници, бегалци[285] и

---

[277] "„Минатиот ноември [2018], еден од малкуте останати судии во курдскиот регион што се сметаат за независни најави дека дава оставка како член на регионалниот судски совет. Судијата Латиф Шеик Мустафа протестираше против интервенцијата на двете главни политички партии во регионот, Курдската демократска партија (КДП) и Патриотскиот сојуз на Курдистан (ПСК) во судството, како и на тоа дека судството не успева да делува како независна институција. Оставката на Мустафа следи после четири други оставки на високи судии од слични причини во последните четири години"; The Tahrir Institute for Middle East Policy, Judiciary in Kurdistan Region in Peril, 11 јануари 2019, https://bit.ly/2Fqa7ey. „Курдскиот регион исто така нема независно судство. Во анкета спроведена од Центарот за развој на демократија и човекови права (ДХРД), со 300 луѓе од курдскиот регион, 50% сметале дека независноста на судството во Курдистан е под знак прашање, додека 40% верувале дека неговата независност е на средно ниво. Министерството за правда е на глас дека е инструмент на владејачките политички партии за прогон на политичката опозиција"; Foreign Policy Research Institute, Systemic Crisis in the Kurdistan Region of Iraq, 8 јануари 2018, https://bit.ly/2QIAqmr. Види исто така, NRT, Senior Judge Resigns as Member of Kurdistan Region's Judicial Council, 10 ноември 2018, https://bit.ly/2AifCIn; Niqash, Courting Danger: Iraqi Lawyers Get Death Threats but Won't Go to Police, 10 јануари 2018, https://bit.ly/2U9s6tM; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf. стр.12; Open Democracy, Do the People of Kurdistan Live in Security?, 30 јануари 2017, https://bit.ly/2PfOwWB.

[278] Види Дел II.Г.1.б („Повреди на човековите права од страна на курдските власти").

[279] „Друга пречка за спроведување на постоечкото законодавство е заштитата што им ја даваат владејачките партии на некои од сторителите. Во случаи кога убиецот е ослободен заради отсуство на докази, на убиецот честопати му помагаат владејачките партии. Политичките партии не само што ги штитат сопствените членови, туку исто така и влијателни луѓе и луѓе блиски на партијата. (…) [Академски извор] додаде дека ако едно лице влезе во конфликт со безбедносната полиција или владејачките партии, владеењето на правото не важи. Малку судии одлучуваат на објективен начин, без политичко влијание"; DIS, Kurdistan Region of Iraq (KRI): Women and Men in Honour-Related Conflicts, 9 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beacadd4.html. стр. 15-16. Види исто така, Ekurd, Human Rights Situation in Iraqi Kurdistan is 'Getting Worse': Official, 10 декември 2018, https://bit.ly/2UWVpAt; Foreign Policy Research Institute, Systemic Crisis in the Kurdistan Region of Iraq, 8 јануари 2018, https://bit.ly/2QIAqmr; Ekurd, Iraqi Kurdistan Authorities Don't Believe in Rule of Law, Judge Says, 1 мај 2017, https://bit.ly/2R892xr; Open Democracy, Do the People of Kurdistan Live in Security?, 30 јануари 2017, https://bit.ly/2PfOwWB.

[280] HRW, Flawed Justice, 4 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a2651964.html. стр. 11, 69.

[281] OCHA, Iraq: 2018 Humanitarian Response Plan (February 2018), 21 март 2018, https://bit.ly/2Jiwv7P. стр. 1.

[282] UNSC, Implementation of Resolution 2367 (2017) -Report of the Secretary-General, S/2018/677, 9 јули 2018, https://bit.ly/2vstDzS, пара. 50.

[283] „Заштитата и понатаму е доминантен хуманитарен приоритет во Ирак во 2019 и е во сржта на хуманитарниот одговор. Има повеќе итни проблеми поврзани со заштитата, вклучително одмазда против

ранливите заедници коишто се домаќини.[286] Лицата за кои има перцепција дека се поврзани со ИСИС, според извештаите, се меѓу најранливите,[287] покрај жените,[288] децата,[289] лицата со попреченост[290] и старите лица.[291]

---

лица за коишто се смета дека се блиски на екстремистичките групи; присилни, прерани, неинформирани и попречувани враќања: немање граѓанска документација; строги ограничувања за движење во кампите; своеволно задржување, ВРЛ и повратници кои бараат специјализирана психосоцијална поддршка; широка опасна контаминација со експлозивни направи и прашања поврзани со домувањето, земјата и имотот"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 7.

[284] „Пролонгираната природа на нивното раселување доведе до зголемена ранливост кај ВРЛ; во 11 окрузи, раселените лица се соочени со големи проблеми околу задоволувањето на нивните потреби. (…) Стратегиите за справување со вонредни ситуации се применуваат од многу ранливи групи, особено надвор од камповите"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 6-7.

[285] Околу 250.000 сириски бегалци и понатаму остануваат во КР-И и имаат потреба од континуирана помош; UNHCR, Syria Regional Refugee Response -Iraq, ажурирано на 31 март 2019, https://data2.unhcr.org/en/situations/syria/location/5.

[286] Проценетата вкупна бројка на лица со потреби падна од 8,7 милиони во 2018 на 6,7 милиони во 2019 година. Хуманитарните работници имаат за цел да допрат до 1,75 милиони луѓе со некаква форма на хуманитарна помош во 2019 година; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb.

[287] „Жените и децата чии татковци, сопрузи, синови, браќа или дури и далечни роднини се обвинети за соработка со припадници на ИСИЛ знаат да бидат соочени со тешки последици, и честопати се изложени на дискриминирачки практики во обезбедувањето и пристапот до хуманитарната помош. Во рамки на камповите тие можат да бидат изолирани и сегрегирани, подложени на ограничувања во движењето, без пристап до хуманитарната помош и виктимизирани со сексуално насилство и експлоатација. За жени и деца за кои се смета дека се на некаков начин поврзани, а живеат надвор од камповите овие негативни последици драматично се зголемени"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 22. Види исто така Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[288] „Според проценките 13 проценти од сите домаќинства што се ВРЛ и повратници за глава на семејството имаат жена и тие се соочени со повисок ризик од родово засновано насилство"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 9. Види исто така Дел III.A.8.б („Сексуално насилство").

[289] „Губернoратите Нинева, Киркук, Салах Ал-Дин и Анбар се соочени со највисок број на деца под ризик како резултат на конфликтот"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 9. Види исто така, OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 16.

[290] „Во седум окрузи, глава на 22 – 34 проценти од семејствата се лица со попреченост што влијае на нивната способност да извршуваат секојдневни активности"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 9. „Иако Законот за грижа за лицата со попреченост и специјални потреби од 2013 и Законот за социјална заштита од 2014 предвидуваат парични бенефиции и специјализирани услуги за лицата со попреченост, процесот на поднесување барање за таквите бенефиции бара неколку документи што ВРЛ не ги поседуваат. Исто така жените и девојките со попреченост немаат право на социјална парична помош доколку се во брак или ако таткото им е жив. Условите во камповите за ВРЛ претставуваат посебен предизвик за лицата со попреченост. Според Ирачкото здружение на организации на лица со попреченост, некои од главните предизвици со кои се соочени ВРЛ со попреченост се немањето документи, отсуството на специјализирани медицински и рекреативни услуги, и оддалеченоста на образовните установи од камповите поради што многу деца со попреченост ги напуштаат училиштата"; MRGI, Alternative Report to the Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD) -Review of the Periodic Report of Iraq, 2018, http://bit.ly/2VKsoYo, пара. 25. Види исто така ОЦХА, Ирак: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр.31; Special Olympics, Iraq's 'Special Athletes' Go for Gold, 29 август 2018, http://po.st/sGLR0O; Handicap International, Disability in Humanitarian Context: A Case Study from Iraq, март 2018, http://bit.ly/2YlHWnf; CEIP, A Struggle to Care for Iraq's Disabled, 20 декември 2017, http://bit.ly/2COp0C9; The Arab Weekly, Invisible Citizens: Living with Disability in Iraq, 2 април 2017,

Мнозинството од оние на кои им е потребна хуманитарна помош живеат во областите кои беа најпогодени од конфликтот или се домаќини на значителен број раселени лица, главно во гуверноратите во Нинева, Ал-Анбар, Салах ал-Дин, Киркук и Дијала, како и во КР-И.[292] Започнато е со обнова на уништената и оштетената инфраструктура, обнова на основните услуги и чистење на експлозивните направи[293] и урнатините во областите кои претходно биле под ИСИС. Меѓутоа, се проценува дека за реконструкцијата ќе требаат *„најмалку 10 години и дека ќе чини повеќе од 88 милијарди долари“.*[294] Спората реконструкција и рехабилитација на клучната инфраструктура и услуги како и на широко распространетата контаминација со неексплодирани експлозивни направи[295] според извештаите претставуваат најголемата пречка за враќање на луѓето.[296] Јавното

---

https://bit.ly/2x8tnrn; UNAMI/OHCHR, Report on the Rights of Persons with Disabilities in Iraq, декември 2016, 26 јануари 2017, https://bit.ly/2KY3lPA. стр. 7-11. Сегменти од општеството според извештаите сметаат дека попреченоста е господова казна за гревовите извршени против господовата волја; Caritas International (на германски), Irak: Für die Integration von Menschen mit Behinderungen, јули 2016, https://bit.ly/2Nb5ERs; International Journal of Mental Health Systems, Public Perception of Mental Health in Iraq, Vol. 4, Article 26, 2010, https://bit.ly/2MnTqQ8.

[291] OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр.10; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр.16.

[292] „(…) Луѓето во гуверноратите кои директно се погодени од воените операции – вклучително Анбар, Нинева, Киркук и Салах Ал-Дин – и понатаму се во фокусот на хуманитарната помош (…). Џебови со висока или многу висока концентрација на потреби се наоѓаат во рамките на курдскиот регион (гуверноратите Ербил, Дахук и Сулејманија), но и во Дијала, Багдад и јужниот дел од земјата“; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 19. Види ја исто така картата “Severity of Need” на стр. 20 од истиот извештај.

[293] UN News, Mosul’s ‘3D Contamination’ Adds to Challenges of Deadly Mine Clearance Work, 7 февруари 2019, https://bit.ly/2UHPv5g.

[294] „На Меѓународната конференција за обнова на Ирак, којашто се одржа во Кувајт во февруари 2018, беа одобрени 30 милијарди долари, главно во форма на кредити и гаранции. До сега не сите овие одобрени средства се материјализирани, што ќе влијае на напорите за реконструкција. Напорите за стабилизација исто така се пролонгираат заради политичката несигурност околу формирањето на влада после изборите во сојузен Ирак и во курдскиот регион од Ирак во 2018 година“; OCHA, Iraq: 2018 Humanitarian Response Plan (февруари 2018), 21 март 2018, https://bit.ly/2Jiwv7P. стр. 13. Во времето на пишување на овој документ, според извештаите, имало само ограничен напредок во исполнувањето на ветувањата дадени во Кувајт во февруари 2018; Musings on Iraq, Iraq Has No Reconstruction Plan for War Torn Areas, 20 март 2019, https://bit.ly/2PyAVeX; The Arab Weekly, A Year after Kuwait Conference, Iraq is no Closer to Reconstruction, 17 февруари 2019, https://bit.ly/2GIn6b6; AP, Plunge in Oil Prices Threatens Iraq's Postwar Recovery, 1 јануари 2019, https://bit.ly/2Mwhvpw; Sky News, How Is the Reconstruction of Iraq Going?, 31 јануари 2019, https://bit.ly/2Tpef1I; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. iv, vi, 122. Според набљудувачите буџетот на Ирак за 2019 не вклучува соодветно трошење за реконструкција; CNBC, Iraq's Massive 2019 Budget still Fails to Address Reform Needs, Experts Say, 30 јануари 2019, https://cnb.cx/2WuLKSo.

[295] „Опсегот, размерот и сложеноста на контаминацијата со експлозивни направи во ослободените области на Ирак е значителен, и ги надминува постојните и достапните национални капацитети за управување со опасности од експлозивни направи. Импровизираните експлозивни направи (ИЕН) во Ирак се без преседан, и ги има и во урбаните и во руралните средини, паметно скриени со намера да осакатат или убијат, и при тоа на мета не ги имаат само борците во конфликтот. Безбедносните сили и цивилите и понатаму трпат сериозни загуби како резултат на широко распространетата употреба на овие направи“; United Nations Mine Action Service (UNMAS), A Snapshot of Clearance – Progress Made in 2018 and Moving On, пристапено на 30 април 2019, https://bit.ly/2PjBiZs. „Цивилите – особено мажите и момчињата - и понатаму се изложени на сериозен ризик заради ограничените познавања на ризиците од опасни експлозивни направи, додека

негодување заради невработеноста, корупцијата и лошите јавните услуги, особено снабдувањето со електрична енергија, беше причина за низа демонстрации во Багдад и јужен Ирак во 2018 година.[297]

Иако општиот хуманитарен пристап се подобри после крајот на големите воени операции на крајот од 2017 година, хуманитарните актери јавуваат за значителни пречки во навремената достава на хуманитарна помош.[298] Пристапот до хуманитарна помош претставува особен предизвик за ВРЛ надвор од камповите.[299]

Цивилниот и хуманитарниот карактер на камповите за ВРЛ според извештаите е компромитиран од присуството на вооружени лица, особено на припадници на вооружени сили блиски на властите, како резултат на што има случаи на своеволно приведување, малтретирање и физичко насилство врз ВРЛ и хуманитарните работници, сексуална експлоатација и злоупотреба, како и одбивање да се даде хуманитарна помош.[300]

Како резултат на конфликтот, раселувањето и конфискувањето документи, многу ВРЛ и повратници не ја поседуваат клучната документација, со што се ограничува пристапот до основните услуги, се ограничува слободата на движење и се зголемува ризикот од своеволно приведување.[301] На лицата што се поврзани со реални или перцепирани припадници на ИСИС не

---

пристапот до помош за жртвите и понатаму не е еднаков на целата територија на Ирак"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 29.

[296] Види Дел II. В („Присилно раселување и враќања").

[297] Al Jazeera, Electricity Cuts Across Iraq Make Life Unbearable in Summer Heat, 31 јули 2018, http://aje.io/z2fqm; France 24, No Water or Electricity: Why Southern Iraqis Are at a Breaking Point, 24 јули 2018, http://f24.my/3KDO.T.

[298] „Пристапот до одредени области и понатаму е тежок, особено во округот Хавига во Киркук, одредени окрузи во Салах ал-Дин и Дијала, западна Нинева и западен Анбар"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр.30. OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 26-27, 29; Mercy Corps, Iraq Facing "Aid Deserts" as Areas Could Become No-Go Zones for Humanitarians, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TxKtvi; UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP, пара. 68; OCHA, Iraq: Humanitarian Bulletin, октомври 2018, 20 ноември 2018, https://bit.ly/2D3Jaek. стр. 2.

[299] „Мнозинството од хуманитарниот одговор до денешен ден се фокусира на опслужување на лицата што се раселени во кампови, иако на ова население отпаѓаат само 29 проценти од вкупниот број на ВРЛ население. (…) Проширувањето на помошта на населението надвор од кампот, особено во 20 приоритетни окрузи со највисока густина на раселени лица, претставува приоритет за 2019"; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 9, 27. „Се проценува дека помошта стига само до 10 проценти од преостанатите 1,5 милиони коишто живеат надвор од камповите"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 22.

[300] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 30-31. „ВРЛ велат дека не се подготвени да ги пријават овие инциденти, бидејќи се плашат дека може да бидат присилени да ги напуштат камповите"; OCHA, Iraq: Humanitarian Bulletin, октомври 2018, 20 ноември 2018, https://bit.ly/2D3Jaek. стр. 2. Види исто така, Дел III.А.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС") и Дел III.А.7 („Хуманитарни работници").

[301] „Значителен број на ВРЛ имаат пријавено дека се соочени со ограничувања на нивната слобода на движење, бидејќи немаат граѓанска документација. Безбедносните проблеми и големите трошоци за патување честопати се наведуваат како фактори што ги спречуваат ВРЛ да не се вратат во своите области на потекло за да добијат или да ги обноват документите"; UNHCR, Iraq Protection Update – January 2019, 31 јануари 2019, https://bit.ly/2L1EYld. стр. 1 „Во Ирак 8 проценти од домаќинствата на ВРЛ кои не се во камповите, 10 проценти од домаќинствата на ВРЛ кои се во камповите и 6 проценти домаќинства што останале пријавиле дека немаат документација, без која тие не можат да ги остварат своите основни

им се издава никаква граѓанска документација заради нивните наводни политички мислења по асоцијација.[302] Во 2019 година околу 2,1 милион деца, според проценките, можеби ќе се соочени со сериозен ризик да не можат да пристапат до основните услуги заради недостаток на граѓанска документација.[303]

## 1) Засолниште

Хроничниот недостаток[304] на станбен простор во Ирак се има дополнително влошено со годините на конфликт и масовното уништување на домовите како резултат на истиот.[305] Оние со помалку средства се присилени да живеат во супстандардни и пренатрупани живеалишта без никаков или мал пристап до основни услуги и без никаква сигурност на закупот или заштита од протерување.[306] Утврдено е дека повеќе од 3,3 милион луѓе, или 13 проценти од населението, живеат во диви населби, главно во гувернорати на Багдад и Басра.[307]

---

граѓански права"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 31. Види исто така, Al Jazeera, Iraq's Undocumented Children: 45,000 IDPs Denied Basic Rights, 30 април 2019, https://aje.io/mchvn; MRGI, Alternative Report to the Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD) -Review of the Periodic Report of Iraq, 2018, http://bit.ly/2VKsoYo, пара. 19; UNHCR, Iraq Protection Update – November 2018, 30 ноември 2018, https://bit.ly/2FbJbiR. стр. 1; NRC/IDMC, Nowhere to Return to, 1 ноември 2018, www.refworld.org/docid/5beb01d74.html. стр. 29

[302] Види Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС").

[303] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 9. Види исто така, AP, Iraqi Women, Children Bear the Burden of ISIS Legacy, 24 април 2019, https://bit.ly/2vkAOdS. За последиците по децата што немаат документи, вклучително и преглед на нивната поврзаност со лица кои се припадници на ИСИС или се смета дека се припадници на ИСИС, види Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности").

[304] „(…) од средината на осумдесеттите години од XX век Ирак страда од нестабилност и војни што доведе до континуирано влошување на неговиот станбен сектор (UN-Habitat, 2003). Во моментов, малку домови се градат и недостатокот на домови изнесува околу 1-1,5 милиони станбени единици, што е еднаков на бројот на речиси една четвртина од целиот станбен фонд на земјата"; Omar Al-Hafith, Satish B.K., Simon Bradbury, Pieter de Wilde, A Systematic Assessment of Architectural Approaches for Solving the Housing Problem in Iraq, 6 октомври 2018, https://bit.ly/2O6RVqv.

[305] Ирачката влада проценува дека над 138.000 станбени згради биле погодени од конфликтот, од кои половина биле толку уништени што нема можност за нивна реконструкција, со што се погодени најмалку 400.000 луѓе. За обновата и реконструкцијата на станбениот сектор во седумте гувернорати погодени од конфликтот т.е. Ал-Анбар, Бабел, Дијала, Киркук, Нинева, Салах Ал-Дин и Багдад, се проценува дека се потребни повеќе од 17,4 милијарди ам. долари; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. iv, vi, xv. Види исто така, UN Habitat, Housing Damage and Rehabilitation Database (September 2018), 1 септември 2018, https://bit.ly/2EPqQse. стр. 1.

[306] OCHA, Humanitarian Bulletin Iraq – May 2018, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2SCrsV8. стр. 2-3; Global Protection Cluster, Strategy of the Iraq Housing, Land and Property Rights (HLP) Sub-Cluster, септември 2016, https://bit.ly/2P1FT79. стр. 1.

[307] UN Habitat/UNICEF, Iraq: Key Facts (февруари 2018), https://bit.ly/2NNiNM3. стр. 4. „Податоците од министерството [Министерството за планирање] укажуваат дека имало 3.687 заедници кои живеат во апсолутна сиромаштија во 12 гувернорати. Со население од 8 милиони, Багдад е на врвот од листата со 1.000 сиромашни квартови, по кој следат покраината Басра (со околу 3 милиони население) со 700 сиромашни квартови. Покраините Наџаф и Карбала ја заокружуваат листата со 89 сиромашни квартови"; The Arab Weekly, The Slums of Mesopotamia, 18 декември 2018, https://shar.es/aaTYXn. „(…) Неформалното домување расте во земјата; во Багдад меѓу 2004 и 2010 година бројот на дивоградби, околу 24.000, го надмина бројот на легално изградени објекти, кој изнесува околу 22.000 (…). Слична е ситуацијата и во другите градови како што е Басра"; Omar Al-Hafith, Satish B.K., Simon Bradbury, Pieter de Wilde, A Systematic

Мнозинството (61 проценти) од ВРЛ, според извештаите, самите се снашле, или изнајмуваат станови или престојуваат во семејства, додека 31 процент живеат во кампови,[308] а осум проценти живеат во т.н. „критични засолништа" како што се незавршени или напуштени згади, училишта, верски објекти и диви населби.[309] Во областите на раселување или враќање, кириите имаат пораснато заради зголемената побарувачка, како резултат на што има повторно раселување на оние што не можат да си дозволат толкави трошоци.[310] Несоодветните услови на домување и понатаму се клучен фактор на загриженост за ВРЛ надвор од камповите.[311] ВРЛ, особено оние што живеат во диви населби, се ранливи на присилни иселувања од страна на локалните власти или сопствениците на имотот.[312] Со оглед дека камповите ги градат и со нив управуваат различни

---

Assessment of Architectural Approaches for Solving the Housing Problem in Iraq, 6 октомври 2018, https://bit.ly/2O6RVqv. Види исто така, AFP, In Iraq's Oil-Rich Basra, Shanty Towns Flourish, 19 април 2018, https://bit.ly/2EJnFm1; Iraqi News, Iraq: Annual Inflation Down 0.8%, Slums Host 13% of Population, 20 март 2018, https://bit.ly/2EMBiRq; UN Habitat, New Research Finds 3.2 Million Iraqis Living in Informal Settlements, 19 септември 2017, www.ecoi.net/en/document/1410292.html.

[308] Гуверноратите Нинева и Дохук се домаќини на најголемиот број на ВРЛ во камп во кој живеат речиси половина од сите ВРЛ сместени во кампови. За карта на камповите за ВРЛ, види OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 12.

[309] Има значителни варијации меѓу гуверноратите. Живеењето во засолништа во лоша состојба почесто се пријавува во гуверноратите Кадисија (37%), Салах Ал-Дин (27%); Кербала (24%), Васит (18%), Дохук (14%) и Ал-Анбар (14%) споредено со националниот просек (8%); IOM, DTM Round 108 – February 2019, 20 март 2019, http://bit.ly/2Jv0MF7. стр. 4. Во Гуверноратот Дохук околу 25.000 ВРЛ живеат во 115 диви населби. Ова е најголем број на диви населби на целата територија на Ирак; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 34. Види исто така, UNHCR, UNHCR Iraq Factsheet - November 2018, 29 ноември 2018, https://bit.ly/2rz8BOp. стр. 2.

[310] „Во областите на раселување, особено во северните гувернорати каде се наоѓа најголемиот дел од ВРЛ, цените за кирија растат поради што уште поверојатен е ризикот од дополнително раселување во супстандардните засолништа"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 42. „Цените на кириите не се контролираат [во КР-И], а со напливот на ВРЛ цените на куќите растат"; WFP/UNHCR, Joint Vulnerability Assessment јуни 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2DyL1dn. стр. 37. „Една третина од раселените жители од Мосул за НБС имаат изјавено дека можно е да бидат исфрлени од местото каде што живеат, бидејќи не можат да ја платат киријата"; NRC, Mosul still a Pile of Rubble One Year on, 5 јули 2018, https://bit.ly/2IWO4cP. „Повеќето внатрешно раселени семејства кои одат во камповите како примарна причина за своето раселување го наведуваат немањето засолниште бидејќи домот им бил уништен и/или високите кирии (...)"; UNHCR, Iraq: Bi-Weekly Protection Update (5 - 16 април 2018), 16 април 2018, https://bit.ly/2z9NYvD. стр. 2. Види исто така, World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 2; Niqash, Another Sort of Killing: Mosul Real Estate Crisis Sees Rents Go Sky High, 5 јули 2017, https://bit.ly/2zrrpmr

[311] UNHCR, Iraq Protection Update -август 2018, 31 август 2018, https://bit.ly/2SbVyP2. стр. 1; IOM, Integrated Location Assessment II - Part I Thematic Overview, октомври 2017, https://bit.ly/2JkaVAI. стр. 29-30; Protection Cluster Iraq, Emergency Response to Housing, Land and Property Issues in Iraq, 2016, https://bit.ly/2yymmks. стр. 2.

[312] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 30. "Мнозинството ВРЛ што живеат во изнајмени домови немаат писмен договор за изнајмување и затоа се соочени со висок ризик да бидат избркани. ВРЛ се соочени со тешкотии околу обновувањето на изгубената граѓанска документација што им е неопходна за да склучат договор и непознавање на договорите за изнајмување и нивното прифаќање е на ниско ниво. Жените во Ирак ретко склучуваат договори за изнајмување, поради што се особено ранливи на протерувања"; Protection Cluster Iraq, Emergency Response to Housing, Land and Property Issues in Iraq, 2016, https://bit.ly/2yymmks. стр. 2. Види исто така, Rudaw, Christian IDPs Sheltering above Erbil Bazaar Threatened with Eviction, 5 март 2019, https://bit.ly/2H8KSyz; REACH, Multi-Cluster Needs Assessment (MCNA) -In-Camp IDPs, септември 2018,

актери, стандардите за сместување многу варираат, и се движат од засолништа со повисоки стандарди (на пр. приколки и станбени единици) до засолништа за итни ситуации (шатори со или без подлога од цемент).[313] ВРЛ коишто живеат во кампови и диви населби се особено изложени на екстремни временски услови.[314] Затворањето на камповите за ВРЛ резултираше со прерано и, по некогаш, присилно враќање на ВРЛ во нивните области на потекло и/или секундарно раселување.[315]

Големо мнозинство од ВРЛ коишто се повратници се враќаат во поранешните места на живеење коишто се во добра состојба. Меѓутоа други живеат во семејства-домаќини или под кирија, додека 130.000 повратници живеат во критични засолништа.[316] Оштетените и уништените домови како и нерешените прашања поврзани со ДЗИ се некои од главните пречки за враќањето на ВРЛ.[317]

## 2) Услови за егзистенција

Годините на конфликт и падот на цените на нафтата повторно доведоа до брз пораст на сиромаштијата,[318] особено во областите погодени од конфликтот и во областите со голем број на

---

https://bit.ly/2CWipsP. стр. 2; UNHCR, Iraq -Monthly Protection Update (28 May-1 July), 1 јули 2018, https://bit.ly/2RUjvtY; UNHCR, Iraq Protection Cluster: Salah al-Din Returnees Profile - March 2018, 31 март 2018, https://bit.ly/2D4M2cd. стр. 2; IOM, Integrated Location Assessment II -Part I Thematic Overview, октомври 2017, https://bit.ly/2JkaVAI. стр. 35.

[313] Повеќе од 20.000 домаќинства се проценуваат дека имаат потреба да ги заменат шаторите и се изложени на сурови климатски услови. Исто така, „Во многу од овие кампови, севкупните минимум стандарди на услугите се немаат подобрено значително од првичната фаза кога се реагирало заради итноста на состојбата, заради отсуството на инвестиции и надградување. Голем број на случаи, долгото траење на раселувањето и староста на камповите (некои од камповите постојат повеќе од четири години, особено во Дахук), исто така се фактори што придонесуваат“; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 8, 17. Педесет проценти од домаќинствата на ВРЛ кои беа анкетирани истакнаа дека имаат потреба од помош околу засолништето; REACH, Multi-Cluster Needs Assessment (MCNA) -In-Camp IDPs, септември 2018, https://bit.ly/2CWipsP. стр. 4. Види исто така, Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW; The New Humanitarian, As Displacement Runs to Years, Northern Iraq Camps Need an Overhaul, 25 февруари 2019, https://bit.ly/2Xpg1SY; WFP/UNHCR, Joint Vulnerability Assessment јуни 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2DyL1dn. стр. 48.

[314] The New Humanitarian, As Displacement Runs to Years, Northern Iraq Camps Need an Overhaul, 25 февруари 2019, https://bit.ly/2Xpg1SY; UNICEF, Latest Threat to Displaced Children in Iraq: Winter, 10 декември 2018, https://uni.cf/2Roc6BK; Kurdistan 24, Latest Floods in Kurdistan Kill Teen, Damage IDP Camp, Close Roads, 7 декември 2018, https://bit.ly/2TlVkVL; Rudaw, Flooding Ruins Yezidi IDP Camp, Kills Villagers in Northern Iraq, 23 ноември 2018, https://bit.ly/2HEbR5T; OCHA, Iraq: Floods Leave Hundreds of Families Strained in Sinjar Mountain, 23 мај 2018, https://bit.ly/2DJlD2U; IOM, Soaring Temperatures Next Challenge for Mosul Displaced: IOM, мај 2017, https://bit.ly/2qqzZPo.

[315] Види Дел II.Г.3.б („Присилни и предвремени враќања“).

[316] Во гуверноратите Багдад и Дијала, дури 10 односно 12 проценти од повратниците според извештаите живеат во засолништа во тешки услови. Во апсолутни бројки, од оние што живеат во критични засолништа 85 проценти се во три гувернорати: 41 процент во Нинева, 24 процени во Салах Ал-Дин и 20 проценти во Гуверноратот Дијала. На некои локации повеќе од 70 проценти од повратниците живеат во засолништа во лоша состојба; IOM, DTM Round 108 – February 2019, 20 март 2019, http://bit.ly/2Jv0MF7. стр. 4.

[317] Види Дел II.Г.3.а („Пречки за враќања”).

[318] „Почнувајќи од 2014 година, Ирак страда од серија шокови, вклучително и војната против Исламската држава во Ирак и Левант (ИСИЛ) – кои контролираа една третина од територијата на Ирак – внатрешното раселување на милиони луѓе, остриот пад на цената на нафтата и од неодамна предизвиците поврзани со враќањето на бегалците и на внатрешно раселените лица во областите ослободени од окупација на ИСИЛ.

ВРЛ.[319] И покрај подобрената економска перспектива после крајот на големите воени операции, стапката на сиромаштија во областите погодени од конфликтот се нема намалено.[320] За многу домаќинства вработувањето не нуди излез од сиромаштијата.[321] Децата според извештаите го сочинуваат најголемиот дел од луѓето што живеат во сиромаштија.[322]

Конфликтот од 2014-2017 година според извештаите го прекина падот во невработеноста.[323] Невработеноста е особено висока кај жените[324] и младите.[325] При вработувањето во јавниот сектор

---

Како резултат на сето ова условите за живеење во Ирак се влошија и голем дел од населението падна во сиромаштија"; UNDP, Policy in Focus -Social Protection: Meeting Children's Rights and Needs, Vol. 15 (3), декември 2018, https://bit.ly/2D0uxIE. стр. 16.

[319] Иако во 2012 година стапката на сиромаштија на национално ниво изнесуваше 18,9 проценти, истата наводно пораснала на 22,5 проценти во 2014, што значи дека дополнителни три милиони Ирачани биле турнати во сиромаштија. Во областите погодени од конфликт, стапката на сиромаштија надминува 40 проценти, а во КР-И таа порасна од 3,5 проценти на 12,5 проценти како резултат на големиот прилив од 1,4 милиони ВРЛ и над 240.000 бегалци од Сирија; World Bank, Iraq Economic Monitor: From War to Reconstruction and Economic Recovery, Spring 2018, https://bit.ly/2mPDR9l. стр. x. Види исто така, Rudaw, 22 Percent of Iraqis Live in Poverty, 23 октомври 2018, https://bit.ly/2z1Au4U; Al Jazeera, Ramadan in Post-ISIL Iraq: 'For Us It's only Hunger and Poverty', 24 мај 2018, https://bit.ly/2KSogQo.

[320] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 13. „Стапката на монетарната сиромаштија се очекува да падне од нивото од 2014 година (22,5 проценти) како резултат на неодамнешниот економски раст и подобрување на безбедносната ситуација, но ќе остане нееднакво дистрибуирана низ земјата. Животниот стандард во областите погодени од конфликт веројатно е сè уште по под нивото од 2014 заради прекините на активноста на пазарот на трудот и општата стопанска активност. ВРЛ исто така е веројатно да искусат сериозни загуби преку загубени работни места и извори на егзистенција"; World Bank, The World Bank in Iraq -Overview, последен пат ажуриран на 1 април 2019, www.worldbank.org/en/country/iraq/overview.

[321] Уште пред неодамнешниот конфликт „работните места не нудеа излез од сиромаштијата со оглед дека 70 проценти од сиромашните се во домаќинства каде главата на семејството е вработен"; World Bank, Iraq Economic Monitor: From War to Reconstruction and Economic Recovery with a Special Focus on Energy Subsidy Reform, Spring 2018, https://bit.ly/2mPDR9l. стр. x, 10. Види исто така, OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 8, 61; Rudaw, Sadr City Epicenter of Poverty in Iraq's Capital, 27 април 2018, https://bit.ly/2QgEmq3; Xinhua, Feature: War, Poverty in Iraq Lead to Sharp Rise in Number of Elderly Laborers, 15 февруари 2018. https://bit.ly/2SE2oNk.

[322] UNDP, Policy in Focus -Social Protection: Meeting Children's Rights and Needs, Vol. 15 (3), декември 2018, https://bit.ly/2D0uxIE. стр. 16-17. „Мнозинството сиромашни деца не добиваат никаква форма на владина помош"; UNICEF, Deep Inequality Continues to Shape the Lives of Children in Iraq, 19 ноември 2018, https://uni.cf/2RN8Ggk. Во јужните гувернорати, „каде стапката на сиромаштија е повисока од 30 проценти, (...) преваленцата на детска сиромаштија е 50 проценти"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 10. Види исто така долу под „Образование".

[323] „Стапката не невработеност, којашто паѓаше пред доаѓањето на ИСИЛ, повторно се качи на нивоата од 2012 година. Речиси четвртина од работоспособното население не е доволно искористено, односно или не се вработени или не се доволно ангажирани"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 13. Светската банка проценува дека заради конфликтот изгубени се околу 800.000 работни места и дека стапката на невработеност може да достигне 15 проценти во 2017 година; World Bank, Iraq Economic Monitor: From War to Reconstruction and Economic Recovery with a Special Focus on Energy Subsidy Reform, Spring 2018, https://bit.ly/2mPDR9l. стр. x, 10. Види исто така, United Nations Population Fund (UNFPA)/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV. стр. 4, 38-43.

[324] Уделот на женската работна сила според извештаите е под и онака ниските стапки на учество на жените во работна сила на Блискиот исток и во Северна Африка. Невработеноста е особено висока кај младите жени: „Во 2017 околу 56 проценти од младите жени не биле вработени во споредба со 29 проценти од

генерално доминира непотизмот и кронизмот по семејни, племенски, етнички и политички основ.[326]

Пристапот до вработување и можности за заработувачка и понатаму претставуваат значителен предизвик за ВРЛ[327] и за повратниците, што од своја страна влијае на нивната способност за пристап до храна, засолниште, здравствена заштита, образование и комунални услуги.[328] Пристапот до владините социјални програми, како што се месечните јавни системи за дистрибуција (ЈСД) и Програмата за социјална заштита со парична помош според извештаите и понатаму е проблематичен.[329] Многу ВРЛ и понатаму се задолжуваат и/или се одлучуваат на негативни механизми за справување во обид да ги задоволат своите најосновни потреби.[330]

---

младите мажи“; World Bank, Iraq Economic Monitor: From War to Reconstruction and Economic Recovery with a Special Focus on Energy Subsidy Reform, Spring 2018, https://bit.ly/2mPDR9l. стр. 10. Во КР-И, "жените во работната сила учествувале со едвај 15% од жените на работоспособна возраст – за мажите учеството во работната сила изнесува 70%"; UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV. стр. 38. Види исто така, NRC, East Mosul, Iraq Labor Market Assessment, септември 2017, https://bit.ly/2Jy6VwD. стр. 15

325 „Младите не се доволно застапени на владините работни места, а ограничениот пораст на приватниот сектор нема генерирано големи можности за вработување, особено за младите Ирачани. Од 2005 до 2014, невработеноста меѓу младите (15-24 години) во Ирак никогаш нема паднато под 32 проценти, и покрај економскиот пораст кој во просек е 6 проценти во текот на тој период, а вработеноста на младите се процедува дека има пораснато над 33 проценти од тогаш“; World Bank, Iraq Economic Monitor: From War to Reconstruction and Economic Recovery with a Special Focus on Energy Subsidy Reform, Spring 2018, https://bit.ly/2mPDR9l. стр. 10. Види исто така, Kurdistan 24, New Kurdistan Survey Shows High Youth Unemployment, Low Income, 13 септември 2018, https://bit.ly/2HoppAL; Financial Post, Soaring Unemployment Fuels Protests in Southern Iraq, 26 јули 2018, https://bit.ly/2zmK8zu; Rudaw, Youth Unemployment a Major Challenge for Iraq’s Next Government, 16 мај 2018, https://bit.ly/2L8H9zC.

326 "„Ефикасноста на владините институции, како и на јавната администрација, страдаат од дистрибуцијата на работните места според етничката припадност што го ограничува вработувањето според заслуги. (…) Клиентелизмот и етноцентричноста го попречуваат развојот на меритократската култура во државната администрација. Иако некои институции имаат воведено конкурентни процедури за регрутирање, и ангажирањето и отпуштањето генерално се политички мотивирани“; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf. стр. 14, 30. „За малцинствата што живеат во КРИ или областите под *де факто* контрола на курдските власти, пристапот до работните места во јавниот сектор честопати е условен од поддршката на главните курдски политички партии“; MRGI, Alternative Report to the Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD) -Review of the Periodic Report of Iraq, 2018, http://bit.ly/2VKsoYo, пара. 18. Види исто така, ICG, A New Generation of Activists Circumvents Iraq's Political Paralysis, 5 март 2019, https://bit.ly/2tRjLzl.

327 „Помалку возрасни ВРЛ имаат работа, така што секое вработено возрасно лице во едно домаќинство на ВРЛ поддржува повеќе од шест други членови на семејството”; World Bank, Iraq's Economic Outlook - October 2018, 3 октомври 2018, https://bit.ly/2QZjCD9. стр. 2.

328 OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 4. „Особено е тешко за внатрешно раселените лица што живеат во кампови да најдат работа (половина од мажите имаат изгубено надеж дека ќе најдат работа)“; UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV. стр. 42.

329 „Пречките вклучуваат недостаток на потребната граѓанска документација за запишување во социјалните програми, несоодветен капацитет за проценка на властите и комплицирани процедури за регистрација,“ OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 9. Види исто така долу под „Безбедност во однос на достапноста до храна“.

330 "„Од оние коишто можат да бидат проценети на кредибилен начин, се проценува дека 24 проценти од внатрешно раселените семејства користат негативни механизми за справување со вонредната ситуација за да одговорат на најосновните потреби, па така децата не одат на училиште за да работат, се занимаваат со

Немањето приходи се посочува како пречка за враќањата, како и причина за повторно раселување на повратниците.[331]

Голем дел од населението во Басра и други делови од југоисточен Ирак и понатаму се потпираат на земјоделството како на главен извор на приход; меѓутоа, заради постојаната криза со водоснабдувањето, егзистенцијата на многу земјоделци е загрозена поради што има значително движење на населението од руралните кон урбаните области во регионот.[332]

## 3) Безбедност во однос на храната

Последиците од конфликтот во 2014-2017 по земјоделското производство и безбедноста во однос на храната и понатаму се сериозни.[333] Конфликтот резултираше со големи загуби на стока, штети кај земјоделската опрема и механизација и широко распространета контаминација на земјоделското земјиште со неексплодирани експлозивни направи.[334] Споредено со нивоата пред конфликтот, капацитетите за земјоделско производство се имаат намалено за околу 40

---

криминални активности, се склучуваат детски и присилни бракови. Повеќе од 60 проценти од засегнатите лица кои беа анкетирани пријавија дека им се трупа долг, главно заради покривање на основните потреби; просечниот износ на долгот по домаќинство изнесува 2,2 милиони ирачки динари (еквивалентни на 1.800 долари).“ Исто така: „Користењето на секс за преживување стана премногу вообичаена пракса заради ограничените економски можности и проблеми со помошта“; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 4, 29.

[331] Види Дел II.Г.3.а („Пречки за враќања”).

[332] „Земјоделскиот сектор е главен извор на егзистенција за над 70% од руралните заедници низ целиот гувернорат [на Басра] и е најголемиот извор на вработување во руралните области. (…) Заради проблемите во земјоделскиот сектор, како директна последица од климатските промени, вклучително и понискиот водостој на реките, зголемената соленост на водата и намалените врнежи, голем број на земјоделци и сезонски работници сега немаат можности да заработат за егзистенција. Ова поттикна значително движење на населението од руралните во урбаните области во регионот, бидејќи луѓето бараат алтернативни можности за заработувачка. Мнозинството од овие луѓе немаат соодветни вештини за да обезбедат формално вработување. Жените дополнително се погодени во обезбедувањето на алтернативни можности за животна егзистенција, со оглед дека не им е дозволено да работат, заради културните ограничувања”; NRC, Basra Fact Finding Mission Report #3, 19 октомври 2018, https://bit.ly/2RxrKLG. стр. 4. Види исто така, Al Bawaba, The Decimation of the Fertile Crescent’s Marshlands is Destabilizing Iraq, 4 февруари 2019, https://bit.ly/2t7qjct; The Independent, Iraq Water Shortages Could Force Four Million People to Flee Their Homes, 8 октомври 2018, https://ind.pn/2C3wV1f; MEE, Drought, Dams and Dry Rivers: Iraqi Farmers Are Giving Up Hope, 18 септември 2018, https://shar.es/a1MsBM.

[333] Споредено со нивоата пред конфликтот, капацитетот за земјоделско производство според извештаите се има намалено за околу 40 проценти; Food and Agriculture Organization (FAO), Iraq – Recovery and Resilience Plan 2018-2019, 8 февруари 2018, https://bit.ly/2EFiljF. стр. 1.

[334] FAO, Iraq – Recovery and Resilience Plan 2018-2019, 8 февруари 2018, https://bit.ly/2EFiljF. стр. 1. „Последиците од конфликтот предизвикан од ИСИЛ врз земјоделскиот сектор се поразителни и вклучуваат огромни движења на населението, уништување и оштетување на водните системи, структурата за наводнување и другата инфраструктура, прекини во ланците на вредност и загуби на личниот имот, приносите и стоката и снабдувањето со храна“; FAO, Restoration of Agriculture and Water Systems Sub-Programme, октомври 2018, https://bit.ly/2SmjrmT. стр. vii. „Земјоделството е особено погодено, со постојани загуби во производството, складирањето и стоката, што има негативни последици по приходите и вработувањата во земјоделството, како и безбедноста во однос на достапноста на храна“; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. xvii. Види исто така, Reuters, Special Report: How Iraq's Agricultural Heartland Is Dying of Thirst, 25 јули 2018, https://reut.rs/2Od8fY1; FAO, Humanitarian Response Plan 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2yLhqb8. стр. 2; EPIC, Iraqi Agriculture in Crisis, 20 јули 2017, https://bit.ly/2z5VuHX.

проценти.[335] Намалената куповна моќ заради ограничените можности за заработувачка и недоследноста во обезбедување на оброци преку ЈСД,[336] особено во областите претходно под контрола на ИСИС, наводно го имаат ограничено пристапот за населението до храна.[337] Последователно, според процените за околу два милиони лица се сметаат дека не се безбедни во однос на храната.[338] Мнозинството (60 проценти) од лицата кои не се безбедни во однос на храната живеат во областите коишто претходно биле под контрола на ИСИС, при што домаќинствата во кои главата на семејството е жена се најранливи.[339] Ранливите домаќинства наводно се обидуваат да се справат со состојбата со негативни и неодржливи стратегии како што е намалување на големината на оброците и на нивниот број или се задолжуваат.[340]

## 4) Здравствена заштита

Во изминативе децении, состојбата со јавниот здравствен систем постојано се влошува како резултат на циклуси на конфликт, години на економски санкции, финансирање на корекции на недостатоци, корупција и запоставеност.[341] Конфликтот против ИСИС сериозно оштети или уништи

---

335 "„Пред ИСИЛ да преземе контрола врз централен и северозападен Ирак во 2014, земјоделското производство (…) во Нинева и Салах Ал-Дин обезбедувало речиси 70 проценти од приходите на домаќинствата. Околу 70 до 80 проценти од посевите со пченка, пченица и јачмен биле оштетени или уништени во Салах Ал-Дин. Во Нинева, 32 проценти од земјата што се користела на одгледувањето пченица била сериозно оштетена, а 68 проценти изгубена. Само околу 20 проценти од земјоделците се смета дека имаат пристап до наводнување споредено со 65 проценти пред кризата"; FAO, Humanitarian Response Plan 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2yLhqb8. стр. 2.

336 The PDS remains Iraq's biggest social safety net; WFP, WFP Supports Iraq in Modernising its Public Distribution System, 9 јануари 2019, https://bit.ly/2FpUQd1.

337 „(…) иако 97 проценти од домаќинствата добиваат оброци како дел од јавниот систем за снабдување, само 74 проценти од ВРЛ имаат пристап до истиот"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 34. Во областите кои претходно биле под ИСИС пристапот до субвенционирани основни следувања на храна преку јавниот систем за дистрибуција според извештаите е попречен како резултат на проблемите со неексплодирани експлозивни направи и логистички тешкотии; WFP, Evidence from WFP Multi-Purpose Cash Operations: A Report on Pre/Post Outcome Results of MPCA in Mosul, Iraq – мај 2018, 7 јуни 2018, https://bit.ly/2pZlPTZ. стр. 3. „Домаќинствата [во повторно заземените и недостапни области] имаат ограничен пристап до јавниот систем за дистрибуција (ЈСД), како важна безбедносна мрежа со која владата им обезбедува на Ирачаните одредено утврдено количество брашно, ориз и масло за готвење. Според проценката од октомври 2017 година, 74 проценти од жителите и 90 проценти од повратниците во Мосул не добиваат никаква ЈСД помош"; Food Security Information Network/WFP, Global Report on Food Crises 2018, 21 март 2018, https://bit.ly/2RZ7ROH. стр. 76. Во октомври 2018, околу 65 проценти од ВРЛ во камповите добиваат само половина од она што им следува во рамките на ЈСД заради финансиски проблеми; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 8.

338 Повеќето од нив (77 проценти) се жени, деца и стари лица; FAO, Humanitarian Response Plan 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2yLhqb8. стр. 2. Види исто така, OCHA, Iraq: 2018 Humanitarian Response Plan (February 2018), 21 март 2018, https://bit.ly/2Jiwv7P. стр.43; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc. стр. 17.

339 „Во некои гувернорати 43% од раселените домаќинства чија глава е жена, имаат проблеми со обезбедување на доволно храна"; FAO, Humanitarian Response Plan 2018, 2 август 2018, https://bit.ly/2yLhqb8. стр. 2.

340 Ибид; FAO, Restoration of Agriculture and Water Systems Sub-Programme, октомври 2018, https://bit.ly/2SmjrmT. стр. 8; REACH, Comparative Multi-Cluster Assessment of Internally Displaced Persons Living in Camps – Iraq, јули 2017, https://bit.ly/2xWJBDJ. стр. 18-19.

341 „Здравствената состојба на населението во Ирак претрпе сериозни удари заради децениите на воени и економски санкции. (…) Здравствените услуги се влошени, а секторот се соочува со континуиран дефицит на

многу здравствени установи, но и покрај обновата на дел од нив, капацитетот сè уште ги нема достигнато нивоата од пред војната.[342]

Јавните здравствени установи честопати лошо се одржуваат и постојаниот проблем со дефицит на лекови многу загрижува, како и недостатокот на квалификувани здравствени работници.[343] Условите се релативно подобри во КР-И; меѓутоа, здравствената инфраструктура во регионот е

---

лекови и други производи. Исто така, актуелниот конфликт и лошата безбедносна состојба дополнително ја оштетија здравствената инфраструктура во земјата. Многу здравствени работници имаат избегано барајќи безбедно засолниште во соседните земји и странство, и пристапот на населението до основни здравствени услуги станува сè попроблематичен. „Животниот век во Ирак е околу 69 години, цифра што е под таа на сличните земји и просекот на МЕНА од 73 години. Иако животниот век има пораснато од шеесеттите години од минатиот век, растот се чини дека стагнира во последната декада, веројатно заради тековниот конфликт во земјата. Индикаторите за здравјето на мајката и детето во Ирак ги немаат остварено милениумските развојни цели (МРЦ): Неисхранетоста се јавува како важен предизвик во јавното здравје, особено кај децата помали од пет години"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 20. Види исто така, EPIC, Iraq's Public Healthcare System in Crisis, 7 март 2017, https://bit.ly/2CdVh6T.

[342] На крајот на 2018 една третина од болниците и 14 проценти од примарните здравствени установи (ПЗУ) според извештаите биле уништени во гувернoратот Нинева, додека 35 проценти од ПЗУ во Гувернoратот Киркук не работат. Во гувернoратот Ал-Анбар, 17 проценти од болниците само делумно функционираат; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 33. „За време на конфликтот, девет од 13 јавни болници се оштетени во Мосул, со што здравствениот капацитет и бројот на болнички кревети бил намален за 70 проценти. Обновата на здравствените установи оди многу споро и сè уште има помалку од 1000 болнички кревети за население од 1,8 милиони. Ова е половина од меѓународно признатиот минимален стандард во обезбедувањето здравствени услуги во хуманитарен контекст"; MSF, A Year on from Battle, Mosul's Healthcare System Is still in Ruins, 9 јули 2018, https://bit.ly/2FooEqy. „Партнерите ги имаат обновено повеќе од 50 проценти од установите на примарната здравствена заштита, додека другите, вклучително и болниците што нудат секундарни и терцијарни услуги и понатаму се затворени"; WHO, Iraq: Situation Report Issue Number 8, 1 September-30 September, 30 септември 2018, https://bit.ly/2yo96P3. стр. 2. „Што се однесува до оштетувањата на овие установи, со исклучок на Тал Афар, Ал-Мукдадја (Ибид) и Ал-Рамади, во сите други градови најмалку половина од овие установи се делумно или целосно уништени. (…) Тал Афар, Ал-Мукдадја (Ибид) и Ал-Рамади се чини дека се исклучок од градовите каде 50 проценти од повеќето установи не се воопшто оштетени"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 20. Види исто така, The Arab Weekly, Medical Doctors, a Disappearing Profession in Iraq, 31 март 2019, https://bit.ly/2Gz8Os2; The New Arab, Two Hospitals Reopen in War-Damaged Iraqi City Mosul, 9 септември 2018, https://bit.ly/2CgnRo9; The National, Charred and Understaffed, Ramadi Hospital still Bears the Scars of ISIS, 27 јуни 2018, https://bit.ly/2M8YDgk; Reuters, Health System in Mosul Remains Broken one Year after Defeat of Islamic State, 17 јули 2018, https://reut.rs/2zIng0y.

[343] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 35. „Здравството во западен Мосул и Хавиџа, каде повеќето болници и клиники биле бомбардирани, сè уште е во лоша состојба и имаат сериозен дефицит во опрема, медицински персонал и лекови"; MSF, After Years of Armed Conflict the Health Sector in some Areas of Iraq Has Almost Ground to a Halt, пристапено на 30 април 2019, https://bit.ly/2CeQJ05. „Локалните болници имаат супстандарден персонал, опрема и не можат да обезбедат ни основни лекови"; US Department of State / Bureau of Diplomatic Security, Iraq 2019 Crime & Safety Report: Baghdad, 27 февруари 2019, http://bit.ly/2OkUVkx. Види исто така, France 24, Iraq Doctors Say Vendettas Threaten Their Lives as They Save Others, 28 февруари 2019, http://f24.my/4W2V.T; The National, Charred and Understaffed, Ramadi Hospital still Bears the Scars of ISIS, 27 јуни 2018, https://bit.ly/2M8YDgk; K4D, Helpdesk Report -Iraqi State Capabilities, 18 мај 2018, https://bit.ly/2M42D1q. стр. 6. За постојаните закани со насилна одмазда против медицинскиот персонал, види исто така фуснота 453 долу.

под голем притисок како резултат на големиот број раселени лица и растот на повреди и попреченост од конфликтот.[344]

Во областите кои се повратени од ИСИС лошите хигиенски услови заради немањето вода и струја, оштетените објекти и присуството на ИЕН исто така претставуваат ризик по здравјето на луѓето и се зголемуваат потребата од здравствена заштита.[345] Отсуството на здравствени услуги е една од причините опишани како пречка за враќањата.[346]

Конфликтот против ИСИС резултираше со многу поединци коишто се физички и ментално трауматизирани или хендикепирани.[347] Меѓутоа, според извештаите има големи проблеми со недоволната психосоцијална поддршка и грижа за менталното здравје,[348] вклучително, меѓу другото, и како резултат на акутниот недостаток на психијатари и стручни лица за ментално здравје.[349]

---

[344] CEIP, A Struggle to Care for Iraq's Disabled, 20 декември 2017, https://bit.ly/2FrzvQw. Оние што можат да платат поголеми износи за лекарски услуги во приватните установи сметаат дека тие се со подобар квалитет; K4D, Helpdesk Report -Iraqi State Capabilities, 18 мај 2018, https://bit.ly/2M42D1q. стр. 13.

[345] „На пример, оваа година [2018], 95 проценти од случаите на траума примени на ургентно [во болницата на МСФ во западен Мосул] биле поврзани со небезбедни услови на живеење – на пример откачени парчиња од објекти, срушени објекти или луѓе кои паднале од нестабилни конструкции"; MSF, A Year on from Battle, Mosul's Healthcare System Is still in Ruins, 9 јули 2018, https://bit.ly/2FooEqy. Види исто така, WHO, Iraq: Situation Report Issue Number 8, 1 September-30 September, 30 септември 2018, https://bit.ly/2yo96P3. стр. 3.

[346] Види Дел II.Г.3.а („Пречки за враќања").

[347] „Потребите за менталното здравје и психосоцијалната поддршка на погоденото население се чини се поистакнати, со оглед дека претходно има извештаи за невидени стапки на самоубиства и обиди за самоубиства"; OCHA, Iraq: 2018 Humanitarian Response Plan (February 2018), 21 март 2018, https://bit.ly/2Jiwv7P. стр. 31. „Исто така има и значителен раст во бројот на луѓе кои страдаат од ментални болести и други компликации заради стресот и загуби поврзани со конфликтот. Речиси 2% од населението што е погодено од конфликтот соочени се со сериозни проблеми со менталното здравје при што жените, децата и постарите лица се меѓу најранливите категории"; WHO, Italy Supports Physical and Mental Health Services in Ninewa, 18 декември 2018, https://bit.ly/2M4XTIX. Види исто така, The Guardian, Iraq's War-Damaged Children Need Specialist Help to Heal Their Trauma, 3 август 2018, https://bit.ly/2vh9woK; Save the Children, Picking Up the Pieces: Rebuilding the Lives of Mosul's Children after Years of Conflict and Violence, 5 јули 2018, https://bit.ly/2LO3m9i; VOA, Traumatized, IS Children Mourn as World Celebrates Their Loss, 10 април 2018, https://bit.ly/2wnDaZg; UNU, Cradled by Conflict: Child Involvement with Armed Groups in Contemporary Conflict, 12 февруари 2018, https://bit.ly/2NXbzW8. стр. 104.

[348] The Wire, After Years of Conflict, Iraq Grapples with a Mental Health Crisis, 11 април 2019, https://bit.ly/2IM8eKP; UNHCR, Iraq Protection Update - August 2018, 31 август 2018, https://bit.ly/2SbVyP2. стр. 1. „Жените језиди кои преживеале подолго заробеништво и зависност во ИД и понатаму се жалат на немање пристап и унифициран систем за медицинска и психосоцијална грижа. Во август [2018], жените језиди кои неодамна избегале од заробеништво од ИД во Сирија и се вратиле во Ирак им кажале на Амнести Интернешнл дека имале проблем да ја платат медицинската и психосоцијалната грижа (…)"; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. стр. 4.

[349] WHO, Mental Health and Psychosocial Support Training Session Concludes in Dahuk Governorate, 28 октомври 2018, https://bit.ly/2M5nUYB. Види исто така, MSF, Iraq: Mental Health Needs Mount after Years of War, 15 јуни 2017, https://bit.ly/2FmJSpC; EPIC, Iraq's Quiet Mental Health Crisis, 5 мај 2017, https://bit.ly/2OhVbQL; The New Humanitarian, Iraq's Growing Mental Health Problem, 16 јануари 2017, https://bit.ly/2SJHzjq.

## 5) Образование

Последниот конфликт според извештаите резултирал со дополнително влошување на состојбата во образовниот систем.[350] Во областите погодени од конфликт, четвртина од децата имаат ограничен или никаков пристап до формални можности за учење.[351] Ова особено влијае на ВРЛ[352] и на децата повратници.[353] Во овие области многу од училиштата се или оштетени или уништени,[354] а други се во сериозно лоша состојба после годините на конфликт, запоставување и отсуство на инвестиции.[355]

---

[350] „Образовниот систем на Ирак во последниве 40 години оди само во надолна линија во однос на пристапот, правичноста и квалитетот“; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 25.

[351] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 48. „Во проценката на различните потреби за 2018 (Multi Cluster Needs Assessment (MCNA)) идентификувани се низа предизвици коишто влијаат на пристапот на децата до образование и тие вклучуваат: неможност да ги платат трошоците поврзани со образованието (30 проценти); општ недостаток на интерес во школувањето на децата (10 проценти), попреченост или здравствени проблеми кои го попречуваат присуството или учеството, и потребата да се придонесе кон семејниот приход преку вклучување во активностите за генерирање приходи. Во Ирак, пречките во однос на образованието несразмерно повеќе ги погодуваат девојчињата; статистиката што е собрана од партнерите покажува дека до шесто одделение, девојчињата учествуваат со помалку од половина од учениците во образовниот систем“; UNICEF/Save the Children/Education Cluster, Iraq Education Cluster Strategy 2019, 9 февруари 2019, https://bit.ly/2JdqwpJ. стр. 8.

[352] Една третина од децата на училишна возраст во камповите и четвртина од децата на ВРЛ коишто живеат на локации надвор од камповите немаат пристап до формално образование; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 48. „(…) повеќе од 600.000 раселени деца имаат пропуштено цела година од училиште“; New School, New Friends, New Start: Rebuilding Education in Mosul, 27 јуни 2018, https://uni.cf/2KiiFa8.

[353] Во областите на враќање, 21 процент од децата немаат пристап до формално образование; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 48.

[354] „Беше спроведена длабинска анализа во 16 градови во рамките на седум гувернорати [погодени од конфликт односно Ал-Анбар, Бабел, Дијала, Киркук, Нинава, Салах Ал-Дин и Багдад] каде се посочува дека биле предизвикани сериозни штети. Само 38 проценти од вкупната училишна инфраструктура за која има достапни податоци во 16 градови не била уништена, додека 18 проценти (190 објекти) биле целосно уништени. Штетата на образовните објекти е концентрирана во Ал-Фалуџа, Мосул и Ал-Рамади, каде 71, 65 односно 62 проценти од објектите биле уништени во текот на тешките борби. Се смета дека целиот училиштен инвентар е уништен или во лоша состојба. Областите кои претходно биле под контрола на ИСИС претрпеле најголеми загуби со оглед на кампањата на групата насочена на ширење екстремизам преку образованието”; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. i. Види исто така „Оштетен инвентар” на стр. 26 од истиот извештај. Според извештаите на НБС само во западен Мосул 62 училишта биле целосно уништени, а 207 оштетени; NRC, Mosul still a Pile of Rubble One Year on, 5 јули 2018, https://bit.ly/2IWO4cP. Види исто така, UNICEF/Save the Children/Education Cluster, Iraq Education Cluster Strategy 2019, 9 февруари 2019, https://bit.ly/2JdqwpJ. стр. 8; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 49; Global Coalition to Protect Education from Attack, Education Under Attack 2018 - Iraq, 11 мај 2018, www.refworld.org/docid/5be9430d4.html.

[355] Според УНИЦЕФ, половина од сите јавни училишта во земјата треба да бидат реконструирани; UNICEF, Deep Inequality Continues to Shape the Lives of Children in Iraq, 19 ноември 2018, https://uni.cf/2R9YlHG. Види исто така, OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 48; Kurdistan 24, Nearly Century-Old School in Sulaimani to Be Fixed as Demands for more Schools Increase, 19 октомври 2018, https://bit.ly/2FKHgBV; Open Democracy, Corruption Corrodes Kurdish

Училиштата низ целата земја немаат основни услови и пристап до струја и вода.[356] Исто така, училиштата имаат проблеми со пренатрупаност и недостаток на квалификувани наставници, учебници и наставни материјали.[357] Недостатокот на соодветни објекти значи дека многу од училиштата мораат да работат во повеќе смени, дополнително компромитирајќи ги образовните стандарди.[358]

Стапките на запишување и посетеност се најниски во јужните гувернорати, кои и понатаму се најсиромашни во земјата, како и во гувернорати Ал-Анбар и Нинева кои беа погодени од конфликтот.[359] Сиромаштијата и неможноста да ги платат трошоците за образование се некои од главните причини зошто децата го прекинуваат школувањето.[360] Стапката на деца коишто го

---

Education, 15 октомври 2018, https://bit.ly/2sHVgUF. Според УНИЦЕФ, има потреба од 7.500 дополнителни училишта за да се подобри пристапот до образование; AFP, Wealth Gaps Affecting School Children in Iraq: UN, 19 ноември 2018, http://f24.my/410E.T.

[356] Состојбата е особено изразена во гувернoратот Басра, каде водоводната и канализациската мрежа се во многу лоша состојба заради постојаната криза со вода, поради што според извештаите 277.000 деца се изложени на ризик да се заразат во училиштата од болести што се пренесуваат преку вода; NRC, A Clean Drop in the Ocean: Working in Iraq’s Worst Health Crisis, 19 февруари 2019, https://bit.ly/2SP01ep; NRC, Iraq: Basra's Children Face Disease Outbreak in Rundown Schools, 23 октомври 2018, https://bit.ly/2D1nNLZ. Види исто така, ACTED/PIN, No Lost Generation: After ISIL, Children in Iraq Are Given a Second Chance at Learning, Friendship, and Life, 26 септември 2018, https://bit.ly/2sHIkOq.

[357] „Министерствата за образование на КР-И и сојузен Ирак прикажуваат доволно наставници на своите платни списоци, меѓутоа раселувањето резултираше со недостаток на наставници во некои области“; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 49. Види исто така, UNICEF/Save the Children/Education Cluster, Iraq Education Cluster Strategy 2019, 9 февруари 2019, https://bit.ly/2JdqwpJ. стр. 8; AFP, Kids in Iraq Camps Dream Big, but They Can't Enroll in School, 26 декември 2018, https://bit.ly/2WddoD8; Al-Monitor, Why Has Illiteracy Rate Gone Up in Iraq?, 9 декември 2018, http://almon.co/355h; MEE, ‘We Have Received Nothing’: Sinjar's only School Pleads for Help in Post-IS Iraq, 30 април 2018, https://bit.ly/2HvC3zx.

[358] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 49. Според Фадил ал-Шувајли, член на Комитетот за образование на Покраинскиот совет на Багдад, “понекогаш може да наидете и на 80 ученици во една училница“; Diyaruna, Shortage of Buildings, Truancy Plague Iraqi Schools, 4 декември 2018, http://diyaruna.com/r/titk. „Од децата во Ирак може да се очекува да завршат 6.9 години од предучилишно, основно и средно образование додека да наполнат 18 години. Меѓутоа кога годините на школување ќе се стават наспроти квалитетот на учење, тоа е еквивалентно на 4 години со дупка во учењето од 2,9 години“; World Bank, Building Strong Human Capital in Iraq to Unleash Economic Potential, 21 октомври 2018, https://goo.gl/dc12Ux. Според Питер Хокингс, претставник на УНИЦЕФ за Ирак, „Децата коишто одат во три смени на училиште имаат помалку од 10 часа со контакт во една школска недела (...)“; UNICEF, Educating Children 'Is the only Hope for the Future of Iraq', 12 февруари 2018, https://bit.ly/2AYbBZW. Види исто така, NRC, A Clean Drop in the Ocean: Working in Iraq’s Worst Health Crisis, 19 февруари 2019, https://bit.ly/2SP01ep; MEE, ‘We Have Received Nothing’: Sinjar's only School Pleads for Help in Post-IS Iraq, 30 април 2018, https://bit.ly/2HvC3zx.

[359] UNICEF, Deep Inequality Continues to Shape the Lives of Children in Iraq, 19 ноември 2018, https://uni.cf/2R9YlHG. „На 19 јануари [2019], ал-Мада известил дека Централното статистичко биро на Ирак објавиле нов извештај за стапката на напуштање на основите училишта во Ирак, каде што се гледа пораст во бројот на ученици кои не го завршуваат основното образование“; EPIC, ISHM: January 11 - January 24, 2019, 24 јануари 2019, https://bit.ly/2G40rGf.

[360] Во КР-И, „[Е]кономските тешкотии, недоволниот број училишта во руралните области и недостатокот на превоз се само некои од факторите коишто не им дозволуваат на децата од сиромашните семејства да се стекнат со образование коешто може да им ги трансформира нивните животи и животот на нивните заедници ”; UNICEF, The Lives of Children in the Kurdistan Region of Iraq Have Improved, but Challenges Remain, New Survey Reveals, 17 декември 2018, https://bit.ly/2BsNVMD. „Девојчињата и момчињата, како оние што

прекинале школувањето е особено висока кај адолесцентите и девојчињата.[361] Немањето на пристап и не-вклучувањето во образованиот процес го зголемува ризикот за децата и младите да бидат изложени на детска трудова експлоатација, регрутирање од страна на вооружените групи, детски бракови и психосоцијални проблеми.[362]

Децата без службена документација, вклучително и оние што се од семејства во кои навистина има или за кои постои перцепција дека имаат припадници во ИСИС редовно се спречуваат да се вклучат во образовниот процес.[363]

## 6) Вода, санитарни услови и електрична енергија

Во областите погодени од конфликтот, водоводната и санитарната инфраструктура е сериозно оштетена,[364] додека во областите каде што се раселените лица, системите се преоптоварени заради зголемената побарувачка.[365] Во земјата, состојбата е дополнително влошена заради недостатокот на вода[366] и несоодветната структура, како на пример немање на пречистителни

---

живеат во кампови, така и оние што не живеат во кампови сè помалку посетуваат училиште, главно заради недостатокот на финансиски средства (...).“ Исто така: „Главната причина зошто децата остануваат без образование е бидејќи домаќинствата ‘не можат да ги платат давачките’“; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 31, 49, 52. „Иако речиси сите деца (92 проценти) се запишани во основно училиште, само нешто повеќе од половина од децата од посиромашните средини завршуваат основно образование. Јазот се проширува во погорното средно образование каде помалку од четвртина од сиромашните деца дипломираат, во споредба со три четвртини од децата од побогатите средини“; UNICEF, Deep Inequality Continues to Shape the Lives of Children in Iraq, 19 ноември 2018, https://uni.cf/2R9YlHG. Види исто така, AFP, Kids in Iraq Camps Dream Big, but They Can't Enroll in School, 26 декември 2018, https://bit.ly/2WddoD8; Open Democracy, Corruption Corrodes Kurdish Education, 15 октомври 2018, https://bit.ly/2sHVgUF; Education Policy and Data Center, Iraq – National Education Profile 2018 Update, 2018, https://bit.ly/2sJaGYA. стр. 1.

[361] „Родовиот јаз и понатаму е висок, при што поголема е веројатноста девојчињата да имаат полош пристап и да не отидат на училишта. (…) Загриженоста за безбедноста на девојчињата на пат кон училиште и воведувањето на праксата на ран брак, резултираше со повисока стапка на напуштање на училиштето кај девојчињата и помала застапеност на девојчињата, како во основните така и во средните училишта”; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 25. Види исто така, OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 49.

[362] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 50. Види исто така, Asia Times, In Mosul, Children out of School and at Risk of Recruitment, 6 ноември 2018, http://ati.ms/FvolIp.

[363] Види Делови III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”) и III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности”).

[364] Во областите погодени од конфликт, инфраструктурата за водоснабдување, канализација и хигиена има претрпено сериозни оштетувања и уништување: „Сè на сè вкупно 1.488 објекти биле идентификувани во 31 град со најголеми оштетувања во Анбар, Дијала, Нинава и Салах Ал-Дин, и низ Бабел, Багдад и Киркук. Од овие објекти, според извештаите 1.359 биле целосно уништени, а 369 делумно оштетени. (…) Нинава е со најголем процент на уништување, по кој следат Анбар и Киркук”; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 94.

[365] OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 36; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf. стр. 9.

[366] „Во 2018 значителното намалување на количеството и квалитетот на јавното водоснабдување ги погодило 25 проценти од вкупното население во јужните гувернорати (приближно 1,9 милиони луѓе), негативно погодувајќи го регионот каде стапката на сиромаштија е веќе повисока од 30 проценти“; OCHA,

станици за отпадна вода.[367] Погоденото население нема доволен пристап до вода за пиење и соодветни санитарни услуги,[368] со што се изложени на ризик од болести што се шират преку водата.[369] Ниските водостои, според извештаите, придонесуваат за зголемување на соленоста на водата во реките, со што водата не е добра ниту за пиење ниту за земјоделството.[370]

---

HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 8. Според извештаите недостатокот на вода е предизвикан од климатските промени и метеоролошките услови и влошен со изградба на големи брани во горните текови во Турција и Иран, и зголемената побарувачка на вода заради раселувањето и порастот на население; AFP, Despite Full Reservoirs, Iraq Water Woes Far from over, 1 мај 2019, https://shar.es/a0nx30; Financial Times, Iraq's City of Black Gold Pays a High Price for Petrodollars, 29 април 2019, https://on.ft.com/2PEUjHq; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 36; OCHA, Iraq: Humanitarian Bulletin, August 2018, 31 август 2018, https://bit.ly/2RgXmWi. стр. 1; Clingendael Institute, More than Infrastructures: Water Challenges in Iraq, јули 2018, https://bit.ly/2sNb5sU. стр. 1-2.

[367] „Има само 26 централни пречистителни станици за отпадни води во Ирак, од кои девет или не функционираат или само делумно функционираат. Некои од гувернoратите како што се Нинева, Киркук, Дијала, Басра и Васит немаат никакви пречистителни станици за отпадните води. Во рамките на гувернoратот на Багдад, 1,5 милиони тони непречистени отпадни вода наводно влегуваат во реката Тигар секој ден заради отсуството на пречистителни станици за отпадна вода"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 36. Види исто така, AFP, Despite Full Reservoirs, Iraq Water Woes Far from over, 1 мај 2019, https://shar.es/a0nx30; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 94.

[368] „Половина од ирачките домаќинства се соочени со ризик од контаминирана вода за пиење, а помалку од 40 проценти од населението има пристап до вода за пиење дома, поради што децата се соочени со сериозен ризик да се заразат од болести што се пренесуваат со вода"; UNICEF, Deep Inequality Continues to Shape the Lives of Children in Iraq, 19 ноември 2018, https://uni.cf/2R9YlHG. „Во сите гувернорати, процентот на домаќинства со пристап до вода варира до 40 до 60 проценти. Меѓутоа во градови како што се Ал-Рамади, Бахдида, Ал-Бaaj и Ал-Хатра, 20 проценти или помалку од домаќинствата имаат пристап до вода, поради што домаќинствата зависат од цистерните за чиста вода"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 94. Види исто така, OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb. стр. 8.

[369] „Извештаите од Министерството за животна средина посочуваат дека бактериолошката контаминација на површинските води варира од еден до друг гувернорат и се движи од 3 до 35 проценти; во Басра над 70 проценти од површинските води се контаминирани"; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd. стр. 36. „Ранливото население и понатаму е концентрирано во камповите, дивите населби и во заедниците домаќини, коишто честопати претставуваат ризик од изложеност и пренесување на заразни болести, вклучително и колера заради големиот број луѓе што живеат во еден дом. Исто така, луѓето коишто живеат во одново заземените области и повратниците во источен Мосул и други повторно освоени градови и села низ цел Ирак исто така можат да се сметаат дека се изложени на ризик од колера заради инфраструктурните штети кои го ограничуваат пристапот до безбедна вода и канализација како и здравствена заштита"; Health Cluster Iraq/WASH Cluster Iraq, Iraq Health and WASH Cluster Acute Diarrheal Disease (Including Cholera) Preparedness and Response Plan, октомври 2018, https://bit.ly/2CI96e1. стр. 3. Види исто така, Xinhua, Hundreds Affected by Pollution in Iraq's Salahudin Province, 5 април 2018, https://bit.ly/2FL41Wn.

[370] „(…) во петте јужни гувернорати се очекува недостатокот на вода да порасне во наредните месеци, со што околу 25 проценти од овие 2 милиони луѓе ќе се под ризик да искусат прекин во водоснабдувањето, болести што се пренесуваат преку вода и можно раселување"; UNAMI, Special Representative of the United Nations Secretary-General for Iraq -Briefing to the Security Council by SRSG Ján Kubiš, 8 август 2018, https://bit.ly/2zWY7gi. „Во некои области водата е толку многу солена што повеќе не може да се користи за земјоделски цели;" Clingendael Institute, More than Infrastructures: Water Challenges in Iraq, јули 2018, https://bit.ly/2sNb5sU. стр. 6. Види исто така Делови II.Г.1 („Внатрешно раселување") и II.Ѓ.2 („Животна егзистенција").

Снабдувањето со електрична енергија сè уште не е стабилно заради дотраената инфраструктура,[371] и само се влошува како резултат на штетите и уништувањето на инфраструктура за време на конфликтот.[372] Според извештаите недоволното снабдување со електрична енергија[373] има негативни последици по функционирањето и обновата на здравствениот и образовниот сектор, водоснабдувањето и санитарните услови и телекомуникациите.[374] Честите прекини во снабдувањето со електрична енергија ги присили многу Ирачани да користат струја од генератори на дизел во приватна сопственост, што претставува значителен финансиски товар.[375]

Во областите со континуирано присуство на ИСИС, според извештаите, групата постојано на мета ги има водоводната и нафтената инфраструктура, како и далноводите и мрежата за снабдување со електрична енергија поради што има прекини во снабдувањето во овие области.[376]

---

[371] „Пред конфликтот со ИСИС, секторот на снабдување со електрична енергија во Ирак страдаше од серија истовремени и сложени проблеми. Заради долгите години на санкции и минатите конфликти, потребните инвестиции за реконструкција, обнова и проширување на преносната и дистрибутивна инфраструктура за да одговорат на растечката побарувачка биле несоодветни, што доведе до мрежи во лоша состојба и непостојана мрежа за снабдување со електрична енергија"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 71. Види исто така, K4D, Helpdesk Report -Iraqi State Capabilities, 18 мај 2018, https://bit.ly/2M42D1q. стр. 5-6.

[372] „(…) повеќе од 55 проценти од клучната инфраструктура (…) била делумно уништена и дополнителни 33% биле целосно уништени. Седумнаесет електроцентрали биле уништени или претрпеле делумна штета како резултат на интензивни борби, артилериско бомбардирање, воздухопловно бомбардирање и пљачкосување. Дополнително 14 проценти од преносната мрежа е уништена и треба да биде одново инсталирана. Инфраструктурните штети се обемни во многу гувернорати, при што пристапот до државната мрежа за снабдување со електрична енергија во дадените градови е значително мал или нема. (…) Проценките сугерираат дека во моментов шест градови немаат пристап до јавната услуга за снабдување со електрична енергија, а четири градови и понатаму се соочени со ниски нивоа на пристап до јавната мрежа, што варира од една до друга населба"; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 72, 73.

[373] „Ирак може да произведе вкупно околу 16.000 мегавати електрична струја. Тоа е далеку под побарувачката, која изнесува околу 24.000 MW, но во летните месеци може да достигне и 30,000 кога температурите ќе достигнат жешки 50°C. Голем дел од проблемот е технички: кога Ирак пренесува струја, според Ирачкиот завод за енергетика (ИЗЕ) 30 до 50 проценти се губат заради лошата инфраструктура"; AFP, Iraq Seeks Power Revamp to Head Off Sanctions and Protests, 28 ноември 2018 https://bit.ly/2P6zqTA.

[374] World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 73.

[375] Al-Bayan Center for Planning and Studies, Electricity Generation in Iraq -Problems and Solutions, 19 септември 2018, https://bit.ly/2FOOxAQ. стр. 1-2; World Bank, Damage and Needs Assessment of Affected Governorates, јануари 2018, https://bit.ly/2lhQOIr. стр. 70. Понатамошното опаѓање на водостоите на реките според извештаите значи пад во генерирањето електрична енергија од браните на хидроцентралите; Clingendael Institute, More than Infrastructures: Water Challenges in Iraq, јули 2018, https://bit.ly/2sNb5sU. стр. 2; International Peace Institute, Protests in Southern Iraq Intensify, Is Instability to Follow?, 24 јули 2018, https://bit.ly/2FXFEnG.

[376] „Нападите од Исламската Држава за саботажа на мрежите за снабдување со електрична енергија и водоснабдување најверојатно имаа за цел да ја влошат неможноста на државата да обезбеди основни услуги и да предизвикаат негативна реакција кај населението против владата"; Jane's 360, Increasingly Bold Islamic State Attacks Indicate Aspiration to Exploit Civil-State Tensions and Seize Control of Iraq's Energy Installations, 26 октомври 2018, https://bit.ly/2UJ56S5. Види исто така, Bas News, IS Attacks Oil Field in Northern Iraq, 23 март 2019, https://bit.ly/2UGhC4j; US Department of Defense, Lead Inspector General for Operation Inherent Resolve I Quarterly Report to the United States Congress I October 1, 2018 – December 31, 2018, 4

# III. Оценка на потребите од меѓународна заштита за барателите на азил од Ирак

## А. Заштитата на бегалците согласно критериумите и главните категории на барања од Конвенцијата од 1951

УНХЦР смета дека потребите од меѓународна заштита може да се јават за поединци кои не потпаѓаат во ниеден од профилите на ризик наведени во овој Дел, во зависност од индивидуалните околности на случајот. Меѓутоа, оваа листа на профили не е неопходно исцрпна; тие се засноваат на информации кои им биле достапни на УНХЦР во времето на пишување на овој документ. Барањето не треба автоматски да се смета за неосновано од проста причина дека не потпаѓа под ниеден од профилите идентификувани тука.

Во зависност од конкретните околности на случајот, членови на семејството или лица кои на друг начин тесно се поврзани со лица со овие профили исто така може да имаат потреба од меѓународна заштита врз основа на нивната поврзаност со лица под ризик.

Кога е релевантно, треба да се разгледа дали барателите на меѓународна заштита можеби биле изложени претходно на некаков прогон. Одредени тврдења на барателите на азил од Ирак, вклучително и оние кои можеби потпаѓаат во одредени ризични профили опишани во ова разгледување за меѓународната заштита, може да бара проверка на можно одземање на бегалскиот статус (види Дел III.Г).

Сите барања поднесени од баратели на азил треба да се разгледаат во однос на нивната основаност согласно правични и ефикасни процедури за определување на статусот, и ажурирани и релевантни информации за земјата на потекло, дали тие се проценети врз основа на критериумите за бегалци од Конвенцијата од 1951 година, дефинициите за бегалец во регионалните инструменти, мандатот на УНХЦР или комплементарните облици на заштита засновани на пошироките меѓународни критериуми за заштита.

Статусот на признаен бегалец треба да се ревидира само ако постојат индикации, во индивидуален случај, дека има основи за:

(i) Укинување на бегалскиот статус којшто бил погрешно даден во првата инстанца;

---

февруари 2019, https://bit.ly/2GalvM8. стр. 31; Kurdistan 24, Kurdish Security Says VBIED Attacks Re-Emerging, IS Assassinations Unabated in October, 4 ноември 2018, https://bit.ly/2RjEsgE; NRT, ISIS Destroys Another Transmission Tower in Hawija, 21 септември 2018, https://bit.ly/2Rc7bUs; Diyaruna, Iraq Takes Steps to Prevent Power Line Sabotage, 30 август 2018, http://diyaruna.com/r/t0p8; Rudaw, Kirkuk-Diyala Electricity Lines Sabotaged again; Iraq Blames ‘Terrorism’, 2 август 2018, https://bit.ly/2CMGeRZ.

(ii) Отповикување на бегалскиот статус врз снова на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 година; или

(iii) Одземање на бегалскиот статус врз основа на член 1В(1-4) од Конвенцијата од 1951 година.

УНХЦР смета дека актуелната ситуација во Ирак не дозволува одземање на бегалскиот статус врз основа на членот 1В(5) од Конвенцијата од 1951 година.

## 1) Лица што се погрешно осомничени за поддршка на ИСИС

### *а) Цивилите за кои се смете дека ја поддржуваат ИСИС*

Поединци, главно со идентитет на сунитски Арапи, и особено, но не исклучиво, мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат, од областите што порано биле под контрола на ИСИС според извештаите колективно се осомничени за поврзаност или поддршка на ИСИС.[377] Уште од 2014 година, цивилите од овој профил редовно се изложени на низа одмазднички акти на насилство и злоупотреби од страна на државни и недржавни актери, вклучително и воени операции против ИСИС, за време и после бегството од областите под контрола на ИСИС, после повторното заземање на овие области во текот на безбедносните операции против остатоците на ИСИС.

Како општо правило, кривичното гонење на лицата разумно осомничени за кривични дела е целосно легитимно, но мора да е во согласност со релевантното законодавство и мора да се почитуваат процедуралните гаранции. Меѓутоа, набљудувачите забележуваат дека ИБС, сили блиски на нив и курдските безбедносни сили редовно им препишуваат на поединци блискост со ИСИС врз основа на широки и дискриминаторски критериуми што често пати се преклопуваат, вклучително:[378]

---

[377] Постојат извештаи за (...) широко распространета стигматизација на цели племиња или заедници заради тоа што преживеале под владеењето на ИСИС“; InterAction, Moving Forward Together, Leaving no One Behind: From Stigmatization to Social Cohesion in Post-Conflict Iraq, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2r2TtZg, стр. 3. „Моменталниот пристап на ирачката држава кон лица поврзани со ИД нашироко е сфатен меѓу сунитите како колективно казнување на сунитските цивили само затоа што живееле во областите под контрола и со кои управувала ИД“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 27. Види исто така, European Union Institute for Security Studies (EUISS), Meet Iraq’s Sunni Arabs -A Strategic Profile, октомври 2017, https://bit.ly/2zmT3BE, стр. 2.

[378] „Под превезот на борбата против тероризмот, ирачките сили своеволно притвораат, малтретираат и мачат, главно мажи сунити од областите каде ИСИС биле активни, од кои некои имаат и исчезнато (...)“; HRW, World Report 2019 - Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Има широко распространета претпоставка во Ирак дека доволно е да си живеел на територија под контрола на ИД и тоа да се смета за поддршка на тероризам“; Washington Post, How the Iraqi Crackdown on the Islamic State may Actually Increase Support for the Islamic State, 7 јануари 2019, https://wapo.st/2M7roKh. „[Речиси] сите случаи документирани од Хјуман Рајтс Воч во овој извештај се за мажи, сунитски Арапи. Сите нивни семејствата рекоа дека веруваат дека тие исчезнале заради нивниот верски, племенски или семеен идентитет, кој ирачките сили го користеле за да им припишат дека се симпатизери на ИСИС и Ал Каеда. Хјуман Рајтс Воч немаат конкретни докази кои ги поврзуваат исчезнатите поединци со ИСИС. (…) Сите исчезнувања на контролните пунктови, освен едно, на мета имале поединци кои потекнувале или живееле во области под контрола на ИСИС во различни периоди меѓу 2014 и 2017 година“; Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf, стр. 3. „Сите адвокати рекоа дека

- Верска и етничка припадност (сунитски Арапи или Туркмени[379]);
- Пол и возраст (мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат);
- Семејна и племенска припадност, вклучително место на потекло; и/или
- Живеењето во област што претходно била под контрола на ИСИС.

Сомнежот за инволвираноста со ИСИС редовно се покренува за лица со ваков профил без да се земе предвид природата на нивната инволвираност, односно дали било доброволно или присилено и од цивилна или воена природа.[380] Лицата со ваков профил според извештаите ги

службениците автоматски сметале за одредени лица дека биле поврзани со ИСИС врз основа на тоа од каде биле или на кое племе или семејство му припаѓале или дали тие или нивни роднини биле во базата на податоци на „барани лица" за поврзаност со ИСИС"; HRW, Iraq: Officials Threatening, Arresting Lawyers, 12 септември 2018, www.refworld.org/docid/5ba0bd2e4.html. „Пристапот на ирачките власти кон поединци поврзани со Исламската држава на широко се сфаќа како колективно казнување на сунитските цивили затоа што живееле и работеле во области коишто биле заземени од групата"; Lawfare, Iraq's Harsh Approach to Punishing Islamic State 'Collaborators' Stands to Have Counterproductive Consequences, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2K3votстр. „Многу цивили коишто живееле на територија под контрола на ИД и роднини на припадници на ИД немале друг избор освен да соработуваат со групата, бидејќи секое спротивставување се сметало за 'отпадништво' и оттука било казнувано со смрт. Кога ИД се повлекувале од ирачката територија во 2017 година тие зад себе оставиле население кое ирачките власти сега главно го сметаат за соучесници во терористички активности (…). Мажи, жени и деца се притворени од ирачките власти и КРВ под сомнеж за поврзаност со ИД само врз основа на демографските карактеристики (тоа што се машки род и возраст кога може да се бори) или просторната близина до Мосул и други спорни области"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 4, 22. „Традиционално социјалниот племенски договор смета дека напад на еден член е напад врз сите. Во актуелната средина, договорот е свртен: Племињата се обвинуваат за соработка со ИСИЛ заради поединечни членови или семејства кои зазеле страна на екстремисти"; War on the Rocks, Baghdad Must Seize the Chance to Work With Iraq's Tribes, 17 јануари 2018, https://bit.ly/2PoIhzW.

[379] 379 Иако бројот на сунитски Туркмени е многу помал од тој на сунитски Арапи, сличен принцип се применува во двата случаи. За сунитските Туркмени според извештаите редовно се смета дека зазеле страна на ИСИС кога овие ги зазеле областите со доминантно туркменско население, вклучително и градот Тал Афар (Нинева), во 2014 г. „Многумина во Нинева ги обвинуваат сунитските Туркмени од Тал Афар дека биле тврдокорни членови и поддржувачи на ИСИС и Ал Каеда претходно"; United States Institute for Peace (USIP), With Key Iraqi Province Retaken from ISIS, What's Next?, 1 септември 2018, https://bit.ly/2w57uL9. Види исто така, MRGI, Turkmen, ажурирано во ноември 2017, https://bit.ly/2AmCMfT; Al Jazeera, Iraq's Turkmen Mobilise for a Post-ISIL Future, 13 февруари 2017, https://bit.ly/2PSMMrP.

[380] „Поединците поврзани со ИСИС, било да биле борци, цивили коишто соработувале или само жители на територија под контрола на ИСИС, се стигматизирани од локалните заедници, племенските власти и силите сојузници на државата"; UNU-CPR, A Will to Punish – The Shia View of Dealing with ISIS Suspects in the Hands of Iraqi Justice, јули 2018, https://bit.ly/2JVFhda, стр. 5. „Генерално, ирачката влада не е волна да направи разлика меѓу повеќето различни типови на лица коишто на некаков начин се поврзуваат со ИСИС: цивили жители на територија под контрола на Исламската држава – кои морале да ѝ плаќаат даноци на групата, цивили вработени во институциите со кои раководела Исламската држава (…), борци на Исламската држава и роднини на државни службеници и борци на групата. Ниту ги препознава разликите во однос на нивната вина"; Lawfare, Iraq's Harsh Approach to Punishing Islamic State 'Collaborators' Stands to Have Counterproductive Consequences, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2K3votстр. Види исто така, The Independent, Mosul's Sunni Residents Face Mass Persecution as ISIS 'Collaborators', 13 јули 2017, https://ind.pn/2tQAOkc.

апсат врз основа на сомнителни докази како што се изјави од тајни доушници или вклучување на „листите на лица по кои се трага“ кои што ги администрираат различни безбедносни актери.[381]

Во контекст на воените операции против ИСИС меѓу 2014 и 2017 година, според извештаите цивили со ваков профил се на мета на ИБС, силите блиски на нив и курдските безбедносни сили и истите се изложени на своеволни апсења и притвор,[382] грабнување, присилно исчезнување, мачење и други облици на несоодветно постапување, како и убиства без судска постапка.[383] Во овој период во областите на конфликт и на други места, своеволни апсења и присилно исчезнување на лица за кои се сметало дека се блиски со ИСИС или ја поддржуваат ИСИС, според

[381] "Министерството за одбрана има проценето дека 3.000-5.000 борци на ИСИС го бранеле Мосул, едно од упориштата на групата, но според високи службеници на ирачкото разузнавање, листите на лица осомничени за припадност на ИСИС пораснале и вклучуваат приближно 100.000 имиња. Листите вклучуваат лица осомничени дека се инволвирани во ИСИС без разлика во кое својство, вклучително и логистички функции како што се возачи или готвачи. Некои од тие што се на листата можеби не биле воопшто инволвирани со ИСИС, но се осомничени заради семејна инволвираност, или бидејќи припадници на заедницата сугерираат имиња за листите исклучиво засновани на лична или локална нетрпеливост“; HRW, "Everyone Must Confess“, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI. „Некои полициски службеници апсат цивили исклучиво врз основа на информации од доушници на безбедносните служби. Со ова практично се зголемува веројатноста цивили да бидат погрешно обвинети и да се соочат со долг притвор пред судењето во пренатрупани установи каде постои ризик од несоодветно постапување и изнудување признание“; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 3. „Листите на лицата по кои се трага имаат слаби извори и општо се знае дека се неточни. Различни ирачки безбедносни сили водат сопствени листи на лица по кои се трага и не се трудат многу да ги проверат информациите што ги користат. (…) Поединци можат да бидат уапсени врз основа на сличност на нивното презиме и она што се појавува на листата“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 22. „Иако базата на податоци за проверка содржи имиња на поединци, припишувањето на вина е на целото семејство – во некои случаи дури до четврто колено. Ова значи дека роднините кои одат до праичичко или прв братучед можат да бидат обележани како блиски на ИСИЛ, без разлика на тоа што тие правеле или реалната поврзаност со примарниот осомничен“; POMEPS, Legal Pluralism and Justice in Iraq after ISIL, 10 септември 2018, https://bit.ly/2rpzPqw. Види исто така стр. 23 од истиот извештај. „Властите рутински апсат луѓе врз основа на докази коишто се сведуваат само на тоа дека нивното име е исто како на тие на листата на бегалци од правдата. Многу жители на Мосул избегнуваат контролни пунктови од страв дека нивното име ќе се појави на таквите грешни листи’; Washington Post, Mosul Residents Say Corruption Rises after Islamic State's Fall in Iraq, 30 декември 2018, https://go.shr.lc/2CGanDH. Види исто така, Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW; AP, A Neighbor's Word Can Bring Death Sentence in Iraq IS Trials, 9 јули 2018, https://bit.ly/2KKFvrq; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf, стр. 9, 23-50; AFP, In Mosul, Hundreds Fear Arrest for Sharing Names with Jihadists, 3 март 2018, http://f24.my/2buv.T.

[382] „Ирачките власти своеволно притвораат лица осомничени за припадност на ИСИС, главно сунитски мажи, и многумина од нив остануваат во притвор со месеци. Според сведоци и членовите на семејствата, безбедносните сили редовно притвораат осомничени без судски налог, налог за апсење, или други документи со коишто се оправдува апсењето и често пати не се даваат причини за апсењето”; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html.

[383] Други пријавени повреди и злоупотреби вклучуваат присилено протерување, пљачкосување, намерно палење и уништување на домови, и во некои случаи, намерно уништување на цели села, како и блокирање на враќањето на жители што се сунитски Арапи и сунитски Туркмени; Види Делови II.Д.1 („Состојбата со човековите права – државни актери”).

извештаите, најчесто се случувале во центрите за проверка и на контролните пунктови, од домовите и во камповите за ВРЛ, како и за време на безбедносните рации.[384]

Од крајот на големите воени операции против ИСИС кон крајот на 2017 година, продолжуваат операциите за чистење и кампањите на апсење на лица осомничени за врски со ИСИС во областите што се повратени од ИСИС и на други места.[385]

Лицата што се осомничени за инволвираност со ИСИС, вклучително и лица коишто биле вклучени во акти на насилство, или кои биле присилени да соработуваат со ИСИС, биле економски зависни да си ја сочуваат работата во јавниот сектор (пр. државни службеници, лекари во јавни болници, наставници) под управа на ИСИС или кои чисто живееле во областа додека била под контрола на ИСИС, се под ризик од своеволно апсење, присилно исчезнување, мачење и други облици на несоодветно постапување, убиства без судски процес и неправични судења коишто можат да завршат со смртна казна на сметка на нивната наводна поврзаност или поддршка за ИСИС.[386]

Ограничувања за влез и престој, вклучително услови за спонзорство, според извештаите и понатаму постојат во неколку гувернорати. Таквите ограничувања честопати се засноваат на дискриминаторски и широки критериуми, како што се наводна поврзаност со ИСИС заради етничката, верската и/или племенската припадност или заради областа на потекло.[387]

*б) Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС*

---

[384] Rudaw, Sunnis from Anbar Plead for the Release of Loved Ones by Iraqi Security, 22 јануари 2019, https://bit.ly/2RXNd4j; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf, стр. 3, 23-50; UNHCR, Iraq Protection Update – August 2018, 31 август 2018, https://bit.ly/2POL6zm, стр. 1; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 7-8; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 22; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 17.

[385] „Иако многу од активните боишта меѓу ирачките сили и Исламската држава (ИСИС) се смирија до 2018, воените операции продолжиле против притаените ќелии и руралните упоришта на ИСИС“; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Властите рутински апсат луѓе врз основа на докази коишто се сведуваат само на тоа дека нивното име е исто како на тие на листата на бегалци од правдата. Многу жители на Мосул избегнуваат контролни пунктови од страв дека нивното име ќе се појави на таквите грешни листи’; Washington Post, Mosul Residents Say Corruption Rises after Islamic State's Fall in Iraq, 30 декември 2018, https://go.shr.lc/2CGanDH. „Безбедносните сили честопати апсат осомничени терористи или уништуваат притаени ќелии (…)”; AFP, Mosul Fears Return of Daesh Nightmare, 9 ноември 2018, https://bit.ly/2r0zlXF. „За време на кордони и слични операции безбедносните сили опкружуваат и затвораат одредена област и ги собираат сите мажи на возраст од 16 години и постари во училиштето или џамијата за да го проверат нивниот идентитет“; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 5. Види исто така, HRW, “Everyone Must Confess“, 6 март 2019, http://bit.ly/2JdtlqI; The New York Review of Books, Undefeated, ISIS Is Back in Iraq, 13 февруари 2019, https://bit.ly/2GJfHsy; Yahoo News, On Patrol with the Iraqi Militia Hunting the Last Remnants of the Islamic State Group, 19 ноември 2018, https://yhoo.it/2S0DVks; HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1444517/1788_1538050350_2709.pdf, стр. 3, 23-50; AFP, In Mosul, Hundreds Fear Arrest for Sharing Names with Jihadists, 3 март 2018, http://f24.my/2buv.T.

[386] Види Дел II.Д.1 („Состојбата со човековите права – државни актери”).

[387] Види Дел III.В.1.г („Оценка дали областа предложена како МОБ/МОП е практично, безбедно и законски достапна”).

Семејства, особено жени и деца, што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС заради нивните семејни или племенски врски,[388] според извештаите се изложени на низа повреди и злоупотреби на човековите права од страна на локалните власти, ИБС и силите блиски на нив, локалните паравоени единици, како и членови на племињата и заедниците на овие семејства.[389] ООН и организациите за човекови права го опишуваат третманот на овие семејства како „колективна казна".[390] Постои загриженост заради отсуството на процедурални гаранции за овие

---

[388] „Некои од овие Ирачани се сопруги или браќа и сестри на борци на Исламската Држава, но други имаат само слаби племенски врски со лица од милитантни групи. Но други велат дека биле стигматизирани од проста причина дека останале во своите родени градови наместо да избегаат. кога Исламската Држава презела контрола Една работа им е заедничка на сите: сите се муслимани-сунити"; Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW. „Тие се 'ИСИС семејства' – тие се овде без разлика дали нивните синови или сопрузи или татковци се приклучиле по сопствена волја или со сила, било дали биле борци или лидери, административни службеници или возачи. (…) Ако некое лице му припаѓа на племе во кое мнозинството ја поддржувало групата на Исламската Држава, целото семејство се смета за 'ИСИС семејство'"; The New Arab, Awaiting Judgement: Meeting the Islamic State Families Held in Desert Camps, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2Q3Qi1R. „Во многу случаи, сопругите и децата на борци на Исламската Држава се често жртви на насилство од групата, а сепак тие на широко се сметаат за сторители на кривични дела или во најмала рака соучесници"; Lawfare, Iraq's Harsh Approach to Punishing Islamic State 'Collaborators' Stands to Have Counterproductive Consequences, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2K3votстр. „Роднинските врски со групата се сметаат за доволна основа за одмазда дури и ако роднините на членови на ИД лично не извршиле никакви кривични дела. Клучниот принцип на племенскиот закон, којшто е влијателен во Ирак - особено во области каде државните власти се слаби – е припишување на колективна вина на семејството или племето на сторителот на кривичното дело. Овој принцип овозможува роднина на припадник на ИД да се смета за виновен место него за делата што тој или таа ги извршил лично"; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 10. Според Амнести Интернешнл, неколку меѓусебно поврзани и фактори што се преклопуваат влијаат на перцепцијата за тоа кој претставува „ИСИС семејство": „Можеби најодлучувачкиот фактор е дали семејството има роднина којшто бил припадник на ИД. Перцепцијата за поврзаност со ИД може да постои дури и ако роднината е далечен роднина, без крвно сродство. Исто така може да постои во случаи кога роднината не бил борец на ИД или командант, туку имал улога што немала врска со борбите, како на пример административен службеник, возач или готвач. Дополнителните фактори вклучуваат: претходен престој во област под контрола на ИСИС; бегство од област под контрола на ИСИС во подоцнежна фаза од конфликтот; поврзаност со племе кое (доминантно ги поддржувало ИСИС; и апсење на мажите од семејството под сомнеж за припадност на ИСИС; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 12, 41. Види исто така, AP, Children of Islamic State Group Live Under a Stigma in Iraq, 15 октомври 2018, https://bit.ly/2OWzVUe; Marie Claire, The Truth about the Wives of ISIS, 4 октомври 2018, http://bit.ly/2RTn43E; Just Security, "ISIS Widows" and "Boko Haram Wives": Overlooked Abuses in Iraq and Nigeria, 23 August 2018, https://bit.ly/2xsq1Qf.

[389] "Семејствата за кои се смета дека имаат врски со ИД се изложени на присилно раселување, иселување, апсење, пљачкосување на нивните домови, уништување на куќите, закани, сексуална злоупотреба и дискриминација по враќањето во нивните места на потекло. Притоа тие што вака постапуваат се локалните власти, ирачките сили, вклучително ПМУ, локални паравоени единици и припадници на племињата и заедницата на семејствата"; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 36. Види исто така, UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 10-11.

[390] „Со членови на семејствата на наводни припадници на ИСИС честопати се постапува како да се виновни за поврзаноста, без разлика дали тие лично сносат некаква вина или не"; UNU-CPR, A Will to Punish –The Shia View of Dealing with ISIS Suspects in the Hands of Iraqi Justice, јули 2018, https://bit.ly/2JVFhda, стр. 5. „Племенскиот закон се применува во многу области на Ирак каде државните институции се сметаат за нелегитимни и неефективни, а еден од неговите клучни принципи е **припишување колективна вина на**

семејства со оглед дека не им се дава можност да ги оспорат наводите дека биле поврзани со ИСИС.[391]

Во областите каде што им се нивните домови, семејствата што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС, според извештаите, рутински се подложуваат на низа казнени мерки, вклучително и закани (на пример со тоа што домовите им се означуваат дека им припаѓаат на семејства на „Даеш“), малтретирање, физички напади, уништување, потпалување, пљачкосување и конфискација на домовите,[392] социјална маргинализација како и скратување на основните услуги, вклучително и снабдување со струја и вода.[393] Според извештаите, тие исто така се изложени на присилно протерување/иселување,[394] и/или присилна преселба во кампови за ВРЛ.[395]

---

**семејството или племето** на сторителот на кривичното дело. Како резултат на тоа, роднини на припадници на Исламската Држава честопати се сметаат за одговорни за кривични дела што не ги имаат извршено, со што многу луѓе се изложени на ризик од одмазднички убиства“ (додаден акцент); Lawfare, Iraq’s Harsh Approach to Punishing Islamic State ’Collaborators’ Stands to Have Counterproductive Consequences, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2K3votстр. Види исто така, Financial Times, Fears Mount for Abandoned Children of Iraq’s ISIS Suspects, 23 февруари 2019, https://bit.ly/2VKNGFj; HRW, World Report 2019 -Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; UNAMI, Briefing to the Security Council by SRSG for Iraq JánKubiš, New York, 17 јули 2017, https://bit.ly/2RanIZk.

391 UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 11, 25.

392 “Во неколку градови, водачите на паравоените единици ги имаат присилено локалните совети да им ги одземат имотните права на сунитите врз основа на тоа дека ја поддржувале Исламската Држава. Праксата доведе до големи демографски промени во традиционално мешаните сунитско-шиитски области како што се Хила и Дијала“; Washington Post, As Iraq’s Shiite Militias Expand Their Reach, Concerns about an ISIS Revival Grow, 9 јануари 2019, https://wapo.st/2QJwJId.

393 Iraqi News, Acts of Reprisal Rise Against ISIS Families in Mosul, 24 април 2019, https://bit.ly/2IKZMLT; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 February 2019, https://bit.ly/2EkxROr, стр. 2; The Atlantic, After ISIS, Iraq Is Still Broken, 2 August 2018, https://bit.ly/2M9P27T; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. vi, 3, 6; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 8-9; HRW, Iraq: ISIS Suspects’ Homes Confiscated, 19 април 2018, www.ecoi.net/en/document/1430723.html; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 36-37; The New Arab, Islamic State Families Struggle with Life after the 'Caliphate', 15 март 2018, https://bit.ly/2AaMxPc. За конкретни примери, види ги исто така месечните Protection Updates на УНХЦР, достапни на: https://bit.ly/2zeBGms и претходно објавените Centre & South Bi-Weekly Protection Updates на УНХЦР, достапни на: http://bit.ly/2jwuxJ4. Стравот од одмазднички дејствија според извештаите претставува пречка за семејствата да се вратат во своите домови. „(…) вдовиците на припадниците на Исламската Држава (…) се надевале дека ќе останат во кампот бесконечно, бидејќи сметале дека тие и нивните деца се побезбедни таму отколку во нивните поранешни домови во Хавиџа [гуверноратот Киркук], каде членовите на семејствата на Ирачаните коишто ѝ се приклучиле на групата се соочуваат со смртни закани, пљачкосување и уништување со потпалување или булдожери“; Lawfare, Iraq’s Harsh Approach to Punishing Islamic State ’Collaborators’ Stands to Have Counterproductive Consequences, 11 јуни 2018, https://bit.ly/2K3votстр. „Можеби највообичаената и најистрајната закана по безбедноста и благосостојбата на повратниците е пролиферацијата на насилство и одмазднички акти што се вршат врз повратници заради нивните наводни врски со ИСИС“; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc, стр. 15.

394 „Поединците што се осомничени за поврзаност со ИД честопати се предмет на закани со протерување или присилно иселување од нивните домови. (…) Многу од овие закани следат после племенски писмени договори со кои се идентификуваат конкретни поединци обвинети за поврзаност со ИД и бараат нивно привремено протерување или за секогаш да им се забрани пристап во заедницата (…)“; UNU-CPR, The Limits

Од 2015 година, според извештаите се случуваат одмаздничките напади од страна на вооружени групи на језиди врз цивили-сунитски Арапи заради наводна поддршка на ИСИС од нивните семејства или племиња во Округот Синџар (Нинева). Цивили се грабнуваат и убиваат, додека имотите им се пљачкосуваат и уништуваат.[396]

Во извештаите исто така се наведува дека на внатрешно раселени семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС не им се дозволува да се вратат во нивните домови.[397]

---

of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 11. „(...) на 12 октомври [2017] локалните власти во соработка со ИБС, обележале 115 до 120 куќи [во Хит, гуверноратот Ал-Анбар] и ги информирале семејствата со наводна поврзаност со ИСИЛ да го напуштат градот во рок од 72 часа“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. 6. Види исто така, ECFR, Reconciliation in Sinjar after ISIS, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2P3B2x7; UNHCR, Tribal Conflict Resolution in Iraq, 15 јануари 2018, www.refworld.org/docid/5a66f84f4.html, стр. 4 (и изворите таму). За конкретни примери, види ги исто така месечните Protection Updates на УНХЦР, достапни на: https://bit.ly/2zeBGms, и претходно објавените Centre & South Bi-Weekly Protection Updates на УНХЦР, достапни на: http://bit.ly/2jwuxJ4.

[395] „Во некои случаи, овие семејства [семејства за кои се смета дека се поврзани со ИСИС] биле присилени од ирачките безбедносни сили да ги напуштат домовите и да заминат во кампови или биле присилени на второстепено раселување“; HRW, World Report 2019 – Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. „Повеќето од овие семејства живеат во кампови коишто меѓународната заедница ги изгради за семејствата што се раселени заради борбите меѓу ирачките сили и ИСИС меѓу 2014 и 2017 година. Иако во овие кампови се сместени и ’регуларни’ раселени семејства, тие станаа де факто затвори за т.н. ’ИСИС семејства’“; Just Security, Iraq’s So-Called “ISIS Families“: Rounded Up, Vilified, Forgotten, 14 ноември 2018, https://bit.ly/2PDPJMB. Види исто така, UNHCR, Iraq Protection Update – November 2018, 30 ноември 2018, https://bit.ly/2FbJbiR, стр. 2; The New Arab, Awaiting Judgement: Meeting the Islamic State Families Held in Desert Camps, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2Q3Qi1R; HRW, Families with ISIS Relatives Forced into Camps, 4 февруари 2018, www.ecoi.net/en/document/1423562.html.

[396] „Језидите колективно ги обвинуваат речиси сите свои соседи Арапи (и курдските сунити) во најмала рака за тоа што не успеале да им се спротивстават на ИСИС или во најлош случај за тоа што ѝ се приклучиле на групата и придонеле за нејзината бруталност“; ECFR, Reconciliation in Sinjar after ISIS, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2P3B2x7, стр. 10. „Роднините на жртвите им кажале на Хјуман Рајтс Воч дека на 4 јуни 2017 г. језидски сили притвориле и потоа наводно погубиле мажи, жени и деца од шест имтејвитски семејства коишто бегале од борбите меѓу Исламската Држава (исто така позната како ИСИС) и ирачките Сили за народна мобилизација (ПМФ) западно од Мосул. Језидските сили исто така биле посочени во два други инциденти на присилно исчезнување на припадници на имтејвитското и џахајш племето кон крајот на 2017 година“; HRW, Iraq: Yezidi Fighters Allegedly Execute Civilians, 27 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a8eb08fa.html. Види исто така, Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW; US Department of State, 2017 Report on International Religious Freedom – Iraq, 29 мај 2018, www.ecoi.net/en/document/1436875.html.

[397] „Семејствата за кои се смета дека имаат врски со ИД редовно се спречуваат да не се вратат во нивните домови или места на потекло со закани од соседите, племенските и локалните власти и ирачките сили, вклучително и Единиците за народна мобилизација (ПМУ) и паравоените единици за племенска мобилизација“; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr, стр. 2. „Племенските лидери, безбедносните сили и заедниците продолжуваат да ги попречуваат и да не им дозволуваат на семејствата за кои се смета дека имаат врски со екстремисти да се вратат во областите на потекло во Анбар, Киркук и Нинева“; UNHCR, Iraq Protection Update– September 2018, 30 септември 2018, https://bit.ly/2K5WxMQ, стр. 2. „(...) племињата имаат изречено привремени забрани за повратниците поврзани со ИД. (…) Согласно племенското право, овие поединци против кои има забрани исто така можат да бидат убиени ако се вратат“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 11. „Деталите од овие наредби [издадени од локални и племенски власти] варираат. Многумина едноставно го забрануваат враќањето на сите жени и деца што се поврзани со ИД.

Други се под притисок да им плаќаат „крвав данок“ на жртвите на ИСИС пред да им се дозволи да се вратат.[398] Семејствата поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС според извештаите се предмет на строги ограничувања во движењето, вклучително кога бараат да ги напуштат камповите за ВРЛ привремено (пр. за да одат во болница) или во контекст на враќање во областите од каде што потекнуваат.[399]

И покрај недоволното пријавување заради стигмата и стравот од одмазда,[400] постојат извештаи за сексуално малтретирање, силувања и закани со силување, како и сексуална експлоатација на жените и девојките од страна на безбедносните сили во камповите за ВРЛ.[401] Употребата на

---

Други им дозволуваат на жените од семејства за кои се смета дека имаат врски со ИД да се вратат, но не на нивните деца. Други им дозволуваат на жените и на нивните ќерки да се вратат, но не и на нивните синови. Некои им дозволуваат на децата за кои се смета дека имаат врски со ИД да се вратат само ако се помлади од одредена возраст. (…) Други наредби од племенските и локалните власти предвидуваат жените кои се глава на домаќинството и нивните ќерки да се премажат пред да се вратат во нивното место на потекло“; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 34-35. Види исто така, UNHCR, Iraq Protection Update – January 2019, 31 јануари 2019, https://bit.ly/2L1EYld, стр. 1, 2; DW, Iraq: Uncertain Future for IS Families, 1 февруари 2019, https://bit.ly/2XqI2tv; MEE, Presumed Guilty: The Suspected IS Families in Iraq Blocked from Returning Home, 17 јануари 2019, https://shar.es/aaMM5i; NRC/DRC/IRC, The Long Road Home, 27 февруари 2018, https://bit.ly/2D3uFZc, стр. 21-23; HRW, Iraq: Displaced Families Blocked from Returning, 24 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b87de304.html; HRW, Iraq: Local Forces Banish ISIS Suspects' Families, 26 април 2018, www.refworld.org/docid/5b39f2f70.html.

[398] UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 11; Al-Monitor, Tribal Laws Determine Fate of IS Families in Iraq, 1 март 2018, https://bit.ly/2Ha2uZI.

[399] „Најмалку 10.000 семејства - меѓу 60.000 и 100.000 лица – во моментов живеат во овие кампови, кои не можат слободно да ги напуштат ако не добијат ’зелено светло’ од сите различните безбедносни агенции и нивните бази на податоци“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 26. „Семејствата за кои се смета дека имаат врски со ИД и живеат во кампови за ВРЛ се соочени со сериозни ограничувања на движење. Некои жени и деца се чуваат во *де факто* притвор во камповите за ВРЛ; некои се спречени од властите во кампот да заминат; и некои не можат да ги поминат контролните пунктови надвор од камповите, било бидејќи немаат лични карти или се плашат да не бидат уапсени“; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 24. Види исто така, DW, Iraq: Uncertain Future for IS Families, 1 февруари 2019, https://bit.ly/2XqI2tv; The New Arab, Awaiting Judgement: Meeting the Islamic State Families Held in Desert Camps, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2Q3Qi1R; Just Security, “ISIS Widows“ and “Boko Haram Wives“: Overlooked Abuses in Iraq and Nigeria, 23 август 2018, https://bit.ly/2xsq1Qf; HRW, Families with ISIS Relatives Forced into Camps, 4 февруари 2018, www.ecoi.net/en/document/1423562.html; Refugees International, Guilt by Association: Iraqi Women Detained and Subject to Sexual Exploitation and Abuse, октомври 2017, www.refworld.org/docid/59d371b04.html, стр. 1.

[400] Види Дел III.A.8 („Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности“).

[401] „Затворањето и дискриминацијата со кои се соочени овие жени ги изложува на поголем ризик од сексуална експлоатација, дури и од другите раселени жени. Многумина од нив велат [дека] на нив се врши притисок и се присилуваат на ’посебни врски’ или да им бидат ’девојки’ на мажите на позиција на власт во кампот, за да имаат пристап до основните средства што им се потребни за да преживеат“; Just Security, “ISIS Widows“ and “Boko Haram Wives“: Overlooked Abuses in Iraq and Nigeria, 23 август 2018, https://bit.ly/2xsq1Qf. Според Амнести Интернешнл, главните сторители на сексуално насилство се чуварите од безбедносните служби, војската и персоналот на паравоените единици коишто работеле во и во близина на камповите за ВРЛ; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 27-33. Види исто така, Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW; DW, Iraq: Uncertain Future for IS Families, 1 февруари 2019, https://bit.ly/2XqI2tv; UNSC, Report of the Secretary-General Pursuant to Resolution 2367 (2017), S/2018/677, 9 јули 2018,

сексуално насилство во овој контекст според извештаите се користи за казнување на жени заради нивната поврзаност со реални или наводни припадници на ИСИС.[402] Според извештаите во камповите за ВРЛ, на семејствата поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС, и особено на домаќинствата со жена како глава на семејството, не им се дава хуманитарна помош, вклучително и храна, вода и други продукти и здравствена заштита заради нивната поврзаност.[403]

Семејствата поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС според извештаите не можат да добијат безбедносна потврда за да бараат надоместок,[404] или за да извадат или да ги заменат граѓанските документи што ги немаат или им истекле,[405] вклучително и лични карти, изводи од матичните книги на родени, потврди за отсуство и изводи од матичните книги на умрени,[406]

---

http://bit.ly/2HofifZ, пара. 75; Refugees International, Guilt by Association: Iraqi Women Detained and Subject to Sexual Exploitation and Abuse, октомври 2017, www.refworld.org/docid/59d371b04.html, стр. 1-2.

[402] „Затворени во кампови, жените изјавуваат [дека] тие се изложени на силувања за да бидат казнети и понижени за нивните наводни врски"; Just Security, "ISIS Widows" and "Boko Haram Wives": Overlooked Abuses in Iraq and Nigeria, 23 август 2018, https://bit.ly/2xsq1Qf. „Жените за кои се смета дека имаат врски со ИД се чини дека се особено под ризик со оглед на нивната релативна изолација од другите семејства и нивните роднини, како и желбата на вооружените актери и другите мажи да ги казнат овие жени за нивната наводна поврзаност"; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр 27. Види исто така, VOA, Report: Iraqi Forces Sexually Abuse IS Female Relatives in Mosul, 17 февруари 2019, https://bit.ly/2EdRHuA.

[403] Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 20. Види исто така, UNSC, Report of the Secretary-General Pursuant to Resolution 2367 (2017), S/2018/677, 9 јули 2018, http://bit.ly/2HofifZ, пара. 75; HRW, Families in Iraq with Alleged ISIS Ties Denied Aid, 15 February 2018, www.refworld.org/docid/5a8eb1f54.html. Види исто така Дел II.Ѓ („Хуманитарна состојба").

[404] „Секој што е поврзан со некого што е во базата на податоци на лицата осомничени за припадност на ИСИС нема да добие безбедносна потврда. Лишувањето на семејствата на осомничените припадници на ИСИС од правото на надоместок исклучиво заради нивните семејни врски претставува облик на колективна казна"; CIVIC, "We Hope, but We Are Hopeless"- Civilians' Perceptions of the Compensation Process in Iraq, 28 ноември 2018, https://bit.ly/2Dhi6ap, стр. 18. Види исто така, HRW, World Report 2019 – Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; HRW, Iraq: ISIS Suspects' Homes Confiscated, 19 април 2018, www.ecoi.net/en/document/1430723.html. Види исто така Дел II.Е.3.а („Достапност на државна заштита во областите под контрола на централната власт").

[405] „Ирачките семејства за кои се смета дека имаат врски со ИСИС, обично заради нивното семејно име, племенска поврзаност или областа на потекло, не добиваат безбедносна потврда што им е потребна за да извадат лична карта или друга граѓанска документација"; HRW, World Report 2019 - Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html. Види исто така, MEE, Presumed Guilty: The Suspected IS Families in Iraq Blocked from Returning Home, 17 јануари 2019, https://shar.es/aaMM5i; HRW, Iraq: Families of Alleged ISIS Members Denied IDs, 25 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a99176a4.html.

[406] Според извештаите, членовите на семејствата на реални или наводни припадници на ИСИС кои биле убиени или исчезнале не можат да добијат „потврда за отсуство", која што се бара за да им се издаде извод од матичната книга на умрените и да добијат пристап до паричен надоместок. „Има и други итни потреби поврзани со лицата што се исчезнати, вклучително и правни и финансиски потврди. Ирачкиот закон предвидува нешто што се смета за "потврда за отсуство", што ја издава судија врз основа на полициски извештај. Важи три години, и на крајот од тој период може да се издаде извод од матичната книга на умрени. Семејствата исто така добиваат надоместок или компензација за исчезнување на нивни членови. Прелиминарното истражување се чини дека укажува на тоа дека потврдите за отсуство не им се даваат на семејствата на осомничени припадници на ИСИЛ кои исчезнале, вклучително и оние коишто исчезнале откако им се предале на ирачките сили"; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 75-76. Жените коишто не можат да добијат извод од матичната книга на умрени за нивните сопрузи не можат

венчаници и решенија за развод, картички за социјална помош и пасоши.[407] Немањето валидни документи влијае на нивниот пристап до образование и вработување, слободата на движење, и нивната можност да аплицираат за социјална помош, да наследат имот или повторно да се венчаат.[408] Жените поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС коишто одат во канцелариите на Управите за граѓански статус за да се распрашаат за граѓанската документација се соочуваат со ризик да бидат уапсени, освен ако не се во придружба на адвокат.[409]

Во некои случаи, семејствата коишто се распрашуваат за судбината на уапсените или исчезнатите членови на семејството со наводни врски со ИСИС пријавуваат закани од безбедносните сили.[410]

### *в) Лица кои даваат правни услуги на лица осомничени за припадност на ИСИС и семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС*

Адвокати и други што даваат правни услуги на лица осомничени за припадност на ИСИС и семејства поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС според извештаите се изложени на закани, несоодветно постапување, малтретирање и во некои случаи своеволно апсење и кривично гонење под обвиненија за тероризам од страна на службеници од безбедносните и разузнавачките служби и сили блиски на власта.[411] Како резултат, правното застапување на лицата

---

да го наследат имотот или повторно да се омажат; HRW, Iraq: Families of Alleged ISIS Members Denied IDs, 25 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a99176a4.html..

[407] „Безбедносната потврда обично се издава после проверката од страна на НБС, но секој што има близок роднина чие име се појавува на листата на осомничени припадници на ИСИС нема да ја поминат безбедносната проверка и нема да можат да добијат безбедносна потврда“; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 8. Види исто така, HRW, Iraq: Officials Threatening, Arresting Lawyers, 12 септември 2018, www.refworld.org/docid/5ba0bd2e4.html; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 20-21; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 22; HRW, Iraq: Families of Alleged ISIS Members Denied IDs, 25 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a99176a4.html.

[408] „На нив исто така не им се издаваат нови ниту им се обновуваат старите лични карти и други граѓански документи, што честопати значи дека не можат да работат, да примаат семејна пензија или да ги пратат децата на училиште. Дополнително нивната слобода на движење е сериозно ограничена заради тоа што немаат документи, или властите во кампот ги спречуваат да го напуштат кампот со што *де факто* ги затвораат“; Amnesty International, Human Rights in Iraq: Review of 2018, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2EkxROr. Види исто така, Al Jazeera, Iraq's Undocumented Children: 45,000 IDPs Denied Basic Rights, 30 април 2019, https://aje.io/mchvn; DW, Iraq: Uncertain Future for IS Families, 1 февруари 2019, https://bit.ly/2XqI2tv; HRW, World Report 2019 - Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 9; HRW, Iraq: Families of Alleged ISIS Members Denied IDs, 25 February 2018, www.refworld.org/docid/5a99176a4.html.

[409] HRW, Iraq: Families of Alleged ISIS Members Denied IDs, 25 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a99176a4.html.

[410] HRW, Arbitrary Arrests and Enforced Disappearances in Iraq 2014-2017, 27 септември 2018, www.ecoi.net/en/document/1444517.html, стр. 62.

[411] Според ХРВ, услугите што ги даваат адвокатите вклучуваат „одбрана на лица од обвиненија за тероризам и помош на семејствата коишто живееле под контрола на ИСИС за да ја добијат граѓанската документација за да можат да живеат во областите под контрола на владата, како и за да можат да земаат социјална помош (позната како Јавен систем за дистрибуција или ЈСД картички) коишто ги изгубиле додека биле под ИСИС“; HRW, Iraq: Officials Threatening, Arresting Lawyers, 12 септември 2018, www.refworld.org/docid/5ba0bd2e4.html. „Локалниот персонал на меѓународните и локалните организации честопати се предмет на заплашување, вознемирување и ги обвинуваат и нив за поврзаност кога ќе се

осомничени за припадност на ИСИС и на членовите на нивните семејства според извештаите е многу ограничено.[412]

Во зависност од индивидуалните околности на случајот, УНХЦР смета дека цивилите кои им припаѓаат на следниве категории **веројатно ќе имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на нивното припишано политичко мислење, нивниот верски или етнички идентитет, и/или други релевантни основи:

а) Сунитски Арапи и сунитски Туркмени, мажи и момчиња на возраст кога можат да се борат, коишто живееле во област под контрола на ИСИС и/или каде ИСИС одржува присуство;

б) Жени и деца поврзани со реални и наводни припадници на ИСИС заради нивните семејни или племенски врски.

УНХЦР исто така смета дека лицата коишто им припаѓаат на следниве категории **можеби ќе имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на нивното припишано политичко мислење, нивниот верски или етнички идентитет, и/или други релевантни основи, во зависност од индивидуалните околности на случајот:

а) други сунитски Арапи и Туркмени, вклучително на сметка на фактот дека живееле во област под контрола на ИСИС и/или каде ИСИС одржува присуство, или бидејќи споделуваат племенски или семејни врски со област што претходно била под контрола на ИСИС и/или со континуирано присуство на ИСИС;

б) Лица кои даваат правни услуги на лица осомничени за припадност на ИСИС и семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС.

Со оглед на потребата за одржување на цивилниот и хуманитарниот карактер на азилот, барањата за меѓународна заштита како бегалци од вооружените елементи не треба да се разгледуваат, освен ако не било утврдено дека тие навистина и трајно се откажале од воените активности.[413] Барањата на поранешните вооружени елементи може исто така да ја поттикнат потребата за разгледување на евентуалното одземање на бегалскиот статус.

---

обидат да им помогнат на лица за кои се смета дека биле соработници, што резултира со тоа што тие во голем број случаи не се подготвени да се занимаваат со таквите случаи"; InterAction, Moving Forward Together, Leaving no One Behind: From Stigmatization to Social Cohesion in Post-Conflict Iraq, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2r2TtZg, стр. 6. Види исто така, Just Security, Iraq's So-Called "ISIS Families": Rounded Up, Vilified, Forgotten, 14 ноември 2018, https://bit.ly/2PDPJMB; The New Arab, Awaiting Judgement: Meeting the Islamic State Families Held in Desert Camps, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2Q3Qi1R; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 23P; Rise Foundation, Mosul and Tel Afar Context Analysis, December 2017, https://bit.ly/2CzJSwU, стр. 29.

[412] HRW, Iraq: Officials Threatening, Arresting Lawyers, 12 септември 2018, www.refworld.org/docid/5ba0bd2e4.html; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 23.

[413] UNHCR Executive Committee, Conclusion on the Civilian and Humanitarian Character of Asylum, No. 94 (LIII) - 2002, 8 октомври 2002, www.refworld.org/docid/3dafdd7c4.html. За насоки како да се утврди искреноста и трајноста на одрекувањето, види, по аналогија, UNHCR, Operational Guidelines on Maintaining the Civilian and Humanitarian Character of Asylum, септември 2006, www.refworld.org/docid/452b9bca2.html.

Со оглед на специфичните околности и ранливоста на децата, примената на клаузулите за исклучување за децата треба да се практикува со голема внимателност.[414] Кога се тврди дека деца коишто се поврзани со вооружени сили извршиле кривични дела, важно е да се има на ум дека тие можеби биле жртви на повреди на меѓународното право, а не само сторители на кривични дела.[415]

## 2) Лица што се поврзуваат или се смета дека ја поддржуваат Владата

Во очигледен обид да се поткопа безбедноста и функционирањето и севкупната легитимност на Владата, и покрај загубената територијална контрола и способноста за систематски да ги напаѓаат лицата со ваков профил, според извештаите ИСИС продолжува редовно на мета да има цивили поврзани со или за кои се мисли дека ја поддржуваат ирачката Влада.[416] Овие цивили според извештаите се изложени на заплашување, грабнување и убиства, вклучително и употреба на ИЕН на патиштата, магнетни бомби поставени на возила и гранати фрлани на домовите.[417] Нападите на лицата со ваков профил се случуваат особено, но не исклучиво, во областите повторно преземени

[414] За дополнителни насоки за примената на клаузулите за исклучување за децата, види UNHCR, Guidelines on International Protection No. 8: Child Asylum Claims under Articles 1(A)2 and 1(F) of the 1951 Convention and/or 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees, HCR/GIP/09/08, 22 декември 2009, www.refworld.org/docid/4b2f4f6d2.html, пара. 58-64.

[415] Париските принципи велат: „Децата коишто се обвинети за кривични дела согласно меѓународното право кои наводно ги извршиле додека соработувале со вооружени сили или вооружени групи треба пред сè да се сметаат за жртви на дела против меѓународното право; не само за сторители. Со нив мора да се постапува во согласност со меѓународното право во рамки на ресторативната правда и социјалната рехабилитација, и во согласност со меѓународното право што на децата им нуди посебна заштита преку бројни договори и принципи“; UNICEF, The Paris Principles: Principles and Guidelines on Children Associated with Armed Forces or Armed Groups, февруари 2007, www.refworld.org/docid/465198442.html, пара. 3.6 и 3.7.

[416] „Во текот на 2018 година десетици селски кметови биле убиени во северен Ирак како резултат на атентати, бомбардирања и киднапирања. Најмалку тринаесет биле убиени од декември, вклучително и четворица во Мосул. Убијците патуваат во мали групи под закрила на ноќта и точно знаат кои куќи да ги нападнат. Влегуваат во селата со листа на имиња, понекогаш облечени во војнички униформи; оние што имаат среќа се локалците кои ќе добијат предупредување да ги прекинат врските со властите. (…) во последните месеци, куќите на воени офицери и офицери на паравоените единици и на локалци кои го поврзуваат селата со државните власти биле запалени или срушени до темел“; The New York Review of Books, Undefeated, ISIS Is Back in Iraq, 13 февруари 2019, https://bit.ly/2GJfHsy. „Голем дел од оваа стратегија [на ИСИС] се фокусира на комбинација на обиди да се започне со тивка контрола на руралните области, **додека притоа на мета им се клучните политички и симболични личности поврзани со ирачката држава.** Според Мајкл Најтс од Вашингтонскиот институт за политики на Блискиот Исток, „Од ерата кога ИСИС ја контролираше територијата, тие се обидуваат да ги отстранат луѓето кои потоа ќе ги ловат. Тие ги убиваат селските кметови, племенски поглавари, новиот сахва [неформална племенска организација против Исламската Држава] и Единиците за народна мобилизација.“ Според Хасан Хасан од Тахрир Институтот за политики на Блискиот Исток, „[Т]ие напаѓаат лица коишто ѝ се важни на ирачката држава” (додаден акцент); Foreign Policy, ISIS 2.0 Is Really just the Original ISIS, 3 април 2018, https://bit.ly/2uJSPor. Види исто така, UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: January to June 2017, 14 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a746d804.html, стр. ix.

[417] Iraqi News, Child Wounded in Suicide Attack Against Former Official’s House, South of Nineveh, 17 декември 2017, http://bit.ly/2nyW4bh; Iraqi News, Family of 8 Killed, Wounded in Islamic State Attack in Anbar, 10 октомври 2017, http://bit.ly/2Fw9BHX; Iraqi News, Policeman's Wife Injured in Bomb Blast Western Baqubah, 22 јули 2017, http://bit.ly/2nunajI.

од ИСИС каде групата и понатаму е присутна.[418] Оние што се на мета на ИСИС особено ги вклучуваат:[419]

- **Владини функционери,** особено на општински нивоа.[420] Поранешните владини функционери можат во некои случаи да продолжат да се под ризик од напад.[421]

---

[418] „Милитантите [на ИСИС] вршат контрола врз градовите и нивно оданочување, и ги напаѓаат оние што не соработуваат. Постојат месечни извештаи за палење на посеви, убивање на стока, киднапирања, уништување на домови, и сл. Исто така имаше напади врз контролни пунктови и локални безбедносни сили“; Musings on Iraq, Violence Remained Steady in Iraq August 2018, 3 септември 2018, https://bit.ly/2CU5uZI. „Во изминативе два месеци борци кои тврделе дека се поврзани со Исламската Држава киднапирале, убивале или барале откуп од десетици лица, вклучително и локални службени лица, племенски старешини и селски кметови“; Washington Post, ISIS Is Making a Comeback in Iraq just Months after Baghdad Declared Victory, 17 јули 2018, https://wapo.st/2OclDLi. Види исто така, AP, Islamic State Haunts Northern Iraq Months after Its Defeat, 28 март 2018, https://abcn.ws/2urBsIN; Al-Monitor, Kirkuk not as Liberated from IS as Claimed, 26 февруари 2018, https://bit.ly/2COxity.

[419] „Минатиот месец [во септември 2018], борци на Даеш го нападнале селото Гариб во Северен Ирак, при што биле убиени тројца, а деветмина биле повредени откако жителите одбиле да соработуваат со нив и да ги снабдуваат со храна и муниција. Минатата недела, Даеш го нападнале селото Садијех, јужно од Мосул, при што тројца биле убиени, а еден грабнат. Групата редовно организира напади во селата во покраините Дијала, Салахудин и Киркук и на други места при што на метат имаа функционери или полициски службеници, бидејќи работеле со државата“; AP, Daesh Reverting to Insurgency Tactics, 13 октомври 2018, http://bit.ly/2AcATU0. „Милитанти на ИД исто така на мета имаа цивили пред сѐ шиити; сунити за кои се смета дека се блиски на паравоените единици блиски на владата; луѓе за кои веруваат дека соработуваат со ирачките безбедносни сили; и поединци кои претставуваат структури за локално владеење, вклучително владини функционери, селски кметови и племенски старешини“; ACLED, The Reconstitution of the Islamic State’s Insurgency in Central Iraq, 5 јули 2018, https://bit.ly/2Rj6xWA. ИСИС според извештаите презема одговорност за нападите врз лицата со ваков профил; меѓутоа, не е секогаш можно да се утврдат сторителите и нивните мотиви за таргетирање на лицата со ваков профил. И други актери исто така можеби ги напаѓаат овие лица со вакви профили.

[420] Според Мајкл Најтс (Michael Knights), воен аналитичар за Ирак и виш соработник на Вашингтонскиот Институт, „Борците на ИД во просек убиваат 8,4 селски кметови месечно од јануари 2018”; VOA, IS Signals Re-Emergence in Parts of Iraq, 5 декември 2018, https://bit.ly/2El8qOn. Види исто така, AP, IS Move from Syria to Iraq, Destabilize Country's Security Say Officials, 23 февруари 2019, https://bit.ly/2SXuLdc; Rudaw, In the Plains of Northern Iraq, Familiar Shadows Roam and Kill, 20 февруари 2019, https://bit.ly/2VoDIct; The New York Review of Books, Undefeated, ISIS Is Back in Iraq, 13 февруари 2019, https://bit.ly/2GJfHsy; UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP, пара. 36; CIVIC, Mosul: Civilian Protection Challenges Post-ISIS, мај 2018, https://bit.ly/2PVzJoN, стр. 5; The Atlantic, ISIS Never Went Away in Iraq, 31 август 2018, https://bit.ly/2LMzcPw. За пријавените напади против владини службеници на ниво на **окрузи и општините**, види на пр., Rudaw, ISIS Militants Execute Iraqi Mukhtars, Militiamen in New Video, 14 април 2019, https://bit.ly/2VuWClo; NINA, An Explosive Device Exploded in Front of a Mukhtar Office South of Kirkuk Without Casualties, 20 март 2019, http://bit.ly/2WdQACt; NINA, Daesh Kidnapped /15/ Civilians, Including a Mukhtar in Two Incidents South of Kirkuk, 24 декември 2018, https://bit.ly/2AxQywM; NINA, Daesh Attack a Village in Mosul and Kidnap its Mukhtar, 4 декември 2018, https://bit.ly/2QCYxCW; NINA, A Mukhtar Killed by Gunmen Fire West of Mosul, 25 ноември 2018, https://bit.ly/2BCJnEz; NINA, Daesh Attacks the Village of the Governor of Kirkuk with Seven Mortar Shells, 16 ноември 2018, https://bit.ly/2KmF6bg; NINA, Mukhtar of a Village Killed by Daesh, West of Kirkuk, 3 ноември 2018, https://bit.ly/2S3jqU3. За пријавените напади против владини службеници на ниво на **покраини и централна власт**, види на пр., Xinhua, Provincial Governor Escapes Bomb Explosion in Central Iraq, 1 ноември 2018, https://bit.ly/2SCQkQp; Musings on Iraq, март 2018 the Return of the Islamic State Insurgency, 2 април 2018, https://bit.ly/2GOZyyU; NINA, MP Escapes an Assassination Attempt, East of Baquba, 25 март 2018, https://bit.ly/2KuQ3q7; Anadolu Agency, Iraqi Local Council Member Survives Assassination Bid, 23 февруари 2018, https://bit.ly/2q1Ydye.

- **Државни службеници**, особено од локалната администрација.[422] Дополнително, според извештаите судии и обвинители назначени од владата, особено оние што работат на случаи согласно Законот за борба против тероризам, се на мета на ИСИС и други вооружени групи.[423]
- **Членови на различни политички партии.** Нападите врз партиски членови редовно се засилуваат со наближувањето на изборите кога ИСИС се обидува да ја дискредитира владата и да го наруши политичкиот процес и функционирањето на државата.[424]
- **Припадници на ИБС, сили блиски на нив и на Пешмерга.**[425] Исто така има извештаи за напади кои на мета имаат поранешни припадници на Ирачката армија.[426]

---

[421] Види на пр. Reuters, Suicide Attack Kills Six Sunni Fighters in Northern Iraq: Police, 22 август 2018, https://reut.rs/2N7Uqci; Baghdad Post, Ex-Najaf Governor Survives Assassination Attempt, 7 април 2017, http://bit.ly/2rXNNTH.

[422] Види на пр. NINA, Gunmen Assassinate a Government Employee Northeast of Baquba, 3 април 2019. https://bit.ly/2GvNfsj; NINA, Gunmen Kill a Service Worker in Mosul, 21 февруари 2019, https://bit.ly/2UdZsYp; Arab News, Multiple Explosions Kill 6, Wound Several in Baghdad, 7 ноември 2018, https://bit.ly/2RGxRgq; NINA, An Employee Killed in a Sticky Bomb Exploded South of Kirkuk, 15 август 2018, https://bit.ly/2MvNDMh; NINA, The Director of the Office of the Electoral Commission in Diyala Survived an Assassination Attempt, 1 мај 2018, https://bit.ly/2IoHTPh; Kurdistan 24, One Person Killed in Western Baghdad Car Bomb Blast, 24 јануари 2018, http://bit.ly/2DMFhfM; Iraqi News, Public Servant Wounded in Car Bomb Blast in Baghdad, 21 јануари 2018, http://bit.ly/2nnTndc; Xinhua, 4 Killed in Attacks in Eastern Iraq, 20 јануари 2018, http://bit.ly/2DRN9Nm; NINA, 3 People Killed in 2 Separate Incident in Diyala, 17 јануари 2018, http://bit.ly/2Ert4KI; NINA, The Director of Agriculture of Saadiya and His Brother Kidnapped Northeast of Baquba, 5 јануари 2018, http://bit.ly/2rUEdkC.

[423] New York Times, These Iraqi Farmers Said no to ISIS. When Night Came They Paid the Price, 2 мај 2018, https://nyti.ms/2FCWV1A; VOA, Islamic State Trials: Iraqi Judges Видик Justice amid Disorder, Danger, 19 јануари 2018, http://bit.ly/2F1HgJB; Kurdistan 24, Three Lawyers Working on IS-Related Cases Killed in Iraq, 2 јануари 2018, http://bit.ly/2ovP1Bq.

[424] Во месеците пред парламентарните избори на 12 мај 2018, ирачките медиуми известија за повеќе од 15 обиди за убиство врз кандидати или службеници од иџборната администрација; Kurdistan 24, Gunmen Assassinate Kirkuk University Professor Planning to Run in May Elections, 6 февруари 2018, http://bit.ly/2HJUdtD. Види исто така, The Atlantic, Sunni Participation in Iraq's Upcoming Election is an Existential Threat for ISIS, 10 мај 2018, https://theatln.tc/2ILAFs1; EPIC, ISHM: мај 4-10, 2018, 10 мај 2018, https://bit.ly/2IOoGKx; EPIC, ISHM: април 27 - мај 3, 2018, 3 мај 2018, https://bit.ly/2Ku4smk; VOA, Islamic State Declares War on Iraq's General Elections, 20 април 2018, https://bit.ly/2HI7eqn.

[425] „ИСИЛ продолжи да убива и да ранува цивили, **полициски службеници и припадници на силите за народна мобилизација** во гувернoратите Дијала, Киркук, Нинава и Салах ал-Дин" (додаден акцент); UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 31 октомври 2018, https://undocs.org/S/2018/975, пара. 44. „Како дел од нивните тактики за вршење контрола на руралните заедници, ИСИС честопати на мета има локални борци на ПМФ, нивните семејства (...)"; The Intercept, ISIS Has not Vanished. It Is Fighting a Guerrilla War Against the Iraqi State, 16 септември 2018, https://interc.pt/2MA8Dhb. „Според безбедносните службеници уште од прогласувањето на победа од Абади [во декември 2017], ИСИС убива војници"; ICG, Iraq's Paramilitary Groups, 30 јули 2018, https://bit.ly/2T2VLrS, стр. 16. За пријавените инциденти во март и април 2019 (не е сеопфатно), види на пр., Rudaw, ISIS Kill PUK Asayesh Member in Makhmour, 1 мај 2019, https://bit.ly/2VfG9Ta; NINA, 2 Policemen Wounded by IED's Explosion South of Kirkuk, 29 април 2019, https://bit.ly/2ZMLEqL; Iraqi News, Unknown Gunmen Shoot Iraqi Soldier Dead in Diyala Province, 23 април 2019, https://bit.ly/2IHiIuW; Iraqi News, Bomb Attack Kills Two Policemen, Including Captain, in Mosul, 20 април 2019, https://bit.ly/2VqTTti; Iraqi News, Roadside Bomb Wounds Five Iraqi Soldiers in Western Iraq, 16 април 2019, https://bit.ly/2GIydRr; Iraqi News, 4 Paramilitary Fighters Injured by ISIS Attack on Khanaqin, 13 април 2019, https://bit.ly/2W7DxD1; Kurdistan 24, Explosion Wounds Two Iraqi Policemen in Diyala, 13 април 2019, https://bit.ly/2ZtlDwA; Xinhua, 4 Security Members Killed in Attacks in Iraq, 11 април 2019, https://bit.ly/2UGPnT1; NINA, IED Explodes on a Patrol of Federal Police in Hawija District, Kirkuk, Injuring a

- ***Цивили осомничени за соработка со ИБС, сили блиски на нив или Пешмерга или кои одбиваат да соработуваат со ИСИС.***[427]
- ***Племенски лидери и припадници на племиња поврзани со владата.***[428]

---

Number of Police, 11 април 2019, https://bit.ly/2ZshZDj; NINA, 3 Fighters of the PMF Injured by IED North of Babylon, 10 април 2019, https://bit.ly/2IPCtjv; NINA, Two Policemen Wounded by a Roadside Bomb Near Hawija, 9 април 2019, https://bit.ly/2UXhUsv; NINA, One Soldier Killed, Another Wounded in IED's Explosion, South of Baquba, Diyala, 9 април 2019, https://bit.ly/2UXiOVV; NINA, Two Members of the Popular Crowd Were Injured when a Bomb Exploded in Babylon, 6 април 2019, https://bit.ly/2Dy4KYl; Iraqi News, Four Policemen Killed, Wounded in Armed Attack in Iraq’s Diyala, 3 април 2019, https://bit.ly/2UTaPZW; NINA, 2 Soldiers Wounded in a Bomb Explosion South of Baquba, 1 април 2019, https://bit.ly/2W6RelQ; Iraqi News, Islamic State Sniper Guns Down Iraqi Soldier in Diyala Province, 26 март 2019, https://bit.ly/2UX4tbY; Iraqi News, Iraqi Soldier Killed, Two Wounded in Armed Attack in Northern Baghdad, 19 март 2019, https://bit.ly/2vkiUb1; NINA, Three Elements of the Popular Crowd Killed, and the Wounding of a Fourth in an Ambush by Daesh Elements West of Kirkuk, 19 март 2019, https://bit.ly/2W1A5tr; NINA, A Police Officer Was Injured when an Explosive Device Exploded South of Kirkuk, 14 март 2019, http://bit.ly/2TPjgFg; NINA, Two Elements of the Tribal Crowd Killed West of Kirkuk, 14 март 2019, http://bit.ly/2TT9jqo; Iraqi News, Bomb Blast Kills Two Iraqi Paramilitary Fighters in Baghdad, 9 Mach 2019, http://bit.ly/2Onq2ME; Reuters, Militants Kill Seven Iraqi Shi'ite Paramilitaries in Northern Iraq, 7 март 2019, https://reut.rs/2NMZXWS; Xinhua, Policeman Killed, 3 Injured in Bomb Attack in Eastern Iraq, 6 март 2019, https://bit.ly/2VFaqq2; NINA, An Officer Killed when a Roadside Bomb Exploded West of Kirkuk, 2 март 2019, https://bit.ly/2H3AmIH.

[426] Види на пр. Iraqi News, Former Iraqi Military General Assassinated by Islamic State in Kirkuk, 1 февруари 2018, http://bit.ly/2rYDP4D; NINA, Gunmen Kidnapped a Former Army Employee North of Babylon, 26 декември 2017, http://bit.ly/2E8ezO0; Baghdad Post, IMIS Terrorists Assassinate Former Iraqi Officers Involved in War on Iran, 23 февруари 2017, http://bit.ly/2nyxmru.

[427] Види на пр. Kurdistan 24, ISIS Continues to Threaten Iraq’s Disputed Territories; Locals Forced to Pay 'Taxes', 10 април 2019, https://bit.ly/2L7Iive; AP, IS Move from Syria to Iraq, Destabilize Country's Security Say Officials, 23 февруари 2019, https://bit.ly/2SXuLdc; Rudaw, In the Plains of Northern Iraq, Familiar Shadows Roam and Kill, 20 февруари 2019, https://bit.ly/2VoDIct; Asharq Al-Awsat, ISIS Executes Civilians over Cooperation with Iraqi Army, 27 октомври 2018, https://bit.ly/2SpTxPc; NINA, Daesh Kidnap Two Civilians, South of Kirkuk on Charges of Cooperating with Security Forces, 17 септември 2018, https://bit.ly/2xA3Qrb; PBS, ISIS Returns to Iraq, and a Town Confronts a New Wave of Terror, 16 септември 2018, https://to.pbs.org/2Nih8CD; The Intercept, ISIS Has not Vanished. It Is Fighting a Guerrilla War Against the Iraqi State, 16 септември 2018, https://interc.pt/2MA8Dhb; NINA, Daesh Killed 21 Cows in Retaliation for the Villagers of the Agricultural Village near Al-Edhaim for Refusing to Cooperate with the Organization, 24 август 2018, https://bit.ly/2O9q9dy; NINA, Daesh Detonated Two Houses Inside a Residential Complex South of Kirkuk, 23 август 2018, https://bit.ly/2CLqPET; NINA, Residents of a Village in Hawija Displaced due to Threats Received from Daesh, 9 август 2018, https://bit.ly/2MA90cf. Види исто така Дел II.Д.2.а („Злоупотреба на човековите права од страна на ИСИС”).

[428] Според извештаите ИСИС не прави разлика меѓу вооружените и цивилните припадници на племињата. „Покраината Салах ал-Дин на ИСИС во Ирак дистрибуираше видео со наслов ’Подобро да престанете’. Видеото покажува оперативец на ИСИС којшто зборува за нападите на ИСИС врз сунитите во Ирак, главно против припадниците на сунитските племиња, меѓу кои племето Шамар (најголемото племе во западен Ирак). Според оперативецот, причината за овие напади е соработката со ирачката армија, полицијата и силите за племенска мобилизација во борбата против ИСИС. Говорникот им се заканува на сунитите во Ирак да не соработуваат со ’неверничкиот шиитски режим’“; The Meir Amit Intelligence and Terrorism Information Center, Spotlight on Global Jihad (August 30 – September 5, 2018), 6 септември 2018, https://bit.ly/2NAoJf3. „Во едно село во близина на сунитскиот град Ширкат, јужно од Мосул, исламистите ја нападнале куќата на племенскиот шеик кој раководел со сунитската паравоена група што се борела против милитантите и го убиле него, неговиот син и двајца гости“; Reuters, Islamic State Attacks Kill 10 in Northern Iraq– Police, 12 март 2018, https://reut.rs/2KzEZrV. „Нападите врз племенските лидери се важни, бидејќи тоа е еден од главните начини Исламската Држава да се поврати после 2018, преку елиминирање на локалните лидери и заплашување на племињата“; Musings on Iraq, Security in Iraq, Jan 1-7, 2018, 9 јануари 2018,

Според извештаите, припадниците на политичката партија и кандидатите за избори исто така се на мета на актери кои не се ИСИС, вклучително како резултат на политичките и/или секташките ривалства или идеолошки разлики на пр. меѓу партии поделени по секташките линии во спорните области, меѓу секуларните и шиитските исламистички партии или како резултат на конкуренцијата меѓу шиитите.[429]

Има извештаи дека во некои случаи, членови на семејства, возачи и телохранители исто така биле на мета заради нивната поврзаност со поединци со гореспоменатите профили.[430]

Врз основа на претходната анализа, УНХЦР смета дека во областите каде ИСИС одржува присуство, лицата поврзани со нив, или за кои се смета де ја поддржуваат ирачката Влада, **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** заради нивното политичко мислење или припишано политичко мислење, вера или друг релевантен основ, во зависност од индивидуалните околностите на случајот. Меѓу таквите лица спаѓаат:

---

http://bit.ly/2noVeyG. Види исто така, Rudaw, Tribal Leader Killed in Mosul Roadside Bombing, 10 април 2019, https://bit.ly/2UC0UD7; NINA, A Clan Sheikh Killed and the Wounding of His Brother in a Raid on a Village in Kirkuk, 30 март 2019, https://bit.ly/2Vn1N6R; NINA, Daesh Exploded a Number of Houses in Southwest Kirkuk Without Casualties, 1 март 2019, https://bit.ly/2UlUR6s; AP, IS Move from Syria to Iraq,Destabilize Country's Security Say Officials, 23 февруари 2019, https://bit.ly/2SXuLdc; Al-Monitor, IS Targets Truffle Hunters Across Sunni Regions, 22 февруари 2019, http://almon.co/36b9; UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 февруари 2019, https://bit.ly/2H5licP, пара. 36; NINA, A Tribal Figure Kidnapped from his Home Northeast of Baquba, 30 ноември 2018, https://bit.ly/2S9JU6W; AFP, Seven Shepherds Killed as Daesh ’Danger’ Grips Iraqi Desert, 20 јуни 2018, https://bit.ly/2KA2XTV; NINA, Daesh Kill 2 Fighters of the Tribal Mobilization, Burn a Tribal Elder's House and Injure 2 of His Nephews in Kirkuk, 15 мај 2018, https://bit.ly/2LyDAmm; New York Times, These Iraqi Farmers Said no to ISIS. When Night Came They Paid the Price, 2 мај 2018, https://nyti.ms/2FCWV1A.

[429] Во мултиетничките спорни области, политичките партии според извештаите се натпреваруваат долж секташките линии и некои напади можат да им се припишат на политичките ривалства. На пример, во градот Туз Хурмату, домовите на курдските политичари што го поддржаа курдскиот референдум за независност во септември 2017, според извештаите, биле на мета на туркменските ПМФ; Los Angeles Times, Tuz Khurmatu is Iraq's City of Walls. Is it a Sign of the Country's Future?, 11 март 2018, http://lat.ms/2IlnE5h. Припадници од политичкиот сојуз меѓу шиитското Садр движење и Ирачката Комунистичка Партија („Ал-Саирун“) според извештаите се на мета на шиитските исламистички групи; Anadolu Agency, Unknown Attackers Target Sadr-Linked Sites in S. Iraq, 15 мај 2018, https://bit.ly/2zUcylW; MEE, Iraqi Communists and Shia Sadrists Unite to Tackle Corruption and Sectarianism, 28 февруари 2018, https://shar.es/1LGNSz; The New Arab, Shia Militia ’Launches Grenade Attack on Iraqi Communists’, 11 април 2017, http://bit.ly/2tIlUQi; Niqash, Iraq’s Religious Militias Push Back Against a Communist Revival, 17 март 2017, http://bit.ly/2Gb9vXR. За политичките ривалства меѓу Садристичкото движење и про-иранските шиитски партии, што од време на време резултира со напади против припадниците и канцелариите на политичките партии, види ISW, Iraq Situation Report: February 11-16, 2017, 16 февруари 2017, http://bit.ly/2FCSlS1; ISW, Iraq Situation Report: февруари 2-10, 2017, 10 февруари 2017, http://bit.ly/2CIEabz.

[430] Види на пр. Bas News, IS Attacks Village Chieftain Home near Khanaqin, Kidnaps One, 13 декември 2018, https://bit.ly/2UUPonR; NINA, Gunmen Assassinate Mukhtar's Son Northeast of Baquba, 16 ноември 2018, https://bit.ly/2PGBs1V; The Intercept, ISIS Has not Vanished. It Is Fighting a Guerrilla War Against the Iraqi State, 16 септември 2018, https://interc.pt/2MA8Dhb; Iraqi News, IS Kills Security Leader, Seven of His Family Members, South of Mosul, 30 август 2018, https://bit.ly/2NzyWbK; Reuters, Four Members of Iraqi Election Worker's Family Killed, 25 јуни 2018, https://reut.rs/2tFfNKd; NINA, Two Civilians Kidnapped in Western Kirkuk, 5 февруари 2018, http://bit.ly/2GLJvRS.

- Владини функционери;
- Државни службеници, вклучително судии и обвинители назначени од владата и вработени во државни компании;
- Членови на политички партии;
- Припадници[431] на ИБС, сили блиски на нив и Пешмерга;
- Цивили осомничени за соработка со ИБС, сили блиски на нив или Пешмерга;
- Племенски лидери и припадници на племиња поврзани или за кои се смета дека се поврзани со владата.

Поранешни владини функционери и поранешни припадници[432] на ИБС, сили блиски на нив и Пешмерга како и членови на семејства на поединци поврзани со или за кои се смета дека ја поддржуваат ирачката влада, исто така може да имаат потреба од меѓународна заштита, во зависност од индивидуалните околности на случајот.

Врз основа на претходната анализа, УНХЦР смета дека лицата што се поврзани, или за кои се смета де ја поддржуваат ирачката Влада, **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на нивното политичко мислење или припишано политичко мислење, вера или друг релевантен основ, во зависност од индивидуалните околности на случајот.

Со оглед на потребата за одржување на цивилниот и хуманитарниот карактер на азилот, барањата за меѓународна заштита како бегалци од вооружените елементи не треба да се разгледуваат, освен ако не било утврдено дека тие навистина и трајно се откажале од воените активности.[433] Барања од полициските службеници, поранешни војници и племенски борци можат дополнително да ја поттикнат потребата за разгледување на можно одземање на бегалскиот статус.[434]

## 3) Лица што се спротивставуваат или за кои се смета дека се спротивставуваат на Владата или на оние блиски на Владата

Поединците кои ги критикуваат или за кои се мисли дека ги критикуваат владините функционери, политичари или други со политичко влијание или кои тврдат дека имало владина злоупотреба или корупција, според извештаите, се на мета на власта и актерите поврзани со власта, вклучително и влијателни владини и партиски функционери, нивниот безбедносен персонал и вооружените групи блиски на нив.[435] Според извештаите тоа најчесто се прав преку заплашување,

---

[431] „Припадници“ се однесува на персоналот којшто им служеле на ИБС во времето кога избегале од Ирак, и кои се плашат дека ќе настрадаат заради својата поранешна позиција во армијата доколку се вратат во Ирак (под услов тие искрено и трајно да се откажале од воени и вооружени активности во времето на нивното барање на азил).

[432] „Поранешни припадници се однесува на поранешен воен персонал којшто повеќе не бил во активна служба во времето на нивното бегство од Ирак.

[433] UNHCR Executive Committee, Conclusion on the Civilian and Humanitarian Character of Asylum, No. 94 (LIII) - 2002, 8 октомври 2002, www.refworld.org/docid/3dafdd7c4.html. За насоки како да се утврди вистинитоста и трајноста на одрекувањето, види, UNHCR, Operational Guidelines on Maintaining the Civilian and Humanitarian Character of Asylum, септември 2006, www.refworld.org/docid/452b9bca2.html.

[434] Види Дел III.Г („Разгледување на потенцијално исклучување”).

[435] За примери кога на мета се овие актери, види извори во последователните фусноти.

малтретирање, физички напади, своеволно апсење и политички мотивирано кривично гонење (пр. со обвиненија за клевета), грабнувања и, во некои случаи, убиства. Под овој профил потпаѓаат особено медиумски работници;[436] активисти на граѓанското општество;[437] и демонстранти;[438] чии профили исто така можат и да се преклопат, како и претставници на

[436] Според директорот на Ирачкото здружение за одбрана на правата на новинарите (ИЈРДА), Ибрахим ал-Сараџ, „повеќето напади врз новинарите биле извршени од државни службеници, воени или полициски сили или вооружени групи.“ И дополнително: „Кога некој новинар пишува за корупција во рамки на некое министерство, лицето се соочува со напади или од страна на министерот, неговото обезбедување или од припадници на неговиот клан. Имаме документирано многу случаи“; The New Arab, Journalists Fight to Survive in Iraq, Dreaming of a Career Beyond War Reporting, 12 јуни 2018, https://bit.ly/2zkTWL3. Види исто така, Gulf Centre for Human Rights (GC4HR), Iraq: and Iraqi Kurdistan: Targeting of Activists and Journalists Continues, 14 март 2019, http://bit.ly/2W05Djdl; Committee to Protect Journalists (CPJ), Iraqi Militias Use Threats, Violence to Keep Basra Press in Line, 19 февруари 2019, http://bit.ly/2F6pfet; Baghdad Post, AlaaMashzoub, the Novelist Whose Words Killed Him, 3 февруари 2019, https://bit.ly/2TtG5dq; CPJ, Iraqi Authorities Shut Down Internet, Detain and Assault Journalists amid Protests, 14 септември 2018, https://cpj.org/x/7440; Iraqi News, Iraqi Media Figure Arrested for Insulting Judiciary: Spokesman, 28 јуни 2018, https://bit.ly/2NcmOKS; Reporters Sans Frontières (RSF), Covering Corruption Exposes Journalists to Arrest in Iraq, 12 јуни 2018, www.ecoi.net/en/document/1435510.html; International Federation of Journalists (IFJ), Iraq: A Journalist Arrested again for Being Critical of the Government, 14 февруари 2018, https://bit.ly/2Rmmgnr; CPJ, Iraqi Authorities Arrest Samir Obeid at Baghdad Checkpoint, 6 февруари 2018, https://cpj.org/x/7132; CPJ, Dijlah TV: Unknown Assailants Set Fire to Baghdad Bureau, 10 јануари 2018, https://cpj.org/x/70cd. Види исто така Дел III.A.6 („Новинари и други медиумски работници”).

[437] „ Исто така се користи присилно исчезнување против активисти за човекови права и новинари за да се замолчат ако тие ги осудат повредите извршени од властите и со нив блиските паравоени единици. Исто така, гласно говорат за присилните исчезнувања што води кон одмазди од страна властите.“ И дополнително: „Правото на новинарите и активистите за човекови права за слобода на изразување е многу ограничено и тие и понатаму се малтретирани и изложени на одмазда. Облиците на одмазди вклучуваат практикување на присилно исчезнување, своеволен притвор и мачење“; Alkarama, Universal Periodic Review Iraq - Submission to the Stakeholders' Summary, 28 март 2018, https://bit.ly/2IHhpMH, пара. 41. „Веројатно е дека грабнувањето на седум студенти [Багдад во мај 2017] е директно поврзано со нивниот граѓански активизам, како и учеството во демонстрации или критикувањето на негативните појави во ирачкото општество“; ICSSI, Iraqi Activists Demand Those who Abducted 7 Students Because of their Civil Activism Be Held Accountable –International Solidarity Is Needed, 11 мај 2017, http://bit.ly/2GQGrVl. „(...) многумина се плашат да зборуваат јавно [против корупцијата] заради страв да не го навлечат гневот на паравоените единици во земјата кои честопати се поврзано со парламентарците и владините министри“; MEE, Seven Anti-Corruption Activists Kidnapped in Baghdad, 9 мај 2017, https://shar.es/1L7LGX. „Активистите на граѓанското општество, особено оние што работат на верските и малцинските права и човековите права на жените се соочени со голем број закани, мачење и малтретирање од милитантните исламистички групи и државни актери“; Civicus, Civil Society Watch Report, јуни 2016, https://bit.ly/2pwsl4L, стр. 11. Види исто така, Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Rudaw, Iraq Arrests Kurdish Activist for Protesting Militarization of Kirkuk, 16 октомври 2018, https://bit.ly/2pX9Rdr; Qantara.de, Murder and Kidnapping in Iraq: An Inexorable Tide, 23 February 2018, http://bit.ly/2HrPNqm; AFP, Iraqi-US Anti-Corruption Activist Jailed for Defamation, 10 февруари 2018, http://bit.ly/2Hh7RTK.

[438] Во низа прилики, протестите против корупција, невработеноста и отсуството на јавни услуги според извештаите се пречекани со прекумерна сила од страна на безбедносните сили, вклучително и со користење на боева муниција. За време на протестите во Басра и на други места во јужен Ирак во летото 2018, од кои некои прераснаа во судири со безбедносните сили, демонстрантите според извештаите биле изложени на закани, физички напади и своеволно апсење и грабнувања од страна на ИБС и сили блиски на нив, како и од елементи поврзани со влијателни политички партии. Според Мехди ал-Тамими, шефот на ирачката Комисија за човекови права во Басра, безбедносните сили „директно отвориле оган на демонстрантите“ и демонстрантите биле „подложени на електро-шокови од страна на безбедносните

органите на прогонот и судските власти вклучени во борбата против корупцијата.[439] Најавите на Владата за истражување на убиствата ретко кога резултираат со идентификување и прогон на сторителите.[440]

---

сили“; Reuters, Protester Killed in Basra during Clashes with Security Forces, 4 септември 2018, https://reut.rs/2FfmryX. „Безбедносните сили користеа полициски час, солзавец и боева муниција за да ги задушат серијата протести против корупцијата и лошата инфраструктура во Басра кои почнаа во јули 2018 година и продолжија во декември. Многу луѓе беа уапсени или повредени и најмалку 15 беа убиени“; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html. Според извештаите, неколку водачи на протестите/активисти биле издвоени за да бидат убиени, вклучително и активистот и организаторот на протестот Суад Ал-Али, којштo бил убиен во Басра на 25 септември 2018, и Шеик Висам ал-Грави, свештеник којшто учествувал во протестите во Басра и во кој било пукано и бил убиен од непознато вооружено лице на 17 ноември 2018; UNSC, Implementation of Resolution 2421 (2018), 1 February 2019, https://bit.ly/2H5licP, пара. 41; BBC, Iraqi Human Rights Activist Shot Dead in Basra, 25 септември 2018, https://bbc.in/2zG51a9. Види исто така, Amnesty International, Iraq: Fist Around Freedom of Expression Tightens, 1 март 2019, http://bit.ly/2UBDMpc, стр. 4; Reuters, Police Fire Live Rounds to Disperse Protest in Iraq's Basra, 14 декември 2018, https://reut.rs/2zXxSq2; Washington Post, Iraqi Cleric Linked to Basra Protests Killed Outside Home, 18 ноември 2018, https://wapo.st/2DRbYIu; AP, Iran-Backed Militias Accused of Reign of Fear in Iraqi Basra, 23 септември 2018, https://bit.ly/2QWUYDL; MEE, 'Saboteurs': Non-State Actors Accused of Killing and Abusing Basra Activists, 20 октомври 2018, https://bit.ly/2PDmpoF; Amnesty International, Iraq: Deaths of Protesters in Basra Must Be Effectively Investigated, 7 септември 2018, https://bit.ly/2QbYdXS; Alkarama, Use of Excessive Force by Security Forces in Iraq Results in Several Deaths and Hundreds of Injuries of Peaceful Prrotesters, 8 август 2018, https://bit.ly/2znTfk3; HRW, Iraq: Security Forces Fire on Protesters, 24 јули 2018, www.ecoi.net/en/document/1439329.html. Види исто така Дел II.A.1 (“Безбедноста во јужните гувернорати”).

[439] „Заплашувањето на судии и адвокати има долга историја во Ирак, но тоа се интензивираше во последните месеци. Пријавите што се поставуваат на платформата за пријавување Ceasefire посочуваат закани врз низа судии во Басра за нивната работа на кривични случаи, вклучително и изрекување на казни против корумпирани функционери. Домот на еден истражен судија којшто работел на случаи со корупција и дрога бил на мета на напад со лесно оружје како предупредување“; Ceasefire Centre for Civilian Rights / MRGI, Civilian Activists under Threat in Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2UnHNgl, стр. 18. „Членовите на судството и понатаму се соочени со значителен притисок, вклучително и заплашување и насилство, особено во случаи на организиран криминал, корупција и активисти на паравоените единици“; Australia: Department of Foreign Affairs and Trade, Country Information Report – Iraq, 9 октомври 2018, https://bit.ly/2CaY0zv, стр. 28. Гонењето на корупциски случаи од висок профил се попречува меѓу другото од „стравот на судиите да изрекуваат пресуди против поединци со силни партиски врски; Middle East Research Institute, Anti-Corruption Efforts in Iraq, 16 јануари 2018, http://bit.ly/2p4DxVX. „Лажните обвинувања за нелегална корупција често пати се користат како средство за напад на лицата одговорни за случаите на корупција. И дополнително: „Јасно е дека се плаќа лична цена, бидејќи се случува комесарите да го изгубат работното место, па дури и животот. На пример, ал-Угаили бил присилен да даде оставка од своето работно место како шеф на Ц.О.И. и да избега од Багдад во 2011; на Саба ал-Саади му било забрането да учествува на изборите во 2014 година; ал-Шабиби сè уште е надвор од Ирак; и Адил Нури бил под закана кон крајот на 2015 кога имало обиди да го убијат и било пукано на неговиот автомобил при што бил повреден син му“; Sarwar Mohammed Abdullah, Corruption Protection: Fractionalization and the Corruption of Anti-Corruption Efforts in Iraq after 2003, British Journal of Middle Eastern Studies, 5 декември 2017, http://bit.ly/2FGhH5x, стр. 8, 14-15. Види исто така, GICJ, GICJ’s Submissions on Iraq - Reports Submitted to the 35th Session of the UN Human Rights Council, јуни 2017, http://bit.ly/2FDe7F1, стр. 5; Medwell Journals, Anti-Corruption Strategies in Iraq after 2003: The Challenges Ahead, 2017, http://bit.ly/2D7rVpb, стр. 2195.

[440] „Извршителите на напади со смртни последици врз цивилни активисти, вклучително и демонстранти, бранители на човекови права и медиумски работници, рутински се опишуваат од ирачките извори како неидентификувани или непознати. Во речиси секој случај, најавата на истрага за такво убиство не резултира

Поединечни поранешни членови на владата на поранешниот претседател Садам Хусеин и веќе расформираната Бат Партија[441] и понатаму се на мета, што во некои случаи вклучува и убиства, иако честопати не се знае дали биле на мета исклучиво заради нивната поврзаност со претходната влада и/или партијата или (и) по друг основ (пр. сомнеж за поврзаност со ИСИС или нивната племенска, секташка или професионална припадност).[442]

УНХЦР смета дека лицата што се спротивставуваат или за кои се смета дека се спротивставуваат на владините функционери (вклучително на локално ниво), политичари или други со политичко влијание **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на нивното политичко мислење или припишано политичко мислење, и/или други релевантни основи во зависност од индивидуалните околности на случајот.

За насоки за новинари и други медиумски работници, види дел III.A.6.

---

со идентификување на сторителот или нема судење“; Ceasefire Centre for Civilian Rights / MRGI, Civilian Activists under Threat in Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2UnHNgl, стр. 18.

441 Партијата Баат е забранета согласно членот 7 од Уставот на Ирак од 2005 година. Дополнително, во јули 2016 беше усвоен закон со којшто се зајакна уставната забрана и се криминализираат протестите на Батистите и промовирањето на батистичките идеи; Anadolu Agency, Candidates Barred from Iraq Polls for Baath Party Links, 2 април 2018, https://bit.ly/2rXpHpR; MEE, Iraqi Parliament Votes to Ban the Baath Party, 31 јули 2016, https://bit.ly/2s2SQzY.

442 „Племенските шеики честопати се жалат дека нивните домови и имоти се предмет на напади од ПМФ заради наводни врски со режимот пред 2003 година“; Carnegie Middle East Center, The Sunni Predicament in Iraq, март 2016, http://ceip.org/2DoMkGv, стр. 10. „На 30 декември [2016], еден цивил бил застрелан и убиен од неидентификуван стрелец во округот Абу Касееб, гувернорат Басра. Жртвата бил од сунитската заедница и бил поранешен член на Партијата Баат“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2016, 30 август 2017, www.refworld.org/docid/5a7470a84.html, стр. 16. „Во сложената мрежа на непријателства коишто постојат во актуелниот конфликт во Ирак, шиитската политичка реторика обично прибира поддржувачи на ИСИС од силите лојални на растурената партија Баат и кај пензионираните високи офицери кои биле на служба за време на Садам Хусеин. Во контекст на оваа реторика за провладините сили што се вклучени во воени операции против ИСИС се чини дека ИСИС се поистоветува со партијата Баат. (…) Аналитичарите навистина укажуваат на големата улога што поранешните членови на партијата Баат ја играат таму. Меѓутоа многу други Баатисти, од кои некои беа интервјуирани од Хјуман Рајтс Воч тврдат дека немаат никакви врски со екстремистичката група“; HRW, Ruinous Aftermath: Militia Abuses Following Iraq's Recapture of Tikrit, 20 септември 2015, www.refworld.org/docid/55ffdbd64.html. Види исто така, UNAMI, Report on the Protection of Civilians in the Armed Conflict in Iraq: 1 November 2015 - 30 September 2016, 30 декември 2016, www.refworld.org/docid/5885c1694.html, стр. 30; UNAMI, Report on the Protection of Civilians in the Armed Conflict in Iraq: 11 December 2014 - 30 April 2015, 13 јули 2015, www.refworld.org/docid/55a4b83c4.html, стр. 4, 29. На почетокот од март 2018 година врз основа на Законот 72 од септември 2017, Ирачката врховна национална комисија за отчетност и правда според извештаите наредиле конфискација на движниот и недвижниот имот на поранешните членови на режимот на партијата Баат и во некои случаи и на нивните семејства до второ колено. Законот наводно „предвидува конфискување и заплена на финансиските средства и имот на починатиот претседател Садам Хусеин и на неговите роднини, 52 високи функционери од поранешниот режим и над 4.000 поранешни министри и функционери од партијата Баат“; Asharq Al-Awsat, Iraq to Seize Assets of Saddam Hussein, His Aides, 6 март 2018, http://bit.ly/2GyW7gt. Види исто така, Rawabet Center for Research and Strategic Studies, A New Assessment of the Accountability and Justice Commission of the Property of the Former Iraqi Regime, 12 март 2018, http://bit.ly/2DwB6zC.

## 4) Лица што се спротивставуваат или за кои се смета дека се спротивставуваат на КРВ или на оние блиски на КРВ

Поединци коишто ги критикуваат или за кои се смета дека ги критикуваат властите на КРВ, доминантните владејачки партии или други со политичко влијание во КР-И, или кои изнесуваат наводи за злоупотреба на власта или корупција во КР-И, според извештаите се на мета во некои примери на властите на КРВ, на влијателни владини и партиски функционери и на безбедносните сили во КР-И блиски на партијата.[443] Тие што потпаѓаат под овој профил според извештаите се пред сè новинарите и други медиумски работници,[444] припадници на ривалски или опозициски политички партии,[445] активисти на граѓанското општество[446] и демонстранти,[447] чии профили може

---

[443] „Политичкиот говор во курдскиот регион исто така може да предизвика своеволно притворање или други одмаздни чинови од страна на владата или партиските сили"; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html.

[444] Новинарите и други медиумски работници кои се критични во своите написи за оние работи што се сметаат за чувствителни прашања од страна на властите на КРВ, според извештаите, се на мета на малтретирање, заплашување, физички напади, конфискација на опрема и своеволни апсења, како и грабнувања и убиства без апсења во некои случаи. Види на пример, Journalist Detained for Weeks in Iraqi Kurdistan, Accused of Anti-State Acts, 21 февруари 2019, http://bit.ly/2XSPEFg; CPJ, Four Iraqi Journalists Detained in Mosul and Erbil, 25 јануари 2019, https://bit.ly/2Unvsc5; Kurdistan 24, Fifteen Violations Against Journalists in Kurdistan's Early Voting: Report, 29 септември 2018, https://bit.ly/2OnwJkS; GC4HR, Iraqi Kurdistan: Unprecedented Attacks on Journalists and Media Outlets During Coverage of Popular Protests, 31 март 2018, https://bit.ly/2QueLuk; Amnesty International, Iraq: Violence Against Protesters and Journalists in Kurdistan Region Shows Blatant Disregard for Freedom of Expression, 28 март 2018, www.refworld.org/docid/5abcf1064.html; HRW, Kurdistan Region of Iraq: Protesters, Journalists Detained, 28 февруари 2018, www.refworld.org/docid/5a9914aa4.html; CPJ, TV Crews Assaulted, Detained Covering Protests in Kurdish-Controlled Northern Iraq, 26 март 2018, https://bit.ly/2I9zE9m; RSF, Journalists Arrested to Prevent Coverage of Iraqi Kurdistan Protests, 28 декември 2018, www.ecoi.net/en/document/1420461.html. Види исто така Дел III.A.6 („Новинари и други медиумски работници").

[531] Статистичките податоци од Генералниот директорат за борба против насилството врз жените (GDCVAW) покажуваат дека во мнозинството случаи жените го напуштаат засолништето откако „старателот ќе ја гарантира нивната безбедност или ќе се смета дека нивните проблеми биле решени“; Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. 13. Види исто така, Al-Jazeera, Combating Domestic Violence in Iraq's Kurdish Region, 7 октомври 2018, https://bit.ly/2CnjHg1.

[532] Жени активисти и бранители на човекови права според извештаите се под најголем ризик да бидат на мета на кумулативен основ заради нивниот род и нивната активност: „Родовото насилство врз жените бранители на човековите права може да добие облик на онлајн напади и вознемирување, кампањи за оцрнување, не им се издаваат лични документи и се изложени на вербално малтретирање и сексуално насилство вклучително и силување. (…) Жените бранители на човековите права во Ирак честопати работат во ужасни услови и се изложени на голем личен ризик“; Ceasefire Centre for Civilian Rights / MRGI, Civilian Activists under Threat in Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2UnHNgl, стр. 20. Види исто така, MERIP, “ISIS Is One Piece of the Puzzle”, MER276, лето 2018, https://bit.ly/2yqK1mL; Shahrazad Team, Guarantee Me a Safe Environment, I Will Protect Your Rights and Secure Your Freedoms - Safety and Protection of Women Human Rights Defenders in Iraq, 24 ноември 2017, http://bit.ly/2EZDDrZ; ICSSI, The Digital Clinic: A New Resource to Protect Women Activists on Social Media!, 12 ноември 2017, http://bit.ly/2t3bkDf; Morocco World News, Killing Is not My Culture: Women Challenging Honor Killings in Iraqi Kurdistan, 31 јули 2017, https://bit.ly/2oeXKu5.

[533] The New Arab, Journalists Fight to Survive in Iraq, Dreaming of a Career Beyond War Reporting, 12 јуни 2018, https://bit.ly/2zkTWL3. Види исто така Дел III.A.6 („Новинарите и другите медиумски работници”).

[534] Kurdistan 24, Kurdish Female MPs Denounce Blackmail Attempt on Fellow Lawmaker, 25 април 2019, https://bit.ly/2ULsRZu; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Middle East Monitor, Iraq’s First Female Presidential Candidate Threatened, Urged to Withdraw, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2PB1zD8; Reuters, Women Standing in Iraq Election Battling Abuse Including Sex Tapes, 11 мај 2018, https://reut.rs/2QUsEBk; Rudaw, Iraqi Politics ‘Not Even Close’ To Achieving Women’s Equality: Female Voters, 9 мај 2018, https://bit.ly/2rxxKcx; The Economist, Female Candidates Are Facing a Backlash in Iraq, 8 мај 2018, https://econ.st/2PDGOGV; VOA, Tough Road for Iraq's Female Candidates in May 12 Elections, 3 мај 2018, https://bit.ly/2OtpYxX.

земјата.[535] Во септември 2018 година, се случија серија атентати на истакнати жени, вклучително и убиство на активистка за граѓански права во Басра и личност од социјалните медиуми во Багдад,[536] што предизвика загриженост бидејќи на мета беа жени за кои се сметало дека се спротивставуваат на социјалните норми и традиционалните родови улоги.[537]

*б) Сексуално насилство*

Жените и девојките според извештаите се изложени на ризик од силување и други облици на сексуално насилство од страна на државни и недржавни актери во широк спектар на околности, вклучително и ситуации на ВРЛ;[538] на присилни или детски бракови;[539] и се присилуваат на

---

[535] Според Хана Едват, активистка за човекови права којашто работи во Багдад, „(...) многу деловни жени во Басра престанале со работа; младите жени од медиумите почнале да се кријат; жените ги деактивираат или ги менуваат своите профили на социјалните медиуми. Некои од нив се имаат преселено и живеат така што внимаваат да не привлекуваат внимание“; BuzzFeed News, Women Are Retreating from Public Life in Iraq after Several High-Profile Murders, 6 октомври 2018, https://bit.ly/2NM7ALE. Види исто така, The Verge, When Influencing Becomes Deadly, 18 декември 2018, https://bit.ly/2GxdqSK; Time, Why Did a Former Miss Iraq Flee Her Country?, 18 октомври 2018, https://ti.me/2OJwHns; Middle East Monitor, Iraq's First Female Presidential Candidate Threatened, Urged to Withdraw, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2PB1zD8; DW (video), Series of Killings in Iraq Targets High-Profile Women, октомври 2018, http://bit.ly/2PRq0wo; Kurdistan 24, Women Hesitate to Run in Kurdistan Election over Harassment, Verbal Abuse, 13 август 2018, https://bit.ly/2OAEKPc; The Economist, Female Candidates Are Facing a Backlash in Iraq, 8 мај 2018, https://econ.st/2PDGOGV; UNAMI, UN's Kubiš Rejects and Denounces Malicious Acts Against Election Integrity, in Particular Defamation and Threats Against Women, Urges Respect and Civility, 24 април 2018, https://bit.ly/2EYGVMj.

[536] Владата според извештаите има покренато истрага за убиствата. Во времето кога се пишуваше извештајот, никакви резултати не беа изнесени јавно; New York Times, A Social Media Star Is Shot Dead in Baghdad. Iraqis Fear a Trend., 29 септември 2018, https://nyti.ms/2y1pwMs; MEE, Female Activist's Death Sparks Fears of Assassination Campaign in Basra, 29 септември 2018, https://bit.ly/2xNrWip; Al Jazeera, Iraqi Activist Soad Al-Ali Shot Dead in Restive Basra, 26 септември 2018, https://bit.ly/2ymU4ct. Според тогашниот министер за внатрешни работи на Ирак, Касим ал-Араџи, жените биле на мета на екстремистичка група, која одбил да ја именува; Iraqi News, Extremist Group Involved in Murder of Model Tara Fares: Interior Minister, 8 октомври 2018, https://bit.ly/2PEwXR4. Според други извештаи шиитските паравоени единици биле одговорни; The Submarine (in Italian), Le Femministe Irachene non Vogliono Abbassare la Testa, 24 октомври 2018, https://bit.ly/2Dkke3R; Washington Post, After Several High-Profile Murders in Iraq, Here's What Headlines Missed about Their Cause., 15 октомври 2018, https://wapo.st/2PfHuVZ; The New Arab, The Iraq Report: Women's Rights in Danger after Top Activist and Social Media Star Assassinated, 28 септември 2018, https://bit.ly/2PI7tTf.

[537] The Arab Weekly, The Dangerous Lives of Iraqi Women Activists, 6 јануари 2019, https://bit.ly/2RsStxr; The Guardian, Deaths of High-Profile Iraqi Women Spark Fear of Conservative Backlash, 2 октомври 2018, https://bit.ly/2P4WByr; Arab News, Tara Fares Murdered for Daring to Be Female in Baghdad, 30 септември 2018, https://bit.ly/2OXOeVb; New York Times, A Social Media Star Is Shot Dead in Baghdad. Iraqis Fear a Trend, 29 септември 2018, https://nyti.ms/2NLt5fq.

[538] „Според Омар Мохамед, основачот на Окото на Мосул, мрежа на активисти од Мосул, мажи имаат формирано ланци за проституција во некои од камповите и ги присилуваат жените да се впуштат во сексуална работа. На жртвите рутински им се прават абортуси за да се справат со несаканите бремености. (…) Мохамед изјави за Форин Полиси дека трговијата со жени станала толку организирана што ‘жени биле носени во Мосул за да работат како проститутки, а потоа биле враќани во камповите, додека други жени биле предмет на трговија меѓу камповите’“; Foreign Policy, Among Displaced Iraqis, One Group Is Worse Off than the Rest, 29 април 2019, https://bit.ly/2J7jiBW. „Сексуалното и родово-заснованото насилство во Ирак се широко распространети во и надвор од камповите. Ова е уште полошо ако се додаде ранливоста на жените и девојките чии сопрузи, татковци, браќа и синови биле убиени или притворени за време на конфликтот против ИСИЛ“; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd, стр. 22. „(…) Жени во камповите за ВРЛ кои се дел од домаќинство чија глава е жена

проституција или трговија за сексуални цели.[540] Оние што преживеале сексуално насилство според извештаите честопати не се подготвени да го пријават насилството или да иницираат правна постапка.[541] Исто така, членот 398 од Кривичниот законик предвидува да се повлече обвинението ако сторителот ја венча жртвата.[542]

ИСИС, според извештаите, користи екстремно родово засновано насилство врз жените и девојките, вклучително грабнувања, присилни и детски бракови, силување и други облици на сексуално насилство и сексуално ропство и присилен абортус.[543] Оние што ги преживеале злосторствата на ИСИС и понатаму се ранливи на стигмата и/или со нив се постапува како со соработници на ИСИС наместо како со жртви.[544] Во језидската заедница, прашањето на стигматизација се смета дека до одредена мерка е решено со апелите на сега починатиот духовен водач на заедницата, Баба Шеик, кој побарал реинтеграција на жените и девојките од заедницата коишто биле изложени на ропство на ИСИС.[545] Сепак, преживеаните жртви кои се језиди се плашат или искусуваат социјална стигма и дискриминација.[546]

---

се предмет на сексуално насилство, вклучително и силување, додека на други им се закануваат со силување. Жените за кои се мисли дека имаат врски со ИД се чини дека се под посебен ризик со оглед на нивната релативна изолација од нивните семејства и нивните роднини, како и желбата на вооружените актери и на други мажи да ги казнат овие жени за нивната наводна поврзаност“; Amnesty International, The Condemned, април 2018, www.refworld.org/docid/5ad84a274.html, стр. 27. Види исто така Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС”).

[539] Види долу „Присилни и детски бракови”.

[540] Види долу „Трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција“.

[541] Види горе стр. 86-87 и долу „Насилство засновано на ‘чест’“.

[542] Република Ирак, Кривичен законик, Закон бр. 111 од 1969, јули 1969, www.refworld.org/docid/452524304.html, член 398. „Бранителите на оваа одредба тврдат дека таа ги штити интересите на жртвата, бидејќи дозволува чинот на склучување на брак да му ја врати честа на семејството и со тоа да се спречи ризикот од ‘кривично дело заради чест’ врз жртвата од страна на семејството или заедницата. Меѓутоа, одредбата го институционализира срамот и стигмата поврзани со силувањето и може да ја загрози безбедноста и животот на жртвата со тоа што се бара од неа да биде во брак најмалку три години со мажот кој сексуално ја нападнал“; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: January to June 2017, 14 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a746d804.html, стр. 12.

[543] International Federation for Human Rights, Iraq - Sexual and Gender-Based Crimes Against the Yazidi Community: The Role of ISIL Foreign Fighters, октомври 2018, www.refworld.org/docid/5bd2e4fe4.html, стр. 22-28; US Department of State, 2018 Trafficking in Persons Report - Iraq, 28 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html; UNAMI, A Call for Accountability and Protection: Yezidi Survivors of Atrocities Committed by ISIL, август 2016, www.refworld.org/docid/57b848814.html; UN Human Rights Council, “They Came to Destroy”: ISIS Crimes Against the Yazidis, 15 јуни 2016, A/HRC/32/CRP.2, www.refworld.org/docid/57679c324.html. Види исто така Дел III.A.5.a („Припадници на верски и малцински етнички групи“).

[544] UNDP Iraq, Escaping from ISIL, a Yazidi Sexual Violence Survivor Rebuilds Her Life, 5 август 2018, https://bit.ly/2Og915G; NBC, Divorce on the Rise in Iraq as Wives, Facing Stigma and Shame, Cut Ties to ISIS Militants, 5 јули 2018, https://bit.ly/2qqvao2; Redress, Guidance for Practitioners in Iraq, март 2018, www.refworld.org/docid/5ac785c04.html, стр. 34; HRW, Iraq: Sunni Women Tell of ISIS Detention, Torture, 20 февруари 2017, www.refworld.org/docid/58aacac74.html. Види исто така Дел II.A.1 („Лица погрешно осомничени дека ја поддржуваат ИСИС”).

[545] Ова беше потврдено во изјава од 27 април 2019 од страна на Врховниот духовен совет на језидската заедница; AP, Iraq: Yazidis to Accept Survivors of IS Rape, not Children, 28 април 2019, https://bit.ly/2IPQ4Ie. Види исто така, Redress, Guidance for Practitioners in Iraq, март 2018, www.refworld.org/docid/5ac785c04.html, стр. 34; Working Group on Women, Peace and Security, UNSC Briefing by Suzan Aref, 8 август 2018,

На 7 април 2019 година, претседателот Салех најави закон којшто ќе обезбеди мерки за обесштетување за жените језиди коишто биле жртви во заложништво на ИСИС. Во времето на изготвување на овој документ, законот сѐ уште не беше усвоен од Парламентот.[547] Независно од законот, на 18 април 2019 година, министерот за раселување и миграција го најави почетокот на програмата со која на сите жени језиди кои што преживеале такво насилство им се доделуваат два милиони ирачки динари (приближно 1.600 УСД)[548].

### *в) Семејно насилство*

---

https://bit.ly/2PBuVVd, стр. 1. Меѓутоа овие апели не ги опфаќаа децата родени како резултат на сексуалното ропство; Види Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности").

[546] „Иако језидската заедница има направено обид повторно да ги реинтегрира жените жртви кои избегале, стигмата што ги следи овие жени е далекусежна. Роднините на грабнатите језидски жени и девојки (…) изразуваат длабока загриженост, не само за страдањата низ кои минуваат нивните блиски, туку и негативните социјални последици од грабнувањата по иднината на овие жени и девојки. Некои рекоа дека ќе биде тешко да се најдат добри сопрузи за оние коишто биле грабнати, дури и ако не биле жртви на сексуално насилство, бидејќи се претпоставува дека сите што биле грабнати биле и силувани"; The Conversation, Sexual Violence against the Yezidis is Part of IS's Genocide Campaign, 6 јули 2017, http://bit.ly/2q7dH3R. Види исто така, Amnesty International, Four Years on: Yezidi Women's Struggles Continue, 3 август 2018, www.refworld.org/docid/5bcf1cc84.html; UNAMI, Promotion and Protection of Rights of Victims of Sexual Violence Captured by ISIL/or in Areas Controlled by ISIL in Iraq, 22 август 2017, www.refworld.org/docid/59b67bf04.html, пара. 10; UN Women, Case Study: In the Words of Pari Ibrahim, 18 August 2017, http://bit.ly/2ECyZQE; MRGI, Crossroads: The Future of Iraq's Minorities after ISIS, јуни 2017, http://bit.ly/2S9rio5, стр. 18. Евидентиран е пораст на стапката на самоубиства кај језидските жени и девојки што поврзан со психолошката траума предизвикана од оние што ги грабнале; Forbes, Surviving Islamic State: The Plight of The Yazidi Community, 18 Септември 2018, https://bit.ly/2MUlzi1; MEE, Back from Hell: The Yazidi Women who Survived the Islamic State, 3 август 2018, https://shar.es/a14hXN.

[547] Нацрт законот важи за „језидските жени жртви кои биле грабнати од терористичките групи на Даеш после 6.10.2014 и ослободени после овој датум." Во членот 4 се идентификуваат пет цели: финансиски и морален надоместок за жртвите што преживеале; рехабилитација и грижа за жртвите што преживеале; обезбедување пристоен живот за жртвите што преживеале; обнова на инфраструктурата во областите каде живеат жртвите што преживеале; и креирање на услови за интегрирање на жртвите што преживеале во општеството. „Језидскиот закон за жртвите што преживеале" (на арапски) е достапен на: https://bit.ly/2J4clBl. Нацрт законот беше критикуван заради неговиот ограничен опсег, бидејќи истиот не важи за језидските мажи кои биле жртви, ниту за жртвите од другите заедници и не се осврнува на другите повреди на човековите права освен „грабнувањето". Исто така, нацрт законот вели дека „децата на жените-језиди коишто се жртви ќе подложат на важечките закони." Врз основа на важечкиот закон децата чиј татко е муслиман автоматски ќе се сметаат за муслимани без разлика на верата на мајката. Ирачката влада до денешен ден нема направено никакви напори да ги измени законите кои ја наметнуваат муслиманската вера на децата родени од језидски мајки; LSE, Iraq's Reparation Bill for Yazidi Female Survivors: More Progress Needed, 26 април 2019, https://bit.ly/2J16YTs; Al-Monitor, Iraqi Bill on Yazidi Female Survivors Stirs Controversy, 25 април 2019, http://almon.co/378s. Види исто така, Raseef 22, Iraq Debates Law Compensating Yazidi Survivors of ISIS Sexual Abuse, 29 април 2019, https://bit.ly/2UUpqje; Forbes, Let The Children Be Yazidis, 3 април 2019, https://bit.ly/2URfKGb.

[548] Kurdistan 24, Iraq Begins Payment of 2 Million Dinars to Each Female Yezidi Survivor, 18 април 2019, https://bit.ly/2ZD8Ojk.

Семејното насилство според извештаите е во подем[549] и понатаму е широко распространето во општеството.[550] Во областите под контрола на централната влада, нема соодветна правна рамка за заштита на жртвите од семејно насилство.[551]

Во КР-И, семејното насилство е експлицитно забрането од 2011 година и властите формираа посебни полициски, судски и други тела одговорни да работат на случаите со насилство врз жените.[552] Меѓутоа, бројот на инциденти на семејно насилство според извештаите и понатаму е висок,[553] и семејното насилство честопати се врши без сторителот да биде казнет заради пропустите во примената на законот.[554]

---

[549] Al Jazeera, Women in Iraq Push to Criminalise Domestic Violence, 21 март 2019, http://bit.ly/2Ye0uWI; HRW, World Report 2019 - Iraq, 17 јануари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002196.html; UNAMI, Promotion and Protection of Rights of Victims of Sexual Violence Captured by ISIL/or in Areas Controlled by ISIL in Iraq, 22 август 2017, www.refworld.org/docid/59b67bf04.html, пара. 10. Заради стравот од стигматизација и одмазда од сторителот, семејството или заедницата, повеќето случаи на семејно насилство, според извештаите, остануваат непријавени; види горе фуснота 518.

[550] Според заедничкото истражување на Владата на Ирак и на УНИЦЕФ, 37 проценти од жените на возраст меѓу 15 и 49 сметаат дека насилството врз жените е прифатливо.; UNFPA/UNICEF, Joint Statement: A Call to Put an End to Violence Against Women and Girls in Iraq, 26 ноември 2018, https://shar.es/aaJx5J. Види исто така, Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; HRW, Bride’s Killing in Iraq Shows New Law Needed, 8 август 2018, https://bit.ly/2B0o5Td; NRT, Brutal Murder in Najaf Highlights Endemic Violence Against Women in Iraq, 5 август 2018, https://bit.ly/2xN9y8H; HRW, Iraq: Strengthen Domestic Violence Bill, 19 март 2018, www.refworld.org/docid/58cf95e34.html; UNFPA, Enduring Domestic Violence in Iraq: One Woman’s Story, 18 декември 2017, https://bit.ly/2D2UZji; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: January to June 2017, 14 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a746d804.html, стр. 14.

[551] Според членот 41 од Кривичниот законик, мажите имаат законско право да ги „дисциплинираат“ своите жени и деца. Иако Кривичниот закон прецизно наведува дека дисциплинирањето е дозволено само „во одредени граници пропишани со закон или со обичаите“, не се дадени никакви критериуми кога се поминува прагот; Република Ирак, Кривичен законик, Закон бр. 111 од 1969, јули 1969, www.refworld.org/docid/452524304.html. Наводно се одлага нацрт Законот за заштита на семејството пред Претставничкиот советот; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. 12. Види исто така, Al Jazeera, Women in Iraq Push to Criminalise Domestic Violence, 21 март 2019, http://bit.ly/2Ye0uWI.

[552] Согласно Законот за борба против семејно насилство, властите на КРВ наводно формирале специјални полициски оддели со женски персонал и суд којшто се занимава со случаи на семејно насилство. ГДЦВАВ, при Министерството за внатрешни работи, има управи во секој гувернорат одговорни за прием на поплаки и собирање податоци за насилството врз жените. Исто така има и СОС телефонска линија во секој гувернорат за жени соочени со насилство; KRG, Women's Rights, пристапено на 30 април 20192019, https://bit.ly/2Rc83J4; Ceasefire Centre for Civilian Rights, Broken Lives: Violence Against Syrian Refugee Women and Girls in the Kurdistan Region of Iraq, мај 2018, https://bit.ly/2yZybPQ, стр. 16; Journal of Family Violence, Women’s Knowledge of the Domestic Violence Legislation in Erbil, Iraq and Their Response to Spousal Violence, јануари 2017, Vol. 32(1), https://bit.ly/2q60qZ9. Види горе фуснота 514.

[553] ГДЦВАВ има евидентирано вкупно 9.331 случаи на насилство врз жени во КР-И во 2017 година. Во првите пет месеци од 2018 година, 22 жени според извештаите починале како резултат на семејно насилство, а биле евидентирани и 1.958 други случаи на насилство врз жени во цел КР-И; Ekurd Daily, 22 Women Killed due to Violence in Iraqi Kurdistan, Statistics Show, 12 јули 2018, https://bit.ly/2L0o1Hy. Види исто така, UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. vii; CJMB, Women’s Health and Status in the Kurdistan Region of Iraq: A Review, Vol. 5(2), април 2018, https://bit.ly/2qnetJY, стр. 72.

[554] Види горе фуснота 514.

*г) Насилство засновано на „чест“*

Насилството извршено од членови на семејството во одбрана на честа на семејството или племето[555] според извештаите и понатаму е многу распространето,[556] и „ги надминува верските и етничките поделби, со силен племенски елемент и поврзано со силното патријархално општество“.[557] Жени и девојки и во помала мерка, мажи и момчиња, можат да бидат убиени или предмет на други видови насилство ако за нив се мисли дека ги прекршиле културните, социјалните и верските норми, и затоа ги срамат своите семејства.[558] Насилство базирано на „чест“ се случува од различни причини, вклучително (наводна) прељуба, загуба на девственоста (дури и со силување), одбивање на договорен брак, обид да се венча со некој против желбите на семејството, или барање за развод.[559]

Ирачкиот Кривичен законик дозволува поблага казна за „убиства заради чест“ врз основа на провокација или ако обвинетиот имал „чесни мотиви“.[560]„Кривични дела заради чест“ според извештаите често се извршуваат без никој да биде казнет со оглед на високото ниво на општествена прифатеност, вклучително и меѓу полициските службеници, на ваков тип на кривични дела како наводно соодветен одговор на наводната повреда на „честа“.[561]

---

[555] „Убиствата заради чест“ можат да се дефинираат како „своеволно лишување од живот на жените и девојките (но исто така и на мажите и момчињата) од страна на (машките) членови на семејството или племето, бидејќи се смета дека му донеле срам или го ‘обесчестиле’ семејството или племето“; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 40.

[556] Иако обемот на „убиства заради чест“ не е познат заради недоволно пријавување на истите, се проценува дека неколку стотици жени и девојки се убиваат во Ирак секоја година; UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 40. Види исто така, Kurdistan 24, Dozens of Women Killed, Committed Suicide in Kurdistan over Nine-Month Period, 25 ноември 2018, https://bit.ly/2EvWo4P; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. 12.

[557] UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 42.

[558] „Дури и гласина за повреда на сексуалната чест на една жена може да резултира со сериозно насилство врз неа“; Hamdi Malik, Media, Gender and Domestic Relations in Post-Saddam Iraq, Doctoral thesis, Keele University, јуни 2018, https://bit.ly/2J3cVxm, стр. 108. „Однесувањето на жената треба да биде строго во согласност со очекувањата на заедницата за ‘честа’, а машките членови на семејството имаат улога да го контролираат тоа однесување или да ги преземат ‘потребните чекори’ за да се врати изгубената ‘чест’“; Redress, Guidance for Practitioners in Iraq, март 2018, www.refworld.org/docid/5ac785c04.html, стр. 31.

[559] Види на пример, Step Feed, Iraqi Newlywed Murdered in Honor Killing over Suspected 'Loose' Hymen, 3 август 2018, https://bit.ly/2QL5H4F; Rudaw, KRG: 14 Women Dead in Reported ‘Honor’ Killings for 2017, 12 февруари 2018, https://bit.ly/2mgZE9L; The Ground Truth Project, Kurdish Teenager’s “Honor Killing” Fades to Memory as Iraq Violence Swells, 6 декември 2017, https://bit.ly/2DjysCM; City University of New York School of Law (CUNY), Iraqi Women Confronting ISIL: Protecting Women's Rights in the Context of Conflict, 2016, https://bit.ly/2QfG0IK, стр. 114.

[560] Членовите 128, 130, 131 и 409 од Кривичниот законик (Закон бр. 111 од 1969) дозволуваат да се земе предвид честа за да се намали казната за кривично дело, како што е убиство. Законот не дава насоки за тоа што се „чесни мотиви“ и затоа остава простор за широко толкување; Република Ирак, Кривичен законик, Закон бр. 111 од 1969, јули 1969, www.refworld.org/docid/452524304.html.

[561] Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Kurdistan 24, HRW: 'Honor' Killing in Iraq Shows Need for New Domestic Violence Law, 8 август 2018, https://bit.ly/2NKcHfe; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to

Во КР-И, властите имаат преземено чекори за борба против ваквата пракса и укинати се членовите од Кривичниот законик коишто дозволуваат причини како што се „чест“ да се сметаат за олеснителна околност за кривични дела извршени против членови на семејството.[562] И покрај овие мерки, „кривични дела заради чест“ според извештаите и понатаму се широко распространети и честопати се извршуваат без да бидат казнети заради отсуството на ефективно спроведување на законот.[563] „Убиствата заради чест“ според извештаите честопати се кријат како самоубиства или несреќи за да се избегне кривично гонење.[564]

Во некои случаи, жените под ризик од „убиства заради чест“ според извештаите се чуваат во затвори или центри за притвор заради нивна заштита,[565] додека други бараат заштита во формалните или неформалните привремени засолништа.[566]

### *д) Присилни и детски бракови*

Практикувањето на присилен брак, вклучително и специфичните практики како што се размени[567] на невести и бракови во замена на крвави пари (фаслија),[568] и понатаму се на големо присутни,[569]

---

December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. vii; OHCHR, Iraq: Full Justice for all Sides is Key to Lasting Peace, Says UN Expert after Official Visit, 27 ноември 2017, https://shar.es/a1Dion.

[562] UN Human Rights Council, Report of the Special Rapporteur on Extrajudicial, Summary or Arbitrary Executions, 5 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b7ad39d4.html, пара. 42. Види исто така, The Ground Truth Project, Kurdish Teenager's 'Honor Killing' Fades to Memory as Iraq Violence Swells, 6 декември 2017, https://bit.ly/2DjysCM.

[563] Al-Monitor, Iraqi Kurdistan Struggles to End Violence Against Women, 18 декември 2018, http://almon.co/35bq; Ekurd, Human Rights Situation in Iraqi Kurdistan is 'Getting Worse': Official, 10 декември 2018, https://bit.ly/2UWVpAt; Kurdistan 24, HRW: 'Honor' Killing in Iraq Shows Need for New Domestic Violence Law, 8 август 2018, https://bit.ly/2Cndv7G; Huffington Post, Kurdish Teenager's "Honor Killing" Fades to Memory as Iraq Violence Swells, 6 декември 2017, https://bit.ly/2DjysCM; Reuters, Buried Alive by Her Family, Iraqi Woman Fears for Her Life as Murders Go Unpunished, 12 јули 2017, https://reut.rs/2P66TBx. Види исто така горе фуснота 516.

[564] Al-Monitor, Iraqi Kurdistan Struggles to End Violence Against Women, 18 декември 2018, http://almon.co/35bq; Fair Observer, It's Hard Being a Woman in Iraq, 26 јули 2017, https://bit.ly/2Lyq7Ku; Al-Monitor, Self-Immolations on the Rise Among Iraqi Kurdish Women, 15 март 2017, http://almon.co/2u03.

[565] „Оние коишто бараат заштита честопати се сместуваат во женски затвори и центри за притвор“; UN General Assembly, Technical Assistance Provided to Assist in the Promotion and Protection of Human Rights in Iraq: Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights, 27 јули 2015, A/HRC/30/66, www.refworld.org/docid/55f7f4c74.html, пара. 29. Види исто така, DIS, The Kurdistan Region of Iraq (KRI), Access, Possibility of Protection, Security and Humanitarian Situation, април 2016, www.refworld.org/docid/570cba254.html, стр. 47; MRGI, The Lost Women of Iraq: Family-based Violence During Armed Conflict, октомври 2015, www.refworld.org/docid/5bc744d24.html, стр. 17.

[566] Види долу „Засолништа достапни на жени-жртви / жени под ризик од сексуално и родово засновано насилство“.

[567] „Жн ба жн / брак со замена е традиционален начин на договарање брак кога девојка се заменува за маж. Обично братот на девојката или маж во нејзиното семејство како на пример братучед или чичко мора да се венча со девојка од другото семејство (...)“; WADI, Exchange Marriage in Iraqi-Kurdistan, 22 ноември 2017, https://bit.ly/2O1jp4E. Во однос на праксата за жените вдовици со деца кои се обврзани да се венчаат за братот на својот починат сопруг, види International Encyclopedia of Marriage and Family, Kurdish Families, 2003, https://bit.ly/2RyroV9.

[568] Според овој обичај, меѓуплеменски конфликт се решава така што едното племе му дава една или повеќе девојки или жени за брак на другото племе. Со овој тип на брак, жената нема право на развод и најверојатно ќе биде изложена на злоупотреби; види Channel News Asia, In Iraq, Tribal Traditions Rob Women,

и покрај законските забрани.[570] Понекогаш членови на семејството ги присилуваат жените и девојките на привремени бракови (мутаа)[571] заради финансиска корист или за да отплатат долг.[572] Привремените бракови не се законски признати и затоа жените и девојките коишто биле венчани на ваков начин немаат право на наследство, алиментација или поддршка за детето.[573]

Според извештаите во подем се детските бракови во цел Ирак.[574] Законската возраст за брак е 18, што важи за Ирачаните од сите секти.[575] Најниската возраст може да се спушти на 15 години во

---

Girls of Rights, 18 април 2019, http://po.st/OTINpT; UNHCR, Tribal Conflict Resolution in Iraq, 15 јануари 2018, https://www.refworld.org/docid/5a66f84f4.html (и изворите наведени таму). Види исто така Дел III.A.11 („Поединци кои што се на мета како дел од разрешувањето на племенски конфликт, вклучително и крвна одмазда“).

[569] „Фактори коишто придонесуваат за таквите [присилни] бракови ја вклучуваат потребата (или наводната потреба): (i) за олеснување на финансиските проблеми на семејството; (ii) да се сочува ‘честа на семејството’ во случаи на силување; (iii) подобро да се заштитат младите ќерки од напад/сексуално насилство (особено често кај семејствата на ирачките внатрешно раселени лица (кампoвите за ВРЛ)“; Musawah, Iraq - Overview of Muslim Family Laws & Practices, ажурирано на 31 мај 2017, http://bit.ly/2Fs8QSZ, стр. 8. Види исто така, Tahirih Justice Center, Forced Marriage Overseas: Iraq, пристапено на 30 април 20192019, https://bit.ly/2yMWIIO; Channel News Asia, In Iraq, Tribal Traditions Rob Women, Girls of Rights, 18 април 2019, http://po.st/OTINpT; GJC, Iraq’s Criminal Laws Preclude Justice for Women and Girls, март 2018, https://bit.ly/2LyhrUy, стр. 7.

[570] Член 9(1) од Законот за личен статус уредува дека присилниот брак е неважечки. Меѓутоа се уредува дека откако бракот бил консумиран, бракот се смета за важечки според закон, со што оние што биле присилени на брак остануваат без правна заштита. Случаите на присилни бракови според извештаите може да ги разгледа суд само ако жртвата поднесе жалба, а во текот на судската постапка нема да се примени никаква заштитна мерка; CRC, Concluding Observations on the Combined 2nd to 4th Periodic Reports of Iraq, 3 March 2015, www.refworld.org/docid/562de4494.html, пара. 48. Во КР-И присилните и браковите со размена се забранети, види: Iraq: Act of Combating Domestic Violence in the Kurdistan Region of Iraq (Закон бр. 8 од 2011), 21 јуни 2011, www.refworld.org/docid/5b2911044.html, член 2.

[571] LSE, Gender Equality in Iraq and Iraqi Kurdistan, 5 јануари 2018, https://bit.ly/2xDGWym; Contemporary Review of the Middle East, Fragile State in Iraq and Women Security, јули 2017, Vol. 4(3), https://bit.ly/2CX5g2E, стр. 14-15.

[572] „Заради огромната потреба и небезбедноста, стресот и тензиите, и немањето опции да заработат приход, семејствата можат да бидат присилени на негативни стратегии за справување, вклучително и опасни практики. Ужасен пример е праксата на продажба на младите ќерки за екплоатативните облици на привремен ‘брак’“; Gender and Development, Researching Livelihoods Recovery and Support for Vulnerable Conflict-Affected Women in Iraq, 2016, Vol. 24(3), https://bit.ly/2yLNfBk, стр. 436. Види исто така, Musawah, Iraq - Overview of Muslim Family Laws & Practices, ажурирано на 31 мај 2017, http://bit.ly/2Fs8QSZ, стр. 14; Yasmine Jawad, A Gendered Perspective on the Arab Spring: Arab Women Caught Between Internal and External Conflicts, in: Non-Western Encounters with Democratization, Routledge, 2016, стр. 95. Види исто така долу „Трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција“.

[573] Haider Ala Hamoudi and Mark Cammack, Islamic Law in Modern Courts, Aspen Publishers, 2018, стр. 347; Musawah, Iraq - Overview of Muslim Family Laws & Practices, ажурирано на 31 мај 2017, http://bit.ly/2Fs8QSZ, стр. 14; Haider Ala Hamoudi, Resurrecting Islam or Cementing Social Hierarchy: Reexamining the Codification of Islamic Personal Status Law, Arizona Journal of International and Comparative Law, 2016, (33), https://osf.io/krdzh/, стр. 352.

[574] УНИЦЕФ проценува дека приближно една четвртина од девојките се венчаваат пред да наполнат 18 години (вклучително и 5 проценти кои се венчаваат пред да наполнат 15 години); UNICEF, A Profile of Child Marriage in the Middle East and North Africa, јули 2018, https://uni.cf/2MRSofB, стр. 4. Девојките од најсиромашните ешалони на општеството, вклучително ВРЛ, се најмногу погодени; Rudaw, Child Marriage Widely Tolerated in Kurdistan Region IDP Camps, 21 април 2019, https://bit.ly/2XJEYYy; Loop News, Watch: Increasing Number of Child Marriages since Iraq War, 27 февруари 2019, https://bit.ly/2TrUudv; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, https://www.ecoi.net/en/document/2002613.html; Rudaw,

согласност (или без противење) од страна на законскиот старател,[576] или ако се смета за „итна потреба“ од страна на судија.[577] Во КР-И, минималната возраст за брак е 16, ако е одобрено од судија.[578]

Браковите на девојчињата помлади од законската возраст се склучуваат согласно верските обичаи и не се признати со закон.[579] Како резултат, децата што ќе му се родат на парот ќе немаат лични карти додека бракот не биде законски признаен.[580]

Присилните и детските бракови се поврзуваат со семејно насилство, самоубиства, „убиства заради чест“,[581] но и трговија.[582]

### *ѓ) Сакатење на женски гениталии (СЖГ)*

Не постои сојузен закон со кој конкретно се забранува сакатењето на женски гениталии; меѓутоа закон во КР-И ја има забрането ваквата пракса уште од 2011 година.[583] Иако преваленцата на

---

With no Money or Security, Iraqi IDPs Turn to Child Marriage, 27 јануари 2019, https://bit.ly/2B9h6Vu; Public Radio International, Early Marriage Figures for Iraq Are Startling. Child Advocates Worry it Could Rise even more, 13 август 2018, https://bit.ly/2OBhWyD; US Department of State, 2018 Trafficking in Persons Report - Iraq, 28 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html; UNICEF, A Profile of Child Marriage in the Middle East and North Africa, јули 2018, https://uni.cf/2MRSofB, стр. 5; Al-Fanar Media, Early Marriage Is back in Spotlight in the Middle East, 20 март 2018, https://bit.ly/2DHTvda; UN Women, Global Database on Violence Against Women - Iraq, 2018, http://bit.ly/2pWRpS0.

575 Членот 7(1) од Законот за личен статус. Во последните години, имаше обиди од страна на конзервативните политички партии да се измени и дополни Законот за личен статус со што меѓу другото на шиитските девојчиња ќе им се дозволи да се венчаваат уште од девет годишна возраст; види на пр., HRW, Iraq: Parliament Rejects Marriage for 8-Year-Old Girls, 17 декември 2017, www.refworld.org/docid/5a3926874.html.

576 Членот 8(1) од Законот за личен статус.

577 Членот 8(2) од Законот за личен статус. Законот не нуди дефиниција што би претставувало „итна потреба“ со што се остава на дискреционото толкување од судијата.

578 Членот 5 од изменетиот и дополнет Закон за личен статус како што се применува во КР-И (Закон бр. 15 од 2018). Види исто така, UNFPA, Child Marriage in Kurdistan Region – Iraq, август 2016, https://bit.ly/2NuWi2Q, стр. 5. Детскиот брак е дефиниран како чин на семејно насилство согласно Законот за семејно насилство на Ирак: Закон за борба против семејно насилство во Регионот на Курдистан во Ирак (Закон бр. 8 од 2011), 21 јуни 2011, www.refworld.org/docid/5b2911044.html, член 2.

579 UNFPA, Child Marriage in Kurdistan Region – Iraq, август 2016, https://bit.ly/2NuWi2Q, стр. 3.

580 Види Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности“).

581 Heartland Alliance, Iraq, пристапено на 30 април 20192019, https://bit.ly/2ysgM2Z; Channel News Asia, In Iraq, Tribal Traditions Rob Women, Girls of Rights, 18 април 2019, http://po.st/OTINpT; International Journal of Community Based Nursing and Midwifery, A Cry for Help and Protest: Self-Immolation in Young Kurdish Iraqi Women - A Qualitative Study, јануари 2018, 6(1), http://bit.ly/2CnIdxB.

582 „Традиционалните практики, вклучително и присилни и ‘привремени’ детски бракови и фаслија – размена на членови од семејството за разрешување на племенски спорови – исто така ги изложуваат жените и девојките на зголемен ризик од трговија во самата земја“; US Department of State, 2018 Trafficking in Persons Report - Iraq, 28 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html. Види исто така долу „Трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција“..

583 Ирак: Закон за борба против семејно насилство во Регионот на Курдистан во Ирак (Закон бр. 8 од 2011), 21 јуни 2011, www.refworld.org/docid/5b2911044.html, член 2. Види исто така, DW, Where Does the Arab World Stand on Female Genital Mutilation?, 6 февруари 2018, https://bit.ly/2VyO2id.

сакатење на женските гениталии е во опаѓање кај девојчињата во КР-И,[584] според извештаите сè уште се практикува, главно но не исклучиво кај руралните заедници во губернорате Сулејманија и Ербил.[585] Сакатење на женските гениталии според извештаите има и во други делови, вклучително и во Киркук и јужните губернорати; меѓутоа преваленцата и понатаму е нејасна заради отсуството на студии.[586]

*е) Трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција*

И покрај низа позитивни правни и административни чекори преземени од централните власти и КРВ за борба против трговијата,[587] набљудувачите забележуваат континуирани предизвици во врска со спроведувањето на законот.[588] Ирак е земја извор и дестинација за жени и деца што се

---

584 Eyewitness News, In Kurdish Iraq, Women Strive to End Genital Mutilation, 2 јануари 2019, http://f24.my/4DEH; The National, Iraqi Kurdish Activists Stamping Out Female Genital Mutilation, 26 април 2018, https://bit.ly/2prL7d7; Thomson Reuters Foundation, Female Genital Mutilation Falls Sharply in Northern Iraq – Survey, 6 февруари 2017, https://tmsnrt.rs/2NTaN07.

585 CJMB, Women's Health and Status in the Kurdistan Region of Iraq: A Review, Vol. 5(2), април 2018, https://bit.ly/2qnetJY, стр. 73; WADI, Female Genital Mutilation (FGM) in Iraqi-Kurdistan: Still an Unresolved Problem, 28 декември 2017, https://bit.ly/2D1dbwp; WADI, Six Year Old Girl Died in Iraqi-Kurdistan after Being Mutilated, 25 мај 2017, https://bit.ly/2NYOrtY. „Во Дохук, стапката на сакатење на женските гениталии традиционално е ниска, мнозинското курманџи население не практикува сакатење на женските гениталии: Само 7,4% од мајките овде изјавиле дека се сечени"; Stop FGM Middle East, Heartland Study Shows Steep Decline of FGM Rates in Iraqi Kurdistan, 10 јануари 2017, http://bit.ly/2AepD9M.

586 Губерноратот Киркук според извештаите има „многу повисока стапка на сакатење на женските гениталии виз-а-ви остатокот од земјата"; Law School Policy Review, Female Genital Mutilation: The Horror, the Suffering, and the Pain, 24 септември 2018, http://bit.ly/2P3VqlN. Во 2016 година, процентот на жени на кои било извршено сакатење на женските гениталии во губернорато Киркук според извештаите изнесувал 20 проценти; DW, Changing Minds about Genital Mutilation in Iraqi Kurdistan, 3 март 2016, http://bit.ly/2RTl77k. Податоците од студијата од 2014 година со која се опфатени 1.000 жени од урбаните и руралните области на губернорате Кадисија и Васит сугерираат дека 25,7 проценти од оваа популација биле предмет на сакатење на женските гениталии во детството. „(…) тврдењата дека сакатењето на женските гениталии не се врши во централен и јужен Ирак се неосновани и погрешни"; MRGI/Ceasefire Centre, Family-Based Violence during Armed Conflict, 5 ноември 2015, http://bit.ly/1O57aeK, стр. 32; WADI, One in Four Women in Central and Southern Iraq Is Affected by Female Genital Mutilation, New Study Suggests, 14 јули 2014, https://bit.ly/2S9XAPN.

587 Seed Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 25-26, 28-29; US Department of State, 2018 Trafficking in Persons Report - Iraq, 28 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html; GJC, Iraq's Criminal Laws Preclude Justice for Women and Girls, март 2018, http://bit.ly/2OyrzCV, стр. 6; CRC, Заклучни забелешки за Извештајот поднесен од Ирак согласно членот 12, став 1 од Факултативниот протокол на Конвенцијата за правата не детето, 5 март 2015, www.refworld.org/docid/562def744.html, пара. 20; Rudaw, KRG to US: 'Crises' Prevent Better Protection Laws for Women, Trafficked Persons, 21 август 2018, http://bit.ly/2PDCiZ7.

588 „Значително загрижуваат (…) тврдењата за соучесништво на владини функционери вклучително и политички функционери, полициски службеници, асајиш (безбедносните) силите и раководството на кампови во трговија со луѓе во КР-И. Извештаите посочуваат дека владини службеници не сноселе одговорност за инволвираност во трговија со луѓе и предизвикале некои од жртвите на трговија и лица што се бореле против трговија со луѓе да се плашат од одмазда доколку ги пријават случаите до релевантните власти"; Seed Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 26. „Трговијата со луѓе исто така е проблем и ВРЛ се особено ранливи. До сега, напорите на владата да се спроведуваат законите за трговија со луѓе се несоодветни"; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html. Види исто така, US Department of State, 2018 Trafficking in Persons

предмет на трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција.[589] Жените коишто избегале од семејно насилство и/или присилни или рани бракови се особено ранливи на трговија и според извештаите жените во засолништата под капа на владата се на мета на трговијата за присилна проституција.[590] Во КР-И, од неодамна се користат (вистински или манипулирани) интимни фотографии или снимки за да се присилат жени и девојки во проституција.[591] Традиционалните практики како што се присилни, привремени и детски бракови според извештаите се користат за трговија со жени и девојки.[592] Лица што преживеале трговија, вклучително и деца, според извештаите се гонат за незаконски дела извршени како резултат на

---

Report - Iraq, 28 јуни 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html; MADRE et al., Известување до обвинителот на МКС согласно членот 15 од Римскиот статут со кое се бара прелиминарно испитување на состојбите во однос на: родово заснован прогон и мачење како злосторства против човештвото и воени злосторства извршени од Исламската Држава на Ирак и Левант (ИСИЛ) во Ирак, 8 ноември 2017, http://bit.ly/2PDL09P, стр. 75.

[589] Во КР-И, мрежите за трговија според извештаите на мета имаат ВРЛ „со помош од локалните службени лица, вклучително судии, функционери од Асајуш силите и граничари“. Мрежите за трговија според извештаите продаваат ирачки жени и деца во соседните земји и понатаму за комерцијална сексуална експлоатација; US Department of State, 2018 Trafficking in Persons Report - Iraq, 28 June 2018, www.refworld.org/docid/5b3e0b184.html; The National, Two Women 'Trafficked Three Teens to Dubai and Forced Them into Prostitution', 7 ноември 2017, http://bit.ly/2Ae2cx5. Најголем број на кривични дела на трговија според извештаите се евидентирано во Багдад; Middle East Monitor, Baghdad: Worst Province in Iraq for Human Trafficking, 13 септември 2017, https://bit.ly/2DieDeR/. Види исто така, Дел III.A.9 („Деца со одредени профили или во специфични околности“).

[590] „Извештаите исто така вклучуваат трговија со жени кои излегле од државните засолништа, при што трговците им нудат на жените кои немаат никаква шанса да се вратат во своите заедници безбедно место надвор од засолништето, за подоцна да ги продадат за присилна проституција. Поконкретно има информации за жени трговци кои се преправаат дека се жртви на семејно насилство за да влезат во засолништето како жртви, потоа ја стекнуваат довербата на другите жени во засолништето и им нудат безбедно место каде ќе можат да престојуваат во заедницата откако ќе го напуштат засолништето“; Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 16.

[591] „Со оглед на конзервативната природа на општеството, жените или девојките кои флертуваат или се во интимни лични врски се ранливи на експлоатација и трговија заради страв од своите семејства од кои може да бидат изложени на насилство заради ‘чест’ доколку се дознае што прават. Постојат неколку извештаи за жени кои биле продадени за секс од нивниот љубовник или дечко на групи мажи откако тој направил експлоатативна слика или снимка од неа или под закана дека на сите ќе им каже за нивната врска“; Ибид., стр. 16.

[592] Во КР-И „Клучните доушници наведоа дека се случува комерцијална сексуална експлоатација под превезот на брак, при што таткото може да ја продаде својата ќерка на маж кој технички се венчава со неа, но после ја продава на други мажи за сексуални услуги“; Ибид., стр. 19. „Жени и девојки се предмет на трговија во рамките на Ирак заради сексуална експлоатација преку искористување на можноста за привремени бракови, како резултат на што нивните семејства добиваат пари во форма на мираз за да дадат дозвола девојката да се венча на ограничен временски период“; International Journal of Law Management & Humanities, Muta Marriage, 2018, Volume 1(2), https://bit.ly/2EXXO9X, стр. 9. Види исто така, Middle East Monitor, Baghdad: Worst Province in Iraq for Human Trafficking, 13 септември 2017, https://bit.ly/2DieDeR; The New Arab, The Iraq Report: Children Bought and Sold in ‘Sex Markets’ by Baghdad Mafia, 16 август 2017, https://bit.ly/2vLxnMG; The Kurdistan Tribune, Women Sex Trafficking in Iraq, 14 мај 2016, http://bit.ly/2D4I6bA. Види исто така „Присилен и детски брак“.

тоа дека биле предмет на трговија, како на пример за проституција.[593] Лица што преживеале трговија, изложени се на ризик од насилство заради „чест“ од страна на нивните семејства.[594]

Во зависност од индивидуалните околности на случајот УНХЦР смета дека жените коишто потпаѓаат во следниве категории **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци**:

а) Оние што преживеале и оние што се соочени со ризик од сексуално насилство, семејно насилство, насилство засновано на „чест“ или сакатење на женските гениталии;

б) Оние што се соочени со присилен и/или детски брак;

в) Оние што преживеале или се соочени со ризик од трговија за сексуална експлоатација и присилна проституција.

УНХЦР смета дека жените и девојките коишто потпаѓаат во следниве категории **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци**, во зависност од индивидуалните околности на случајот:

а) Жени во јавната сфера;

б) Жени и девојки без вистинска семејна поддршка, вклучително вдовици и разведени.

Во зависност од индивидуалните околности на случајот, жените и девојките со вакви профили или во вакви специфични околности може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци врз основа на добро заснованиот страв од прогон од страна на државни и недржавни актери заради нивната припадност на одредена социјална група, нивната вера или нивното (припишано) политичко мислење, во комбинација со општата недостапност на државната заштита од таков прогон кога актерите на прогонот се недржавни актери.

За жените и девојките коишто се на мета заради нивното реално или наводно политичко мислење, нивниот верски или етички идентитет или нивната различна сексуална ориентација и родов идентитет, видете ги исто така другите профили во Делот III.А.

## 9) Деца со одредени профили или во специфични околности

Децата може да потпаѓаат во низа од другите ризични профили содржани во овие насоки. Особено децата на реални или наводни припадници на ИСИС или нивни поддржувачи според извештаите се предмет на своеволно апсење и притворање, одмаздничко насилство и

[640] „Честопати се случува геј мажи и лезбијки, коишто се Курди, да склучат брак и да живеат во традиционална хетеросексуална вреска“; Niqash, Coming Out: The Secret Lives of Iraqi Kurdistan's Gay Community Slowly Emerging, 9 ноември 2017, http://bit.ly/2senA3t. „Дури и кај некои релативно секуларни семејства, племенските основи на курдската култура, коишто се понагласени во руралните области, силно го ограничуваат социјалното однесување. Племињата и понатаму имаат сопствен кодекс на честа, дури и ако верата не е единствениот двигател за отсуството на толеранција“; Huffington Post, In ISIS' Shadow, LGBT Kurds Take a Stand, 26 јуни 2017, http://bit.ly/2tVMS7u. Види исто така, Rasan Organization (видео), Rasan Organization Short LGBTI Movie, август 2018, https://bit.ly/2qiWjsN; NRT English (video), Homosexuality in the Kurdistan Region, 9 април 2017, http://bit.ly/2ppV3UQ; Al-Monitor, LGBT Community Struggles for Recognition, Rights in Iraqi Kurdistan, 16 јуни 2017, http://bit.ly/2qLJA4Z.

[641] HRW, LGBT Activism in the Middle East and North Africa, 16 април 2018, www.refworld.org/docid/5b34f0827.html, стр. 52; MEE, 'The World Is Changing': Iraqi LGBT Group Takes Campaign to Streets, 10 март 2018, https://bit.ly/2G6FrQq; Niqash, Coming Out: The Secret Lives of Iraqi Kurdistan's Gay Community Slowly Emerging, 9 ноември 2017, http://bit.ly/2senA3t; Huffington Post, In ISIS' Shadow, LGBT Kurds Take a Stand, 26 јуни 2017, http://bit.ly/2tVMS7u; British Library, A Rainbow in Stormy Skies: LGBT Writing in the Northern Middle East, 26 јуни 2017, https://bit.ly/2pyn38I; Iraqi News, MP Slams U.S. Consulate in Erbil for Raising LGBT Flag, 4 јуни 2017, https://bit.ly/2I05Trc; NRT English (видео), Homosexuality in the Kurdistan Region, 9 април 2017, http://bit.ly/2ppV3UQ; The New Arab, Radio Wars: The Battle for Minds on Kurdistan's Airwaves, 11 февруари 2017, http://bit.ly/2GISOTY.

[642] Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019; Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019.

[643] „(...) сите лица за коишто се смета дека се ЛГБТИ постојано се соочени со голем ризик сериозно да бидат повредени било каде во регионот на Курдистан доколку одлучат да живеат отворено како ЛГБТИ. Оние коишто не живеат отворено, живеат под постојан страв да не бидат откриени и последователно да се соочат со насилство“; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. Види исто така, Rudaw, LGBT Community Fear Living Openly in Kurdistan, 29 јануари 2019, https://bit.ly/2BfezJk; Niqash, Coming Out: The Secret Lives of Iraqi Kurdistan's Gay Community Slowly Emerging, 9 ноември 2017, http://bit.ly/2senA3t; Al-Monitor, LGBT Community Struggles for Recognition, Rights in Iraqi Kurdistan, 16 јуни 2017, http://bit.ly/2qLJA4Z; NRT English (video), Homosexuality in the Kurdistan Region, 9 април 2017, http://bit.ly/2ppV3UQ.

[644] „Припадници на ЛГБТИ заедницата пријавуваат дека ги загубиле своите работни места кога се дознало за нив или дека воопшто не можеле да најдат работа бидејќи ги сметале за различни. (...) Интересно е да се забележи дека ХРО дознаваат дека ЛГБТИ лицата се крајно неподготвени да им кажат и на здравствените работници, дури и кога е тоа поврзано со здравствени проблеми, заради отсуството на приватност и

општеството, нивните семејства и полицијата,[645] како и „убиства заради чест“ од страна на нивните семејства.[646] Полицијата и безбедносните сили според извештаите се вмешани во малтретирање на поединци со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет,[647] вклучително и малтретирање и апсење на контролните пунктови и во притвор.[648] Лицата со

---

последователната дискриминација“; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. IraQueer ги потенцираше проблемите со кои се соочуваат поединците со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет во однос на пристапот до здравствена и психолошка заштита, вклучително и за лицата кои преживеале злосторства од ИСИС; Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019.

[645] „Припадниците на ЛГБТИ заедницата во Регионот на Курдистан пријавуваат дека во Регионот на Курдистан лица за кои се смета дека се хомосексуалци или едноставно личат или се однесуваат различно од традиционалните родови улоги, соочени се од ризик да бидат малтретирани и/или предмет на насилство од јавноста и полицијата“; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. Врз основа на интервјуата направени од IraQueer со 257 ЛГБТИ+ Ирачани, 32 проценти од инцидентите на насилство против ЛГБТИ+ лица се случиле во КР-И меѓу 2015 и 2018 (споредено со 42 проценти во Централен Ирак и 26 проценти во јужен Ирак); IraQueer, The State of LGBT+ Human Rights in Iraq, јуни 2018, https://bit.ly/2tDR5tG,стр. 15. Види исто така, MEE, ‘The World Is Changing’: Iraqi LGBT Group Takes Campaign to Streets, 10 март 2018, https://bit.ly/2G6FrQq; Al-Monitor, LGBT Community Struggles for Recognition, Rights in Iraqi Kurdistan, 16 јуни 2017, http://bit.ly/2qLJA4Z; NRT English (видео), Homosexuality in the Kurdistan Region, 9 април 2017, http://bit.ly/2ppV3UQ; Canada: Immigration and Refugee Board of Canada, Iraq: Honour-Based Violence in the Kurdistan Region; State Protection and Support Services Available to Victims, 15 февруари 2016, IRQ105424.E, www.refworld.org/docid/56d7f9974.html; Rudaw, Hermaphrodite once Buried Alive Fled Kurdistan in Pursuit of Better Life, 7 февруари 2017, http://bit.ly/2G6jQXj.

[646] „Повообичаената и посериозната опасност за ЛГБТИ лицата доаѓа од нивните сопствени семејства, коишто може да се обидат да си ја повратат честа што ја изгубиле затоа што имаат ЛГБТИ лице во семејството, така што ќе го убијат. ХРО не знаат за ниедно убиство заради чест на ЛГБТИ лице кое е официјално пријавено како такво во Регионот на Курдистан во изминатата година и пол. Како и со сите ’убиства заради чест’, ова е разбирливо бидејќи семејствата нема да пријават убиства заради нивната сопствена инволвираност или за да го избегнат дополнителниот срам за семејството. Исто така, лицата што се поврзани со жртвата може да не го пријават кривичното дело заради страв од одмазда. Конечно, полицијата може да е неподготвена да истражува, сметајќи ги таквите проблеми за семејни. Меѓутоа ХРО знаат за неколку поединци коишто пријавиле дека нивните семејства се заканиле дека ќе ги убијат и активно ги гонеле за да го направат тоа“; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. Според IraQueer, семејствата вообичаено ги прикриваат вистинските причини за „кривичните дела заради чест“ извршени против поединци од различна сексуална ориентација и/или родов идентитет, на пр. како причина за убиството може да биде наведена вонбрачна афера со лице од спротивниот пол. Полицијата би го сметала таквото убиство како „семеен проблем“ и не би истражувале; Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019. Види исто така, Rudaw, LGBT Community Fear Living Openly in Kurdistan, 29 јануари 2019, https://bit.ly/2BfezJk.

[647] „Во некои случаи, полицијата може да измисли кривични дела за кои ќе ги уапси, како што се јавно непристојно однесување или проституција. Тоа значи дека полицијата во никој случај не им се од помош за ЛГБТИ лицата кои се изложени на опасност од други”; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. „Слично на тоа хомосексуалните лица, особено машкоданките, или феминизираните мажи и трансродовите лица се соочени со физичко малтретирање во Северен Ирак под контрола на Курдската Регионална Влада. Многу од тие поединци биле приведени без да бидат информирани за нивните права или без пристап до правно застапување“; IraQueer, The State of LGBT+ Human Rights in Iraq, јуни 2018, https://bit.ly/2tDR5tG, стр. 13-14.

[648] Според IraQueer, силувањето се користи против поединци со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет како средство за „нивна корекција“; Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019.

разновидна сексуална ориентација и/или родов идентитет според извештаите се под „многу голем ризик“ од трговија за комерцијална сексуална експлоатација, особено во контекст на отсуството на безбедно место во КР-И.[649]

Во КР-И нема посебни засолништа за поединци со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет кои се под закана. Жените со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет во принцип имаат пристап до засолништа за жени во КР-И; меѓутоа пристапот зависи од судски налог, што бара жртвата да поднесе пријава во полиција.[650] Мажите со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет немаат пристап до никакви засолништа во КР-И, иако некои организации на граѓанското општество обезбедуваат привремено засолниште во приватни станови или хотели за некои поединци,[651] обично со значителен ризик како по жртвата така и по оние што се инволвирани во обезбедување на ваквата поддршка.[652] Лицата со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет обично немаат финансиски средства да изнајмат стан или да платат за хотелска соба, бидејќи обично живеат надвор од мрежата на поддршка на нивното семејство.[653]

Во сите области на Ирак, поединци со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет според извештаите се воздржуваат од пријавување на случаи на дискриминација, закани и насилство во полиција или другите државни органи од страв дека може да се дознае нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет, да бидат законски гонети врз основа на нејасни кривични одредби, и дополнително да им наштетат властите или други.[654]

---

[649] Ризикот според извештаите е особено висок за „мажи коишто манифестираат 'феминизирани' манири или земале хормонска терапија; трансродовите поединци; и мажи кои се идентификуваат или се сметаат дека се геј мажи. Ако сакаат да избегаат од закани или акти на насилство кои ги трпат дома, вклучително злоставување, силување и сексуална експлоатација, овие поединци честопати немаат безбедно засолниште поради што се крајно ранливи на комерцијална сексуална експлоатација. Дополнително, според извештаите крајно тешко е за ЛГБТ+ поединците да обезбедат одржливо и безбедно вработување, поради што име тешко да живеат независно“; Seed Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 17.

[650] Види Дел III.A.8 („Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности“).

[651] Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019; Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019.

[652] Ибид. „Поединци коишто се идентификуваат како ЛГБТ+ и понатаму се под висок ризик во заедницата каде што нема засолниште или заштита достапна за нив”; Seed Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 17.

[653] Според УНАМИ/ХРО, тие може дури да се соочени и со ризик да им биде кажано да го напуштат хотелот или станот заради нивната реална или наводна сексуална ориентација и/или родов идентитет; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. Види исто така, Seed Foundation / Center for Mental Health and Psychosocial Support Services, Human Trafficking in the Kurdistan Region of Iraq, декември 2018, https://bit.ly/2VDLmDk, стр. 17.

[654] Интервју и преписка по електронска пошта со Амир Ашур, IraQueer, ноември 2018 и април 2019 „Врз основа на севкупниот однос кон семејното насилство, семејните прашања и ЛГБТИ лицата, ние сметаме дека властите не им нудат никаква заштита на ЛГБТИ заедницата под ризик од насилство од нивните семејства, а уште помалку ги истражуваат или гонат повредите на човековите права на ЛГБТИ лицата. ЛГБТИ лицата не би се чувствувале безбедни кога пријавуваат инциденти во полиција, бидејќи се плашат од дополнителна виктимизација од полицијата”; Комуникација по електронска пошта со УНАМИ/ОХЦХР (преписката по електронска пошта е архивирана во УНХЦР), јануари 2019. Види исто така фуснота 639.

УНХЦР смета дека лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет **може да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на нивната припадност на посебна социјална група и/или други релевантни основи, во зависност од индивидуалните околности на случајот.[655] Државна заштита од таков прогон генерално не е достапна кога носителите на прогонот се недржавни актери.

Треба да се има на ум дека од лицата со разновидна сексуална ориентација и/или родов идентитет не може да се очекува да го кријат својот идентитет за да избегнат прогон.[656] Исто така, постоењето на тешки кривични санкции за сексуален однос со согласност меѓу лица од ист пол е пречка за државната помош, вклучително и кога прогонот е од недржавни актери, како што се вооружените групи и припадници на општеството.[657]

## 11) Поединци кои што се на мета како дел од разрешување на племенски конфликт, вклучително и крвна одмазда

Крвната одмазда обично вклучува припадници на едно семејство коишто се закануваат дека ќе убијат припадници на друго семејство во чини на одмазда што се вршат согласно древен кодекс на чест и однесување.[658] Во Ирак конфликтите меѓу (пошироките) семејства можат според извештаите да бидат поттикнати од намерни или ненамерни убиства, но исто така и од други дела како што се нанесени повреди, изгубен „чест“ (пр. како резултат на киднапирање или силување на жена или девојка, или општествено неприфатливо однесување), кражба, неплатени долгови, или нерешени спорови за земја, пристап до водоснабдување или имот.[659] Согласно племенските

---

[655] За полициски насоки поврзани со определување на статусот на бегалец врз основа на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет, оние што одлучуваат се упатуваат на Насоките на УНХЦР за меѓународна заштита бр. 9: Claims to Refugee Status Based on Sexual Orientation and/or Gender Identity Within the Context of Article 1A(2) of the 1951 Convention and/or its 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees, 23 October 2012, HCR/GIP/12/01, www.refworld.org/docid/50348afc2.html (во понатамошниот текст: Насоките на УНХЦР за меѓународна заштита бр. 9, 23 октомври 2012, www.refworld.org/docid/50348afc2.html).

[656] Ибид., пара. 30-33. Види исто така на пример, Court of Justice of the European Union, X, Y, Z v Minister voorImmigratieen Asiel, C-199/12 to C-201/12, 7 ноември 2013, www.refworld.org/docid/527b94b14.html.

[657] Види ги Насоките на УНХЦР за меѓународна заштита бр. 9, 23 октомври 2012, www.refworld.org/docid/50348afc2.html.).

[658] UNHCR, UNHCR Position on Claims for Refugee Status Under the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees Based on a Fear of Persecution Due to an Individual’s Membership of a Family or Clan Engaged in a Blood Feud, 17 март 2006, www.refworld.org/docid/44201a574.html, пара. 5-6 и 16-20.

[659] „Племенскиот закон предвидува правни лекови за сите типови на спорови коишто вклучуваат повреда на лице, имот или угледот, било намерно или случајно“; POMEPS, Legal Pluralism and Justice in Iraq after ISIL, 10 септември 2018, https://bit.ly/2rpzPqw.  Види исто така, Kurdistan 24, Tribal Row over Public Park in Baghdad Kills Bypassers, 3 јули 2018, http://bit.ly/2q01RZ3; Kurdistan24, Video of Youth Kissing Iraqi Election Poster Nearly Causes Tribal Feud, 21 април 2018, https://bit.ly/2QhE32s; The New Arab, Tribal Feuds Spread Fear in Iraq's Basra Province, 19 јануари 2018, http://bit.ly/2Crh5Og; Niqash, Tribal Justice Rules: In Basra, ‘Terrorism by Tradition’ Causes Fear and Waste, 22 ноември 2017, http://bit.ly/2CsDlY0; Niqash, Iraqi Tribes Take Law Into Own Hands, Make Facebook Trolls Pay, 13 јули 2017, http://bit.ly/2B2NoPk. Во некои случаи, според извештаите непрофесионално однесување на одредени професионалци биле причина за одмазда од роднини и припадници на племиња, како на пример против лекари и наставници (пр. во случај на неуспешна операција или неположен испит); The Arab Weekly, Medical Doctors, a Disappearing Profession in Iraq, 31 март 2019, https://bit.ly/2Gz8Os2; France 24, Iraq Doctors Say Vendettas Threaten Their Lives as They Save Others, 28

обичаи, машките членови на поширокото семејство (хамса) имаат обврска да ја одмаздат повредата или смртта на друг член, било со убиство на некој од поширокото семејство (хамса) на убиецот,[660] или почесто, со постигнување договор за финансиски надоместок (крвави пари, „фасл“ или „дија“ за семејството на жртвата), што од своја страна значи крај на правото на одмазда.[661] И покрај законската забрана, меѓуплеменските конфликти од време на време се решаваат така што едно племе ќе даде една или неколку девојки или жени да се омажат во другото племе (фаслија).[662] Во сериозни случаи, племето на сторителот може да го „обесчести“ сторителот и да нареди тој и неговото семејство да бидат (привремено или трајно) протерани од племето.[663] Во

---

февруари 2019, http://f24.my/4W2V.T; Niqash, Tribal Justice Rules: In Basra, 'Terrorism by Tradition' Causes Fear and Waste, 22 ноември 2017, http://bit.ly/2CsDlY0; Al-Monitor, Iraqi Teachers Unsafe in Own Classrooms, 31 јануари 2017, https://bit.ly/2DUaePo. Слично на тоа припадници на полицијата според извештаите биле на мета на племиња заради парични казни или апсење на припадници на племето; AFP, Tribes, Tradition Stand in Way of Iraq Police, 23 септември 2017, http://bit.ly/2NPg5oY.

[660] „Племенските правни процеси се надградуваат на принципот дека оние коишто страдале имаат право да одговорат со исто насилство, за да си ја вратат честа – не на повредениот поединец – туку на групата. Групата е позната како хамса (…) и ги вклучува сите мажи кои потекнуваат од ист предок од пред пет генерации. Доколку еден припадник на хамса е жртва на кривично дело или сериозна навреда, честа на целата група е повредена“; POMEPS, Legal Pluralism and Justice in Iraq after ISIL, 10 септември 2018, http://bit.ly/2S7ln2O.

[661] „За да се спречи овој систем на одмазда да не прерасне во чести акти на насилство, племенското право усто така нуди и хамса, можност да си ја поврати честа преку преговарање за спогодба (сахл) и исплата на надоместок (фасел)“; POMEPS, Legal Pluralism and Justice in Iraq after ISIL, 10 септември 2018, http://bit.ly/2S7ln2O. „Во некои области, племињата не се волни да соработуваат со државните власти и инсистираат на спроведување на сопствените доктрини вклучително и оние коишто бараат исплата на 'крвави пари' или протерување'; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC,стр. 24. „Согласно обичајното племенско право, 'крвави пари' му се исплаќаат на семејството на жртвата од страна на племето на сторителот“; War on the Rocks, Baghdad Must Seize the Chance to Work with Iraq's Tribes, 17 јануари 2018, https://bit.ly/2PoIhzW. Како преглед на различните механизми што се воспоставени за решавање на меѓуплеменски спорови, вклучително и за различни видови на „фасл“, види исто така, Haider Ala Hamoudi, Wasfi H. Al-Sharaa and Aqeel Al-Dahhan, The Resolution of Disputes in State and Tribal Law in the South of Iraq: Toward a Cooperative Model of Pluralism, University of Pittsburgh, Legal Studies Research Paper Series, Working Paper No. 2015-09, април 2015, http://bit.ly/1Rj976r.

[662] „Племето може да ги присили жените да се венчаат за припадници на друго племе 'како начин за решавање на спор меѓу двете групи' – пракса којашто е забранета со Законот на Ирак за личен статус“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, May 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 24. Според Мајтам ак-Саади, професор на Универзитетот Мисан, праксата се смени со тек на време: „Во минатото фаслија би се предложила само во случаи кои се решаваат со крвави пари, но во последниве децении тие се користат за ставање крај на најпростите спорови меѓу племињата“. Тој го смета овој племенски обичај за „модерно ропство“; Channel News Asia, In Iraq, Tribal Traditions Rob Women, Girls of Rights, 18 април 2019, http://po.st/OTINpT. Види исто така Дел III.A.8.д („Присилен и детски брак”).

[663] „Едно од 'решенијата' […] било да им се забрани на семејствата со еден или повеќе членови кои ѝ се приклучиле на ИД да не се вратат во заедницата согласно доктрината на племенскиот закон – бара'а (отфрлање)“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, May 2018, https://bit.ly/2zI6nQC,стр. 24. „Фасл исто така може да се користи и за работи кои надминуваат чисто плаќање на пари, вклучително на пример барање засегнатиот да го напушти својот дом и да се пресели на локација подалеку од домот на жртвата или други припадници на неговото племе. Ова може да биде проследено со писмена гаранција дека сторителот нема да се врати во истиот град, соседство или село. Доколку тој биде виден во местото каде што ветил дека повеќе нема да се појавува се користи племенската фраза 'неговата крв може да се пролее без никој да биде казнет'; Hamoudi et al., The Resolution of Disputes in State and Tribal Law in the South of Iraq, 30 March 2015, http://bit.ly/2zIHcg5, стр. 239. Види исто така, Center for Naval Analyses, "No Security Without Us": Tribes and Tribalism in Al Anbar Province, Iraq, јуни 2014, http://bit.ly/2NPLmZgf, стр. 12-13, 15. За прогласите на

особено сериозните случаи, како што е во случај на „кривични дела заради чест" или убиство на племенски лидер, племињата можат да изречат смртна казна за виновникот.[664]

Во случаи кога племињата нема да успеат да го решат спорот меѓу себе на мирен начин, споровите можат да станат крвна одмазда (тар). Таквите непријателства, проследени од вооружени конфронтации со тешко оружје, грабнувања и убиства, според извештаите и понатаму често се случуваат, особено, но не исклучиво во јужните гувернорати,[665] каде ситуацијата според извештаите е усложнета од вооружените борци кои се бореле против ИСИС.[666]

Племенското делење правда според извештаите исто така повторно зајакнало во областите коишто претходно биле под контрола на ИСИС со оглед дека многу племиња го сметаат формалното правосудство за неделотворно во справувањето со оние што ги сметаат за виновни за злосторствата извршени од ИСИС (било во однос на наводните припадници на ИСИС од другите племиња или од нивното сопствено племе).[667] Чиновите на одмазда според извештаите исто така

---

одлуки за протерување и последиците од истите врз засегнатите лица, види: UNHCR, Tribal Conflict Resolution in Iraq, 15 јануари 2018, https://www.refworld.org/docid/5a66f84f4.html, стр. 2-3 (и изворите таму). Види исто така долу фуснота 626.

[664] Види Дел III.A.8.г (Насилство засновано на „чест").

[665] „Со оглед дека ирачките безбедносни беа ослабени после војната во 2003 година, вакуумот во моќта дозволи многу простори да бидат пополнети од историските племенски тела во јужен Ирак коишто ги експлоатираат граѓаните преку заплашување, крвави пари и напади заради одмазда, што предизвикува постојано насилство во многу населби во Басра. Нерешените племенски спорови во Басра честопати се прелеваат во насилни судири, со што некои населби се претвораат во конфликтните зони. Секој пат кога припадник на племе е убиен, постои закана од одмазднички убиство"; Foreign Policy, Northern Iraq May Be Free, but the South Is Seething, 9 ноември 2018, https://bit.ly/2G5zweH. Види исто така, Al Jazeera, Iraqi Tribes under Fire over Age-Old Mediation Custom, 26 декември 2018, https://bit.ly/2MaiOKP; Iraqi News, One Person Killed, Two Wounded in Tribal Dispute in Iraq's Anbar, 25 декември 2018, https://bit.ly/2Awmu4Q; AFP, In Iraq, Bloody Tribal Custom now Classed as 'Terrorism', 18 ноември 2018, https://yhoo.it/2BXuXiy; Washington Post, How Violent Protests in Iraq Could Escalate, 11 септември 2018, https://wapo.st/2pZa0wL; Iraqi News, Iraqi Authorities Declare Curfew in Al-Dujail District Following Fierce Tribal Clashes, 2 август 2018, http://bit.ly/2PcazS4; Kurdistan 24, Tribal Row over Public Park in Baghdad Kills Bypassers, 3 јули 2018, http://bit.ly/2q01RZ3; Kurdistan 24, Tribal Conflict in Sulaimani Kills Eight, Injures Nine, 18 март 2018, http://bit.ly/2J4K4sk; The New Arab, Tribal Feuds Spread Fear in Iraq's Basra Province, 19 јануари 2018, http://bit.ly/2Crh5Og. Кон крајот на 2018 година, Врховниот судски совет ги класифицира племенските напади како „терористички акт" согласно Законот за борба против тероризмот од 2005; Kurdistan 24, Clashes Between Basra Tribes Kill, Injure Ten People, 12 март 2019, http://bit.ly/2F1CSvH; Republic of Iraq/Supreme Judicial Council, The Judiciary Writes the End Chapter (Tribal Attack) as a Terrorist, 23 декември 2018, http://bit.ly/2u6pMIr; AFP, In Iraq, Bloody Tribal Custom now Classed as 'Terrorism', 18 ноември 2018, http://bit.ly/2Y0GpCS.

[666] Foreign Policy, Northern Iraq May Be Free, but the South Is Seething, 9 ноември 2018, https://bit.ly/2G5zweH; International Peace Institute, Protests in Southern Iraq Intensify, Is Instability to Follow?, 24 јули 2018, https://bit.ly/2FXFEnG; Jane's DefenseWeekly, Tribal Conflict in South Iraq Likely to Increase, Exacerbated by Returning PMU Fighters and Oil Sector Growth, 11 јануари 2018, http://bit.ly/2CRRsXN.

[667] „Многу од овие закани следеа после племенски договори на писмено со кои се идентификуваа конкретни поединци обвинети за поврзаност со ИД и бараа нивно привремено протерување или за секогаш да им се забрани пристап во заедницата согласно племенската доктрина на 'бара'а (отфрлање). На пример, во ирачкиот гувернорат Салах ад-Дин, неколку племиња објавија листа со имиња од 113 поединци коишто се обвинети за поврзаност со ИД и затоа им е забранет пристап до заедницата за секогаш. Во други области племињата имаат изречено привремени забрани за повратниците поврзани со ИД. На пример, во Тикрит, на членови на семејството на наводни припадници на ИД им било забрането да се вратат пет години. Согласно племенскиот закон овие лица кои имаат забрана можат да бидат убиени ако се вратат. (…) Во селото Кајарах

често се извршуваат против семејствата поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС на сметка на нивни семејни или племенски членови.[668]

Оние коишто се плашат дека се на мета на одмазда честопати се воздржуваат од тоа да ѝ се обратат на полицијата заради страв од понатамошна одмазда,[669] додека полицискиот персонал, коишто честопати и самите се припадници на племиња според извештаите не се подготвени да се мешаат во племенските конфликти.[670] Крвната одмазда може да поттикне долги циклуси на одмаздничко насилство и може по некогаш да биде потпалено откако било притаено со години.[671] Во април 2018 година Министерството за правда според извештаите најавило формирање на судски арбитражен комитет со задача да ги решава племенските конфликти. Ирачките набљудувачи го опишуваат ваквиот развој како дополнително поткопување на формалниот правосуден систем.[672]

УНХЦР смета дека лица инволвирани во крвна освета **може,** во зависност од индивидуалните околности на случајот, **да имаат потреба од меѓународна заштита за бегалци** врз основа на оправдан страв од прогон од страна на недржавни актери заради припадност на посебна

---

во Нинева, припадници на семејствата на жртвите на ИД – кои делуваат со поддршка од локалните племенски лидери – имаа листа со имиња и ги посетиле домовите на овие поединци за да бараат да се потпишат покрај своите имиња со ветување дека или ќе ја напуштат заедницата или ќе трпат последици“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, May 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 11, 24. „Пред да го уништи неговиот дом, племето го отфрлило со што го оставило поранешниот припадник на ИСИС незаштитен во земја каде племенскиот закон честопати има предимство пред законот и судовите”; AFP, Tribal Justice Awaits Returning Iraqis who Joined Daesh, 14 ноември 2017, http://bit.ly/2AVYjvi. Види исто така, ECFR, Reconciliation in Sinjar after ISIS, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2P3B2x7, стр. 23; The National, In Post-ISIS Iraq, Tribal Justice Grows in Shadow of Baghdad Mistrust, 25 јуни 2018, http://bit.ly/2ykWFUc; Asharq Al-Awsat, Anbar Tribes Seek Vengeance Against Iraqi ISIS Members, 17 ноември 2017, https://bit.ly/2FlUsfy. Види исто така Дел III.A.1.а („Цивили за кои се смета дека го поддржуваат ИСИС”).

[668] „Клучниот принцип на племенскиот закон, којштo е влијателен во Ирак - особено во области каде државните власти се слаби – е припишување на колективна вина на семејството или племето на сторителот на кривичното дело. Овој принцип овозможува роднините на припадник на ИД да се сметаат за виновни место него за делата што тој ги извршил“; UNU-CPR, The Limits of Punishment, мај 2018, https://bit.ly/2zI6nQC, стр. 10. Види исто така Дел III.A.1.б („Семејства што се поврзуваат со реални или наводни припадници на ИСИС“).

[669] Niqash, Tribal Justice Rules: In Basra, ‘Terrorism by Tradition’ Causes Fear and Waste, 22 ноември 2017, http://bit.ly/2CsDlY0.

[670] „Локалните безбедносни сили ретко интервенираат во овие племенски препукувања и често ги напуштаат овие области целосно заради недостатокот на доволно вооружени сили“; Foreign Policy, Northern Iraq May Be Free, but the South Is Seething, 9 ноември 2018, https://bit.ly/2G5zweH. Види исто така, Kurdistan 24, Tribal Row over Public Park in Baghdad Kills Bypassers, 3 јули 2018, http://bit.ly/2q01RZ3; AFP, Tribal Feuds Spread Fear in Iraq's Basra, 19 јануари 2018, https://bit.ly/2EkiQP4; War on the Rocks, Baghdad Must Seize the Chance to Work With Iraq’s Tribes, 17 јануари 2018, https://bit.ly/2PoIhzW; AFP, Tribes, Tradition Stand in Way of Iraq Police, 23 септември 2017, http://bit.ly/2NPg5oY. Од друга страна, полициските службеници кои им припаѓаат на скараните племиња може и самите да се најдат вмешани во расправијата; види на пр. Bas News, Basra: Tribal Dispute Sends 500 Traffic Police Officers Home, 18 април 2019, https://bit.ly/2GzWMi0.

[671] Kurdistan 24, Tribal Conflict in Sulaimani Kills Eight, Injures Nine, 18 март 2018, http://bit.ly/2J4K4sk; AFP, Tribal Feuds Spread Fear in Iraq's Basra, 19 јануари 2018, https://bit.ly/2EkiQP4; Iraqi News, 500 Refugee Families Fear Return to Diyala over Blood Feud, 4 декември 2016, http://bit.ly/2CSXS9b.

[672] Al-Monitor, Will Iraq's New ‘Tribal Court’ Undermine Rule of Law?, 12 април 2018, http://almon.co/315b; IrfaaSawtak, напис на арапски јазик од 3 април 2018, достапен на: https://bit.ly/2SObYgy.

социјална група или други релевантни основи од Конвенцијата во комбинација со општата неспособност на државата да обезбеди заштита од таков прогон.[673] Меѓутоа барањата од страна на лица инволвирани во крвави одмазди може да се причина за евентуално разгледување на можно одземање на бегалскиот статус.

За цивили кои им биле на мета на нивните сопствени или други племиња на сметка на нивната наводна поддршка на ИСИС, вклучително и семејствата поврзани со реални или наводни припадници на ИСИС, види Дел III.A.1 а и б.

За жени и девојки, како и лица со различна сексуална ориентација и/или родов идентитет под ризик од „родово засновано насилство од страна на нивното племе види Делови III.A.8.г и III.A.10.

## 12) Палестински бегалци

### *а) Состојбата во областите под контрола на Централната влада*

Палестинските бегалци и понатаму се соочени со чувство или перцепција кај некои сегменти од ирачкото население, вклучително и меѓу органите на прогонот, дека имале повластен третман од поранешната Влада на претседателот Садам Хусеин, и/или дека тие ја поддржуваат ИСИС или претходно Ал-Каеда во Ирак.[674] Обновената ескалација на насилство во Ирак меѓу 2014 и 2017

---

[673] За дополнителни насоки види UNHCR, UNHCR Position on Claims for Refugee Status Under the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees Based on a Fear of Persecution Due to an Individual's Membership of a Family or Clan Engaged in a Blood Feud, 17 март 2006, www.refworld.org/docid/44201a574.html, пара. 5-6, 16-20, и UNHCR, Guidelines on International Protection No. 2: "Membership of a Particular Social Group" Within the Context of Article 1A(2) of the 1951 Convention and/or Its 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees, 7 мај 2002, www.refworld.org/docid/3d36f23f4.html.

[674] Палестинските бегалци во Ирак имаат пристигнато во Ирак во неколку бранови на раселување од 1948 година наваму. Иако тие никогаш не биле официјално признати како бегалци од поранешните ирачки влади, околностите во кои се наоѓале им биле наклонети во согласност со клучните резолуции на Лигата на арапски држави и Протоколот за третман на Палестинците во арапските држави од 1965 година („Протоколот од Казабланка"). Правата на палестинските бегалци биле дополнително гарантирани преку националното законодавство. Под поранешната влада на Садам Хусеин, Палестинците уживале широк спектар на права, вклучително и право на работа, здравствена заштита и образование, и добивале државни станови во станбениот комплекс Баладијат во Багдад, или плаќале фиксна субвенционирана кирија за станови во приватна сопственост. После падот на Садам Хусеин во април 2003 година состојбата на палестинските бегалци драматично се смени, бидејќи се предмет на напади и вознемирување од сегменти на ирачкото население, особено вооружените паравоени единици заради нивната наводна поврзаност и привилегираниот третман од поранешниот режим, како и нивната наводна поддршка на сунитските паравоени групи. Според извештаите тие се изложени на напади, вклучително и своеволно апсења и притвор, мачење, киднапирање, вонсудски убиства, бомбардирања и напади со минофрлачи во Баладијат, како и дискриминација, отпуштање, лишување од пристап до образование и присилно протерување од државните и изнајмените станови. Во 2007 година илјадници Палестинците избегале од Ирак, главно во Сирија и Јордан; Institute for International Law and Human Rights, Iraq's Minorities and Other Vulnerable Groups, мај 2013, http://bit.ly/1PuYy4x, стр.119-122; UNHCR, Aide-Mémoire:Protecting Palestinians in Iraq and Seeking Humanitarian Solutions for Those who Fled the Country, декември 2006, www.refworld.org/docid/45b0fc2e2.html; Указот на РЦЦ 202 од 2001, којшто уредувал дека со Палестинците коишто имаат престој во Ирак треба да се постапува како со ирачки државјани во однос на правата и должностите" со исклучок на правото на стекнување на ирачко државјанство, бил укинат со новиот Закон на

година како резултат на напредувањата на ИСИС и последователниот подем на вооружените групи блиски на владата резултирале со значително влошување на безбедносната состојба и човековите права за Палестинците во Ирак, вклучително и во Багдад (каде што живеат најголем дел од Палестинците), Нинева и Ал-Анбар.[675] И покрај одредени подобрувања во севкупната безбедносна ситуација после територијалниот пораз на ИСИС,[676] УНХЦР и понатаму евидентира напади кои на мета ги имаат палестинските бегалци главно во Багдад, само заради нивната националност и наводната поврзаност со ИСИС. Евидентираните напади вклучуваат, вознемирување, закани, своеволни апсења и пролонгиран притвор, мачење, грабнување, изнудување и убиства од страна и на државни и недржавни актери.[677] Од март 2019 година УНХЦР знае за 71 Палестинец коишто се во притвор, главно во Багдад.[678] Повеќето од овие Палестинци се притворени од ИБС, главно под сомнеж за терористички активности. Иако некои од овие

---

Ирак за престој (Закон бр. 76 од 2017). Во времето на пишување на овој документ, сè уште не беше јасно како истиот влијае на правниот статус на палестинските бегалци со оглед дека Министерството за внатрешни работи тек требаше да ги објави потребните упатства за олеснување на спроведувањето на новиот закон. Секретаријатот на Советот на министри потврди дека прописите поврзани со палестинските бегалци во Ирак и понатаму важат и нема да се однесуваат на бегалците и барателите на азил. Исто така, како што е наведено горе, други закони и укази и понатаму ги штитат повеќето права на Палестинците; Информација на УНХЦР, април 2019. За законите и указите поврзано со правниот статус на палестинските бегалци во Ирак, види: Palestinian Refugees in Iraq - Applicable Legislation, мај 2019, https://www.refworld.org/docid/5cc97cfe4.html.

[675] Палестинското население пред 2003 година на ниво на цела земја се верува дека изнесувало повеќе од 34.000. Пред евакуацијата на персоналот на ООН од Ирак во август 2003 година, УНХЦР имаае регистрирано 23.000 Палестинци во рамки на кампањата за регистрација. После судирите во 2006 и 2007, илјадници Палестинци избегаа од Ирак, и на крајот од 2006 година, населението во Ал-Бајадијат се намалило од 8.000 на 4.000. Во 2008 извршено е ажурирање на евиденцијата на Палестинци во целата земја од страна на Постојаниот комитет за бегалци при Министерството за внатрешни работи (ПК-МВР), со техничка поддршка од УНХЦР, за време на која се регистрирани околу 10.500 лица. Активноста за верификација во 2013 година резултираше со регистрација на повеќе од 8.400 Палестинци, од кои 98 проценти живеат во градот Багдад (нотирајќи дека локациите надвор од Багдад не можеле да бидат посетени во тоа време). Бројот на Палестинци во Багдад се има дополнително намалено од средината на 2014 година како резултат на влошената безбедносна ситуација и зголемениот број на напади врз Палестинците. Во април 2016 година, УНХЦР спроведе нова активност за верификација и до 31 март 2019 година 8.119 палестински бегалци биле регистрирани во УНХЦР. Голем дел од нив (6.282 лица) живеат во Багдад, со помал број во други делови од централен и јужен Ирак (вклучително 869 во Мосул, коишто живеат во станбен комплекс којшто бил оштетен за време на воената офанзива за преземање на градот од ИСИС) и КР-И (околу 760 лица, главно во гувернорат Ербил): Информација на УНХЦР, април 2019.

[676] Види Дел II.Б. („Безбедносна состојба“).

[677] Во 2017 година УНХЦР евидентираше 42 безбедносни инциденти во кои биле инволвирани палестинските бегалци (од кои 13 се случиле пред 2017, но биле пријавени во 2017). Овие инциденти вклучуваат: 31 случај на закани по животот, пет (обиди за) грабнувања, два грабежи, два случаи на своеволно притворање (од кои едно притворено лице било мачено), едно убиство и едно исчезнување. Меѓу 1 јануари 2018 и 31 март 2019, УНХЦР има евидентирано 44 безбедносни инциденти (од кои седум се случиле пред 2018 година, но биле пријавени во 2018), вклучително и 39 закани по животот и безбедноста, две убиства, два случаи на своеволно притворање и едно грабнување. Треба да се нотира дека повеќето случаи најверојатно не се пријавени; Информација на УНХЦР, април 2019. Види исто така, Asharq Al-Awsat, Iraq Continues to Deny Palestinian Refugees Right to Hajj, 1 септември 2016, http://bit.ly/2bFoGxU; The Palestinian Information Center, Iraqi Militia Kills Palestinian Refugee near Baghdad, 18 јуни 2016, https://bit.ly/2HtxyjE; The New Arab, Palestinian 'Kidnapped by Militias' Found Dead in Iraq, 24 мај 2016, http://bit.ly/2msaE67.

[678] Информација на УНХЦР, април 2019.

притворени лица се обвинети согласно членот 4(1) од Законот за спречување тероризам,[679] други, според извештаите, се во притвор без да бидат обвинети. Повеќето од овие притворени лица се држат без никаква можност за комуникација со надворешниот свет и УНХЦР и нивните партнерски организации немаат никаков пристап до нив, ниту пак можат да ги лоцираат каде се притворени.[680] Извештаите зборуваат за рутинска примена на мачење и несоодветното постапување со лицата коишто се држат во притвор за дела поврзани со тероризам.[681] Организациите за човекови права имаат документирани случаи за Палестинци кои се осудени врз основа на изнудени признанија, вклучително и таков којшто е осуден на смрт.[682]

Пристапот до правични судски постапки и заштита од државата според извештаите претставува посебен предизвик за Палестинците, поради што се лесна мета за злоупотреба и експлоатација од паравоените единици и племињата, вклучително и конфискација на имот и присилно иселување од нивните домови.[683] Палестинците честопати не се подготвени да пријават такви инциденти кај властите, бидејќи се плашат дека тоа може дополнително да влијае на нивната ситуација, заради можните врски меѓу сторителите на злоупотреба и властите, заради реална или наводна негативна пристрасност од страна на полицијата против Палестинците.[684]

Палестинските бегалци имаат лични карти издадени од Постојаниот комитет за бегалски прашања при Министерството за внатрешни работи (ПК-МВР).[685] Врз основа на регистрацијата спроведена во 2008 година, палестинските бегалци кои пристигнале во Ирак во 1948 година (или подоцна, но кои биле раселени во 1948 година од тој дел од Мандатот на Палестина, кој стана Израел и кои не можеле да се вратат таму), како и нивните потомци добиле црвени лични карти, додека оние што пристигнале во 1967 година или подоцна, како и нивните потомци добиле жолти лични карти. Овие лични карти се разликуваат од тие на ирачките државјани, поради што палестинските бегалци лесно можат да се идентификуваат, вклучително и на контролните пунктови. Овие лични карти честопати не се признати или не ги признаваат на контролните пунктови, што може да резултира со вознемирување, закани, физички и вербални напади, истраги, приведување и привремено задржување на контролните пунктови.[686] Таквите ограничувања на слободата на движење влијае на сите аспекти од секојдневниот живот, вклучително и пристап до образование и

---

[679] Iraq: Anti-Terrorism Law (Закон бр. 13 од 2005), 7 ноември 2005, https://www.refworld.org/docid/5bd093414.html. Види Дел II.Д.1.а („Повреди на човековите права од страна на ирачките власти и на нив блиските сили“).

[680] Информација на УНХЦР, април 2019.

[681] УНХЦР има добиено веродостојни описи на мачење во притвор од палестински бегалци. Во 2016 година УНХЦР доби пријава за палестински бегалец којшто исчезнал откако влегол во канцеларијата на локалниот совет во мај 2016 година и бил пронајден мртов неколку дена подоцна во Институтот за судска медицина во Багдад со видливи знаци од мачење; УНХЦР, март 2019. Види исто така Дел II.Д.1.а („Повреди на човековите права од страна на ирачките власти и на нив блиските сили“).

[682] Amnesty International, Iraq: Submission to the UN Human Rights Committee, 9 јуни 2015, стр. 11; HRW, Iraq: Protect Palestinians in Iraqi Prisons, 13 декември 2012, www.refworld.org/docid/50d02a132.html.

[683] Информација на УНХЦР, април 2019.

[684] УНХЦР знае за бројни примери во кои Палестинците не ѝ се обраќале на полицијата од овие причини. Во случаи во кои тие пријавуваат инциденти поврзани со безбедноста и заштитата, Палестинците честопати се соочени со негативни последици или полицијата не презема ништо. Немањето пристап до ефективна државна заштита ги остава бегалците изложени на злоупотреба на човековите права како од државни така и од не-државни актери, како што се паравоени единици или племиња; Информација на УНХЦР, март 2019.

[685] ПК-МВР се задолжени за регистрација и издавање на лични карти на Палестинците. Регистрацијата на Палестинците од страна на ПК-МВР започнала во средината на 2008 година.

[686] Такви извештаи доаѓаат и од Багдад и од Мосул; Информација на УНХЦР, април 2019.

вработување, честопати со сериозни кумулативни ефекти.[687] Палестинските момчиња и девојчиња коишто се тинејџери го напуштаат училиштето, бидејќи не можат да се движат слободно.[688] Од почетокот на 2018 година постепено се воведуваат нови лични карти кои ќе ги заменат жолтите и црвените лични карти. Овие нови лични карти не прават разлика меѓу различните категории Палестинците и се идентични со оние што им се издаваат на другите бегалци од друга националност.[689]

Палестинците коишто живеат во Мосул (Гувернoратот Нинева) се особено погодени од ограничувањата во движењето, пр. кога сакаат да патуваат во Багдад за неопходните административни процедури во седиштето на ПК-МВР или во Палестинската амбасада (пр. заради евидентирање на новородени деца или бракови, замена на загубени или оштетени лични карти или издавање пасоши). УНХЦР исто така се свесни дека Палестинците во Мосул се соочени со проблем да најдат вработување со оглед дека личните карти од ПК-МВР не се прифаќаат како легитимна документација од работодавците таму.[690]

Палестинците во Ирак исто така се погодени од одлуката на Владата од мај 2018 година за суспендирање на обезбедувањето на храна преку јавниот систем за дистрибуција (ЈСД) за лица што не се државјани на Ирак. Палестинците исто така се погодени од одлуката на Владата од мај 2018 година за суспендирање на обезбедување на храна преку јавниот систем за дистрибуција (ЈСД) за лица што не се државјани на Ирак. Од 19 март 2019 година Владата предвиде да се продолжи со обезбедувањето на храна за Палестинците под одредени услови.[691]

### *б) Состојбата во областите под контрола на КР-И*

Повеќето Палестинците во КР-И или имаат лични карти од ПК-МВР и/или потврда за бегалец од УНХЦР. Во секој случај, палестинските бегалци генерално имаат пристап до јавните услуги и уживаат слобода на движење во КР-И, иако според извештаите наидуваат на одредени пречки, бидејќи локалните власти, вклучително и на контролните пунктови, не секогаш ја прифаќаат документацијата што ја поседуваат бегалците.[692]

Во рамките на Ирак, палестинските бегалци можат да патуваат до КР-И или по копнен или по воздушен пат под услов да поседуваат валидна лична карта издадена од ПК-МВР.

### *в) Излез и повторен прием во Ирак*

За да патуваат надвор од Ирак на Палестинците им треба или патен документ издаден од Управата за престој (МВР), за оние коишто пристигнале во 1948 година, или палестински пасош издаден од Палестинската амбасада за сите други. Дополнително од нив се бара да добијат

---

[687] Информација на УНХЦР, април 2019.
[688] Ибид.
[689] Ибид.
[690] Ибид.
[691] Палестинците коишто се обидуваат повторно да го активираат ЈСД мора да поднесат писмено барање, отпечатоци од прсти на сите членови на семејството, информација за нивното првично место на постојан престој, како и потврда за ПК-МВР со што се потврдува автентичноста на потврдата. Во времето на пишување на овој документ, УНХЦР немаа информација дали некој Палестинец добива храна на ваков начин; Информација на УНХЦР, април 2019.
[692] Информација на УНХЦР, април 2019. Види, на пример, Al Jazeera, The Forgotten Generations: Palestinian Refugees in Iraq, 5 февруари 2017, http://aje.io/rzgt.

одобрение (виза за излез/повторен влез, иако не значи дека овие термини се користат во документот) пред да отпатуваат.[693] Излез без претходно одобрение се казнува со конфискација на целиот движен и недвижен имот.[694] Законот за пасоши од 2015 година понатаму предвидува минимум казна од три години затвор за секој што влегол или ја напуштил земјата на нелегален граничен премин.[695] Дополнително, Кривичниот законик предвидува затворски казни од максимум 15 години за оние кои ќе ги фалсификуваат документите или коишто користат фалсификувани документи.[696]

Нешто не е јасно околу правилата и праксата што се применуваат во случај на повторен влез после подолг период (подолг од шест месеци) на престој надвор од Ирак. Според ПК-МВР, Палестинците треба да се третираат како ирачки државјани и оттука не треба да им се забранува повторен влез во Ирак, под услов да поседуваат валидни патни документи и одобрение за излез/повторен влез (дури и ако се со истечен рок). Меѓутоа УНХЦР има информации добиени и од претставник на Палестинската амбасада во Багдад и од палестинската заедница, дека на Палестинците коишто ќе останат подолго од важноста на нивните патни документи всушност не им се дозволува повторно да влезат во Ирак. Повторното влегување по истекувањето на нивната виза за излез/повторен влез зависи од надлежните ирачки власти.[697]

За (повторен) прием во КР-И од надвор, Палестинците, вклучително и оние што се регистрирани од ПК-МВР, мора да поседуваат валиден патен документ / пасош како и валидна виза за влез, што мора да се извади пред патувањето во КР-И.[698]

Согласно Конвенцијата од 1951, палестинските бегалци коишто потпаѓаат под личниот опсегот на членот 1Г, коишто биле исклучени од членот 1Г(1) (коишто добиваат или имаат право да добијат заштита или помош од UNRWA) и коишто последователно се опфатени со членот 1Г(2) (кога заштитата или помошта сопрела) *ипсо факто* имаат право на бенефициите од Конвенцијата од 1951 година, под услов членовите 1В, 1Д или 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 да не се применуваат.[699]

За барањата за азил од Палестинците коишто не потпаѓаат под опсегот на членот 1Г треба да се одлучува согласно членот 1А(2) од Конвенцијата од 1951 година. Ризичните профили што се вклучени во овој документ обезбедуваат релевантни информации за земјата на потекло и насоки за тоа кој има право.

---

[693] Визите за излез/повторен влез ги издава Управата за престој. Важноста на овие визи за излез и повторен влез варира. Иако во поголемиот број случаи визата за излез важи три месеци, во некои случаи може да се издаде на година дена, во зависност од причината за патувањето; Информација на УНХЦР, април 2019.

[694] Членот 17 од Законот за политички бегалци од 1951 година уредува дека бегалците не можат да го напуштат Ирак без претходно одобрение од Министерството за внатрешни работи, додека членот 118 предвидува казна со конфискација од страна на властите на целиот движен и недвижен имот; Законот за политички бегалци (Закон бр. 51 од 1971), 10 април 1971, www.refworld.org/docid/560a498c4.html.

[695] Членот 15 (4) од Законот бр. 31 од 2015; Ирак: Закон за пасоши (2015) [Ирак], 9 септември 2015, www.refworld.org/docid/5c755e247.html.

[696] Кривичен законик (Закон бр. 111 од 1969), јули 1969, www.refworld.org/docid/452524304.html, член 289.

[697] Информација на УНХЦР, април 2019.

[698] Ибид.

[699] Види, UNHCR, Note on UNHCR's Interpretation of Article 1D of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees and Article 12(1)(a) of the EU Qualification Directive in the Context of Palestinian Refugees Seeking International Protection, мај 2013, www.refworld.org/docid/518cb8c84.html.

## Б. Статус на бегалец согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР или регионалните инструменти или исполнување на условите за комплементарни облици на заштита

Конвенцијата од 1951 го поставува камен темелникот на режимот за меѓународна заштита за бегалците. Критериумите за статус на бегалец во Конвенцијата од 1951 треба да се толкуваат на начин според кој поединци или групи на лица кои ги исполнуваат овие критериуми се соодветно препознаени и заштитени согласно тој инструмент. Само кога за барателот на азил ќе се утврди дека не ги исполнува критериумите за бегалец согласно Конвенцијата од 1951, на пример ако се утврди дека стравот од прогон не е заради причина предвидена како основ во Конвенцијата, или ако на друг начин прагот за примена на дефиницијата од Конвенцијата од 1951 не е постигнат, треба да се испитаат поширокиte критериуми за меѓународна заштита содржани во мандатот на УНХЦР и регионалните инструменти, вклучително и супсидијарната заштита.[700]

Овој дел од Насоките помагаат да се утврди дали ирачките баратели на азил, за коишто е утврдено дека не ги исполнуваат критериумите за бегалци содржани во членот 1(А) од Конвенцијата од 1951 г., имаат право на меѓународна заштита. Поединците коишто не ги исполнуваат критериумите дадени во Конвенцијата од 1951 година, сепак може да имаат потреба од меѓународна заштита. Особено, поединци коишто бегаат од насилство, кое не е поврзано со основ од Конвенцијата од 1951 може да се утврди дека потпаѓаат под условите од мандатот на УНХЦР, или критериумите утврдени во регионалните инструменти.[701]

Со оглед на флуидната природа на состојбата во областите во Ирак кои биле под контрола на ИСИС, барањата од Ирачани за меѓународна заштита согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР или согласно регионалните инструменти или за облици на комплементарна заштита, вклучително и супсидијарната заштита согласно членот 15 од Директивата на ЕУ за квалификација од 2011 година, секој треба да биде внимателно проценет во контекст на доказите што се изнесени од барателот и други актуелни и веродостојни информации за состојбата во Ирак.

[700] Види UNHCR Executive Committee, Conclusion on the Provision on International Protection Including Through Complementary Forms of Protection, No. 103 (LVI) – 2005, 7 октомври 2005, www.refworld.org/docid/43576e292.html.

[701] Што се однесува до регионалните инструменти, видете ги дефинициите за бегалец содржани во Конвенцијата на ОАЕ од 1969, Organization of African Unity, Convention Governing the Specific Aspects of Refugee Problems in Africa ("OAU Convention"), 10 септември 1969, 1001 U.N.T.S. 45, www.refworld.org/docid/3ae6b36018.html и Декларацијата од Картагина, Cartagena Declaration on Refugees, Colloquium on the International Protection of Refugees in Central America, Mexico and Panama, 22 ноември 1984, www.refworld.org/docid/3ae6b36ec.html. Комплементарните облици на заштита вклучуваат и супсидијарна заштита согласно членот 15 од Директивата за квалификации од 2011. European Union, Directive 2011/95/EU of the European Parliament and of the Council on Standards for the Qualification of Third-Country Nationals or Stateless Persons as Beneficiaries of International Protection, for a Uniform Status for Refugees or for Persons Eligible for Subsidiary Protection, and for the Content of the Protection Granted (Recast), 13 декември 2011, www.refworld.org/docid/4f06fa5e2.html.

## 1) Статус на бегалец согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР и регионалните инструменти

### *а) Статус на бегалец согласно критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР*

Мандатот на УНХЦР се однесува на поединци кои ги исполнуваат критериумите за бегалци согласно Конвенцијата од 1951 и нејзиниот Протокол од 1967 година,[702] но е проширен со последователните резолуции на Генералното собрание на ООН и ЕЦОСОЦ во однос на низа други различни ситуации на присилно раселување кои резултираат од неселективно насилство или јавни нереди.[703] Во контекст на ваквиот развој на настаните, надлежноста на УНХЦР да им обезбеди меѓународна заштита на бегалците се однесува на поединци кои се надвор од своите земји на потекло или од вообичаеното место на живеење и кои не можат или не сакаат да се вратат заради сериозните закани по нивниот живот, физичкиот интегритет или слободата, а кои произлегуваат од општото насилство или настани кои сериозно го нарушуваат јавниот ред.[704]

Во областите кои порано биле под контрола на ИСИС, особено оние што се надвор од урбаните центри, конфликтот меѓу ИСБ и силите блиски на нив од една страна и ИСИС од друга страна продолжува и покрај крајот на големите воени операции на крајот од 2017 година. Иако ИСИС повеќе нема ефективна контрола на територијата, владата нема воспоставено ефективна контрола надвор од урбаните области на гуверноратите Ал-Анбар, Дијала, Киркук, Нинева и Салах Ал-Дин, каде ИСИС и понатаму оперира. Индикаторите за оценка на заканата по животот, физичкиот интегритет или слободата кои произлегуваат од општото насилство во овие области вклучуваат: (i) бројот на цивилни жртви како резултат на неселективните акти на насилство, вклучително и напади од бомбаши самоубијци и автомобили бомба, гранатирање, експлозии на ИЕН и ЕОВ (види Дел II.Б); (ii) бројот на безбедносни инциденти (види Дел II.Б); и (iii) бројот на лица коишто биле присилно раселени заради конфликт (при тоа забележувајќи дека бројот на раселени лица коишто не можеле да се вратат во дадена област би бил дополнителен индикатор за континуираната закана по животот, физичкиот интегритет или слобода) (види Дел II.Г).

Меѓутоа таквото разгледување не е ограничено на директното влијание на насилството. Тоа исто така вклучува и долгорочни, поиндиректни последици од насилството поврзано со конфликт кои или само по себе или на кумулативна основа претставуваат закана по животот, физичкиот интегритет или слободата. Во врска со ова релевантните елементи ги вклучуваат информациите изнесени во Деловите II.Б, II.Д и II.Ѓ во врска со (i) способноста на ИСИС да се заканува, да заплашува, изнудува, киднапира и убива цивили и да ја ограничува нивната слобода на движење; (ii) високото ниво на фрагментираност на безбедносните актери, преваленцата на корупцијата и способноста на безбедносните актери редовно да вршат повреди на човековите права без да

---

[702] UN General Assembly, Convention Relating to the Status of Refugees, 28 јули 1951, U.N.T.S. 189, www.refworld.org/docid/3be01b964.html, стр. 137, и UN General Assembly, Protocol Relating to the Status of Refugees, 31 јануари 1967, U.N.T.S. 606, www.refworld.org/docid/3ae6b3ae4.html, стр. 267.

[703] UNHCR, Providing International Protection Including Through Complementary Forms of Protection, 2 јуни 2005, EC/55/SC/CRP.16, www.refworld.org/docid/47fdfb49d.html; UN General Assembly, Note on International Protection, 7 септември 1994, A/AC.96/830, www.refworld.org/docid/3f0a935f2.html.

[704] Види, на пример UNHCR, MM (Iran) v. Secretary of State for the Home Department - Written Submission on Behalf of the United Nations High Commissioner for Refugees, 3 август 2010, C5/2009/2479, www.refworld.org/docid/4c6aa7db2.html, пара. 10.

бидат казнети; (iv) влијанието на насилството и небезбедноста врз хуманитарната состојба што се манифестира преку сиромаштијата, отсуството на сигурност кога се работи за достапност до храна, уништени домови, животната егзистенција и загуба на имот; и (v) ограничувањата за учеството на жените во јавниот живот.

Во овој контекст УНХЦР смета дека поединците коишто потекнуваат од областите каде и понатаму се одвиваат одредени воени операции против ИСИС и/или каде ИСИС и понатаму делува како што е наведено горе може, во зависност од индивидуалните околности на случајот, да имаат потреба од меѓународна заштита. Оние за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат критериумите од Конвенцијата од 1951 може да имаат право на меѓународна заштита согласно поширокиот мандат на УНХЦР, врз основа на сериозни закани по животот, физичкиот интегритет или слободата што произлегуваат од општото насилство или настани кои сериозно го попречуваат јавниот ред.

*б) Статус на бегалец согласно членот I(2) од Конвенцијата на ОАУ од 1969*

Ирачаните и лицата кои претходно имале вообичаеното место на живеење во Ирак и кои бараат меѓународна заштита во земјите потписнички на Конвенцијата на ОАЕ од 1969 година може да се квалификуваат за статус на бегалец согласно членот I(2) од тој инструмент, врз основа на тоа дека биле присилени да го напуштат претходното вообичаено место на живеење заради настани кои сериозно го нарушуваат јавниот ред во Ирак, за да бараат засолниште надвор од Ирак.[705]

Во контекст на Конвенцијата на ОАЕ од 1969 година, фразата „настани коишто сериозно го нарушуваат јавниот ред“ вклучуваат ситуации на конфликт или насилство коишто се закануваат по животот, слободата или безбедноста на цивилите, како и други сериозни нарушувања по јавниот ред.[706] УНХЦР смета дека областите на Ирак, каде и понатаму се водат ограничени воени операции против ИСИС и/или каде ИСИС продолжува да делува треба да се сметаат за области погодени од настани што сериозно го нарушуваат јавниот ред. Последователно УНХЦР смета дека поединци коишто потекнуваат од такви области и за кои е утврдено дека ги исполнуваат критериумите од Конвенцијата за бегалци од 1951 година може да имаат потреба од меѓународна заштита согласно условите од членот I(2) од Конвенцијата на ОАЕ од 1969 година врз основа на тоа дека можеби биле присилени да го напуштат своето претходно вообичаено место на живеење заради закани по нивните животи, слобода и безбедност како

---

[705] Organization of African Unity, Convention Governing the Specific Aspects of Refugee Problems in Africa ("OAU Convention"), 10 септември 1969, 1001 U.N.T.S. 45, www.refworld.org/docid/3ae6b36018.html. Дефиницијата на терминот „бегалец“ содржана во членот I од Конвенцијата на ОАЕ од 1969 е инкорпорирана во членот I од Принципите од Бангкок за статусот и третманот на бегалците (Принципите од Бангкок). Види Asian-African Legal Consultative Organization (AALCO), Bangkok Principles on the Status and Treatment of Refugees (Финален текст на Принципите од Бангкок за статусот и третманот на бегалците на ААЛЦО од 1966, како што биле усвоени на 24 јуни 2001 на 40-та седница на ААЛЦО, Њу Делхи), www.refworld.org/docid/3de5f2d52.html.
[706] За значењето на фразата „настани коишто сериозно го наручуваат јавниот ред“ во Конвенцијата на ОАЕ од 1969, види Marina Sharpe, The 1969 OAU Refugee Convention and the Protection of People Fleeing Armed Conflict and Other Situations of Violence in the Context of Individual Refugee Status Determination, јануари 2013, www.refworld.org/docid/50fd3edb2.html; Alice Edwards, “Refugee Status Determination in Africa”, 14 African Journal of International and Comparative Law, 204-233 (2006); UNHCR, Extending the Limits or Narrowing the Scope? Deconstructing the OAU Refugee Definition Thirty Years On, април 2005, ISSN 1020-7473, www.refworld.org/docid/4ff168782.html.

резултат на настани коишто сериозно го нарушуваат јавниот ред.

*в) Статус на бегалец согласно Декларацијата од Картагина*

Барателите на азил од Ирак коишто бараат меѓународна заштита во некоја од земјите коишто ја имаат вградено Декларацијата од Картагина за бегалци („Декларацијата од Картагина“) во своето национално законодавство може да се квалификуваат за статус на бегалец врз основа на тоа дека нивните животи, безбедност или слобода се под закана од општо насилство, внатрешно насилство, масовна повреда на човековите права или други околности коишто сериозно го имаат нарушено јавниот ред.[707]

Следејќи сличен начин на разгледување во однос на критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР и Конвенцијата на ОАЕ од 1969 година (Деловите III.Б.1.а и б), УНХЦР смета дека лица коишто потекнуваат од области во Ирак, каде и понатаму се водат одредени воени операции против ИСИС и/или каде ИСИС има слобода на движење, и за коишто е утврдено дека ги исполнуваат критериумите од Конвенцијата за бегалци од 1951 година, може да имаат потреба од меѓународна заштита согласно условите од Декларацијата од Картагина, врз основи дека бегале бидејќи животот, безбедноста и слободата им биле под закана заради околностите кои сериозно го нарушиле јавниот ред, било во форма на директни или индиректни последици од насилството поврзано со конфликтот, или како резултат на сериозни повреди на човековите права и злоупотреби кои се вршат од вооружените актери во овие области без да бидат казнети за тоа.

## 2) Исполнување на условите за супсидијарна заштита согласно Директивата на ЕУ за квалификација

Ирачаните и лицата кои порано имале вообичаено место на престој во Ирак, коишто бараат меѓународна заштита во земји-членки на Европската унија, а за кои е утврдено дека се бегалци согласно Конвенцијата од 1951 можат да се квалификуваат за супсидијарна заштита согласно членот 15 од Директивата на ЕУ за квалификација, доколку постојат суштински основи да се верува дека постои реален ризик сериозно да им се наштети во Ирак.[708] Во контекст на

---

[707] Cartagena Declaration on Refugees, Colloquium on the International Protection of Refugees in Central America, Mexico and Panama, 22 ноември 1984, www.refworld.org/docid/3ae6b36ec.html, Дел III.3. Иако Декларацијата од Картагина се смета за необврзувачки регионален инструмент, дефиницијата за бегалец дадена во неа зазеде посебно место во регионот, и тоа не само заради нејзиното вградување во 15 национални закони и државни практики. За насоки околу толкувањето на дефиницијата за бегалец во Декларацијата од Картагина, види: UNHCR, Guidelines on International Protection No. 12: Claims for Refugee Status Related to Situations of Armed Conflict and Violence under Article 1A(2) of the 1951 Convention and/or 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees and the Regional Refugee Definitions, 2 декември 2016, HCR/GIP/16/12, www.refworld.org/docid/583595ff4.html, пара. 61-85.

[708] Сериозна штета за потребите на Директивата за квалификација се дефинира како (а) смртна казна или погубување; или (б) мачење или нечовечно или понижувачко постапување или казнување на барателот во земјата на потекло; или (в) сериозна и индивидуална закана по животот на цивил или лице заради неселективно насилство во ситуација на меѓународен или интерен вооружен конфликт. European Union, Directive 2011/95/EU of the European Parliament and of the Council on Standards for the Qualification of Third-Country Nationals or Stateless Persons as Beneficiaries of International Protection, for a Uniform Status for

информациите претставени во членот II.В од Насоките, барателите можат, во зависност од индивидуалните околности на случајот, да имаат потреба од супсидијарна заштита согласно членот 15(а) или членот 15(б) по основ дека тие би биле соочени со реален ризик од релевантни форми на сериозна повреда (смртна казна или егзекуција;[709] или мачење или нечовечно или понижувачко постапување или казнување),[710] било од страна на државата или нејзини извршители, или од страна на недржавни елементи.[711]

Подеднакво, во контекст на фактот дека Ирак и понатаму страда од не-меѓународен вооружен конфликт и во контекст на информациите дадени во Деловите II.Б, II.В, II.Г и II.Д, барателите кои потекнуваат или претходно живееле во области погодени од конфликт можат, во зависност од индивидуалните околности на случајот да имаат потреба од супсидијарна заштита согласно членот 15(в) врз основ дека би биле соочени со сериозна и индивидуална закана по нивниот живот или личност заради неселективно насилство.

Во контекст на вооружениот конфликт во Ирак, факторите што треба да се земат предвид за да се процени заканата по животот и личноста на барателот од неселективно насилство, особено во одреден дел од земјата, ги вклучуваат бројот на цивилни жртви, бројот на безбедносни инциденти, како и постоењето на сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право, што претставува закана по животот или физичкиот интегритет. Меѓутоа при разгледувањето не треба да има ограничување на директните последици од насилството, туку да се опфатат и последиците од насилството коишто се подолгорочни, вклучително и последиците од конфликтот по состојбата со човековите права и опсегот во кој конфликтот ја ограничува способноста на државата да ги заштити човековите права. Во контекст на конфликтот во Ирак, релевантните фактори во оваа смисла се (i) континуираното присуство на ИСИС во областите надвор од урбаните центри, каде нема воспоставена ефективна владина контрола по преземањето на овие области од ИСИС и способноста на ИСИС да се заканува, да заплашува, изнудува, киднапира и убива цивили и да ја ограничува нивната слобода на движење; (ii) високото ниво на фрагментираност на безбедносните актери, преваленцата на корупцијата и способноста на безбедносните актери редовно да вршат повреди на човековите права без да бидат казнети; (iii) влијанието на насилството и небезбедноста на хуманитарната состојба како што е манифестирана од сиромаштијата, отсуството на сигурност кога се работи за достапност до храна, уништеноста на домовите, животната егзистенција и загубата на имот; и (iv) ограничувањата за учеството на жените во јавниот живот.

Овие фактори, било сами или кумулативно, можат да се доволни за ситуацијата во одреден дел од Ирак да се смета дека е доволно сериозна за да се примени членот 15(в), без да има потреба барателот да демонстрира индивидуални фактори или околности коишто го зголемуваат ризикот

---

Refugees or for Persons Eligible for Subsidiary Protection, and for the Content of the Protection Granted (Recast), 13 декември 2011, www.refworld.org/docid/4f197df02.html, членови 2(f), 15.

[709] За информации за правната основа, примената и спроведувањето на смртната казна од централните власти и КРВ, види Дел II.Д.1 („Состојбата со човекови права – државни актери“).

[710] Види Дел II.Д („Состојбата со човековите права“).

[711] Треба да се забележи дека кога барателите се соочени со реален ризик од таков третман заради причина од основ наведен во Конвенцијата од 1951, тие треба да имаат решен статус на бегалец согласно Конвенцијата (освен ако не биле исклучени од примањето заштита согласно Конвенцијата за бегалци под членот 1Ѓ). Само кога нема никаква врска меѓу ризикот од сериозна штета и некој од основите од Конвенцијата барателот треба да добие супсидијарната заштита.

да му биде наштетено.[712] Кога, откако ќе се разгледаат сите релевантни докази, ќе се утврди дека не е таков случајот во делот од Ирак од каде што доаѓа барателот, се разгледува дали индивидуалните околности на лицето се такви коишто укажуваат на ранливост, којашто комбинирана со природата и обемот на насилство даваат повод да се верува дека постои сериозна и индивидуална закана по животот или личноста на барателот.

## B. Разгледување на примената на алтернативата на внатрешно бегство или релокација (АВБ/АВР)

Во Насоките на УНХЦР за меѓународна заштита бр. 4: „Алтернатива на внатрешно бегство или релокација" во контекст на членот 1А(2) од Конвенцијата од 1951 и/или Протоколот за статусот на бегалците од 1967[713] дадена е детална аналитичка рамка за оценка на достапноста на алтернативата на внатрешно бегство или релокација (АВБ/АВР), што уште се нарекува можност за внатрешна заштита.[714]

Проценката на достапноста на Алтернатива на внатрешно бегство или релокација бара проценка на релевантноста и разумноста на предложената алтернатива на внатрешно бегство/внатрешна релокација.[715] Во случаите кога ќе се утврди дека постои оправдан страв од прогон во некој локализиран дел од земјата на потекло, утврдувањето дали предложената област за внатрешно бегство или релокација е соодветна алтернатива за засегнатото лице бара проценка на подолг период, при што ќе се земат предвид не само околностите кои даваат повод за ризикот од кој се плаши и заради кој избегал од областа на потекло, туку и дали предложената област нуди безбедна и вистинска алтернатива во иднина. Личните околности на поединечниот барател и условите во областа на преселување треба да бидат земени предвид.[716]

---

[712] Види Court of Justice of the European Union, Elgafaji v. Staatssecretaris van Justitie, C-465/07, 17 февруари 2009, www.refworld.org/docid/499aaee52.html, каде Судот на правдата на Европската унија одлучи (во пара. 43) дека постоењето на сериозна и индивидуална закана по животот или личноста на барателот "вонредно може да се разгледа за да се утврди каде степенот на неселективно насилство карактеристично за вооружени конфликти (…) достигнува толку високо ниво што се јавува како доволен основ за да се верува дека ако цивилот се врати во релевантната земја или ако е таков случајот во релевантниот регион, само со своето присуство на територијата на таа земја или регион се соочува со реален ризик да биде предмет на таквата закана."

[713] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: "Internal Flight or Relocation Alternative" Within the Context of Article 1A(2) of the 1951 Convention and/or 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees, HCR/GIP/03/04, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html (во понатамошниот текст: UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: "Internal Flight or Relocation Alternative", 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html).

[714] Европска унија, Директива 2011/95/EU на Европскиот парламент и на Советот за стандарди за квалификација на државјани на трета земја или лица без државјанство како корисници на меѓународна заштита, за унифициран статус за бегалците или лицата коишто имаат право на супсидијарна заштита и за содржината на доделената заштита (пречистен текст), 13 декември 2011, www.refworld.org/docid/4f06fa5e2.html, член 8.

[715] Во врска со барањата за меѓународна заштита во земјите-членки на ЕУ, се применува членот 8 од Директивата за квалификација од 2011. Тука е вклучен тест за релевантност и разумност. Директивата за квалификација од 2011, член 8.

[716] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: "Internal Flight or Relocation Alternative", 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 7. Во врска со барањата за меѓународна заштита во земјите-членки на ЕУ, види исто така член 8(2) од Директивата за квалификација од 2011, кој предвидува дека

Ако се разгледува алтернатива на внатрешно бегство/внатрешна релокација во процедурите за азил, мора да се идентификува конкретната област за каде се предлага преселбата, и мора да бидат утврдени во рамките на можностите и соодветно да бидат земени предвид сите релевантни општи и лични околности во врска со релевантноста и разумноста на предложената област за преселба за конкретниот барател. На барателот мора да му се даде соодветна можност да одговори за наводната релевантност и разумност на предложената АВБ/АВР.[717]

Насоката дадена во овој Дел се однесува на проценката на АВБ/АВР во контекст на утврдување на потребата за меѓународна заштита на бегалецот согласно Конвенцијата од 1951 (Дел III.А), критериумите од поширокиот мандат на УНХЦР (Делот III.Б.1.а) и Декларацијата од Картагина (Делот III.Б.1.в). Насоките што се дадени во овој Дел исто така важат за проценката на внатрешната заштита согласно членот 8 од Директивата за квалификација.[718] Разгледувањето на алтернативата на евентуална внатрешнар релокација генерално не е релевантно за определување на статус на бегалец согласно членот I(2) од Конвенцијата на ОАЕ (Делот III.Б.1.б).[719]

## 1) Анализа на релевантноста

### *а) Области во Ирак каде не е достапна АВБ/АВР*

УНХЦР смета дека АВБ/АВР не е достапна во областите коишто претходно биле под контрола на ИСИС или на друг начин биле погодени од конфликт во контекст на континуираните повреди на човековите права и злоупотребите од државни и недржавни актери, континуираното присуство на ИСИС и тековните воени операции против ИСИС во овие области.

УНХЦР понатаму смета дека АВБ/АВР не е достапна во спорните области заради чувствителната безбедност на овие области, политичката и демографската динамика и ризикот од дополнителна дестабилизација на состојбата преку движење на населението, вклучително и во

„земјите-членки кога одлучуваат по барање да ги земат предвид општите околности коишто преовладувале во тој дел од земјата и личните околности на барателот.“

[717] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 6.

[718] Европска унија, Директива 2011/95/EU на Европскиот парламент и на Советот за стандарди за квалификација на државјани на трета земја или лица без државјанство како корисници на меѓународна заштита, за унифициран статус за бегалците или лицата коишто имаат право на супсидијарна заштита и за содржината на доделената заштита (пречистен текст), 13 декември 2011, www.refworld.org/docid/4f197af02.html, член 8.

[719] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 5. Членот I(2) од Конвенцијата од 1969 година ја проширува дефиницијата за бегалец на „секое лице, кое како резултат на напад од надвор, окупација, странска доминација или настани коишто сериозно го нарушуваат јавниот ред **во било кој дел или во целата негова земја на потекло или држава**, е обврзан да го напушти своето вообичаено место на живеење во потрага по засолниште на друго место надвор од својата земја или држава“ (додаден акцент). Истото се применува и за поединците кои потпаѓаат под дефиницијата за бегалец содржана во членот I(2) од Принципите од Бангкок, а којашто е идентична со дефиницијата за бегалец од Конвенцијата на ОАЕ од 1969.

округите на Киркук, Ханакин (Гувернаратот Дијала) и Туз Хурмату (Гувернаратот Салах Ал-Дин).[720]

*б) Оценка дали барателот би бил изложен на оригиналниот ризик од прогон во областа предложена како АВБ/АВР*

Областа предложена за АВБ/АВР не би била релевантна доколку барателот би бил изложен на оригиналниот ризик од прогон во таа област.

- Кога барателот има оправдан страв од прогон од страна на државата или нејзини агенти, постои претпоставка дека разгледувањето на АВБ/АВР не е релевантно.[721]
- Кога барателот има оправдан страв од прогон од страна на ИСИС, релевантноста на предложената АВБ/АВР мора да се оцени земајќи го предвид профилот на лицето и дали тој што го прогонува (било да се работи за ИСИС или друга вооружена група) ќе може и ќе биде мотивиран да го следи барателот и во областа предложена за преселување. Дополнително, доказите дадени во Делот II.Д.3 треба да се земат предвид во врска со ограничувањата на способноста на Државата да обезбеди заштита од повреда на човековите права од страна на ИСИС или други вооружени групи.
- Кога барателот има оправдан страв од прогон од семејството, племето или заедницата преку штетни традиционални пракси, вклучително и заради зачувување на „честа“ на семејството (види ги пред сѐ ризичните профили 5б и в, 9, 10, 11 и 12), постои претпоставка дека размислувањето за АВБ/АВР не е релевантно во контекст на достапните докази дека таквите актери се мотивирани и можат да го следат барателот во областа предложена за преселба, вклучително, на пример, преку племенски, семејни или други врски, прифаќање на такви норми и практики од страна на голем сегмент од општеството и ограничувањата на Државата да обезбеди заштита од такви злоупотреби (види Дел II.Д.3).

*в) Оценка дали барателот би бил изложен на нов ризик од прогон во областа предложена како АВБ/АВР или на други форми на нанесување сериозна штета*

Дополнително на горе наведените разгледувања во врска со оригиналниот облик на прогон во областа од каде што потекнува барателот, оној што одлучува мора исто така да утврди дека барателот нема да се соочи со никаков нов облик на прогон во областа предложена за АВБ/АВР, ниту некој друг сериозен облик на штета. Како што има забележано УНХЦР во своите Насоки за меѓународна заштита бр. 4: „Алтернатива на внатрешно бегство или релокација“:

> *„лице со утврден страв од прогон од причина наведена во Конвенцијата од 1951 во еден дел од земјата не може да се очекува да се пресели во друга област каде е под сериозна опасност. Доколку барателот е изложен на нов ризик од сериозна штета, вклучително и сериозен ризик по животот, безбедноста, слободата или здравјето, или од сериозна*

---

[720] Киркук, Туз Хурмату и Ханакин „ги искусија наголемите потреси во последните неколку години“; ICG, Reviving UN Mediation on Iraq's Disputed Internal Boundaries, 14 декември 2018, http://bit.ly/2JwD8IE, стр. 3. Види исто така Дел II.А.3 („Референдум за независност, октомври 2017“).

[721] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 7.I.б, 13-14.

*дискриминација, алтернативата на внатрешно бегство или релокација не е опција, без разлика дали е тоа поврзано со некој од основите на Конвенцијата. Затоа оценката на новите ризици исто така ќе треба да ја земе предвид сериозната штета генерално опфатена под [пошироките критериуми за бегалци или] комплементарните облици на заштита.“*[722]

Оценката мора да се заснова на ажурирани информации за земјата на потекло, вклучително и во врска со безбедносната ситуација во областа предложена за АВБ/АВР.[723] На пример во однос на лицата што потекнуваат од области што порано биле под контрола на ИСИС, ќе мора внимателно да се процени дали тие може да се под ризик од прогон или друга сериозна штета во предложената област за преселба на сметка на нивната наводна поврзаност со ИСИС, вклучително врз основа на семејните или племенските врски (види Дел III.A.1). Исто така немажена жена, вдовица или разведена жена без вистинска поддршка од маж може да биде соочена од нови ризици од сериозна штета, вклучително, и трговија, експлоатација и друга злоупотреба (види Дел III.A.8).

### *г) Оценка дали областа предложена како АВБ/АВР е практично, безбедно и законски достапна*

Во случаи кога некоја област во Ирак била идентификувана дека не е исклучена како релевантна можности за внатрешно бегство/внатрешна релокација врз основа на горе наведените аспекти што се земаат предвид под а) – в), сепак ќе треба да се процени дали предложената област за АВБ/АВР е практично, безбедно и законски достапна за лицето.[724] Во контекст на Ирак, овој услов бара оценка на конкретни шанси лицето:

- **Да може безбедно да дојде и да биде примено во областа предложена за преселување:**

  За лицето да може да ги помине контролните пунктови и да биде примено во областа на преселување ќе треба да има валидна граѓанска документација (лична карта, потврда за државјанство или пасош).[725] Во зависност од профилот на лицето, вклучително неговото/нејзиното верско/етничко потекло, племенска припадност, место на потекло како и род и состав на семејството, може да има дополнителни услови што треба да се исполнат за влез, како што е добивање безбедносна потврда од надлежните безбедносни агенции и поседување на спонзор/жирант.[726]

---

[722] Ибид., пара. 20.

[723] За проценка на безбедносната ситуација во различни делови од земјата во времето на пишување на овој документ, види Дел II.Б („Безбедносна состојба“).

[724] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 7.

[725] За документацијата, види исто така Дел II.Ѓ („Хуманитарна состојба“).

[726] Соочени со раселувањето од големи размери заради експанзијата на ИСИС и последователните воени операции против ИСИС меѓу 2014 и 2017 година многу локални власти воведоа строги ограничувања за влез и престој, вклучително, меѓу другото, барање за спонзорство и, во некои области, речиси целосна забрана за лицата што бегаат од областите под ИСИС или областите каде има конфликт, особено за сунитските Арапи. Во времето на пишување на овој документ, безбедносните проверки и понатаму се правеа за лицата од областите што порано биле под контрола на ИСИС или погодени од конфликт. Забраните за пристап се повлечени, но условот за спонзорство за лица од областите што порано биле под контрола на ИСИС и понатаму стои за влез и престој во неколку гувернорати. Во времето на пишување на овој документ, на лица од областите што порано биле под контрола на ИСИС или кои биле погодени од конфликтот, особено

- **Да му биде дозволен престој во областа предложена за преселување:**

  Валидна граѓанска документација е потребна покрај потврдата/препораката од мухтарот и/или локалниот совет, во зависност од областа. Во зависност од профилот на лицето, особено неговото/нејзиното верско/етничко потекло и место на потекло, локалните власти во неколку гувернорати бараат безбедносна потврда и/или спонзор/жирант за да може да добие легален престој.[727]

---

сунитските Арапи (вклучително лицата кои се вратиле во Ирак од трета земја) им треба спонзор за да влезат во следниве гувернорати:

- **Гуверноратите Басра, Ди-Кар, Мисан, Мутана и Кадисија:** Спонзорот мора да го пречека лицето на влезниот контролен пункт од гуверноратот за да му се овозможи влез. Во случај лицето да влегло во гуверноратот без да биде проверено, тој/таа треба да отиде во надлежниот безбедносен оддел за проверка, заедно со спонзорот. Доколку не успее да најде спонзор многу е веројатно дека лицето нема да добие пристап во гуверноратот, иако безбедносните актери имаат одредено дискреционо право вонредно да дозволат влез, во зависност од профилот на лицето и причините за неговата преселба.
- **Гуверноратот Дохук:** На Арапите од областите што порано биле под ИСИС или биле погодени од конфликтот и Туркмените од Тал Афар (Гуверноратот Нинева) им треба спонзор за да можат да влезат, освен ако не добијат привремено одобрение за патување на контролниот пункт во близина на селото Хатара. Ова одобрение се издава за кратки посети заради медицински или други причини.

Не се бара спонзор за влез во гуверноратите Багдад, Бабел, Дијала, Ербил, Кербала, Киркук, Наџеф, Сулејманија и Васит. Барањата за спонзорство за влез во гуверноратите Ербил и Суламанија по воздушен пат или на интерните граници се повлечени на почетокот од 2019 година; Информации достапни на УНХЦР, април 2019. Оваа информација исто така е достапна на Refworld: UNHCR, Iraq: Country of Origin Information on Access and Residency Requirements in Iraq: Ability of Persons Origination from Formerly ISIS-Held or Conflict-Affected Areas to Legally Access and Remain in Proposed Areas of Relocation, 25 април 2019, https://www.refworld.org/docid/5cc2c30d7.html. Ажурирани верзии ќе бидат објавени на Refworld.

[727] Во зависност од областа, лицата од областите коишто претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт треба да имаат спонзор и/или потврда/препорака од мухтарот и/или локалниот совет за да можат законски да престојуваат таму. Дополнително, потребна е безбедносната проверка од релевантните безбедносни агенции во сите области. Во времето на пишување на овој документ, УНХЦР знаеше за следниве услови што лицата од областите што порано биле под контрола на ИСИС или биле погодени од конфликтот, пред сè сунитските Арапи, треба да ги исполнат за престој (вклучително лицата кои се вратиле во Ирак од трета земја):

- **Гуверноратот Багдад:** Лицата од областите коишто претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт треба да имаат двајца спонзори од населбата во која имаат намера да живеат, како и писмо со поддршка од локалниот мухтар.
- **Гуверноратот Дохук:** Арапите од областите коишто претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт и Туркмените од Тал Афар (Гуверноратот Нинева) мора да си го регулираат престојот така што ќе набават одобрение од локалната безбедносна агенција (асајиш), врз основа на што ќе добијат дозвола за престој. Кога ќе му се обрати на асајиш, лицето мора да биде во придружба на спонзорот којшто го овозможил неговиот влез во Дохук.
- **Гуверноратот Дијала:** Со исклучок на Округот Ханакин, лицата од областите коишто претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт треба да имаат спонзор од населбата во која имаат намера да живеат како и писмо со поддршка од локалниот мухтар. Во Округот Ханакин, се бараат писма од три инстанци (канцеларијата на мухтарот, службата за национална безбедност и разузнавањето).
- **Градот Киркук:** После повторното воспоставување на контролата од страна на централната власт на 16 октомври 2017, условот за обезбедување спонзор беше повлечено. Лицата од областите коишто

- **Да му биде дозволено да остане во предложената област на преселување подолго време:**

  Во контекст на зголемениот притисок којшто се применува на лицата од областите кои порано биле под контрола на ИСИС или области погодени од конфликтот, треба да се процени дали засегнатиот поединец ќе може подолго да остане во областа каде се сели без да биде под непотребен притисок да се врати во својата област на потекло.[728] Областите во кои еден поединец може да биде под притисок на локалните власти или други актери за да се врати во област што претходно била држена од ИСИС или на друг начин погодена од конфликтот[729] нема да претставува релевантна алтернатива на внатрешно бегство.

Условите за пристап и престој според извештаите не секогаш се јасно дефинирани и/или спроведувањето може да варира или да подложи на промени што главно зависат од безбедносната состојба. Условот за спонзорство главно не се заснова на одредба во закон, ниту официјално е објавен.

Во овој контекст, УНХЦР смета дека за сунитските Арапи и сунитските Туркмени од областите кои порано биле под контрола на ИСИС или области погодени од конфликтот, АВБ/АВР обично не се релевантни во областите каде властите наметнуваат услови за пристап и за престој и/или каде постои притисок врз лицата од областите кои порано биле под контрола на ИСИС или области погодени од конфликтот да се вратат во нивните области на потекло.

Единствените исклучоци би биле за барателите од овој профил за кои може да се утврди дека, врз основа на индивидуалните околности на нивниот случај, тие ќе можат да

---

претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт треба да имаат писмо со поддршка од локалниот мухтар од населбата во која имаат намера да живеат.
- **Јужните гувернорати:** На лицата од областите коишто претходно биле под ИСИС или биле погодени од конфликт треба да имаат локален спонзор, како и писмо за поддршка од локалниот мухтар за легално да живеат во гуверноратите Бабел, Басра, Ди-Кар, Кербала, Мисан, Мутана, Нацеф, Кадисија и Васит.

Во **Гуверноратите Ербил и Сулејманија,** лицата што потекнуваат од надвор на КР-И мора да му се обратат на локалната безбедносна служба (асајиш) во соседството во кое сакаат да живеат за да добијат картичка за престој. Ним не им треба спонзор. Но неженетите Арапи и Туркмени треба да имаат редовно вработување и мора да поднесат писмо за поддршка од нивниот работодавец за да се стекнат со картичка за престој со важност од една година којашто може да се обнови. Оние коишто немаат работа добиваат картичка за престој со важност од само еден месец којашто може да се обнови  Носителите на картичка за престој со важност од еден месец се соочени со проблеми да најдат редовно вработување заради краткото времетраење на нивната дозвола; Информации достапни на УНХЦР, април 2019. Овие информации исто така се достапни и на Refworld: UNHCR, Iraq: Country of Origin Information on Access and Residency Requirements in Iraq: Ability of Persons Origination from Formerly ISIS-Held or Conflict-Affected Areas to Legally Access and Remain in Proposed Areas of Relocation, 25 април 2019, https://www.refworld.org/docid/5cc2c30d7.html. Ажурирани верзии ќе бидат објавени на Refworld.

[728] „Предложената област исто така не е алтернатива на внатрешно бегство или релокација доколку условите таму се такви што барателот може да биде присилен да се врати во областа каде што претходно бил прогонуван, или во друг дел од земјата каде прогонот и други облици на сериозна штета се можни“; UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 21.

[729] Види Дел II.Г.3.б („Присилни и предвремени враќања“).

пристапат и легално и подолго да останат во областа предложена за преселба.

## 2) Анализа на разумноста

### *а) Личните околности на барателот*

Дали МИБ/МИП е „разумна“ мора да се утврди за секој случај поединечно, земајќи ги предвид личните околности на барателот, вклучително неговата возраст, род, здравје, попреченост, семејна состојба и односи, како и неговото образование и професија.[730] Познавањето на јазикот што е доминантен во областа предложена за преселба (пр. курдски во КР-И и арапски на другите места) мора да биде дел од проценката.

Врски со етничка и/или верската заедница и постојните племенски и семејни врски во областа за преселба се клучни кога се оценува достапноста на МИБ/МИП, бидејќи со ова генерално се овозможува одредено ниво на заштита од заедницата, како и пристап до услуги и вработување.[731] Ова важи за градовите, но уште повеќе за полу-урбаните и руралните области, каде новодојдените без такви врски може да се предмет на дискриминација. Дури и оние коишто потекнуваат од областа може да се сметаат за новодојденци доколку ги изгубиле сите врски со својата заедница. Исто така во област со доминантно различна етничка или верска демографија МИБ/МИП може да не е возможно заради латентни или отворени тензии меѓи групите. Ова може да е особено важно за сунитите во доминантно шиитски области и обратно. За припадниците на верски или етнички малцински групи не треба да се очекува да бидат

---

[730] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 25-26.

[731] „Мнозинството ВРЛ кажуваат дека **позајмуваат пари од семејството**, а нивниот број достигнува 78 проценти во Сулејманија и 63 проценти во Багдад. Не е само позајмувањето пари кога ВРЛ бараат помош од најблиските додека се раселени. Мнозинството од оние што се во Багдад (43%) и големо мнозинство од оние во Басра (81%), Сулејманија (75%), и Киркук (63%) **се потпираат на роднини и пријатели за пристап до работа.** Ваквите наоди сугерираат дека **товарот на раселувањето и понатаму пред сè паѓа на мрежата на поширокото семејство на оние што се раселени“** (додаден акцент); Georgetown University/IOM, Access to Durable Solutions Among IDPs in Iraq: Three Years in Displacement, 12 февруари 2019, http://bit.ly/2H7ozZQ, стр. 32. „Припадниците на одредена етничка или верска група обично страдаат од дискриминација или прогон во областите каде што тие се малцинство, што многумина ги наведува да бараат засолниште во други населби или покраини“; Freedom House, Freedom in the World 2019 – Iraq, 4 февруари 2019, www.ecoi.net/en/document/2002613.html. Дупките во обезбедувањето на основни услуги од страна на државата, според извештаите, до некоја мерка се пополнуваат од недржавни актери кои даваат услуги, како што се ПМФ групите. Меѓутоа, „Правичноста во пристапот се влошува, бидејќи услугите се условени – кој и во која мерка е опфатен зависи од секташката поврзаност, врските или политичкиот активизам“; KAS, Alternative Governance - Non-State Armed Groups and the Iraqi Reconstruction Process, Research Paper No. 3, јуни 2018, http://bit.ly/2X0wkFS, стр. 22. ВРЛ коишто се христијани, според извештаите, добиваат финансиска и материјална помош од црквата и верските организации. Меѓутоа таквата помош според извештаите е во опаѓање, бидејќи, меѓу другото, фокусот се има префрлено на обнова на областите што претходно биле под контрола на ИСИС; види на пр. Rudaw, Archbishop of Erbil: Iraq's Christians Need to Thrive, not just Survive, 13 март 2019, http://bit.ly/2CprDN7; Rudaw, Christian IDPs Sheltering above Erbil Bazaar Threatened with Eviction, 5 март 2019, https://bit.ly/2H8KSyz; International Republican Institute, Social and Political Perspectives of Iraqi IDPs from Ninewa and Their Host Communities - A Focus Group and Key Informant Interview Study in Iraq, April - May 2018, 5 септември 2018, http://bit.ly/2UHmCXj, стр. 3.

преселени во област каде што нема припадници од истата заедница, што би овозможило одредено ниво на поддршка.[732]

Специфичните околности на децата, како и законските обврски на државите согласно Конвенцијата за правата на детето – особено обврските да се внимава над сè да се води сметка за она што е во најдобар интерес на детето и да се даде доволна тежина на ставовите на детето земајќи ги предвид неговата возраст и зрелост – треба да се земат предвид при оценување на разумноста на МИБ/МИП што вклучува деца.[733] Оние што судат треба внимателно да го разгледаат фактот дека она што се смета само за мал проблем за возрасните може да претставува голем проблем за детето. Во случајот со непридружувани и разделени деца од Ирак, она што е во најдобар интерес на детето мора да е најважниот аспект кога се оценува достапноста на МИБ/МИП за детето, во согласност со членот 3(1) од Конвенцијата за правата на детето.[734] УНХЦР смета дека минимумот услов во врска со ова е достапноста на вистинска поддршка за детето од сопственото (пошироко) семејство или племе во областа каде евентуално би било преселено.

УНХЦР смета дека во случај со лица со посебни потреби, вклучително и лица со попреченост и постари лица, предложената област за МИБ/МИП би била разумна ако барателот има пристап до мрежа за поддршка во таа област која се состои од припадници на неговото (пошироко) семејство или племе, коишто се волни и способни да обезбедат континуирана поддршка за да се одговори на идентификуваните потреби на лицето на одржлив – и кога е потребно постојан - начин.[735]

Во контекст на сериозната состојба со човекови права на жените, како и социјалните и верските норми што ја ограничуваат слободата на движење на жената и генерално ниските стапки на вработување на жените,[736] УНХЦР смета дека МИБ/МИП не е разумна за жените, коишто немаат или се мисли дека немаат заштита од маж од нивното семејство, вклучително и жените што се глава на домаќинството.

### *б) Сигурност и безбедност*

---

[732] За тоа дека малцинствата немаат силни политички или племенски мрежи и за политичката или економската маргинализација, види Дел III.A.5.a („Припадници на верски и малцински етнички групи“).

[733] UN General Assembly, Convention on the Rights of the Child, 20 ноември 1989, U.N.T.S. 1577, www.refworld.org/docid/3ae6b38e0.html, стр. 3.

[734] UN General Assembly, Convention on the Rights of the Child, 20 ноември 1989, U.N.T.S. 1577, стр. 3, www.refworld.org/docid/3ae6b38f0.html, член 3(1); CRC, Општ коментар бр. 14 (2013) за правото на детето да му се даде примарна важност на она што е во негов најдобар интерес (чл. 3, став 1), 29 мај 2013, CRC/C/GC/14, www.refworld.org/docid/51a84b5e4.html, пара. 75-76.

[735] Види Дел II.Ѓ („Хуманитарна состојба“).

[736] Види Дел II.Ѓ.2 („Животна егзистенција“) и III.A.8 („Жени и девојки со одредени профили или во специфични околности“).

Предложената област за МИБ/МИП ќе биде разумна ако барателот може да живее таму на сигурен и безбеден начин, без опасност и ризик од повреда.[737] Овие услови мора да бидат трајни, а не илузорни или непредвидливи.[738] Во врска со ова мора да се земе предвид нестабилноста и флуидноста на безбедносната ситуација во Ирак. Информациите дадени во Деловите II.Б и II.В од овие Насоки и веродостојните и ажурирани информации за безбедносната ситуација во предложената област на преселување ќе бидат важни елементи во оценката на разумноста на предложената МИБ/МИП.

*в) Почитување на човековите права и можност економски да се преживее*

За предложената МИБ/МИП да биде разумна за барателот мора да може да ги оствари своите основни човекови права во областа на преселување и барателот мора да има можности економски да преживее во достоинствени услови.[739] Во врска со ова, при оценката на разумноста на предложената МИБ/МИП посебно внимание мора да се посвети на:

I. Пристап до соодветно засолниште во областа предложена за преселба;
II. Пристап до основна инфраструктура и основни услуги во областа предложена за преселба, како што се вода за пиење и санитарни услови, електрична енергија, здравствена заштита и образование;
III. Можности за заработувачка за егзистенција; или во случајот на барателите од коишто не може да се очекува да обезбедат сопствен извор на егзистенција (на пример домаќинства во кои главата на семејството е жена или барателите се лица со попреченост), докажана и одржлива поддршка за да се обезбеди пристап до соодветен стандард на живеење.

Во врска со (i) – (iii) горе, во конкретниот контекст на Ирак важноста на достапноста и пристапот до социјални мрежи, што се состојат од семејството на барателот, поширокото семејство или племето, во голема мерка е документирано.[740] Во врска со ова, присуството на членови на поширокото семејство или од истото племе како барателот во предложената област на преселба не може само по себе да се смета за доказ дека барателот ќе може да има корист од вистинска поддршка од таквите комуникации; наместо тоа, таквата поддршка генерално ќе бара и конкретни претходни социјални врски што го поврзуваат барателот со поединечни членови на семејството, поширокото семејство или племето во прашање. Исто така, дури и кога постојат таквите социјални врски што постојат од претходно, треба да се направо проценка дали припадниците на таа мрежа сакаат и можат да дадат вистинска поддршка на барателот во пракса, во услови на нестабилна хуманитарна состојба во Ирак, ниски развојни индикатори и пошироки економски ограничувања коишто влијаат на голем сегмент од населението.

Во овој контекст, УНХЦР смета дека предложените алтернативи на внатрешно бегство/внатрешна релокација се разумни само кога лицето има пристап до (i) засолниште, (ii) основни услуги како што се услови за одржување хигиена, здравствени услуги и образование; и (iii) можности за заработувачка или одржлива поддршка за да се овозможи пристап до соодветен стандард за живеење. Исто така УНХЦР ја смета алтернативата за внатрешно

[737] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative”, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 27.
[738] Ибид.
[739] Ибид., пара. 28-30.
[740] Види фуснота 731 горе.

бегство/внатрешна релокација за разумна само кога лицето има пристап до мрежа на поддршка од членови на неговото семејство, пошироко семејство или племе во областа на можната преселба, за кои било оценето дека се волни и сакаат да обезбедат вистинска поддршка за барателот во пракса. Во контекст на тешките економски и хуманитарни услови во многу делови од земјата,[741] особено во областите каде има голем број на ВРЛ или повратници,[742] членовите на (поширокото) семејство или племе коишто и самите се во ситуација на внатрешно раселување, особено оние што живеат во кампови или диви населби, или коишто сè уште се во процес на повторно враќање на своите животи во нормала после враќањето, генерално нема да се смета дека ќе можат да го поддржат лицето.

Во врска со **градот Багдад,** УНХЦР смета дека единствениот исклучок за условот за надворешна поддршка се арапските шиити и арапските сунити кои се работоспособни мажи и венчани двојки кои се работоспособни, без деца и без идентификувана специфична ранливост од типовите опишани горе. Во зависност од индивидуалните околности (види горе, „Личните околности на барателот“), таквите лица можеби можат да опстојат без поддршка од семејството и/или племето во градот Багдад.

Во врска со **урбаните области во јужен Ирак,** УНХЦР смета дека единствениот исклучок за условот за надворешна поддршка се работоспособни мажи и венчани двојки кои се работоспособни, без деца и без идентификувана специфична ранливост од типовите опишани горе и коишто се шиитски Арапи. Во зависност од индивидуалните околности (види горе, „Личните околности на барателот“), таквите лица можеби можат да опстојат без поддршка од семејството и/или племето во урбаните области од јужен Ирак коишто ја имаат потребната инфраструктура и можности за заработувачка за да одговорат на основните потреби од животот.

Во сите случаи барателот мора да добие соодветна можност која ќе одговори на наводната разумност на предложената МИБ/МИП.[743]

## 3) Алтернатива на внатрешно бегство или релокација во КР-И

### *а) Разумност на МИБ/МИБ во КР-И*

За да се процени дали КР-И обезбедува разумна МИБ/МИП, тие што одлучуваат мора да земат предвид дека има сериозна загриженост за ограничувањата на капацитетот за апсорпција на регионот во контекст на континуираните високи бројки на раселени лица присутни во регионот (повеќе од 40 проценти од вкупно 1,7 милиони ВРЛ во Ирак и речиси сите од 250.000 сириски

---

[741] Пошироките економски ограничувања и сиромаштија од коишто е погоден голем сегмент од ирачкото население, треба да бидат земени предвид кога се оценува разумноста на алтернативата на внатрешно бегство, особено во областите со голем број ВРЛ. Факторите што треба да се разгледаат ја вклучуваат пред сè конкуренцијата околу пристапот до животна егзистенција, засолниште и основни услуги. Види Дел II.Ѓ („Хуманитарната состојба”).

[742] Види Дел II.Г („Присилно раселување и враќања”).

[743] UNHCR, Guidelines on International Protection No. 4: “Internal Flight or Relocation Alternative” within the Context of Article 1A(2) of the 1951 Convention and/or 1967 Protocol Relating to the Status of Refugees, HCR/GIP/03/04, 23 јули 2003, www.refworld.org/docid/3f2791a44.html, пара. 6.

бегалци),[744] и наспроти влошените социоекономски услови и сè поголемата сиромаштија во КР-И[745] и ограничената (или намалената) хуманитарна помош, особено надвор од камповите за раселени лица.[746] Присуството на голем број раселени лица, главно во и околу урбаните области, според извештаите, претставува огромен товар за локалните служби и инфраструктура, зголемена

[744] КР-И, со проценето вкупно население од над пет милиони луѓе, и понатаму е домаќин на околу 700.000 ВРЛ и 250.000 сириски бегалци. За околу 1,2 милиони лица, вклучително ВРЛ, бегалци, повратници и ранливи заедници-домаќини се смета дека имаат потреба од хуманитарна помош. Ограничувањата во однос на финансирањето значи дека тие, помалку од половина (500.000), треба да добијат хуманитарна помош во 2019. Во сите три гувернорати, има окрузи со високи или многу високи хуманитарни потреби, вклучително Сумел и Захо (Гуверноратот Дохук), Махмур (Гуверноратот Ербил) и Сулејманија (Гуверноратот Сулејманија). Сериозноста на потребите во Округот Ербил се проценува дека е умерена, но тие се домаќини на најголем број лица со ваква потреба во целиот КР-И (приближно 321.000 луѓе, вклучително и една третина од сите бегалци). Мнозинството од ВРЛ коишто во моментов се во кампови во КР-И немаат намера да се вратат во своите области на потекло во блиска иднина, што може да резултира со дополнителен притисок на веќе крајно истенчените ресурси; OCHA, Iraq: Humanitarian Response Plan January - December 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb, стр. 2, 12, 13, 33, 34. UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, стр. 14. „Курдската Регионална Влада (КРВ) го чувствува товарот на приливот на милиони бегалци и раселени лица, честопати потпирајќи се на сопствените финансии за да обезбеди сместување и други основни потреби за нив. Еден на четворица жители во Регионот на Курдистан во моментов е или внатрешно раселено лице (ВРЛ) или бегалец“; Kurdistan 24, Access to Employment Greatest Concern for Iraq's Displaced: IOM, 4 јануари 2019, https://bit.ly/2NKlDTG. Види исто така Делови II.Г.1 („Внатрешно раселување“) и II.Ѓ („Хуманитарна состојба“).

[745] „Континуирано ниските цени на нафтата доведоа до буџетски дефицит, што ја присили КРВ да скрати многу владини програми“; Bertelsmann Foundation, BTI 2018 Country Report – Iraq, 2018, www.ecoi.net/en/file/local/1427413/488298_en.pdf, стр. 9. Нивото на сиромаштија во КР-И иако и понатаму е пониско од другите делови од земјата, има пораснато од 3,5 проценти во 2012 на 12,5 проценти од почетокот на конфликтот против ИСИС. Стапката на невработеност според извештаите има пораснато од 6,5 проценти пред 2014 година на 14 проценти во 2016 година, заради приливот на ВРЛ и бегалци; World Bank, Iraq Economic Monitor - Toward Reconstruction, Economic Recovery and Fostering Social Cohesion, Fall 2018, http://bit.ly/2UDpN2a, стр. 9, 15. Види исто така Дел II.Ѓ.2 („Животна егзистенција“).

[746] „ВРЛ коишто се надвор од камповите не уживаат во истото ниво на поддршка од хуманитарните партнери како оние во камповите, и главно се потпираат на великодушноста на локалните заедници“; OCHA, Iraq: “Internally Displaced Persons Must Be Presented with Options Beyond Life in a Camp” – Humanitarian Coordinator, 4 март 2019, https://bit.ly/2IOnO9W. „ВРЛ не чувствуваат дека поддршката што ја добиваат ќе им овозможи да живеат без помош во иднина, при што језидите и ВРЛ коишто живеат во приватни станови во урбаните области се чинат особено песимистички. Повеќето ја сметаат актуелната поддршка за недоволна и зборуваат за отсуството на можности за вработување како за причина за нивната континуирана зависност од поддршка“; Mixed Migration Platform, IDP Perceptions in Northern Iraq, 27 април 2017, https://bit.ly/2zuF3pK, стр. 3, 4. Хуманитарните агенции пријавуваат дека се намалуваат финансиските средства, или заради замор на донаторите или вниманието на донаторите се пренасочува од хуманитарна помош на обнова после воениот пораз на ИСИС; Kurdistan Regional Government, Kurdistan Region still Hosts about 1.5 Million IDPs and Refugees, 14 февруари 2019, http://bit.ly/2UIRcQa; Rudaw, IDP Camps in Duhok still Need Help amid Decreasing NGO Assistance, 11 февруари 2019, https://bit.ly/2EQlWcx; The New Humanitarian, As Displacement Runs to Years, Northern Iraq Camps Need an Overhaul, 25 февруари 2019, https://bit.ly/2Xpg1SY; The New Humanitarian, As Iraq Slips from the Headlines, Humanitarians Worry that Aid Donors Are Beginning to Lose Interest, 2 август 2018, https://bit.ly/2XFZ4UE; Deutsche Welle, Iraq Urges Billions for Reconstruction amid Donor Fatigue, 12 февруари 2018, https://bit.ly/2Tlr2Xd.

конкуренција за вработување и придонесува за значителен пад во стандардот за живеење во КР-И.[747]

ВРЛ во КР-И според извештаите се соочени со тешкотии во пристапот до вработувањето и многумина можат да најдат само привремена работа,[748] поради што немаат редовни примања.[749] На ВРЛ им е тешко да најдат работа којашто ќе им овозможи да ги покријат своите основни животни трошоци, вклучително медицинска нега, трошоци за образование и домување.[750]

---

[747] OCHA, Iraq: 2018 Humanitarian Response Plan (February 2018), 21 март 2018, https://bit.ly/2Jiwv7P, стр. 32. „Ирачките жители зборуваат за предизвици при конкурирањето за работни места заради приливот на сириски бегалци (и ирачки ВРЛ)"; DRC/NRC/IRC/Impact Initiatives, Far From Home: Future Prospects for Syrian Refugees in Iraq, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2IQEkGd, стр. 7. „Во Курдскиот регион на Ирак (КРИ), ограничените ресурси, услуги и можности за заработувачка за живот, коишто веќе се истенчени заради глобалното намалување на цените на нафтата, намалените домашни и странски инвестиции, намалување на државните плати и воените операции против Исламската Држава во Ирак и Левант (ИСИЛ) во голема мерка го ограничи капацитетот на локалните заедници и властите за соодветно да се одговори на континуираниот прилив на ВРЛ и сириските бегалци кои се соочени со пролонгирано раселување." И дополнително: „Присуството на ВРЛ и на бегалците кои имаат потреба од пристап на пазарот на трудот креира значителна конкуренција кај различните целни групи и предизвикува социјални судири во многу области"; Action Against Hunger, Creating Job Opportunities for Young Adults in Kurdistan – Final Independent Evaluation, септември 2018, https://bit.ly/2NIf5rV, стр. 8, 39. „Сириските бегалци и ВРЛ денеска претставува околу 23 проценти од курдското население. Ова наметнува притисок врз вработувањето и можностите за заработувачка, како и врз услугите. Зголемениот интерес за наоѓање дом надвор од камповите ги зголемија трошоците и доведоа до пренатрупаност и супстандардно сместување"; Migration Policy Centre, Profile Iraq, ажурирано, пристапено на 30 април 2019, https://bit.ly/2IRlptR. Види исто така, ACTED, Municipal Services under Pressure as IDPs Flock to Dohuk, 10 октомври 2018, https://bit.ly/2C4KEUX.

[748] 748 Во КР-И речиси 50 проценти од ВРЛ коишто живеат надвор од камповите и околу 40 проценти од оние коишто се сместени во кампови се потпираат на дневен работен ангажман (ова се однесува на 20 проценти кај населението во КР-И што не е во камповите). Над 40 проценти од домаќинствата во камповите зависат од хуманитарната помош или поддршка од добротворните организации; UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, стр. 40, 45-46. Види исто така, IOM, Integrated Location Assessment III, 2 јануари 2019, https://bit.ly/2SJpReW, стр. 36.

[749] Според Прегледот на хуманитарните потреби за 2019 година, гуверноратите во КР-И имаат некои од највисоките стапки на невработени ВРЛ коишто бараат работа во гуверноратите во кои има ВРЛ и кои не се директно погодени од конфликтот (гувернoратот Дохук: 41 процент од ВРЛ коишто не живеат во кампови и 29 проценти од ВРЛ што се во кампови; гувернoратот Ербил: 24 односно 38 проценти; гувернoратот Сулејманија: 10 односно 21 процент); OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd, стр. 51. Според Хашанг Мухамед, генерален директор на Центарот за координирање со кризи при Министерството за внатрешни работи на КРВ, „Малку ВРЛ и бегалци заработуваат. Иако некои ВРЛ кои во моментов работат како државни службеници или се пензионирани и добиваат месечен надоместок од ирачката влада, 65 проценти од ВРЛ и бегалците зависат од помошта од КРВ, агенциите на ООН и НВО"; KRG, Kurdistan Region still Hosts about 1.5 Million IDPs and Refugees, 14 февруари 2019, http://bit.ly/2UIRcQa. Многу ВРЛ според извештаите имаат изгубено надеж дека ќе најдат вработување (речиси половина од мажите-ВРЛ во камповите и повеќе од една третина од оние што се надвор од камповите); UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, pp. 42-43. Види исто така, IOM, Integrated Location Assessment III, 2 јануари 2019, https://bit.ly/2SJpReW, стр. 35.

[750] ВРЛ во КР-И има поголема веројатност да се меѓу домаќинството со ниски приходи: над 80 проценти од домаќинствата живеат во кампови, а речиси 45 проценти од оние што живеат надвор од камповите имаат месечен приход помал од 500.000 ирачки динари месечно (споредено со 35 проценти од оние што не живеат во кампови во КР-И); UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, стр. 44. „Последиците од економската криза сериозно се чувствуваат во камповите,

Арапските ВРЛ исто така според извештаите се соочени со тешкотии да најдат работа заради негативната перцепција и јазичната бариера.[751] За ВРЛ коишто живеат надвор од кампoвите може да им биде тешко да им конкурираат на оние што живеат во камповите каде што трошоците за живот се пониски, што им овозможува да прифатат да работат за пониски плати.[752] Јавниот сектор, којшто игра доминантна улога во економијата[753] на КР-И, генерално не е отворен за лицата што не се Курди и кои доаѓаат од надвор од регионот.[754] Протекционизмот и непотизмот и понатаму се важни фактори кога се бара работа во КР-И, што ги става оние што не потекнуваат од областа во неповолна позиција.[755] Во контекст на ограничените можности за заработувачка за живот, домаќинствата на ВРЛ сè повеќе се потпираат на негативни стратегии за преживување за да одговорат на своите основни потреби, вклучително задолжување, детски и присилни бракови, испраќање деца на работа и намалување на дневните оброци.[756]

---

бидејќи недостаток на работни места надвор од камповите, како за мажите така и за жените, значи помали приходи за домаќинствата и намалена куповната моќ на луѓето. Сите жени учеснички коишто имаат/имале продавници или салони за убавина кажуваат дека нивните приходи опаднале значително од почетокот на економската криза“; LSE, Displacement and Women’s Empowerment: Voices of Displaced Women in the Kurdistan Region of Iraq, 4 март 2018, https://bit.ly/2MZrvq0, стр. 17.

[751] Michiel Leezenberg, Iraqi Kurdistan: A Porous Political Space, Anatoli, Vol. 8, pp. 107-131, октомври 2017, http://bit.ly/2UJEdho; DRC/UNDP/UNHCR, A Study of the Opportunities in Labour Markets for IDPs and Refugees in KRI Construction Labour and Service-Sector Labour Market Systems, декември 2014, https://bit.ly/2UprErq, стр. 7.

[752] DRC/UNDP/UNHCR, A Study of the Opportunities in Labour Markets for IDPs and Refugees in KRI Construction Labour and Service-Sector Labour Market Systems, декември 2014, https://bit.ly/2UprErq, стр. 7.

[753] „Јавниот сектор вработува речиси половина од населението што работи и 75% од работоспособните жени“; UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, стр. 4, 40.

[754] Во КР-И, лица што не се Курди не можат да работат во јавниот сектор освен ако не се работи за институции на централната власт. Некои ВРЛ успеале да се префрлат со вработување во овие тела и добиваат плата од централната власт. Други успеале да најдат вработување заради нивното познавање на арапскиот јазик во КР-И каде што доминантно се говори курдскиот јазик; Georgetown University/IOM, Access to Durable Solutions Among IDPs in Iraq: Three Years in Displacement, 12 февруари 2019, http://bit.ly/2H7ozZQ, стр. 25. Види исто така фуснота 158 во врска со упатствата што им се даваат на вработените во централните органи да се вратат во своите области на потекло за да се вратат на своите работни места.

[755] На пример, „(...) ректорите на универзитетите, деканите на факултетите и раководителите на катедрите, па дури и директорите на училиштата во покраините Хавлер (Ербил) и Духок се или вработени од или се членови на КДП; а во провинциите Сулаимани и Халабја тие главно се од ПСК“; Open Democracy, Corruption Corrodes Kurdish Education, 15 октомври 2018, https://bit.ly/2Umst4c. „Околу една петтина од испитаниците гледаат на ’васта’ [термин што означува врски, протекција, непотизам] како на главната пречка за добивање шанси за заработувачка, особено во камповите“; LSE, Displacement and Women’s Empowerment: Voices of Displaced Women in the Kurdistan Region of Iraq, 4 март 2018, https://bit.ly/2MZrvq0, стр. 17. Според извештаите, наоѓањето работа во неформалниот сектор честопати бара врски: „Неформалното барање работа е дефинитивно главниот механизам за регрутирање. Работодавците генерално прво им се обраќаат на своите пријатели и семејство, а рекламирањето на работни места не е вообичаено, поради што системот за регрутирање работници не е транспарентен“; DRC/UNDP/UNHCR, A Study of the Opportunities in Labour Markets for IDPs and Refugees in KRI Construction Labour and Service-Sector Labour Market Systems, декември 2014, https://bit.ly/2UprErq, стр. 7. Види исто така фусноти 276 и 731.

[756] „Зголемените долгови на домаќинствата се особено високи кај лицата што не се раселени и кај домаќинствата на ВРЛ коишто не живеат во кампови и кај домаќинствата во **Ербил, Анбар, Киркук, Нинева, Дахук** и Салах ал-Дин.“ И дополнително: „Домаќинства погодени од конфликтот во Ербил пријавуваат во просек долгови повисоки од 3.000.000 ирачки динари (приближно 2.500 долари) [највисоки од сите гувернорати]“ (додаден акцент); REACH, Multi-Cluster Needs Assessment (MCNA) - In-Camp IDPs, септември

Неможноста да се дојде до вработување/заработувачка често пати значи проблеми со пристап до храна, здравствени услуги и засолниште.[757] Со оглед дека кириите во КР-И се релативно високи и растат,[758] многу ВРЛ не можат да ги покријат зголемените трошоци и се соочени со ризик да бидат истерани и/или да се преселат во камповите за ВРЛ. Меѓутоа приемот во камповите е ограничен заради просторните ограничувања и има листи за чекање.[759] Оние што живеат во критични засолништа, како што се недовршени или напуштени згради, честопати се соочени со никаков или ограничен пристап до соодветна вода, струја, греење и санитетски услови и се изложени на лоши временски услови, на пр. како резултат на кровови што протекуваат, отвори во ѕидовите и скршени прозорци.[760]

Во КР-И нема доволно училишта за да ги покријат образовните потреби на сите ВРЛ,[761] додека арапските училишта, коишто се формирани како одговор на приливот на ВРЛ коишто говорат

---

2018, https://bit.ly/2CWipsP, стр. 5, 35. Види исто така, OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb, стр. 4.

[757] IOM, Integrated Location Assessment III, 2 јануари 2019, https://bit.ly/2SJpReW, pp. 34, 38; OCHA, Iraq: Humanitarian Needs Overview 2019 (November 2018), 16 декември 2018, https://bit.ly/2ClZSWd, стр. 51.

[758] „Во областите на раселување – особено во северните гувернорати, коишто се домаќини на голем број ВРЛ – цените на кириите растат, што има негативни последици по ВРЛ, заедниците што се домаќини и повратниците“; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb, стр. 8. „Во 2018 година цените на становите имаат пораснато за 20 проценти во регионот на Курдистан, додека кириите пораснале за 15%, и се очекува уште да растат“; Rudaw, Housing, Rent Prices Increasing in Kurdistan Region, 8 јануари 2019, https://bit.ly/2Vz1VwH. „Зголемената побарувачка на станови надвор од камповите ги зголемија трошоците и доведоа до пренатрупаност и прифаќање на супстандардно сместување“; Migration Policy Centre, Profile Iraq, ажурирано, пристапено на 30 април 2019, https://bit.ly/2IRIptR. Види исто така Дел II.Ѓ.1 („Засолниште“).

[759] Во времето на пишување на овој документ околу 3.000 лица чекаа да бидат примени во камп за ВРЛ во гуверноратите Ербил (2.200 лица) и Дохук (780 лица). Во гуверноратот Дохук, најмногу барања има за прием во камповите со језиди; Информација на УНХЦР, април 2019. „Во многу кампови, шаторите се стари, водоснабдувањето и санитетските услови треба да се подобрат, пристапот до здравствени и образовни услуги треба да се подобрат и програмите за животна егзистенција треба да се прошират“; OCHA, HRP 2019, 26 февруари 2019, https://bit.ly/2TyIbMb, стр. 34.

[760] UNHCR/CCCM Cluster/REACH, Informal Site Assessment Dahuk Governorate (August 2018), 31 август 2018, https://bit.ly/2NWekZb; Ибид., Informal Site Assessment Sulaymaniyah Governorate (August 2018), 31 август 2018, https://bit.ly/2tSS7BS. Види исто така, IOM/CCCM Cluster/REACH, Assessment of Informal IDP Sites in Iraq (June 2017), 30 јуни 2017, https://bit.ly/2SQH5qM. Види Дел II.Ѓ.1 („Засолниште“).

[761] Ниска е стапката на децата-ВРЛ што посетуваат училиште: половина од децата во камповите и повеќе од една третина од оние што се надвор од камповите не оделе на училиште во времето кога била спроведена анкетата во 2018 година. Дополнително, речиси 30 проценти од децата-ВРЛ што живеат во камповите никогаш не биле на училиште; UNFPA/IOM, Demographic Survey: Kurdistan Region of Iraq, 13 септември 2018, https://bit.ly/2NXvPeV, стр. 35. Во Сулејманија, „многу од училиштата за ВРЛ имаат само еден или двајца наставници, кои добиваат плата од владата; други наставници се поддржани директно од внатрешно раселените семејства преку месечно собирање на финансиски средства, што има финансиски и заштитни импликации за ВРЛ. За 12 од училиштата надвор од камповите, родителите што се ВРЛ исто така ја плаќаат киријата за објектот на училишната, бидејќи тој не е во сопственост на властите. Таквите околности се една од последиците од заштитеното раселување, додека заедниците домаќини се обидуваат се справат со неочекуваниот пораст на населението“; OCHA, Iraq: “Internally Displaced Persons Must Be Presented with Options Beyond Life in a Camp” – Humanitarian Coordinator, 4 март 2019, https://bit.ly/2IOnO9W. „Извори на МРГ посочуваат дека многу христијани и језиди ги напуштаат дури и привремените училишта заради различната образовна средина, додека ВРЛ од Синџар пријавиле проблеми со прилагодување на наставната програма на КРИ, бидејќи во училиштата во Синџар пред ИСИС следеле арапската наставна

арапски во КР-И во 2014 главно, ќе се затвораат согласно одлуката на ирачкото Министерство за образование.[762] Според информациите што им се достапни на УНХЦР, се очекува училиштата да се затворат во училишната година 2019/2020.[763] УНХЦР доби информации дека заедно со одлуката за затворање на арапските училишта во КР-И, централните власти формално побарале од 1.800 наставници коишто се ВРЛ да се вратат во своите области на потекло.[764] Префрлањето на децата коишто се ВРЛ и коишто говорат арапски во курдските училишта главно не е можно, особено за постарите деца заради јазичните разлики (курдски наспроти арапски) и наставната програма.[765]

Во овој контекст УНХЦР смета дека МИБ/МИП генерално не се разумни во КР-И. Единствените исклучоци би биле за барателите од овој профил за кои може да се утврди дека, врз основа на индивидуалните околности на нивниот случај, тие ќе можат да имаат:

(i) Соодветно засолниште во областа предложена за преселба во КР-И, забележувајќи дека кампoвите за ВРЛ или дивите населби не се квалификуваат како „соодветни засолништа“;
(ii) Пристап до основни услуги во областа предложена за преселување во КР-И, како што се вода за пиење и санитетски услови, електрична струја, здравствена заштита и образование; и
(iii) Можности за заработувачка за живот; или во случајот на барателите од коишто не може да се очекува да си обезбедат животна егзистенција (на пример домаќинствата чија глава е жена, постари баратели или баратели со попреченост), докажана и одржлива поддршка за да им се овозможи пристап до соодветен стандард за живот.

*б) Заклучок за достапноста на МИБ/МИП во КР-И*

УНХЦР смета дека со оглед на актуелната хуманитарна ситуација во КР-И, МИП/МИБ генерално не е достапна.

---

програма на Владата на Ирак”; MRGI, Alternative Report to the Committee on the Elimination of Racial Discrimination (CERD) - Review of the Periodic Report of Iraq, http://bit.ly/2VKsoYo, пара. 29.

[762] Rudaw, With Thousands of Iraqi IDPs Some Families Want to Stay in Erbil, 8 октомври 2018, https://bit.ly/2HdvAaM; Rudaw, As School Starts Displaced Iraqi Students Left in Limbo in Kurdistan, 2 септември 2018, https://bit.ly/2TfjHbD; Rudaw, Iraqi Teachers Condemn Baghdad Decision to Shut Down IDP Schools, 23 јули 2018, https://bit.ly/2Rdh9oR. ВРЛ во гувернoратот Сулејманија известуваат дека затворањето на училиштата и недостатокот на наставници се некои од причините коишто влијаеле на нивната одлука да се вратат во својата област на потекло; UNHCR, Iraq Protection Update – December 2018, 31 декември 2018, https://bit.ly/2C9D9vI, стр. 2. Види исто така Дел II.Г.3.б („Присилни и прерани враќања”).

[763] Информација на УНХЦР, април 2019.

[764] УНХЦР, април 2019. Види исто така, UNHCR, Iraq Protection Update – December 2018, 31 декември 2018, https://bit.ly/2C9D9vI, стр. 2; UNHCR, Iraq Protection Update – October 2018, 31 октомври 2018, https://bit.ly/2EsI91v, стр. 2; Rudaw, Iraqi Teachers Condemn Baghdad Decision to Shut Down IDP Schools, 23 јули 2018, https://bit.ly/2Rdh9oR.

[765] Информација на УНХЦР, април 2019.

## Г. Разгледување на потенцијално исклучување

Во контекст на сериозните злоупотреби на човековите права и повреди на меѓународното хуманитарно право за време на долгата историја на вооружени конфликти во Ирак, разгледувањето на потенцијално исклучување согласно членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 може да се појави во поединечни барања од барателите на азил од Ирак. Разгледувањето на потенцијално исклучување може да е поттикнато од елементи во барањето на барателот коишто сугерираат дека можеби имал врска или бил инволвиран во извршување на кривични дела коишто потпаѓаат под опсегот на членот 1Ѓ. Со оглед на потенцијално сериозните последици од исклучување од меѓународната заштита за бегалци, клаузулата за исклучување треба да се толкува рестриктивно и да се применува внимателно. Потребна е целосна проценка на околностите на индивидуалниот случај за сите случаи.[766]

Потенцијалното исклучување заради вклученост во извршување на воени злосторства[767] во ситуации на меѓународни[768] и не-меѓународни вооружени конфликти,[769] геноцид,[770] злосторства

---

[766] Детални насоки за толкување и примена на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 може да се најдат во UNHCR, Guidelines on International Protection No. 5: Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, HCR/GIP/03/05, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857684.html; и Background Note on the Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857d24.html.

[767] Воените злосторства претставуваат сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право (МХП), што вклучува индивидуална одговорност согласно меѓународното право. Важечките правила на МХП и релевантните одредби од меѓународното кривично право се разликуваат, во зависност од тоа дали вооружениот конфликт е меѓународен (вклучително и во ситуација на окупација) или не е меѓународен по својот карактер. За подетални насоки, види UNHCR, Background Note on the Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857d24.html, пара. 30-32. Во контекст на не-меѓународен вооружен конфликт, поимот за „воени злосторства“ може да се примени за сериозни повреди на релевантните правила на МХП (пр. членот 3 од Женевската конвенција од 1949 година, одредени одредби од Дополнителниот протокол II и правила на обичајното меѓународно право) од раните деведесетти години од XX век наваму. Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (ICTY) одлучи дека до тој момент повредата на МХП што се применуваа за воени конфликти што не се меѓународни можеле да се сметаат дека носат кривична одговорност согласно обичајното меѓународно право; види Prosecutor v. Dusko Tadic aka “Dule”, Decision on the Defense Motion for Interlocutory Appeal on Jurisdiction, IT-94-1, 2 октомври 1995, www.refworld.org/docid/47fdfb520.html, пара. 134. Сериозни повреди на гореспоменатите правила на МХП коишто се случиле претходно не можат да се сметаат за „воени злосторства“, но можат да потпаднат во рамки на опсегот на „сериозни неполитички кривични дела [член 1Ѓ(б) или во зависност од околностите, „злосторства против човештвото“ (член 1Ѓ(а)].

[768] Уште од 1979 година, Ирак минува низ различни периоди на меѓународен вооружен конфликт, вклучително:

- Војната меѓу Ирак и Иран (1980-1988);
- Инвазијата и окупацијата на Кувајт во 1990 и последователната Заливска војна (1991); и
- Периодот од инвазијата под водство на САД во март 2003 до предавањето на суверенитетот на Ирачката времена влада на 28 јуни 2004 година.

[769] Оттогаш Ирак има поминато низ повеќе различни фази на не-меѓународен вооружен конфликт, со дела коишто можат да дадат повод за исклучување согласно членот 1Ѓ. Конфликтот меѓу ИБС, силите блиски на нив и курдските безбедносно сили, а со поддршка од широката меѓународна коалиција од една страна и ИСИС од друга страна трае од 2014 година; види Geneva Academy of International Humanitarian Law and

против човештвото[771] и сериозни неполитички кривични дела[772] се посебно релевантни во контекст на Ирак. Согласно одредени околности, исклучувањето може да треба да се разгледа како можност во однос на дела спротивни на целите и принципите на Обединетите нации.[773] Актите коишто според извештаите се извршени од страните во вооружените конфликти во Ирак вклучуваат меѓу другото грабнувања и присилни исчезнувања; мачење и други облици на сурово, нечовечно и понижувачко постапување; убиства; вонсудски и групни погубувања; силување,

---

Human Rights, Non-International Armed Conflicts in Iraq, последен пат ажуриран на 14 април 2019, https://bit.ly/2SOb1rN; UNAMI, Report on Human Rights in Iraq: July to December 2017, 8 јули 2018, www.refworld.org/docid/5b6afc544.html, стр. vi.

[770] Во контекст на исклучувањето геноцидот потпаѓа во опсегот на членот 1Ѓ(а) од Конвенцијата од 1951 како „злосторство против човештвото". Кампањите на ИСИС против језидското верско малцинство од средината на 2014 година, како и воените кампањи Анфал и Халабџа на поранешната Влада на Садам Хусеин против Курдите во 1988 година се опишуваат како „геноцид"; MRGI, UK Parliamentary Recognition of Kurdish Genocide in Iraq: What this Means for Minority Groups Today, 13 март 2013, https://go.shr.lc/2DF1lG; HRW, Genocide in Iraq: The Anfal Campaign Against the Kurds, јули 1993, https://www.refworld.org/docid/47fdfb1d0.html. Види исто така Дел III.A.5.a („Припадници на верски и малцински етнички групи").

[771] Членот 1Ѓ(а) од Конвенцијата од 1951. Општо е прифатено дека злосторства против човештвото биле вршени од претходниот режим (1979-2003), во ситуации на меѓународни и интерни вооружени конфликти, како и за време на владините кампањи чија цел била систематско потиснување на политичките противници или малцински групи. Се знае дека систематски и во големи размери се користело мачењето; види, на пример, редовните известувања од специјалниот известувач на Комисијата за човекови права за состојбата со човековите права во Ирак, www.refworld.org/publisher,UNCHR,,IRQ,,,0.html. Делата извршени од ИСИС меѓу 2014 и 2017 исто така можат да се сметаат за злосторства против човештвото; види Дел II.Д.2.а („Злоупотреба на човековите права од страна на ИСИС").

[772] Членот 1Ѓ(б) од Конвенцијата од 1951. Во контекст на Ирак, дела како што се атентати, грабнувања или мачење извршени од државните безбедносни сили, вооружените опозициски групи (пред 2003) или вооружени или криминални групи или паравоени единици (после 2003) веројатно претставуваат „сериозни не-политички злосторства" во рамки на значењето на членот 1Ѓ(б) од Конвенцијата од 1951 година, ако тие не се поврзани со вооружен конфликт. Ова би ги вклучило и кривичните дела коишто се сметаат дека се од терористичка природа или извршени од припадници на група означена како 'терористичка' како што се, на пример, ужасните акти што вклучуваат примена на насилство и неселективно повредување или закана со повредување врз цивилите. Види исто така фуснота 773.

[773] Член 1Ѓ(в) од Уставот од 1951 година. Според УНХЦР ваквата одредба на исклучување може да се применува само за кривични дела кои, заради нивната природа или сериозност, имаат меѓународно влијание во смисла дека тие можат да ги повредат меѓународниот мир и безбедност или пријателските односи меѓу државите. За подетални насоки, види UNHCR, Background Note on the Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857d24.html, пара. 46-49. Во одредени околности, дела што се сметаат дека се од терористичка природа може да бидат исклучени врз основа на членот 1Ѓ(в). Ова ќе се применува и кога делата во прашање претставуваат воени злосторства и/или злосторства против човештвото во рамки на значењето на членот 1Ѓ(а), бидејќи делата коишто потпаѓаат во опсегот на овој основ за исклучување исто така се „спротивни на целите и принципите на Обединетите нации", но исто така се земаат предвид и кривичните дела што се забранети согласно меѓународните конвенции и протоколи што се однесуваат на тероризмот. Меѓутоа наместо да се фокусираат на етикетата „тероризам", поверодостоен водич за поточна примена на членот 1Ѓ(в) во случаи што вклучуваат терористички акти е опсегот на влијанието на делото на меѓународно ниво – во смисла на неговата тежина, последиците на меѓународно ниво и импликациите по меѓународниот мир и безбедност. Според ставот на УНХЦР, само терористичките акти коишто се препознаваат согласно овие поголеми карактеристики можат да се квалификуваат под оваа одредба. Види UNHCR, Yasser al-Sirri (Appellant) v. Secretary of State for the Home Department (Respondent) and DD (Afghanistan) (Appellant) v. Secretary of State for the Home Department (Respondent): UNHCR's Composite Case in the Two Linked Appeals, 23 март 2012, www.refworld.org/docid/4f6c92b12.html.

сексуално ропство и други облици на сексуално насилство; трговија со луѓе; присилно верско преобратување; присилно регрутирање и регрутирање на малолетници; неселективни напади на цивили; присилно раселување; и пљачкосување и намерно уништување на домови, инфраструктура и културно наследство.

За исклучувањето да биде оправдано, мора да се утврди индивидуална одговорност во врска со кривичното дело во рамки на опсегот на членот 1Ѓ. Таквата одговорност произлегува од лицето коешто извршило кривично дело или учествувало во неговото организирање на начин поради кој сноси кривична одговорност, на пример преку нарачка, поттикнување, помагање или придонесување во организирањето на кривичното дело, коешто го извршила група на лица кои делувале со заедничка цел. За лицата коишто се на позиција на власт во воената или цивилната хиерархија, индивидуалната одговорност може да произлезе врз основа на команда/одговорност на надредениот. Се применува одбрана на кривичната одговорност, ако постои, како и разгледување на истата во однос на сразмерноста. Докази за практиките на присилно регрутирање, особено на децата, треба да се земат предвид во врска со ова.

Учество во вооружен конфликт како такво не е основ за исклучување. Слично на тоа чистата припадност на група или организација не е доволен основ за исклучување. Потребна е целосна проценка на околностите на секој индивидуален случај за да се утврди дали засегнатото лице било лично инволвирано во чинови заради кои може да следи исклучување или учествувал во извршувањето на такви чинови на начин што ја поттикнува кривичната одговорност согласно меѓународното право.[774]

Во контекст на Ирак, внимателно треба да се разгледаат особено следниве профили:[775]

(i) (Поранешни) припадници на ИСИС (од 2013);
(ii) (Поранешни) припадници на групи претходници на ИСИС, вклучително и на поранешната Исламска држава во Ирак (ИСИ) и поранешната Ал-Каеда во Ирак (до 2013 година);
(iii) (Поранешни) припадници на ИБС, безбедносниот/разузнавачкиот апарат и сили блиски на нив (од 2003);
(iv) (Поранешни) припадници на вооружените сили на КРВ и безбедносниот/разузнавачкиот апарат (од 2003);
(v) (Поранешни) припадници на други недржавни вооружени групи (од 2003);
(vi) (Поранешни) припадници на групи и мрежи вклучени во организиран криминал (од 2003).
(vii) Поранешни припадници на ирачката војска, паравојска, полиција и безбедносни/разузнавачки служби, како и високо рангирани владини функционери

[774] Во некои случаи, може да се претпостави дека има индивидуална одговорност за актите што можат да се исклучат доколку членството и учеството во активностите на особено насилна група е доброволно. Детални насоки за толкување и примена на членот 1Ѓ од Конвенцијата од 1951 може да се најде во UNHCR, Guidelines on International Protection No. 5: Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, HCR/GIP/03/05, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857684.html; и Background Note on the Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention Relating to the Status of Refugees, 4 септември 2003, www.refworld.org/docid/3f5857d24.html..
[775] Оваа листа ги отсликува доминантните играчи коишто се активни во Ирак во дадено време и не се смета за исцрпна.

(1979-2003);

(viii) Поранешни припадници на вооружени сили коишто му се спротивставувале на поранешниот режим (1979-2003).

## IV. Став за присилните враќања

Во контекст на широко распространетото уништување и оштетување на домовите, на основната инфраструктура и земјоделското земјиште, ограничениот пристап до животна егзистенција и основни услуги, контаминација на домовите и земјиштето со ЕОВ, континуираните тензии во заедницата, вклучително одмазднички чинови против цивили за кои се смета дека ја поддржуваат ИСИС, како и локалната небезбедност, УНХЦР апелира до државите да се воздржат од присилното враќање во нивните области на потекло на лицата коишто потекнуваат од областите што претходно биле под контрола на ИСИС или областите со континуирано присуство на ИСИС. УНХЦР исто така советува да не се врши присилно враќање на овие лица во други делови од Ирак доколку постои ризик дека можеби нема да можат да им пристапат и/или да живеат во овие области, или дека на некој друг начин ќе се најдат во ситуација во која немаат друг избор освен да се вратат во нивната област на потекло. Ваквите насоки се однесуваат на поединци за кои е утврдено дека немаат потреба од меѓународна заштита за бегалци.